FRIEDRICH EBERT STIFTUNG



РАСМУСЕН
ЕПЛЕР
ЕНГЕЛС
МАС
ДЕ ПАЗ НИЕВЕС
МОРЕНО
ДАЈМОНД
БЕКЕР
КУПЕРУС
БУВЕ
БРАУН
ХАЛПИН
ТЕИКСЕИРА
БИЕРМАН
КАЛСЕТ
ЛАНГ
МАТЕРСКА-
СОСНОВСКА
ЦАНЗАНИ

# ИДНИНАТА
## НА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТИЈАТА

# ИДНИНАТА
## НА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТИЈАТА

Скопје, 2011 година

**Издавач:**
Фондацијата Фридрих Еберт, канцеларија Скопје
www.fes.org.mk

**Превод од англиски јазик** од ревијата IPG (Internationale Politik und Gesellschaft) односно Меѓународна политика и општество 4/2010 на Фондацијата Фридрих Еберт, канцеларија Берлин: Весна Андоновска

**Лектура:**
Инда Костова Савиќ

**Техничка подготовка и корица:**
ПРОМО ДСГН

**Тираж:** 500 примероци

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски“, Скопје

329.14(4)

Иднината на социјалдемократијата. – Скопје : Фондација “Фридрих Еберт“, Канцеларија Скопје, 2011. – 260 стр. ; 24 см

Фусноти кон текстот. – Библиографија: стр. 258

ISBN 978-9989-109-59-1

а) Социјалдемократија - Европа
COBISS.MK – ID 89168394

# СОДРЖИНА

**За изданието** 9

**КОМЕНТАРИ**

**ПОЛ НИРУП РАСМУСЕН (Poul Nyrup Rasmussen)** 13
**10 тези за иднината на социјалдемократијата во Европа**

Доколку сакате идеите за солидарност и социјална правда да останат да пловат во океанот на медиумскиот цинизам, тогаш најпрво мора да изградите безбедна платформа. Оттаму, Пол Нируп Расмусен, претседател на Партијата на европски социјалисти (ПЕС), во првите четири тези се концентрира на тоа како најдобро да се изгради таквата платформа, што во иднина би вклучувало и номинирање на кандидат од ПЕС за мандатот на претседател на Комисијата. Во останатите шест тези се објаснува како европските социјалдемократи ќе ги претставаат социјалдемократските политики кои укажуваат на патот кон позитивна иднина, вклучително и активна политика за европскиот пазар на работна сила, еколошки развој, родова еднаквост, зајакнување на социјалната држава и фундаментална реформа на финансискиот сектор.

**ЕРХАРД ЕПЛЕР (Erhard Eppler)** 25

**Раѓање на ново доба**
**За потребата да се изгради социјалдемократијата во Европа**

Дојде крајот на добата на фундаментализмот на слободните пазари. За да се врати приматот на политиката, дискусиите за развојот мора да се водат на поинаков начин: потребна ни е дискусија за квалитетот, а не за квантитетот на растот. Бидејќи инструментите на националната држава стануваат сè понефункционални, социјалдемократите мора да ја направат Европската Унија да стане глобален актер, која ќе биде способна да ја оствари намерата за усвојување на глобалната регулатива. Само Европа која располага со вистинските алатки и компетентност, ќе може да создаде социјална Европа.

**ЈАН НИКЛАС ЕНГЕЛС/ГЕРО МАС (Jan Niklas Engels/ Gero Maass)** 44

**Ново ветување за среќа**
**Актуелни дискусии за иднината на европската социјалдемократија**

Овој напис претставува прв периодичен извештај од дебатата за иднината на социјалдемократијата преку резимирање на објаснувањата за катастрофалните изборни резултати и идентификување на научените лекции. Изборниот успех на партијата зависи од хармоничниот спој на приодот, лидерството, опсегот на постапувањето, евиденцијата на остварувањата, партнерствата и стратегиите за Европа и глобализацијата. Новиот социјалдемократски приод треба да даде убедливи одговори на социо-економската, културолошката и политичката несигурност, кои повеќето гласачи ја сметаат за закана. Политиката мора повторно да стане веродостоен и вистински инструмент за позитивна трансформација на општествениот живот.

**КАРМЕН ДЕ ПАЗ НИЕВЕС/ГУИЛЕРМО МОРЕНО РОДРИГУЕЗ (Carmen de Paz Nieves/Guillermo Moreno Rodriguez)** 72
## Прогресивна политика во доба на поларизација и економска криза Актуелна состојба и перспективи на шпанската ПСОЕ

Откако социјалдемократската партија ПСОЕ дојде на власт во 2004, Партијата беше фокусирана на програмата за социјални и граѓански права. Придружено со конфронтирачката стратегија на главната опозициска партија, оваа програма придонесе за зголемување на поларизацијата на политичката дебата во Шпанија. Заради негативните последици од финансиската и економската криза, ПСОЕ сега се соочува со особено тешки времиња.

**ПАТРИК ДАЈМОНД (Patrick Diamond)** 97
## Британска Лабуристичка партија: Новите лабуристи без власт

Со Изборите во 2010, пејзажот на британската политика претрпе темелна трансформација бидејќи, во блиска иднина, ниту една партија повеќе нема да биде во можност самостојно да биде на власт. Предизвикани од конзервативно-либерално демократскиот сојуз како прогресивна сила во Британија, лабуристите ќе треба да осмислат пристап кон остварување на нивната клучна обврска да го заштитат животниот стандард и аспирациите на работниците со средни и ниски приходи, притоа земајќи ја предвид реалноста на глобализацијата и економијата заснована врз знаење.

**ФРАНЦ БЕКЕР/РЕНЕ КУПЕРУС (Frans Becker/ René Cuperus)** 113
## Иновативност во социјалдемократијата – со стилот на Худини Од аспект на холандската Работничка партија (ПвдА) (PvdA)

Социјалдемократијата мора да се ослободи – со стилот на Худини – од нејзината сегашна ограничувачка состојба. За да се врати коалицијата на гласачите на избирачкото тело на социјалдемократијата, потребна е програма која ќе ја поврзе материјалистичката перспектива за: правични плати, пристојна работа, можности за напредување и социјална и физичка безбедност, со постматеријалистичката или културолошката перспектива која вклучува одржлива животна средина, отворени гледања на светот и прифаќање на културолошкиот диверзитет.

**ЛОРЕН БУВЕ (Laurent Bouvet)** 130

## Кој ја сака ПС?
## Изборниот парадокс на француската Социјалистичка партија

Во последните 10 години, француската Социјалистичка партија (ПС) имаше добри резултати на локално и регионално ниво, но редовно доживуваше пораз на национално ниво. Неодамнешните тешкотии околу претседателствувањето на Николас Саркози, овозможија ПС да биде лидер на опозицијата и доби реална можност да го прекине изборниот парадокс. Меѓутоа, откако ќе ја освои победата, за да обезбеди одржливост на своето владеење и долгорочно втемелување на политиката на Социјалистичката партија, потребна е темелна реформа на Партијата и нејзините политики.

**МЕТ БРАУН/ЏОН ХАЛПИН/РЕЈ ТЕИКСЕИРА (Matt Browne/ John Halpin/ Ruy Teixeira)** 160

## Американската Демократска партија на крстопат

Победата од 2006 и 2008, на американската Демократска партија ѝ овозможи целосна контрола врз Долниот дом и Сенатот, како и Претседателството во САД. Две години подоцна, овие мнозинства, а оттаму и реформската програма на претседателот Обама, сега се изложени на закана од жестоката опозиција на Републиканската партија, конзервативните медиуми и новото движење на обичните луѓе и на интернет, the Tea Party (Чајанка). За да се спротивстави на овие предизвици, Демократската партија мора да продолжи да презентира доследен пристап кој ќе одекне кај пошироката јавност и прогресивното движење, како и да изнајде нов начин за организирање и мобилизација на прогресивната заедница која ја донесе на власт.

**ВОЛФГАНД БИЕРМАН/КРИСТИНЕ КАЛСЕТ (Wolfgang Biermann/ Kristine Kallset)** 186

## „Сите со нас!“ Нордискиот модел и црвено-црвено-зелената коалиција – Пренослив модел на успех?

Секој кој бара модел за успех на европската социјалдемократија, треба внимателно да ги разгледа искуствата на норвешката Работничка партија (АП). Тие успеаја да го променат курсот по најлошиот пораз што го доживеаја во 2001 по 77 години. Со обновата на политиките, претставувајќи се себеси како единствена сила која може да го обедини општеството во целина, менувајќи ја комуникацијата внатре во Партијата и јасно покажувајќи ја подготвеноста за формирање на црвено-црвено-зелената коалиција, успеаја да ја вратат довербата на јавноста, а со тоа и да победат на изборите во 2005 и 2009.

**ЈУГЕН ЛАНГ (Eugene Lang)** 214

## Каде се либералите? Актуелна состојба и перспективи на Либералната партија на Канада

Либералната партија на Канада (ЛПЦ) доминираше со федералната власт во Канада во текот на поствоениот период, а на Канаѓаните им обезбеди можности за наследство од социјалдемократските политики. Денес, како сила за изборите и градењето политики, таа се наоѓа во сенката на своето минато. Партијата се бори да изнајде модерен идентитет, прогресивен приод, да понуди вредности и соодветна програма на политики. Партијата не успеа дури ни да направи обид да искристализира прогресивен, либерален приод и програма за 21. век, кој потоа на јавноста ќе го презентира како суштински различен од оние на Владата на конзервативците.

**АНА МАТЕРСКА-СОСНОВСКА (Anna Materska-Sosnowska)** 231

**Кризата во социјалдемократијата во Полска: Нов почеток за левицата?**

Кризата во полската социјалдемократија се чини дека е подлабока и посериозна отколку кај нејзините сродни партии во Западна Европа. Тоа е резултат не само на ограничениот политички пејзаж или на пропустот да се постапува врз основа на социјалдемократските начела, туку, исто така – или примарно – на проблемите внатре во партијата и на нејзината идеолошка криза. Затоа, полските социјалдемократи треба да се борат за својот идентитет и да создадат програма за „нова левица“ за да се разрешат проблемите, како во однос на нејзиниот имиџ, така и на нејзиниот идеолошки и политички кредибилитет.

**АУГУСТИН ЦАНЗАНИ (Agustin Canzani)** 247

**Суштина и репутација**
**Успеси и предизвици за прогресивните и леви партии и влади во Јужна Америка**

Појавата на политички лидери кои се препознатливи на глобално ниво, развојот на доктрини и политики кои претставуваат алтернатива на неолиберализмот, застапувањето за улогата на државата и воведување нови теми на политичката програма, кои засегаат различни интереси, на Латинска Америка ѝ овозможија да има водечка улога во глобалната дебата за левичарската и прогресивна политика.

**Автори** 259

## ЗА ИЗДАНИЕТО

Што живее, а што е мртво во социјалдемократијата? – праша познатиот историчар *Тони Јудт,* кој, по долго боледување, почина во август 2010, во неговата многу дискутирана последна книга *„Ill Fares the Land“* („Злото патува по земјата“). Како и Тони Јудт, и ние веруваме во иднината на социјалдемократијата, и во знак на негово сеќавање, ова издание му го посветивме нему. Од оваа причина, коментарите, написите и рецензиите се насочени кон следните прашања: Каква е состојбата со социјалдемократијата? Кои се причините за тоа и што може да се направи за да се подобрат перспективите?

Збирката трудови започнува со *Пол Нируп Расмусен*, претседател на Партијата на европските социјалисти (ПЕС), со 10-те тези за иднината на социјалдемократијата во Европа. Од една страна, овие тези се однесуваат на прашањата како може европската социјалдемократија да се позиционира подобро. Меѓу другото, Расмусен го најавува зајакнувањето на улогата на активистите на ПЕС, како и тоа дека кандидат од ПЕС ќе биде предложен за позицијата претседател на Комисијата. Претседателот на ПЕС, исто така, упатува на одреден број важни политички теми, како што се: активната европска политика за пазарот на работна сила, развојот на зелените, родовата еднаквост, зајакнувањето на социјалната држава и фундаменталната реформа на финансискиот сектор.

*Ерхард Еплер*, еден од најзначајните и најпознатите мислители на германската социјалдемократија, го претскажува крајот на добата на пазарниот фундаментализам. Според него, денес, повеќето Европејци ги претпочитаат социјалдемократските идеи и цели. Но, голем дел од нив не верува дека социјалдемократските партии можат, и сакаат, да ги постигнат овие цели. Затоа, социјалдемократите мора да го вратат својот кредибилитет и способности. Покрај преиспитување на нивните одлуки кои ги носеа додека беа на власт во последните години, исто така, потребна е и промена на курсот. И, додека од една страна мора да се унапредува социјалната правда, истовремено, постои потреба од квалитативна нова замисла за развојот.

*Геро Мас и Јан Енгелс* ја резимираат дебатата за иднината на социјалдемократијата, и, исто така, идентификуваат седум тези кои помагаат да се објаснат изборните порази на социјалдемократите и кои суштински и организациски промени мора да се направат за да се рехабилитира кредибилитетот и политичката атрактивност на социјалдемократијата. Во исто време, оваа анализа, исто така, претставува вовед кон следните студии за состојбата и перспективите на социјалдемократските партии, како резултат на Проектот на Фондацијата „Фридрих Еберт“ за меѓународно следење на социјалдемократијата.

Во соработка со канцелариите на Фондацијата „Фридрих Еберт“ во странство, беа ангажирани експерти од: Шпанија, Обединетото Кралство, Холандија, Франција, САД, Норвешка, Канада и Полска, кои имаат долго искуство и темелен увид во социјалдемократските партии во овие земји и кои, истовремено, можат на критички начин да го испитаат статус кво и притоа детално да го анализираат.

Со цел индивидуалните студии да бидат споредливи, од авторите беше побарано да се придржуваат кон една униформна структура. По краткиот историски преглед, следува анализа на: сегашната состојба на партијата; воочување на прифатеноста од гласачите; перцепцијата на јавноста; партиската програма; партиското живеење и состојбата на партијата; евиденцијата на остварувањата како владејачка или опозициска партија; развојните можности во рамките на изборниот систем; позицијата на противничките партии; отвореноста кон општеството и стратешките партнерства и политиката за Европа и глобалните предизвици. Потоа следуваат причините за неодамнешните изборни победи или порази, заедно со националната перспектива за седумте тези кои се претставени во написот на Геро Мас и Јан Никлас Енгелс. Тоа е проследено со разгледување на идните перспективи и национални јавни и внатрепартиски дебати, за тоа кои политички или организациски промени се потребни за повторно позиционирање на партијата. Во заклучокот, анализата е поврзана со европската дебата за состојбата на социјалдемократијата и се наведени одговорите на следните прашања од национална перспектива: Како се оценува сегашната состојба на социјалдемократијата? Кои промени се потребни на европско ниво (во однос на организираноста и политиката)? Какви треба да бидат намерите на политиката за Европа?

Во завршниот напис од *Аугустин Цанзани*, сцената се префрла кон политичките случувања во Латинска Америка, каде влијанието и репутацијата на левичарските прогресивни партии се зголемија во последните години. Покрај сите разлики и подробности, се чини дека особено за

пример служи генералната ревалоризација на улогата на политиката за да се оформи и врати функцијата на политичките партии за спроведување на проекти за трансформација.

Двете книги кои најчесто се дискутираат во социјалдемократските кругови се: *Ill Fares the Land* („Злото патува по земјата") од Тони Јудт и *Spirit Level: Why More Equal Societies Almost Always Do Better* („Ниво на духовност: Зошто, речиси, секогаш подобро им оди на поправичните општества") од Ричард Вилкинсон и Кејт Пикет. Тие се разгледани и во ова издание, покрај *Wortwarts oder Abwarts? Zur transformation der Socialdemokratie*, од Франц Волтер, како и други книги кои се фокусирани на иднината на социјалдемократијата.

И покрај различните пристапи во објаснувањата и препораките на авторите кои го дадоа својот придонес за ова издание, сепак, сите се согласуваат за една работа: без да ги минимизираат неуспесите и тековните проблеми на прогресивните и социјалдемократските партии, тие тврдат дека социјалдемократијата има посветла иднина. Уште повеќе, тие укажуваат на акутната потреба на општеството во целина да ги зајакне социјалдемократските идеали и идеи во однос на социјалната правда, солидарноста и одржливите економии.

Последното издание на МЕЃУНАРОДНА ПОЛИТИКА И ОПШТЕСТВО во 2010 не се издвојува како посебно само затоа што е концентрирано на една единствена тема. За првпат сите написи и рецензии во ова издание се отпечатени само на англиски јазик. Германската и англиската верзија на текстовите е достапна на веб страницата: www.fes.de/ipg. Со цел за што поширок опфат на дебатата за иднината на социјалдемократијата, бројот на написите, како и големината на изданието, досега се незабележани.

**ПОЛ НИРУП РАСМУСЕН**

## 10 ТЕЗИ ЗА ИДНИНАТА НА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТИЈАТА ВО ЕВРОПА

Доколку сакате идеите да останат да пловат во океанот на медиумскиот цинизам, тогаш најпрво мора да изградите безбедна платформа. Без да има стабилно место каде теоријата ќе има време да созрее во пракса, добрите идеи, идеите со кои се оспорува конвенционалната мудрост, веројатно ќе пропаднат на дното, или, уште полошо, ќе станат дел од прекумерниот интерес на медиумите. Ова особено се однесува на прогресивните идеи. Не е претерување да се каже дека овие денови пораките за солидарност, надеж или колективно решавање на поединечните проблеми едвај се одржуваат. Медиумскиот пазар, особено во својата конгломератска „синергизирана“ форма, располага со малку време за таквата замисла за заедништво. Она што поминува, е идејата на поединецот. Она што привлекува како магнет, е: изборот, слободата и неограничената конкуренција, или сензационалистички приказни, кои се необични заради статистиката, како и заради фактичките детали, а потоа се увеличуваат до степен на општа закана.

Оттаму, од суштинска важност е најпрво да се изгради платформата. Истото тоа се однесува и за социјалдемократијата во Европа. Пред да почнеме да ги убедуваме милионите гласачи кои се разочарани и лишени од правото на глас – и да, тоа се милиони гласачи – потребно е да создадеме една видлива платформа која ќе ни пружи можност да ги изнесеме деталите на нашата порака.

Затоа, во овој преглед на 10-те тези за иднината на социјалдемократијата во Европа, би сакал, пред сѐ, да се концентрирам на тоа како најдобро ќе ја изградиме платформата (точка 1-4), и потоа (точка 1-6) да прикажеме како социјалдемократските политики сметаме дека може да го трасираат патот кон позитивната иднина.

## 1. Ангажман

Во однос на потенцијалот да се претставуваат и поврзат луѓето ширум Европа, ниедно друго политичко движење не е така добро позиционирано како што е Партијата на европските социјалисти. Историјатот на социјалдемократијата и социјализмот се заснова врз концептот на масовно учество, зголемена транспарентност и верување во демократските начела.

Сепак, ова гледиште не е нешто што треба да се земе со сигурност. Во моментов се соочуваме со два главни предизвици околу нашиот статус како најрепрезентативно политичко семејство.

Најпрво, постои всадена нелагодност кај граѓаните во Европа, генерално во однос на репрезентативната политика. Ова чувство на разочараност е нешто што многу повеќе ја погодува левицата, отколку десницата. Бидејќи сè поголем број на луѓе тежнеат да не гласаат или да не учествуваат во политиката, политиката станува сè помалку репрезентативна. Социјалистите и социјалдемократите не можат да се надеваат дека ќе има изборен наплив, со модел со кој се добиваат само 50% или помалку од избирачките гласови.

На неодамнешните Избори на кои дојде до голема промена кон прогресивната политика, се покажа забележливо зголемување на бројот на гласачи кои гласаат по првпат и гласачи кои повторно гласаат. Излезноста, вообичаено, значително е поголема отколку на претходните избори. Пример за тоа се Претседателските избори во САД во 2008 и Општите избори во Обединетото Кралство во 1997. Спротивно на тоа, главните промени во десницата се случија кога драстично се намали излезноста на гласачите. Тоа се случи, неодамна, во Унгарија (2010), Европските избори во Обединетото Кралство во 2009 и најславните Претседателски избори во Франција во 2002.

Второ, начинот на кој допираме до нашето национално политичко гласачко тело постојано се менува, ако, притоа, не се земе предвид поширокиот електорат од европските земји-членки. Традиционалните методи за мобилизација, и секако, за дисеминација на информации за политички кампањи, минуваат низ радикална трансформација. Најзначајниот елемент во овие промени претставува комбинирањето на новите алатки за комуникација, особено социјалните мрежи и сè повеќе сегментираната публика. Иако традиционалното „географско“ мобилизирање на заедниците останува најважно, новите заедници засновани врз „идентитетот“ сега добиваат централно место во секоја политичка кампања. Таквите заедници, кои се засноваат врз идентитет

на кауза или профил, отвораат можност за повеќестран пристап од политичките партии. Меѓутоа, преминот кон политики на идентитет, исто така доведе до промена во начинот на кој се соопштуваат политичките пораки. Тоа повеќе не се одвива еднонасочно. Наспроти тоа, новите гласачи кои се „богати со информации“ мора да се почувствуваат дека се навистина ангажирани. Очигледно, тоа значи дека тие треба да бидат слушнати на почетокот на процесот, имено кога се зацртува самата политика.

Заради тоа, ПЕС се обврзува нашите 20.000 активисти да ги направи интегрален дел од нашето движење ширум Европа. За да можеме повторно ги ангажираме нашите гласачи и да се создаде чувство на итност за нашите европски идеали, ние прифативме дека е потребно да имаме наши претставници во секоја локална заедница. Во текот на подготовките за Изборите за Европскиот парламент во 2014, ќе се осигураме дека нашите активисти ќе станат високо мотивирана и особено многу информирана сила, која кампањата ќе ја доближи до луѓето.

Партиските членови се од витално значење за создавањето на една оригинална европска партија. Ние ќе обезбедиме повеќе алатки за да го овозможиме нивното вклучување. Како резултат на тоа, се одлучивме да ја потврдиме нивната улога во статутите на ПЕС и да создадеме „Иницијатива на активистите на ПЕС“ за да се создаде еден вистински европски активизам, во кој ќе учествуваат органите на ПЕС.

Покрај тоа, ПЕС како дел од своите консултации за прогресивно општество, ќе формира заедница на интернет, со што ќе се овозможи да се споделуваат политичките дебати, идеите за кампањи и општата политичка загриженост ширум целиот континент.

## 2. Лидерство „живеејќи ги нашите вредности“

Кога се разгледува одвоеноста на луѓето и политиката, некои вината за тоа ја наоѓаат во, таканаречениот, „професионализам“. Тие укажуваат на новиот кадар на политички оперативци кои си служат сами на себе и кои се заинтересирани само за својата кариера. За среќа, тоа, изгледа, е нешто повеќе од тромав стереотип. Граѓаните се многу среќни кога ја забележуваат професионалноста во секторот правда или, пак, во здравствениот сектор: никој не приговара затоа што лекарите се „кариеристи“ само затоа што тие се посветиле на својата професија. Граѓаните се среќни ако тие ги поседуваат потребните способности. Истото треба да се однесува и за професионалните политичари. Проблемот не е во тоа што политиката стана

попрофесионална, туку во тоа што политиката е многу негативно поставена. Бројни се барањата на медиумите за куси снимени изјави на политичарите и набрзина дадени одговори. Меѓутоа, само заради тоа што ваквите барања се бројни, не значи дека тие треба да се исполнуваат. Политичките лидери треба да влеваат ентузијазам. Што е уште позначајно, таквата инспиративност треба да произлегува од практичното работење, а не од реториката.

Социјалдемократските лидери треба да бидат одговорни за начинот на кој живеат. Се разбира дека приватноста треба да биде заштитена, но кога некој се залага за вредности, истиот треба да биде подготвен да живее со тие вредности. Гласачите умеат да правата разлика меѓу вистинската посветеност и празните зборови. Каква ќе биде пораката што ја пренесува лице кое било на чело на партија, или дури на влада, и кога од репрезентативен политичар, станува консултант или директор на компанија? Дали е тоа бесправно? Не. Но, дали, пак, е инспиративно? Се разбира дека не е.

Затоа, ПЕС се обврза да спроведе активности од кои ќе произлезе демократски избран кандидат кој ќе предводи на европските избори. Оформувањето на политичката платформа претставува императив во денешната политика, особено за едни тешки избори, како што се европските избори. За овие избори да бидат релевантни, граѓаните мора да знаат дека со нивниот глас ќе се формира извршната власт и ќе се промени политиката. Оттаму, се обврзавме да избереме кандидат од ПЕС за Претседателството на Европската комисија за следните европски избори. Од кандидатот ќе се очекува да ги мотивира партиските активисти и, што е позначајно, потенцијалните гласачи.

## 3. Дефинирање на политичкиот центар на гравитација

Во своите најдобри времиња, социјалдемократијата не само што ја утврди програмата, туку и ги редефинираше јавните норми – јавната здравствена заштита, државните пензии и пристојното работно време, што е само дел од позитивните примери. Она што беше започнато како пионерска иницијатива, наскоро беше прифатено како статус кво. Тоа беше резултат на политичката храброст и подготвеност да се идентификува и дефинира стандардот. Меѓутоа, во последните години постоеше една голема преокупираност со, таканареченото, „централно тло“. Наместо позитивно да се дефинира она што е политички прифатливо, прогресивните партии паднаа на искушението по вторпат да предвидат што сакаат мистичните гласачи кои „лебдат или се нестабилни“. Една таква реактивна политика никогаш не завршува добро. Тоа е само сигнал дека

недостига храброст за сопствените убедувања. Токму ваквото чувство на убедување ПЕС сака да го воведе во европската политика.

Политичкиот „центар“ е концепт кој постојано се менува и кој континуирано е отворен за негово редефинирање. Социјалдемократите мора да ја искористат секоја можност што ја имаат на располагање за да ја постават таа дефиниција. Доколку се обидуваме да ги следиме неоснованите замисли на „центарот“, ќе се најдеме, едноставно, како на подвижната лента која секогаш се движи кон десницата.

Во последната деценија, европската десница претрпе повеќе промени. Се подели на традиционални проевропски партии и евроскептични и националистички партии. Европа им служи како „жртвено јаре“, игнорирајќи ги последиците од говорот на изолација. Многу од овие партии, негативните политики ги ставаат под превезот на говорот на социјалдемократијата. Издигнувањето на правата на жените, социјалната држава и повиците за реформа на финансискиот пазар се неиздржани заради отсуство на долгорочни политики кои го поткрепуваат тоа.
Во исто време, многу десничарски партии се служат со антимиграцискиот, антималцинскиот или ксенофобичен говор, за уште повеќе да го придобијат електоратот. Тие играат на картата на несигурноста и стравувањето на луѓето со оваа разгорувачка политика за идентитетот.

Во соработката со другите демократски политички партии, мора да се предводиме од начелата за еднаквост, правичност и почитување на културните и јазичните особености на етничките или националните малцинства и, притоа, да ги применуваме истите стандарди како дома, така и во странство. Преку ваквиот пристап на убедување, ќе ја воспоставиме платформата на кредибилитет меѓу гласачите. Мора да бидеме подготвени да зборуваме против неправдата и нетолерантноста и да одбиваме да им даваме легитимитет на предрасудите со премолчување. Да не дозволиме политичката десница да дефинира што е прифатливо, особено кога применува тактика на играње со стравот на ранливите групи на граѓани. Не е доволно само да кажеме дека ова не е оправдано. Мораме да изградиме цврста основа за политики кои ќе покажат како различната култура и идентитет може да го збогатат животот на граѓаните.

## 4. Европа може да биде многу подобра – координација, а не изолација

Една од најголемите дебати која „посткризно“ се одвива во Европската Унија се однесува на степенот на економско управување. Или, едноставно кажано, постои поделеност помеѓу оние кои таквото управување го сметаат за наднационална координација, и оние кои само сакаат да им дозволат на посилните земји-членки да бидат во можност да ги казнат послабите. Оваа дебата за економското управување уредно вклучува и една поширока европска дебата – имено, дали треба да има единствена координација од Европската Унија како еден ентитет, или, пак, серија чекори со кои раководат одделни и различни држави.

Партијата на европски социјалисти би сакала да види зголемена координација помеѓу нејзините партии-членки во однос на европските прашања. Ние мора да ја продлабочиме колективната работа со, и помеѓу нашите членки-партии кои се на власт и во опозиција, како и со, и помеѓу нашите членки-организации и со сите останати релевантни фактори.

ПЕС не треба да биде само платформа за партиите и организациите-членки за да се дискутираат европските политики, туку треба да претставува место каде членките-партии се среќаваат за заеднички да ја формулираат политичката визија, стратегии и политики за социјалистите, социјалдемократите и прогресивните сили ширум Европа. Ние и понатаму ќе ја јакнеме соработката помеѓу членовите на ПЕС, со одговорност за носење одлуки во сите институции на ЕУ, имено со нашите влади, особено кога тие претседателствуваат со ЕУ, со нашите комесари и со нашите пратеници во Европскиот парламент и во Комитетот за регионите.

Ваквиот вид на соработка ќе овозможи, на ПЕС да се гледа како на една оригинална европска партија, но, исто така, ќе овозможи да се развие мрежа на гласови од локално ниво, па нагоре. Тоа ќе ни овозможи да се ангажираме околу активистите, но, како што ќе се подготвуваме за изборите во 2014, и да учиме од нив,.

Исто така, тоа ќе биде од клучно значење за зацврстувањето на нашата редовна и координирана соработка со сите вклучени страни, како што се нашите партнери од синдикалното движење, и со сите сфери на граѓанското општество.

## 5. Да ја направиме Европа повторно функционална

Еден од најскандалозните аспекти на сегашната криза е тоа колку бргу вината за финансиската криза од реалноста за лошото работење на банките и инвестициските фондови, беше префрлена на митот за прекумерното трошење во јавниот сектор. Факт е дека без јавниот сектор излезот од финансиската криза ќе беше значително полош. Колку ли бргу го заборавија тоа оние кои се застапуваа „пазарот да биде на прво место", а кои сега гласно бараат да се направат драстични намалувања во јавното трошење. Наместо тоа, јавниот паричник е оставен да ја чува не само сметката, туку и срамот. Притисоците, тоа да биде покриено од јавните буџети, но и преку проширувањето на европскиот социјален модел, досега се невидени.

За жал, оние кои најмногу ќе изгубат од ваквите кратења, се оние чиј глас најмалку се слуша. Обесправените и социјално-исклучените се оставени да ја пресметаат цената за безволните доверители на, таканаречените, финансиски гиганти. Ваквата ситуација е неприфатлива.

Затоа, Партијата на европските социјалисти повикува на една политика со која ќе се зајакне европскиот социјален модел. Треба да се осигураме дека обичните луѓе нема на долгорочен план да бидат жртви на расипничкиот и некомпетентен финансиски сектор. Или, накусо, она што ѝ е потребно на Европа е пакт за напредок на социјалата и вработеноста.

Како прв приоритет, мора да се отвораат нови работни места. Покрај кризата, милиони нови работни места може да се отворат во новите сектори, како што се зелената технологија или здравствената заштита, доколку европската економија се реструктуира со поддршка од активни економски, работни и социјални политики. За тоа е потребно пренасочување на јавните и приватните инвестиции кон секторите за кои е потребна голема работна сила, со примена на европски и национални програми за отворање на работни места. Во исто време, потребно е да се преквалификуваат нашите работници за идните работни места. Европа никогаш не треба да прави обиди за конкурентност со економиите во раст врз основа на трошоците за работна сила. Напротив, Европа треба да ја заснова својата конкурентност врз високи квалификации, ефективност, продуктивност и иновативност во една економија чиј двигател е знаењето.

За да се избегне масовната невработеност, од суштинско значење е владите да спроведуваат брзи и ефективни мерки за одржување на работните места. Работодавачите треба да се обесхрабрат да прибегнуваат кон отпуштања на вработените. Активните политики за пазарот на

работна сила мора, исто така, да се зголемат, за да се овозможи брзо реинтегрирање на неодамна отпуштените работници, како и на оние кои долго време се невработени на пазарот на работна сила.

## 6. Родова еднаквост

Потребно е да се појасни дека нееднаквиот начин на кој мажите и жените се третираат во општеството продолжува да има длабоки негативни последици за економијата, социјалната правда и демократијата. Во просек, жените сѐ уште заработуваат 17,4% помалку од мажите кои ја вршат истата работа. Постои поголема веројатност жените да бидат невработени, обесхрабрени да влезат на пазарот на трудот, заради недостигот од пристојни работни места, или заради работни места кои се помалку платени, со слаб квалитет или се за хонорари. Финансиската и економската криза, а особено лошо осмислените строги мерки, имаат уште понегативно влијание врз жените во јавниот сектор, каде тие се застапени со 68%.

ПЕС и партиите-членки докажаа дека оние европски земји кои имаат направено сѐ за да ги зголемат правата и можностите на жените, се едни од водечките одржливи општества во Европа, каде има најголем процент на жени на работните места и највисока стапка на наталитет.

Оттаму, сметаме дека родовите прашања треба да се рационализираат во сите политики и инструменти на ЕУ, вклучително и националните и европските планови за економско закрепнување. ЕУ треба итно да ја усвои Европската повелба за правата на жените за да се подобрат правата и можностите на жените и за да се унапредат механизмите со кои ќе се постигне родовата еднаквост во сите аспекти на социјалното, економското и политичкото живеење.

За разлика од нашите политички противници, ние во ПЕС сметаме дека вистински напредок во родовата еднаквост може да се постигне само преку разумна комбинација на јавните политики. На пример, доколку се подобрат правата за платено породилно отсуство и споделено отсуство помеѓу родителите, како и предучилишното згрижување и образование на децата, придобивките ќе бидат во однос на зголемено учество на пазарот на работна сила и зголемени економски остварувања, намалување на сиромаштијата – а притоа ќе се намали оптоварувањето за социјални давачки – а, исто така, со тоа ќе се подобрат и животните шанси за децата.

## 7. Развој на зелените

Ние, европските социјалисти, социјалдемократи и прогресивни сили, ќе продолжиме да ја предводиме борбата против глобалното затоплување. Ние ќе дејствуваме за позиционирање на нашето политичко семејство како водечка сила за прогресивна и амбициозна политика за климата, како на европско, така и на меѓународно ниво.

ПЕС верува дека целта треба да биде најмалку 30% намалување на емисијата на стаклен гас до 2020 и 80-95% до 2050, покрај обврзувачките среднорочни цели. Обврзувачките цели за намалување на испуштањето на гасови на глобален план се потребни за авијацијата, поморскиот сообраќај и земјоделството. Земјите во развој, кои се повеќе изложени на ризик, треба да се поддржат во приспособувањето кон последиците од климатските промени преку градење на капацитетите и трансфер на знаење и финансии. Мора да се воспостават механизми и финансиски средства, вклучително и глобален систем за трговија со јаглерод и глобален фонд за климатските промени кој е соодветно опремен со ресурси, кој ќе служи за приспособување и олеснување за земјите во развој. Финансирањето за приспособување кон климатските промени треба да биде дополнителна помош за развој. Иновативните финансиски механизми мора да се разработат на начин кој овозможува да се задоволи степенот на потреби од инвестирање.

Борбата против климатските промени – како што е радикалното зајакнување на енергетската ефикасност и унапредување на изворите на обновлива енергија – исто така ќе послужи за енергетска безбедност на Европа преку намалување на зависноста од надворешни извори на енергија. Инвестициите во јавната инфраструктура и проширувањето на прекуграничните мрежи претставува предуслов за успешноста на новата европска политика за енергетика и клима. Ние веруваме дека ЕУ и нејзините земји-членки ќе го разгледаат воведувањето на конкретната Green Bond (зелена обврзница) иницијатива на национално ниво, и по можност на европско ниво. ПЕС го поддржува начелото на еколошко оданочување кое е социјално правично, а со тоа ќе се направат потребни и длабоки промени во начините на кои се одвива нашиот живот и транспортот.

## 8. Европската социјалдемократија во светот на глобализација

Социјалните држави во Европа имаат суштинско значење во заштитата на граѓаните од најтешките последици од финансиската и економската криза. Но, сега постојат многу поголеми

притисоци – кои произлегуваат од масовната невработеност и популацијата која старее – во контекст на сѐ поoскудните финансиски ресурси. Ризикот од трајни социјални поделби и нерамноправност се зголеми како резултат на кризата. Конзервативната реакција „која се однесува само на ограничувања“, се чини дека сѐ повеќе ги продлабочи ваквите поделби.

Наместо да го прифати овој обид за поткопување на социјалната држава, ПЕС бара во сите европски земји да се воведе социјална помош која се заснова врз потребите на пензионерите, невработените, или оние кои не се во можност да работат, за да се загарантира достоинствен живот. Предлагаме во секој од европските закони да се воведе клаузула за социјален напредок и, притоа, при подготовката на европските закони да се земат предвид проценките за социјалните и еколошките влијанија. Ние предлагаме европски пакт за плати, со кој ќе се гарантира еднаква плата за еднаква работа и истакнување на потребата за пристојна минимална плата во сите земји-членки на ЕУ, што ќе биде направено или согласно на закон, или преку колективни договори, а ќе се применува како за граѓаните, така и за работниците имигранти.

Учеството на вработените на европско и глобално ниво е клучното прашање за во иднина – суштински елемент за посоцијална Европа и предуслов за пристојна работа. ЕУ треба да го гарантира приматот на законите за работни односи – вклучително и колективните договори и правата на работниците, како што е еднаква плата за еднаква работа – наспроти правилата на единствениот пазар.

Европската програма: „Нови вештини за нови работни места“, треба да овозможи масовно преквалификување за нови работни места. Треба да се воведуваат аранжмани според кои ќе се овозможи работодавачите да го избегнуваат намалувањето на бројот на работните места, како што е, на пример, преку комбинирањето на работното време со програми за обука.

Исто така, од особена важност е европските правила за бизнис и конкурентност да не бидат во спротивност со способноста за испорака на јавните услуги. Оттаму, сметаме дека европската законска рамка за соодветни јавни услуги е клучна, со што ќе се гарантира универзален и еднаков пристап за граѓаните, квалитет, локална автономија и транспарентност на јавните услуги, независно од јазикот на кој зборуваат корисниците, одржување на нивниот интегритет, како што е дефинирано на национално ниво, така што европските правила за бизнис и конкурентност нема да бидат во спротивност со граѓанските права.

## 9. Средување на финансиите

Сите сосема сме свесни дека во септември 2008, ЕУ беше погодена од една од најголемите економски кризи во историјата. Трајното закрепнување или нов модел на развој не можат да постојат без фундаментална реформа на финансиските пазари. Основната цел на таквата реформа треба да биде спречувањето на идни финансиски кризи. Силната регулатива и супервизија мора да имаат две цели: финансиските пазари да почнат да ѝ служат на реалната економија и да обезбедат финансиска стабилност. Банките мора да се навратат на основите, да им служат на бизнисите и на луѓето. Банкарскиот систем во сенка мора да функционира согласно на истите принципи и систем на регулативи.

Како одговор на тоа, Партијата на европските социјалисти смета дека граѓаните не треба да плаќаат за непромисленото однесување на финансиските актери. Не можеме да прифатиме дека седум милиони луѓе ќе ги загубат работните места заради финансиските шпекулации. Оние кои ја предизвикаа кризата мора да ја преземат одговорноста. Затоа, повикуваме да се воведе данок за финансиски трансакции.[1] Оданочувањето во износ од 0,5% што ќе се применува за секоја шпекулативна финансиска трансакција во Европа, ќе генерира до 200 милијарди евра секоја година, што може да помогне да се намалат последиците од економската криза и во иднина да се спречат вакви кризи.

Конзервативците и либералите дури минатата година започнаа да зборуваат на јазикот на финансиската регулатива. Нивниот предлог е делумен, а нивната посветеност за финансиската реформа е неубедлива. Мора да дејствуваме одлучно за да го надминеме отпорот кон регулирањето.

## 10. Воспоставување платформа и развој на идеи

Социјалдемократската идеја живее и опстојува во Европа. Во повеќето случаи таа стана жртва на сопствениот успех, со главните елементи – како што се: правичноста, квалитетни јавни услуги, рамноправност и прогресивно оданочување – кои се општо прифатени. Меѓутоа, борбата овие

[1] За повеќе информации, види: http://www.pes.org/en/financial-transaction-tax/pes-european-day-of-action

вредности да бидат приспособени во рамките на општество кое постојано се менува, е непрекината.

Социјалдемократската „платформа на идеи“ ќе се заснова врз:

- Ангажманот на нашите активисти, и поширoко на нашето избирачко тело;
- Лидери кои се подготвени да ги докажат своите вредности и, притоа, да живеат со нив;
- Обновено чувство на политичка храброст за да се дефинира политичкиот терен, и
- Координација на заложбите ширум континентот, за ПЕС да се воспостави како вистинска европска партија.

Социјалдемократските вредности и идеи се засновaат, и ќе продолжат да се засновaат, врз: отворање квалитетни работни места, приспособување на еколошките потреби, родовата еднаквост, почитување на социјалната држава и посветеноста на фундаменталните реформи на финансискиот сектор, така што реалната економија е онаа која ќе има придобивки.

ЕРХАРД ЕПЛЕР

# РАЃАЊЕ НА НОВО ДОБА. ЗА ПОТРЕБАТА ДА СЕ ИЗГРАДИ СОЦИЈАЛДЕМОКРАТИЈАТА ВО ЕВРОПА

## Крајот на неолибералното доба

Кога дојде до тоа довербата меѓу големите банки да е толку мала што тие не сакаат да си даваат заеми помеѓу себе – освен доколку државата не гарантира дека парите ќе им бидат вратени – верувањето дека е најдобро пазарите да се оставаат самостојно да се регулираат, не само што потоа беше одрекувано, туку се покажа несериозно. Кога финансиската криза предизвика општествениот производ значително да се намали во однос на порастот во претходните неколку години, исчезна и ветувањето дека на пазарите треба да им се даде слободата за, на крајот, незапирливиот раст на просперитетот да допре до посиромашните. И кога стана јасно дека, едноставно, не може сериозно да се сфати притисокот извршен од заговорниците за слободни пазари, за намалување на даноците за државите кои мораа да ги спасат своите банки и економии преку издавање на незамисливи суми, се чини дека добата на Маргарет Тачер во Обединетото Кралство и добата во Германија кое започна со писмото на Ото Граф Ламбсдорф до Хелмут Шмит, навистина заврши.[2]

Дојде крајот на добата во кое државата – а оттаму и политиката – се сметаа за сè понеспособни, а пазарот за сè поспособен. Очигледно, државата не беше целосно бескорисна. Меѓу другото, таа постоеше за да ја воспостави рамката за пазарите: законска рамка со која беше јасно што е дозволено и недозволено за конкурентските фирми; социјална рамка со која работната сила нема да остане само фактор на трошок, туку активност на луѓе кои имаат потреби – и како што е

[2] Писмото од 9 септември 1982, до германскиот канцелар Хелмут Шмит, во кое министерот за економија, Ото Граф Ламбсдорф (FDP), го претстави планот за надминување на слабиот пораст и борбата за надминување на невработеноста, генерално се смета како пресвртница која доведе до раскинување на социјал-либералната коалиција.

загарантирано со Уставот – достоинството; и конечно, рамка за животната средина за да се обезбеди сигурност дека една генерација нема да ја уништи природната средина за следната генерација, и за оние што следуваат по неа.

Но, кој треба да го предизвика раѓањето на новото доба? Во Германија, од октомври 2009, се соочуваме со тоа што се случува – и што навистина мораше да се случи – кога луѓето кои ја водат (или заеднички водат) државата се токму оние чиишто догми нѐ доведоа до кризата, и кои сега веруваат дека може да се наметнат на крајно задолжените држави, а притоа заради моќта на околностите јасно е дека повеќе не е успешно ветувањето: да се ослабне државата, а пазарите да не бидат подредени, особено финансиските пазари. Бидејќи во сегашната Влада, исто така, се вклучени голем број демохристијани чие разбирање на ситуацијата е пореално отколку на нивните колеги, не може да се постигне договор за „постојните бизниси“ или нов почеток, така што дури и оние кои гласаа за оваа коалиција не знаат што навистина сака да направи оваа Влада.

Ако им се верува на анкетите на јавното мислење, социјалдемократите и зелените сега може да очекуваат дека ќе освојат мнозинство пратенички места во Бундестагот, дури и без левите - Die Linke. Не затоа што гласачите се за социјалдемократијата во толкаво мнозинство, туку затоа што зелените се приближуваат кон границата од 20%. Во секој случај, кризата на европската социјалдемократија не е завршена само затоа што Саркози, Меркел и Берлускони се повеќе без идеи. Кога анкетарите ги прашуваат гласачите дали повеќе претпочитаат минимални плати или повисоки даночни стапки, во повеќето европски земји постои јасно мнозинство кое претпочита одговорите да ги најде во програмата на социјалдемократите. Но, тоа сѐ уште не се смета за доволна причина да се гласа за нив, и покрај тоа што веќе се малку оние кои се со големи очекувања од конзервативците и либералите.

## Неолибералната хегемонија над социјалната демократија

Во меѓувреме, повеќето социјалдемократи во Европа се согласуваат зошто е тоа така. Ширум Европа, иако не во иста мерка насекаде, неолибералниот бран, кој го преплави светот, исто така, ги зафати социјалдемократските партии, особено онаму каде тие беа на власт. Но, не во толкава мерка како што ги зафати конзервативците, иако помалку од повеќето (економски) либерали, но, сепак, остави свој белег.

Лесно е денес да ги прекоруваме за тоа. Но, кога во една медиумска демократија каде, речиси, секоја економска редакција и 90% од политичките уредници се посветени на една доктрина, скоро не е можно доследно да се владее во тие тешки околности – освен доколку некој се помирил да ги изгуби следните избори и да се надева дека ќе ги добие оние по нив.

До крајот на првата деценија од овој век, заговорниците на слободните пазари, сепак, успеаја да го променат концептот на реформа според свое видување. Наеднаш, „реформата“ повеќе не значеше чекор, независно колку и да е мал, кон социјална рамноправност. Сега, реформа беше сè она што ги отстрани пречките на пазарот, ја растовари „економијата“ и ги намали владините расходи, особено за социјалното осигурување. Иако едновремено заштитата на вработените од отпуштања претставуваше важна реформа, сега тоа се укина, бидејќи се смета дека вработувањето и отпуштањето ја поттикнуваат динамичноста и економскиот раст. Што е тоа што Владата треба да го направи, кога, речиси, во секој весник може да се прочита дека земјата е доведена на последно место во Европа, дека развојот, речиси, за 1% е помал од развојот на било кое друго место, и затоа стапката на невработеност е висока, и тоа само заради тоа што Владата одбива да ги спроведе реформите кои беа толку многу корисни насекаде. Вака изгледаа работите во економски најмоќната земја пред Герхард Шредер да се одлучи за Програмата 2010.

Никој нема потемелно размислувано за последиците од неолибералната хегемонија врз социјалдемократијата отколку поранешниот лидер на холандската Работничка партија, Вутер Бос. Во неговото обраќање на 25 јануари 2010 во Амстердам, непосредно пред неговото пензионирање, тој се наврати на Третиот пат, за кој тој тврдеше дека е измислен во Холандија, пред Тони Блер да го именува така: „Ние го применуваме во пракса без да ја (ставиме) етикетата, Третиот пат“.

Бос истакна дека тоа не било само пригода во која се мотивирале холандските социјалдемократи: „наместо социјалната држава да ги прави луѓето зависни, идејата произлезе од активирањето на социјалната држава“ (Бос, 2010). Активирањето на социјалната држава, со кое се бара да се спречи децата на корисниците на социјална помош – и нивните деца – да мораат да продолжат да живеат од социјална помош, беше идеја која произлезе од социјалдемократите, како и поранешните политичари на левицата, како што е Јан Пронк. Но, тие не сметаа дека ќе треба да се справат со една различна и нескротена форма на капитализам: „Прогресивните сили на Третиот пат заспаа додека постоеше разумно контролираниот слободен пазар, но се разбудија покрај чудовиште без окови“. Бос е доволно самокритичен и додава: „Но, дали навистина беше така? Бидејќи, кој го ослободи чудовиштето од оковите?“, „Никој не можеше да ја задржи својата

позиција во одбрана од ова чудовиште: вработените ја изгубија моќта наспроти корпоративното управување", „Владите ја изгубија моќта наспроти мултинационалните компании" (Бос 2010).

Секој оној кој не можеше да се справи со ова, му беше кажано дека тоа се должи на глобализацијата, еден неумолив процес кој ништо и никој не може да го забави, а уште повеќе да го запре. Според Бос: „Премногу време неолибералите се обидуваа да не уверат дека глобализацијата е едно непознато и неизбежно движење, кое ни се случи и кое не можеме да го избегнеме" (Бос 2010). Исходот беше она што залагачите за слободни пазари го имаа испланирано од самиот почеток: „Постојано зголемување на англосаксонскиот економски систем, постојано намалување на колективниот сектор, и сѐ повеќе (слободни) пазари" (Бос 2010).

Она што говорот на Бос го прави особено вреден за сите социјалдемократи е што овозможува да учествуваме во неговиот процес на учење. Тука спаѓа и неговиот заклучок: „Постепено се убедив дека понекогаш е полесно и подобро да се заштити јавниот интерес од пазарот, отколку да се прави обид да се скроти пазарот за да не му наштети на јавниот интерес" (Бос 2010).

Бос, притоа, не заборави дека успехот и неуспехот на неолибералите има своја морална страна: „Човечкото достоинство е поткопано заради непрекинатиот притисок на комерцијализацијата на јавната атмосфера, систематско привлекување на нашите сетила да се сака повеќе, повеќе и повеќе, и сега, сега и сега, и секогаш присутното зголемување на личните интереси и емоции како единствената работа која предизвикува среќа. На крајот, тоа го нарушува општеството бидејќи тоа ги прави луѓето рамнодушни едни кон други" (Бос 2010). Егоизмот е природна наклонетост и не треба да се демонизира. Но, што се случува кога системот го охрабрува, слави и издига до модел? Вутер Бос за ова е цитиран во детали, бидејќи како активен политичар кој ја познава владината одговорност, тој може да објасни како се случи неолибералната хегемонија не само да ги обесхрабри социјалдемократите во Европа и да ги предизвика на опозиција, туку и да ги воодушеви и наведе да направат отстапувања, а денес како резултат на тоа да постои мала побарувачка за социјалдемократски алтернативи на радикализмот за слободни пазари.

Некој би можел да додаде – барем во форма на прашање – како продолжение на холандската анализа, колку катастрофално беше тоа што слободните пазари се декларираа како целосно прогресивни. Исто така, тие усвоија една идеја за реформа што ја испревртеа, и правејќи го тоа, погодија во слабата точка на социјалдемократите кои сѐ уште сакаа да бидат прогресивни. И зарем тука не се наметнува прашањето дали социјалдемократите во дваесет и првиот век повремено треба енергично да бараат да зачуваат некои работи, дури и кога нивните напаѓачи

изјавуваат дека се прогресивни? Тука може да се споменат системите за здравствена заштита кои се засноваат врз солидарност или прогресивниот данок на приход, кои ја докажуваат својата вредност повеќе од еден век.

Ова покренува едно друго прашање: дали концептот на иновација воопшто придонесува за развојот на социјалдемократските програми? Во индустријата, техничката иновативност е од суштинско значење: тоа ќе се случува независно дали тоа го бара политиката, или не. Но, дали и во самата политика? Дали новото е секогаш супериорно во однос на она што веќе постои? Впрочем, тоа е даден аргумент – како уверување, а не како прашање од страна на слободни пазари. Наместо тоа, зарем не треба уште еднаш да воспоставиме појасни критериуми за тоа што значи напредок?

Сигмар Габриел, на партиската конференција во Дрезден, го започна она што не само социјалдемократите во Германија го нарекуваат „ново средиште“, а кое беше итно неопходно: „Политичкиот центар во Германија никогаш не претставуваше фиксно место, никогаш определена група во општеството (...). Политичкиот центар во една земја секогаш бил освојуван од оние кои се подготвени за вистинските прашања и вистинските одговори во очите на мнозинството на популацијата“ (Габриел 2009:6). Совпаѓањето со трендот кој преовладува не води кон центарот, туку кон политички отпад и застареност.

Постарите социјалдемократи знаат за времињата кога социјалдемократските барања им значеле само на малцинството. Мнозинството сакаа нешто друго, и затоа гласаа поинаку. Тоа предизвикуваше вознемиреност, но беше разбирливо. Денес во Европа, мнозинството ги претпочитаат социјалдемократските идеи и цели во повеќето европски земји – за две третини од Германците, демократијата и социјалдемократијата се една иста работа; недостигот на социјална правда повикува да се стави демократијата под знак прашање – но голем дел од ова мнозинство не веруваа дека социјалдемократите се способни да ги постигнат овие цели. Некои, пак, дури се сомневаат дали тие навистина го сакаат тоа, додека, пак, други прифаќаат, но сметаат дека им недостига неопходната одлучност. Ова, се чини дека е дел од нараснатиот скептицизам во однос на политиката во целина. Во Германија, тројца од четворица гласачи сметаат дека во нивната земја работите се неправедни. Но, половината од овие 3/4 повеќе не сметаат дека било која партија е способна нешто да промени. Но, онаму каде луѓето повеќе не веруваат дека нешто може да се промени со политиката, партиите на левицата страдаат многу повеќе од останатите.

## Што треба да се стори?

Конзервативците имаат мала склоност нешто да изменат и, наместо тоа, се загрижени да се одржи редот и економијата да продолжи да се развива. По правило, тие, речиси, успеваат да го направат тоа. Но, социјалната правда? Поправично општество? Премногу е добро за да биде вистинито. Згора на сѐ, кога некои социјалдемократи најавуваат, под влијание на хегемонијата на слободните пазари, дека на правдата што се пласира ѝ истече рокот на траење, не е чудно што се случува изборниот срам.

Што треба да се направи? Циниците, едноставно, може да се потпрат врз способноста на луѓето да забораваат: за три години, гласачите ќе се сеќаваат на други работи и ќе имаат други грижи. Совесните интелектуалци ќе тврдат дека она што е потребно е нова програма. Но, германските социјалдемократи ја усвоија новата „Хамбуршка програма“ долго време пред нивниот изборен пораз на 27 септември 2009, во кој немаше ни трага од размислувањето за основата на пазарите – сосема спротивно на фактот дека тоа не можеше да се најде никаде во Берлинската програма која ѝ претходеше. Креаторите на мислења не читаат партиски програми.

Според тоа, она што останува е патот кој секој кој се гордее на својот политички реализам ќе го отфрли како наивен. Ние повторно можеме да го оценуваме минатото, да го прифатиме и да си ги признаеме грешките, но, исто така, да објасниме зошто работите се случија така. Можеме да се обидеме да си го вратиме кредибилитетот во очите на оние кои повеќе не веруваат во нас. Не само да се обидуваме да најдеме оправдувања за тоа што се случи, туку да покажеме што се случува кога една идеологија, која се прикажува како наука, станува целосно доминантна во општество во кое двигател се медиумите. Таквото повторно оценување треба да се одвива на национално ниво, или на европско ниво – или, пак, можеби, едното треба да следи по другото. Фондациите треба да обезбедат форум, во Германија, на пример, „Фридрих Еберт“, или некоја од црковните академии. Намерата за ова не треба да биде партијата да се ослободи од вината – тоа само ќе ги влоши работите. Но, ако од тука произлезе дека имало постигнувања, но и грешки, со сигурност тие грешки не биле дело на предавници со злобни намери, туку се должи на грешките што биле направени и покрај најдобрите намери.

Ако резултатот на таквото европско оценување беа десетици заеднички тези за минатото и иднината, тоа можеше барем да разбуди, особено меѓу повнимателните набљудувачи, нов интерес за старата, но сѐ уште одговорна, самокритична и партија со широки гледишта.

## Штитот на Ахил

Во зенитот на неолибералната епоха, на листата на најпродавани книги во САД и Обединетото Кралство можеше да се најде една книга од 900 страници, со еден необичен наслов: „Штитот на Ахил“ (Бобит 2002). Авторот е еден мудар историчар, кој, исто така, беше советник на претседателот на САД: Филип Бобит. Книгата содржи – што не е веднаш очигледно од насловот – историјат за државата, особено за изминатите 500 години, во која се разгледува односот помеѓу технологијата на оружје, воените организации и типот на држави. Со други зборови, навидум чисто академска работа.

Тоа стана политичко прашање, бидејќи Бобит од своето истражување заклучува каква би била државата – навистина, односно каква би требало да биде државата во дваесет и првиот век: пазарна држава. Тука не се важни трите различни форми на оваа пазарна држава кои ги разграничува авторот, особено затоа што Бобит на една од тие форми ѝ дава предност, имено на *претприемничката пазарна држава*.

Пазарната држава се издвојува од сите претходно познати облици на држави, бидејќи таа повеќе не е одговорна за луѓето, туку само за функционирањето на пазарите. Граѓаните во оваа пазарна држава ќе треба да се потпираат врз пазарите. Пазарите, пак, за возврат треба да им понудат можности, колку што е можно побројни и попривлечни. Оние кои знаат како да ги искористат тие можности, немаат потреба од помош, додека, пак, за оние кои не се толку компетентни или снаодливи, тоа е тешко. Државата не е одговорна за нив.

Тоа може да биде остварливо за пазарите на стоки и пазарите за многу услуги, но Бобит оваа идеја ја проширува да го вклучува и пазарот на работна сила, образовниот пазар, па дури и пазарот на безбедност. Пазарот на работна сила мора да функционира по принципот „вработи и отпушти“, а државата е онаа која е одговорна за функционирањето на пазарот. Меѓутоа, она за што државата не е одговорна, се оние кои губат на тој пазар. На образовниот пазар, образованието со слаб квалитет е достапно за малку пари, поценетото образование за нешто повеќе пари, додека, пак, образование со висок квалитет е достапно за многу пари. Секој оној кој

нема пари е личност која не постои или не е важна, барем кога станува збор за овој пазар. Изненадува тоа што Бобит во рацете на пазарот ја става не само социјалната сигурност, туку, исто така, и безбедноста од криминал. Сите оние кои сакаат да се осигураат за старосна пензија ги знаат телефонските броеви на осигурителните компании, а сите оние кои не се чувствуваат безбедно во своите домови, ги знаат агенциите кои ја продаваат таквата безбедност. Пазарната држава на Бобит дури се откажува од она што со векови претставуваше суштина на државата: монопол врз силата. Сè е на продажба: некои можат да си го допуштат тоа, но повеќето не можат.

Пазарната држава на Бобит, веројатно немаше да се материјализира никаде во светот дури и да не испаднеше дека пазарниот фундаментализам е погрешен. Но, Бобит тоа го осмислил до крај, што останатите, едноставно, го формулираат како правила на палецот: „Колку помалку владеење на државата, толку е послободен граѓанинот“ или „Пазарот е секогаш помудар од политиката“.

Во пазарната држава, граѓанинот станува клиент. На пазарот, клиентот е крал (или кралица). Меѓутоа, како граѓанин, човекот повеќе нема право на свое мислење. Политиката не е забранета, но таа повеќе нема своја цел. Како парламентот ќе расправа за образовната политика кога секој може, и мора – да одлучува за тоа што сака да се троши за образованието? Ниту владата, ниту парламентот повеќе не мора да се грижат за полицијата или внатрешната безбедност: сè она за што треба да се води грижа сега е решено помеѓу клиентот и агенциите за безбедност. Но, сигурни сме дека работите не се отидени толку далеку никаде, па дури ни во САД. Но, се движиме кон таа цел. Кога ќе се приватизираат одделенијата за градба, локален транспорт и водоснабдување, градските власти ќе имаат сè помала одговорност за носење одлуки. А, граѓаните се претворени во клиенти, сакале-несакале, повеќе немаат опција да им се обратат на добрите локални советници во нивните заедници. Тие, исто така, повеќе не можат ништо да изменат. Дури и во Европа, полициските станици се затвораат, а индустријата за безбедност е во подем.

Но, пазарната држава на Бобит може да ни помогне да разгледаме каков тип на држава ни е потребна како одговор на пазарниот фундаментализам: граѓанска држава. Граѓаните ја воспоставуваат државата, прифаќаат одговорност за тоа, ја поддржуваат, и државата е тука за нив. Државата има обврска – и оттаму има и право – да се осигура дека ништо нема да стане стока за широка потрошувачка, а таквата комерцијализација е забранета. Образованието не е стока за широка потрошувачка која еден може да ја купи, а друг не, туку човеково право кое државата има обврска да го обезбеди. Безбедноста од криминал не е стока за широка потрошувачка, која некои можат да си ја допуштат, а повеќето не можат, тоа е обврска на

државата – услуга која државата ја обезбедува како возврат за својот монопол врз силата. Граѓанската држава е одговорна за одржување на хумани и достоинствени животни стандарди. Во граѓанската држава, политиката има предност, имено предност се дава на волјата на граѓаните. Исто така, волјата на граѓаните има предност во однос на пазарните закони.

Тоа значи, исто така, дека доколку постои некакво сомневање, одредбите од уставот имаат предност пред пазарните резултати. Доколку, на пример, во основното германско право државата е обврзана да го почитува и штити човековото достоинство, тогаш платите кои не се доволни да се преживее, нема да бидат дозволени, бидејќи тоа е нарушување на човековото достоинство, без оглед на тоа дали пазарот нуди само милосрдие или мал приход за многу работни места.

Во држава во која граѓаните се конечната власт, нормално е тие да имаат право да вршат активности за кои сметаат дека се погодни: во економијата како претприемачи или вработени, како потрошувачи, или како штедачи и инвеститори, но, исто така, и во сите делови на граѓанското општество – во синдикатите и здруженијата, во клубовите и партиите, во црквите, синагогите и џамиите.

Во една граѓанска држава, енергичното граѓанско општество не е соперник на државата. Тоа не може да ја замени, но со сигурност може да ја охрабри, коригира, да се зафати со социјални или педагошки експерименти, дури и да премостува јазови кои државата неизбежно морала да ги предвиди во своето постапување. Демократската држава и граѓанското општество си се потребни едни на други – во најдобар случај, тие меѓусебно се зајакнуваат.

Онаму каде граѓанското општество сака да преземе дел од одговорноста, повиците за референдум ќе станат погласни. Преку референдум, граѓанското општество се приближува до оние на кои сè повеќе со омаловажување се упатува како на „политичка класа“. Ризиците кои се јавуваат во врска со петициите и референдумите може да се ублажат со добри закони. Секој оној кој повторно сака да ја оживее демократијата во дваесет и првиот век, не може да ги запостави референдумите.

## Одржлив развој

Професорот Мајнхард Мигел секогаш беше еден од оние политички научници кои се грижеа да не се изгуби допирот со политиката во пракса. Тоа, исто така, произлезе од неговата непрекината

релација, повеќе од неколку децении, со еден од најдобрите и најоригиналните умови на германската христијанска демократија, Курт Биденкопф. Мигел сега има свој институт, на возраст е кога другите уживаат во заслужената пензија, а тој вознемирува со неговите еретички идеи. Тие се однесуваат на темата, која, речиси, во еднаква мерка се карактеризираше со консензус и табу: економскиот развој.

Мигел, како и останатите, очекува дека економиите во развој, како што се Кина и Бразил, извесно време ќе продолжат рапидно да се развиваат, како и некои од земјите во развој. Кога станува збор за индустриските земји од Западна и Централна Европа, историскиот нерамномерен период на рапиден развој веќе е при крај. Тоа, се разбира дека нема да се случи преку ноќ, но стапката на развој која со децении беше израмнета, ќе продолжи да се одржува така, барем во просек. Инструментите кои претходно беа распределени – со различен степен на успешност – за да го поттикнат развојот (намалување на даноците или стимулирање на економијата преку пакети за кредитно финансирање) повеќе не претставуваат опција, наспроти рекордните нивоа на независна задолженост на државите. Каков раст и да постои, истиот ќе мора да се искористи за да се намалат долговите, да се поправат штетите врз животната средина и за справување со непогодите. Тој повеќе нема да има улога за подобрување на квалитетот на животот.

Мигел, се разбира не е против порастот. Во некои делови од светот тоа е неопходно и неизбежно. Тој, едноставно, смета дека е нереално европските индустриски земји да се потпираат врз растот. Според него, секој оној кој прави растот да стане политичка цел, или, пак, оние кои сметаат дека тоа е највисоката цел, или како Ангела Меркел, единствената цел, нема да успеат. Се разбира, тоа не значи дека владите треба да имаат за цел нулта пораст. Тоа би било уште понеразумно од насоченоста кон три или четири процентен пораст. Ако на крајот на годината статистичарите забележат пораст од еден или два процента, очигледно тоа ќе биде подобро отколку слично ниво на негативен пораст.

И покрај привлечните, но, сепак, опасни слогани кои ги измислуваат разни партии, порастот или „подобрувањето“ нема да се случат заради изборите. Тоа повеќе зависи од состојбата на глобалната економија, отколку од националните влади. Тоа ќе станува сè повеќе јасно, до степен до кој никој повеќе нема да верува на таквите слогани.

Но, кој е резултатот од сето ова? Ќе бидеме ли сведени на бесмислени расправии за тоа дали растот е добар или слаб? Се надевам, не. Ние, веројатно, нема да бидеме поштедени од дебата за тоа како растот може да биде стимулиран, наспроти фактите, но сето тоа ќе биде залудно.

Социјалдемократите може да се присетат, на пример, на Берлинската програма на СПД, пред целосно да започне бранот на пазарен фундаментализам, кога тврдеа дека е помалку важно колкав е растот, од тоа што е во пораст. Во праксата, постигнавме поголем напредок отколку во теоријата. Ние не сме да се зголеми употребата на фосилните горива, туку да се намали. Тоа значи дека сето она што води кон такво намалување, треба да расте. Кога денеска во Европа се зборува за „зелен развој", тоа значи: треба да се дозволи раст на сè она што ќе стави крај на климатските промени, додека, пак, сè она што ги забрзува климатските промени, треба да се намалува.

Накратко, она што нам ни е потребно не е кавга меѓу економистите или филозофите во врска со благословувањето и преколнувањето на економскиот развој, туку политичка дебата за тоа што треба и не треба да се развива. Да бидам сигурен, ќе произлезе дека постои цела низа на стоки и услуги кои, едноставно, може да се оставаат на пазарот, а за кои владите не треба ниту да го поттикнуваат развојот, ниту, пак, спротивното. Она што ќе биде политички значајно се оние области во кои јавната благосостојба бара или побрз раст, или побрзо скусување.

И тука праксата веќе ја надмина теоријата. Кога Франк Валтер Стајнмиер, пред Општите избори во Германија во 2009, презентираше детален документ за тоа што треба да се направи во претстојните четири години, тој не повика на зголемен економски раст, туку ги опиша областите во кои има потреба да се поттикнува растот. Тука спаѓаа социјалните услуги во прилог на обновливата енергија и други инвестиции, со што Германија би станала одржлива земја. Севкупно, тоа беше една импресивна листа на ставки за селективен раст.

Дали пазарите се клучни за севкупниот раст на економијата. Затоа може да се каже дека пазарните фундаменталисти преовладаа со својата теза дека колку се пoслободни и дерегулирани пазарите, толку е поголема стапката на раст. Даночните олеснувања за компаниите го забрзаа растот: тешко е да се одрече овој аргумент. Накратко, ако вашата цел е да го постигнете највисокиот можен плус во статистиката за БДП, мора да имате доверба во пазарите и да ги задоволите барањата на бизнис-лидерите. Политичките последици од ова, општо земено, не одат во прилог на социјалдемократските идеи. Желбата за голем развој беше едно од средствата со кои се послужија пазарните фундаменталисти за да ги ослабнат позициите на своите противници, и тоа ќе продолжи и понатаму. Меѓутоа, едно општество во кое се спори за што е потребен развој, а за што не е потребен, мора да се охрабри да се ангажира повеќе во политиката. Се поставува следното прашање – што е подобро за „државата". Секој оној кој сака

да го врати приматот на политиката треба да продолжи со дискусијата за развојот, но на начин различен од досега. Тоа повеќе не може да биде прашање на ситни процентуални придобивки или загуби, туку дали растот е итно неопходен, безопасен или штетен. Критериумите постојат: што ги забрзува или забавува климатските промени; кој пораст е одржлив и траен? Каков вид на пораст го подобрува квалитетот на живот, а каков вид на пораст го влошува?

## Основни вредности

Кога европските социјалдемократи дискутираат за својата иднина, тие не можат да ги избегнат основните вредности кои ја обликуваат социјалдемократската политика за еден век и половина. Тука, може да се спомене документот на Џон Крудас и Андреа Нахлес (2009). Важен е фактот што европските социјалдемократи се поврзани помеѓу себе со основните вредности. Тројството – честопати модифицирано – од Француската револуција е она што се наоѓа во основата на сè. Прво и најзначајно, подеднакво за сите, е слободата, со солидарноста на трето место. Некои партии ја задржаа „рамноправноста“, додека, пак, други ја заменија со „правда“, притоа обидувајќи се да објаснат во кои случаи има потреба од рамноправност за да се постигне правда.

Тројството на вредности од Француската револуција не претставува само основа на социјалдемократијата, туку може да се тврди дека тоа ја сочинува и основата на европската демократија како таква. Веројатно, Германија не е единствена каде овие основни вредности се појавуваат и во програмите на демохристијаните. А така и треба да биде. Тие ја сочинуваат заедничката основа.

Сепак, конзервативците ги толкуваат овие вредности на поинаков начин од социјалдемократите. Тоа се два различни света особено во однос на тоа како овие основни вредности се однесуваат едни кон други. За конзервативците – и исто така за либералите – односот помеѓу слободата и правдата (рамноправноста) е една особено нерешлива тензија. Преголемата слобода ја загрозува рамноправноста. Во праксата, следното е познајачно: по одреден временски период, рамноправноста (социјалната правда) неизбежно го вклучува губењето на слободата. Заради тоа, мора да се постигне некаков вид рамнотежа, и тоа е постојан предмет на расправа во таквите партии – дали е постигната таа рамнотежа, или не. Конзервативците ги ставаат основните вредности на клацкалка: кога едниот е горе, другиот мора да биде долу. Затоа, потребна е одредена тежина за двете страни од клацкалката да останат на истото ниво. Оваа рамнотежа

постојано е нестабилна, меѓутоа заради тоа што различни крила во партијата бараат рамнотежа на различни места.

Социјалдемократите секогаш поинаку гледаа на тоа. Од нивните искуства, само еднаквоста е пред правото и социјалната рамноправност – со други зборови, повеќе „правда“ или „правичност“ – им даде можност да направат нешто од слободата која е загарантирана со уставот. За социјалдемократите, социјалната правда значи не помалку, туку повеќе слобода, во смисла на слобода која може да се ужива и е остварлива. Навистина, социјалдемократите можат дури и да ја дефинираат правдата како „еднаква слобода“. Со други зборови, тоа не е клацкалка, туку две локомотиви за еден воз.

Истото се однесува и за солидарноста. Онаму каде постои солидарност, луѓето се послободни, со што се отвораат нови сфери за слободна активност. Психолозите тврдат дека децата кои се израснати во родителски домови во кои постои неусловена солидарност, се многу послободни во контактите со други луѓе или институции.

Солидарноста ја зајакнува слободата. Солидарното општество за кое се застапуваат социјалдемократите е слободно општество. Со други зборови, солидарноста се заснова врз слободното одлучување на слободните луѓе. Повеќето Европејци велат дека сакаат солидарно општество. Според тоа, за социјалдемократите, трите основни вредности се поддржуваат една со друга и се дополнуваат меѓу себе. Овде, повторно сме повеќе во дослух со предизвиците на нашето доба: имајќи предвид дека се продлабочува јазот помеѓу богатите и сиромашните, а општествата стануваат сè поподелени, дури и расцепени, преголемата грижа за социјалната правда може да изгледа тривијално.

Она што важи за правдата, исто така важи и за другата вредност од тројството: безбедноста. Не е вистина дека безбедноста – независно дали во смисла на социјалната сигурност или безбедност од криминал – нужно ја ограничува слободата. Пред стотина години, левоориентираниот либерал Фридрих Нојман размислуваше поинаку, прашувајќи ги неговите сопартијци за кои граѓански права и слободи станува збор, доколку граѓанинот не знае од што ќе преживее следниот месец. Социјалното осигурување ги ослободува луѓето од страв и несигурност, но исто така, и да учествуваат во општеството и политиката.

Не сите социјалдемократи ќе го прифатат ставот дека тоа истото важи и за домашната безбедност. Не мора да имате доживеано непријатности од вечерната прошетка во некој град во

Латинска Америка, за да ја почитувате непроценливата слобода да се пешачи на јавно место, во било кое време од денот, или ноќта. Најнеправично и најнеслободно општество е она во кое безбедноста мора да се купи по цена што ги надминува можностите на повеќето граѓани. Монополот на државата врз силата создава слобода и ја поддржува правдата. Оттаму, тоа е цивилизациско достигнување кое социјалдемократите, исто така, треба да го бранат.

Прокламирањето за основните вредности не е задача на политичарите. Но, дури и оние кои не се интересираат многу за политиката, сакаат да знаат кои мотиви и морални вредности се на страната на секојдневната политика. Социјалдемократите го прават најдоброто, кога се во можност да ги практикуваа нивните основни вредности, оценувајќи го и претставувајќи го како мал, дури и незабележителен чекор кон повеќе слобода, повеќе правда и поголема солидарност. Кредибилитетот се јавува тогаш кога политиката е забележително поврзана со вредностите.

## Социјална кохезија

Во 21. век, војните помеѓу државите се реткост, но сè почеста е појавата на насилство во рамките на државите. Таквите појави се случуваат, главно, кога државите се распаѓаат: повеќето држави веќе не се во можност да го одржуваат слободниот сообраќај, да испраќаат учители по селата, или, пак, да се осигураат дека судските постапки не се корумпирани. Во повеќето афрички држави, платата на полицијата е толку мизерно ниска, што без корупуција, полициските службеници едвај можат да ги издржуваат своите семејства. Тоа, честопати, значи дека е мал ентузијазмот за борба против криминалот. Трговците чии пазари се пљачкаат практично пред очите на полицијата, регрутираат своја полиција, која, пак, за возврат „лови“ сè што смета дека е криминално. Како резултат на тоа, монополот на државата врз силата се распаѓа, а насилството се приватизира и комерцијализира.

Фондот за мир објавува годишен индекс на неуспешни држави.[3] Меѓутоа, притоа не се прави разграничување, што е вообичаено, помеѓу државите кои се неуспешни (со други зборови, држави кои се наоѓаат во процес на распаѓање) и пропаднати (држави кои веќе се распаднати и во основа повеќе не постојат). Наместо тоа, се прави разлика помеѓу држави „во опасност“ и „критични“ држави: за 2010 година, 37 држави, претежно во Африка и Јужна Азија беа класифицирани како „критични“. Речиси секоја држава во Латинска Америка е класифицирана дека е „во опасност“.

[3] Види: http://www.fundforpeace.org

Распаѓањето на општеството вообичаено претходи на приватизацијата и комерцијализацијата на насилството. Кога милиони луѓе врзуваат крај со крај живеејќи во сиромашни квартови, наречени „барида“ и „фавела“, додека, пак, богатите живеат скриени во одделни заедници зад безбедносни огради, кои ги обезбедуваат платеници, насилството се приватизира, двете форми на насилство брзо конвергираат во однос на бруталноста. Бројот на жртвите расте. Повеќе луѓе починаа во војната против дрогата во Мексико, отколку во немирите во Авганистан, без, притоа, да ги вклучуваме 8.000 луѓе кои исчезнуваат без трага секоја година во една соседна земја на САД.

Каква врска има сето ова со иднината на социјалдемократијата? Тоа покажува дека секој оној кој дозволува, па дури и поттикнува општествени поделби, не само што се наоѓа на погрешен, туку и на многу опасен пат. Оние кои се согласуваат со, патем дадената, забелешка: „Не постои такво нешто како што е општеството“ (Тачер 1987),[4] нема потреба да се измачуваат околу социјалната кохезија – сѐ додека општеството не се подели на начин на кој приватизацијата на насилството стане неизбежна.

Доколку пазарниот фундаментализам не пропаднеше од економски аспект, тој ќе се уништеше себеси на овој начин само за неколку децении. Слободните пазари, едноставно, не можат да функционираат без регулатива која е наметната од државата, вклучително и закон кој е пропишан и соодветно се спроведува. Од друга страна, појавата на пазарниот фундаментализам, исто така, ќе доведеше до колапс на демократијата и владеењето на правото.

Сега е време, особено во Европа, да се промени тој курс. Кризата во последните години ги натера луѓето на поголема определеност за тоа. Сега, повеќето го споделуваат гледиштето дека општествата треба да се одржат со помош на социјалната правда. Тука спаѓаат синдикатите, црквите, но, исто така, и значителни сегменти на конзервативните партии и нивните поддржувачи.

Доколку социјалдемократите успеат да го убедат мнозинството гласачи дека тие се најдобри и најискусни околу обезбедувањето на социјалната кохезија, тие ќе се соочат со еден огромен предизвик, но, исто така, и со голема можност. Солидарното општество, како што произлегува, не е само вистинското и правилното, туку, исто така, и навистина потребното.

---

[4]Забелешка на уредникот: всушност, како што јасно се наведува во оригиналниот контекст, таа смета дека нема такво нешто како општеството во смисла на ентитет кој е различен од поединецот, семејството и сѐ останато што го сочинува општеството. Таа сака да потенцира дека луѓето не можат едноставно да одлучат дека нема да учествуваат во своите општествени одговорности преку постулирање на посебно тело кое може да го направи тоа за нив.

## Социјалдемократијата и Европа

Во Европа, социјалдемократите го прославија својот формациски успех во поединечни национални држави. Во овие национални држави, тие се служеа со инструментите кои се во полза на националните држави: или како што наведува полскиот социолог Зигмунд Бауман, „држава која е доволно моќна да ги присили економските интереси да ја почитуваат политичката волја на народот и етичките принципи на националната заедница“ (Бауман 2009). Фактот дека на крајот на првата деценија од 21. век, социјалдемократите се соочуваат со жешки теми, делумно може да се објасни со друго видување на Бауман: „Националните држави повеќе не се суверени од било кој аспект на заедничкото живеење на нивната територија“ (ibid.). Реалната моќ, според Бауман, ја напушти националната држава за да му отстапи место на „глобалниот простор“. Помирувајќи се, Бауман заклучува: „Повеќе не е возможно да се создаде ‚социјална држава’ која ја гарантира егзистенцијалната сигурност на сите нејзини членови во рамките на националната држава“.

Дури и оние кои сметаат дека формулациите на Бауман се премногу екстремни, мора да признаат дека националната држава е деградирана од мултинационалните компании и банките до статус да стане само „локација“, која треба да се натпреварува со други локации за инвестирање на глобалниот капитал. На пример, кога даночната политика на една земја е причината заради која одредена инвестиција нема да биде реализирана, или причина заради која постојните инвестиции може да бидат повлечени, националната државата е под притисок. Во најлош случај, таа држава станува отворена за уцени.

Во вакви околности, европските гласачи, честопати, бараа многу повеќе од своите социјалдемократски политичари, отколку што тие беа во можност да направат или колку што можеа да се обидат. Кога министерот за финансии од редовите на социјалдемократите го зголеми ДДВ, а во исто време се намалија корпоративните даноци, повеќето гласачи сметаа дека тоа е неправедно, па дури и срамно. Но, доколку министерот за финансии изјавеше: „И јас, исто така, сметам дека е неправедно, но врзани ми се рацете, бидејќи последната работа што сакам да се случи е да немаме инвестиции или да се повлечат постојните, што ќе доведе до зголемување на невработеноста, гласачите, веројатно, ќе одговореа: „Тогаш, зошто гласавме за Вас?“. Секој политичар стравува од тоа прашање. Затоа, сите партии имаат аверзија да ја признаат својата немоќ. Но, тоа може само повеќе да ги влоши работите и да води кон создавање етикети за

предавство: „Министерот за финансии нé изневери“. Партиите на екстремната левица, потоа, насекаде ги изнесуваат овие етикети: на транспаренти, плакати, со кои парадираат низ улиците.

Губењето на суверенитетот, што се дискутира овде, не е толку резултат на тоа што го наметнува ЕУ, како што е глобализацијата на пазарите, вклучително и финансиските пазари. Одговорот, очигледно, е глобализацијата на политиката, вклучително и глобализацијата на социјалдемократијата. Но, во моментов, тоа може да биде само далечна цел или една инспиративна утопија. Тоа не е задача за блиска иднина.

Европа – Европската Унија – останува. Таа е повеќе од голема и доволно моќна да им се спротивстави на уцените. Заканите за откажувањето на пазарот на 500 милиони луѓе, едноставно не се уверливи.

Тешкотијата лежи во самата Европа. ЕУ не беше замислена како заедничка држава, туку како заеднички пазар. Европската комисија може да се справи со сите пречки кои може да се појават на заедничкиот пазар и да забрани нарушување на конкуренцијата. ЕУ го прави токму тоа, понекогаш премногу ревносно. Во однос на повторното прифаќање на алатките, кои како да им се лизнаа од рака на националните држави, ЕУ досега се покажа за неуспешна.

Советот на 27 национални влади е одговорен за оданочувањето. Само доколку сите 27 земји го сакаат тоа, одредена точка може да се стави на програмата за одлучување. Со други зборови, ништо не се случува, иако наметнувањето на заедничките горни и долни граници на самите корпоративни даноци би било доволно да се стави крај на разурнувачкиот натпревар, до дното за најниските корпоративни даноци, со што повеќе му се помага на државниот долг, отколку на спорните социјални расходи.

Не е чудно што во Европа има социјалдемократи кои не се согласуваат со Европската Унија, и сè уште својата верба ја имаат во преостанатите национални надлежности. За да бидеме сигурни, треба во целост да ги искористиме ваквите остатоци. Но, во тоа нема иднина.

Една предност од фактот што националната држава повеќе не е тоа што беше, е тоа што не може да се замисли да има војна помеѓу Европејци. Од друга страна, сè уште се следат националните интереси, и тоа многу поенергично, во рамките на Европската Унија. Тоа само ја слабее ЕУ, особено кога најсилната економија ги прави најголемите престапи. Меѓутоа, повеќето луѓе со

страв се повлекуваат кога се споменува можноста за распаѓање на ЕУ. Сè што би останало, би било само, горе- долу, беспомошни национални држави во светот на гигантите.

Секој оној кој е сериозен во врска со политиката, политиката на социјалдемократијата, мора да верува во Европа, иако токму Комисијата на Европската Унија е најзаразена со пазарниот фундаментализам во споредба со националните влади. Веројатно, една цела генерација ќе треба да работи на воспоставување на политичка потпора во ЕУ, која националните држави ја имаат изгубено, но и да ја направат ЕУ да биде глобален актер, кој може да се зафати и со глобалната регулатива. Меѓутоа, до сега, повеќето социјалдемократи во Европа не сметаа дека тоа е нивна задача. Најмала е веројатноста дека поддржувачите на социјалдемократијата ќе излезат да гласаат на европските избори, а последиците од тоа се очигледни во Европскиот парламент.

Доколку социјалдемократијата во Европа сака да си обезбеди здрава иднина, таа мора да стане поевропска и да се претстави како европска партија. Тоа би требало да биде полесно во пресрет на колапсот на пазарниот фундаментализам. Ние можеме повторно да започнеме да создаваме заедничка основа.

Социјалдемократите ќе се согласат дека ни е потребна „социјална Европа“. Но, за тоа е потребна најпрво политичка Европа – Европа која има алатки и компетенции кои се потребни за да се изгради социјална Европа. Јан Никлас Енгелс и Геро Маас тоа го изразиле на следниот начин: „На социјалдемократијата ѝ треба повеќе Европа, на Европа, пак, за возврат, ѝ треба поголема социјалдемократија“ (Енгелс/Маас 2009). Со цел да се осигураме дека Европа добива поголема социјалдемократија, дозволете да изградиме одржлива европска социјална демократија.

## Користена литература

Bauman, Zygmunt (2009): „Reconnecting Power and Politics” („Повторно поврзување на силата и политиката“) достапно на http://www.social-europe.eu/2009/II/reconnecting-power-and-politics

Bobbitt, Philip (2002): „The Shields of Achilles: War, Piece and the Course of History“. („Штитот на Ахил: војна, мир и текот на историјата“), New York: Alfred A. Knopf.

Bouter (2010): „Beyond the Third Way“ („Зад Третиот пат“) достапно на http://www.pvda.nl/binaries/content/assets/europanetwerk/englese+site/Wouter+Bos+Beyond+the+Third+Way.pdf/Wouter+Bos+Beyond+the+Third+World+Way.pdf

Cruddas, Jon, and Andrea Nahles (2009): „Building the Good Society. The Project of the Democratic Left". („Градење на добро општество. Проект на демократската левица"), London: Compass. Достапно на http://www.lwbooks.co.uk/journals/sounding/social_europe/building%20good%20society.pdf.

Engels, Jan Niklas, and Gero Maass (2009): „The Good Society Needs Good Social Democrats" *in Good Society Debate*. („На доброто општество му се потребни добри социјалдемократи" во *Добра социјална дебата*) Достапно на http://www.social-europe.eu/author/jan-niklas-engels-and-gero-maass

Gabriel, Sigmar (2009): Speech of the Chairman of the German Social Democratic Party Sigmar Gabriel at the spd party conference in Dresden on November 14, 2009. Говор на претседателот на германската Социјалдемократска партија, Сигмар Габриел на партиската конференција во Дрезден, на 14 ноември 2009. Достапно на: http://www.spd.de/de/pdf/091113_rede-gabriel_bpt09.pdf

Thatcher, Margaret (1987): Интервју за Woman's Own („No such thing as society"). *(„Не постои такво нешто, како што е општеството")*. Достапно на http://www.margaretthatcher.org/document/106689

**ЈАН НИКЛАС ЕНГЕЛС/ГЕРО МААС**

# НОВИ ВЕТУВАЊА ЗА СРЕЌА
## Актуелни дискусии за иднината на европската социјалдемократија

На почетокот на новиот милениум, социјалдемократите беа на власт во 75% од 15-те земји-членки на ЕУ. Под закрилата на усвојувањето на Лисабонскиот договор, многумина со задоволство си замислуваа дека ЕУ поминува низ добата на социјалдемократијата. Но, работите се изменија: во меѓувреме, европските социјалдемократски и социјалистички партии се најдоа под многу интензивен притисок, и сега, главно, се во опозиција.[5]

Земајќи го предвид пропаѓањето на финансискиот капитализам, како и недовербата која произлезе од таму, многумина се надеваа дека ќе дојде до промена на политичките координати кон левицата. Но, тоа не се случи. Наместо тоа, трансформацијата на пејзажот на европските партии може да се окарактеризира многу повеќе – а во некои случаи и драматично – со губење на довербата во партиите на центарот, заедно со подемот на популистичките партии на крајната десница и левица од политичкиот спектар.

Голем дел од јавноста чувствува дека нивниот социоекономски, културолошки и политички живот и светови се изложени на опасност. Истовремено, социјалдемократските партии повеќе не се сметаат како гаранција за социјалната правда и како заштитници на ранливите, туку сосема спротивно, како оние кои имаат споделена одговорност, или оние кои се најнеефикасни во заложбите за борба против глобалната економска и финансиска криза. Покрај тоа, и други фактори гледаат да протуркаат социјалдемократски политики, кои, пак, традиционално беа сфера на социјалдемократските партии.

---

[5] За ова види ги графиконите за учеството во Владата во 2000 и 2010, како и податоците на веб страницата на ФЕС за мониторинг на социјалдемократијата, што е достапно на http://www.fes.de/ipa/inhalt/monitor/php.

Европската социјалдемократија се соочува со повеќе предизвици. Заради тоа, внимателно мора да се анализираат политиките од изминатите години; јасно да се идентификуваат успесите и неуспесите; да се отвориме кон партиските програми и организација; и да развиеме прогресивна развојна политичка алтернатива за неолиберализмот, „мекиот“ конзерватизам, и инертниот популизам.

По губењето на моќта во традиционалните упоришта, како што се Холандија, Шведска, Германија и Обединетото Кралство, и крајот на Третиот пат кој се поврзува со тоа, во моментов социјалдемократските партии немаат ниту универзално прифатено лидерство ниту, пак, нова парадигма, и затоа им недостасува јасна политичка ориентација. Академиците, фондациите кои имаат тесни политички врски, think tanks (непрофитните истражувачки организации) и, се разбира, самите партии, загрижено ги следат сите овие случувања. Затоа, овој придонес мора да се сфати само како обид да се даде периодичен извештај за водењето на тековната дебата.

## Прв чекор: „Состојба со изјавите“ – Во потрага по објаснувања и самокритичност

Првиот чекор – анализа на тековната состојба на социјалдемократијата – веќе почна да се спроведува од мноштво фактори во социјалдемократијата. Општите надолни трендови јасно даваат до знаење дека покрај одделни причини кои се специфични за дадени земји, важна улога играат, исто така, и транснационалните и политичките промени. Различните објаснувања може да се изразат преку седумте тези, кои на одреден начин меѓусебно се поврзани:

1. *Теза на Дахрендорф*: Со завршувањето на добата на индустријализацијата, социјалдемократијата ја исполни својата мисија и стана излишна. Изборната база на (угнетената) индустриската работничка класа повеќе не постоеше. Политичкото ветување за социјален напредок или беше реализирано, или повеќе не се сметаше за реално (Дахрендорф 1983).
2. *Теза за стеснување*: Просторот за политичко позиционирање во партискиот спектар стануваше сѐ помал за социјалдемократските партии, заради тоа што конзервативните партии станаа „меки“ и сега го зафатија политичкиот центар, или бидејќи популистичките партии ги привлекоа гласовите на дел од незадоволното население. Во земјите во кои се

манифестираат овие две тенденции, социјалдемократските партии се наоѓаат во „сендвич“.

3. *Теза за дискурсивна хегемонија*: Социјалдемократските партии ја изгубија дискурсивната хегемонија за најзначајните социјални теми. Во моментов, доминантното влијание е еден вид конзервативно-либерална главна струја. Меѓутоа, прогресивните левичарски пристапи во повеќето случаи не уживаат поддршка од мнозинството.

4. *Теза за недостиг на кредибилитет/евиденција на остварувањата*: Социјалдемократските партии повеќе не се сметаат како гаранција за социјалната правда. За оваа улога, сега со нив се натпреваруваат други партии. Реформите, кои социјалдемократите ги спроведоа во последните години, се сметаат за социјално неправични, и дека повеќе не се во согласност со основните вредности на социјалдемократијата. Гласачите негативно ги оценуваат евидентираните остварувања на социјалдемократските влади. Како резултат на тоа, покрај тоа што постои значителна поддршка за социјалдемократските идеали, сепак, социјалдемократските партии ги губат гласовите, или ја губат власта.

5. *Теза на отуѓување*: Социјалдемократските партии станаа отуѓени од нивната оригинална база кај работничката класа. Посебните врски со синдикатите, или социјалните движења, повеќе не постојат, или беа прекинати во последните години. Тоа што го нудат социјалдемократските партии, повеќе не кореспондира со идеите и проблемите на работничката класа, која станува сè попесимистички настроена за можностите за напредок.

6. *Теза за поделба на избирачката база*: Поранешната избирачка база на социјалдемократите се подели на застапници и противници на глобализацијата. Гласачите, кои се губитници во глобализираниот свет, да не го спомендуваме и европското друштво на знаење, или, пак, кои чувствуваат дека нивниот социјален статус е под закана заради глобализацијата, повеќе не чувствуваат дека се доволно претставувани или заштитени од социјалдемократијата. Исто така, дури и поддржувачите на глобализацијата сметаат дека други партии подобро ги претставуваат, како што се партиите кои ги претставуваат интересите на добро образованите елити. Основното избирачко тело на социјалдемократските партии сè повеќе се намалува. Незапирливата индивидуализација на европските општества претпочита формирање или консолидирање на мали niche партии.

7. *Теза за трансформација на вредностите*: Во текот на последните години, социо-културолошките прашања сé повеќе добиваат на значење во јавноста. Тоа е одраз не само на процесите на општествената трансформација по „хедонистичката револуција“ во периодот по 1968-та, туку и последица од имиграциите кои доведоа до зголемена културолошка, социјална и верска хетерогеност во (западните) европски општества. „Космополитските“ и мултикултурни идеи кои се поддржани со левичарската номенклатура, се најдоа во судир со „комунистичките“ копнежи кај дел од социјалдемократскиот електорат (Хилебранд, 2009). За вторите, ваквите промени значат дека нивниот свет е превртен наопаку, што својот израз го наоѓа во искоренувањето и губењето на идентитетот. Како последица на тоа, поранешните гласачи на социјалдемократите, особено членовите на работничката класа, дезертираат од партијата или кон популистички движења или, едноставно, се воздржуваат од гласање.

Со цел да се проучат ваквите тези, и исто така, да се придонесе кон анализата на кризната состојба, тимот за анализа на меѓународни политики на Фондација „Фридрих Еберт“ (ФЕС) нарача да се изработат неколку студии за социјалдемократските или прогресивните партии во Европа, како и во други земји, како САД и Канада.[6] Некои од овие анализи се содржани во изданието на „Меѓународна политика и општество“. Од една страна, овие анализи накусо даваат добар преглед за сегашната состојба на социјалдемократските партии, а од друга страна, во нив се идентификуваат причините за изборните порази на национално ниво – или во некои случаи изборните победи – и се прави нацрт на перспективите за иднина.

## Втор чекор: Во потрага по нов социјалдемократски приод

Различните одговори во врска со опаѓањето, или привремениот надолен тренд на социјалдемократијата (Веселс 2010), го отежнуваат изнаоѓањето нов социјалдемократски приод.

Покрај ваквата различност, партиските дебати за социјалдемократските политики и идеологии во текот на изминатата деценија беа под силно влијание на британскиот дискурс за Третиот пат на, таканаречената, „Нова лабуристичка партија“. На почетокот на новиот милениум се јави нов

[6] Основата на структурата на овие студии, изборот на авторите и резултатите, се дискутираат во воведникот на ова издание од IPG (4/2010).

прогресивен дијалог, за чија насока, организација и поставеност на програмата, одлучувачка улога имаше Мрежата за политики, со седиште во Лондон.[7]

Овие заложби за модернизација наидоа на позитивен прием особено кај холандската PvdA, италијанското централно-лево партиско движење, унгарскиот MSZP, под раководство на премиерот Ференц Ѓурчањ, и германската SPD, под раководство на канцеларот Шредер. Но, севкупно, не недостасуваше отпор: многумина сметаа дека се отиде предалеку во однос на неидеолошкиот прагматизам во Владата и вообичаено повторувана фраза за „моќта на околностите“ – реални или наводни – кога социјалдемократските партии беа на власт. Бројот на членството постојано опаѓаше, а изгубените избори ја докажаа отуѓеноста на електоратот. Со германските парламентарни избори од 2005, требаше да се напушти реформаторскиот проект црвено-зелено,[8] а по Општите избори во Обединетото Кралство во мај 2010, Лабуристичката партија премина во опозиција (Кронинг, 2010).[9] Според Лорд Лидл, една од водечките личности на Мрежата за политики: „Премногу бевме обземени со пазарот“. Реперкусиите од финансиската и економската криза, по серија изгубени избори, конечно го закопаа Третиот пат.

Потрагата по нова парадигма продолжува. Тимовите кои работат на тоа се главно од академиите, фондации со таа политичка ориентација, think tanks (непрофитни истражувачки организации), како и самите партии.

На пример, Фондацијата за европски прогресивни студии, по Европските избори од јуни 2009, кои беа катастрофални за европската социјалдемократија, заедно со Карл Ренер Институтот, го започна паневропскиот проект „Следната левица“. Во серија работни документи и работилници, за иднината на социјалдемократијата се дебатира за областите како што се: вредности (солидарност, демократија, рамноправност и слобода), социо-економските модели и улогата на државата и организациските предизвици (партнерства, комуникации, образование и обука, итн).

---

[7] Дебатите од последните години може да се следат на нивната веб страница – www.policy-network.net – особено заложбите да се воспостави една годишна конференција за прогресивно управување, која на почетокот во времето на претседателот Клинтон, исто така ги вклучуваше и американските демократи. (Policy Network, 2010). Иако, честопати, тврдеше дека е погрешно разбран, Ентони Гиденс, со неговата книга „Третиот пат. Обновата на социјалдемократијата“, направи многу повеќе отколку само именување на тоа движење (Гиденс, 1998). Роџер Лидл и Питер Манделсон, во нивната книга „Револуцијата на Блер“ (1996), неговите основни идеи ги вметнуваат во политичката програма на Новата лабуристичка партија (Лидл/Манделсон, 1996).

[8] Ретроспектива за црвено-зелената коалиција од перспектива на Третиот пат, се дава во извештајот за конференцијата на Progressive Zentrum: „Зад Третиот пат – Was Heisst heute Progressive Politik?“ (Progressives Zentrum, 2010).

[9] Погледни ги резултатите од Bruno Kriesky Forum, Виена, од 7 јуни 2010 (Kriesky Forum, 2010).

Земајќи го трудот на Џон Крудас (Обединето Кралство) и Андреа Нахлес (Германија) (2010) „Градење на доброто општество“ и списанијата „Социјална Европа“ и „Шумови“, „Компас“ како почетна основа, Канцеларијата на Фондацијата „Фридрих Еберт“ од Лондон организираше дебата на интернет[10] за иднината на социјалдемократијата во Европа. Различниот придонес може да се класифицира како: „Европската и глобалната визија“, „Нерамноправност“, „Одржливост“, „Реформа на капитализмот“, „Улогата на државата“, и „Демократијата и партиската организација“.[11]

Ернст Хилебранд од Фондацијата „Фридрих Еберт“, во својот труд „Општество на суверени граѓани: контурите на социјалдемократскиот проект за 21. век“ (2009), фрла критички поглед врз обновата на целите на европската социјалдемократија. Тој упатува на јазови и анахронизам во однос на тие прашања, како i. дистрибуцијата на општественото богатство и целите на интервенциите на социјалната држава, ii. општествената основа за политика заснована врз солидарност, iii. улогата на државата во иднина, iv. концептот на социјалдемократијата за хуманост и општество, v. иднината на демократското учество. Како алтернатива на економското гледиште за хуманост и потрошувачкото ветување за среќа во неолиберализмот, тој повикува на конкретна социјалдемократска визија за добро општество на суверени граѓани.

Таканаречениот Амстердамски процес, кој го започнаа Мрежата за политики и Виарди Бекман Фондација, се фокусира на пет тематски области: i. идејата за социјалдемократијата во дваесет и првиот век, ii. демографските промени,  iii. електоратот и коалициите,  iv. политичката економија и реформата на социјалната држава, и v. европските интеграции.

Покрај овие, постојат многу други пристапи и проекти, на пример, новооснованата Observatorie de la Democratie der Fondation Jean Jaures,[12] во Париз, и разните активности на Fundacion IDEAS,[13] во Шпанија. ФЕС ги насочува своите најразновидни активности на својот Меѓународен мониторинг за социјална демократија,[14] во рамките на кој се обезбедуваат: анализи за изборите; истражувања за

---

[10] Види: Social Europe's Good Society Debate http://www.social-europe.eu/category/good-society-debate.

[11] Резиме од околу 90-тина размислувања може да се најде во Henning Meyer/Karl-Heinz Spiegel (2010): *„Што е следно за европската социјалдемократија? Дебата за доброто општество и понатаму“.*

[12] Види: http://www.jean-jaures.org/Manifestations/Les-rencontres/Les-nouvelles-promesses-de-la-social-democratie-europeenne.

[13] Види: http://www.fundacionideas.es/en/home.

[14] Види: http://www.fes.de/ipa/inhalt/monitor.php.

европските политички партии; споредба на најдобрите практики на социјалдемократските политики; и придонеси кон дебатата за иднината на социјалдемократијата.

## Борба против тристраната несигурност

Различните дебати во академиите и политиката, како и меѓу социјалдемократите, може да се концентрираат во три основни области, односно што да се направи како одговор на несигурноста на гласачите за нивното социо-економско, културно и политичко живеење.

Причината за тоа се социјалните промени со кои се соочи европската популација во последните години. Големи групи од популацијата се чувствуваат како да се под закана во нивното социјално, културолошко и политичко милје. Изворот на ваквата тристрана несигурност е во фундаментално новите предизвици и развојни тенденции, кои Бирото на европски советници за политики при Европската Комисија (BEPA) во својот документ „Социјалната реалност во Европа“[15] ги идентификува на следниот начин:

- Глобализација;
- Подемот на Кина и Индија во глобалната економија;
- Демографски промени;
- Тековна транзиција кон општество на знаење и услуги;
- Неизбежни трошоци за климатските промени;
- Индивидуализација на вредностите;
- Сѐ поголема етничка и културолошка разновидност на европските општества.

*Социјална несигурност*: голем дел од популацијата е вознемирен заради губењето на социјалниот статус („страв од пропаѓање“). Финансиската и економската криза, исто така, имаат реперкусии врз загриженоста на Европејците. Ширум Европа, загриженоста за сѐ поголемата невработеност (54% од испитаниците) се рангира повисоко од стравот за губење на економската стабилност.[16] Европа е еден од најбогатите региони во светот, но 17% од Европејците (79 милиони) живеат под прагот на сиромаштијата. Во повеќето европски земји, сиромаштијата дури и

[15] Овој документ послужи како основа за консултативниот процес во Европската комисија, со цел да се обезбедат информации за социјалната реалност и тенденции во европското општество (Европска комисија, 2010).
[16] Види студија: „Предизвици за Европа“ 2009, која еднаш годишно ја изработува GfK Nunberg e.V. (GfK, 2009.

се зголеми во текот на последната деценија.[17] Социјалната бездна, која ги одделува победниците на глобализацијата од губитниците, се продлабочува. Можностите и опасностите во европските општества стануваат сѐ помалку еднакво распределени: некои социјални групи се во можност да извлечат максимум од своите потенцијални можности и да ги минимизираат факторите на ризик, додека, пак, останатите се генерално лишени од можностите и треба да се справат со сé повеќе ризици.

*Културолошка несигурност*: покрај загриженоста на луѓето за нивните работни места и економската состојба, Европејците, исто така, сметаат дека криминалот и имиграциите се помеѓу 10-те најзначајни проблеми. Во Данска, „криминалот" е на прво место, додека, пак, во Малта е најголема загриженоста за имиграциите (Европска комисија, 2010). Голем дел од популацијата смета дека зголемувањето на етничката различност претставува закана за општествената хомогеност. Убедливите социјалдемократски решенија, со кои се објаснува како во Европа може да се постигне социјална интеграција и идентификација, која, пак, претставува магнет за миграции, до сега се покажаа неуспешни кај избирачкото тело. И за проблемите со криминалот и внатрешната безбедност, исто така, многу луѓе сметаат дека законот и редот се во побезбедни раце кај конзервативните партии.

*Политичка несигурност*: довербата во демократските институции во голема мерка се изгуби, иако често тоа е повеќе израз на фрустрираност од преовладувачкиот стил на политика (Европска Комисија 2010). Околу една четвртина од луѓето во Германија сметаат дека добиваат неправичен третман и дека на некој начин се поразени. Повеќе од половината се скептични за политичките реформи. Околу 40% веруваат дека нашата демократија не функционира како што треба, пред сѐ, тие се незадоволни од начинот на кој моментално се води политиката (Фондација „Фридрих Еберт" 2009). Изборните резултати од 2009 претставуваат одраз на таквите тенденции, бидејќи ширум Европа излезноста нагло опадна, вклучително и во Германија. Причините заради кои гласачите не излегуваат да гласаат, се недостигот на демократија, генералната недоверба во политичките институции и недоволната информираност (Хегевалд/Шмит 2009, Инфратест Димап 2009): 56% од Германците и 61% од Европејците чувствуваат дека државата постапува со нив како со деца (Европска комисија 2010).

[17] Види: Euronet (2010): http://euranet.eu/ger/Archiv/Actualites/German/2010/January/Der-endlose-Kampf-gegen-Armut; како и Hans-Bockler Stiftung (2010): http://www.boeckler-boxen.de/2361.htm.

Ако социјалдемократијата има некаква надеж повторно да се етаблира како водечка и трансформациска сила во Европа, ќе мора да се излезе со нови и убедливи решенија за социјалната, културолошката и политичката несигурност, заради кои европските граѓани се чувствуваат толку многу загрозени. Следните прашања и теми ја имаат клучната улога за тоа.

1. Како да излеземе со нова социо-економска парадигма, која стои зад еден нов, социјален, но исто така, и одржлив раст? Како можеме тоа да го одмериме и утврдиме на соодветен начин? Во септември 2009, меѓународно позната комисија, со која раководеа двајца добитници на Нобеловата награда за економија – Џозеф Стиглиз и Амартиа Сен, а кои, дефинитивно, може да се опишат како „социјалдемократски“ економисти – презентираше извештај за мерењето на економското остварување и социјалниот напредок. Поразителен беше заклучокот на комисијата дека на класичен начин за показател за богатството се смета растот. Богатството подразбира повеќе од општествениот БДП. Голем дел од она што го постигнува општеството, и она што е важно за него, едноставно не се одразува во БДП или во класичното гледање на растот. Британските академици Вилкинсон и Пикет заслужуваат пофалба заради тоа што со својата книга „The Spirit Level“,[18] на политичката програма ги вратија темите за вредноста на рамноправноста и прашањата околу распределбата.[19] Тука се надоврзува прашањето за реорганизирање на односот помеѓу пазарот и државата, особено во однос на потребата да се регулира финансискиот и банкарскиот сектор. Кои сѐ можности се отворени за домашните економски политики на националните држави кога бараат да спроведат некаква контрола, а кога економските односи и зависности се надвор од националните држави?

Целта на економската политика треба да биде распределба на ресурсите онаму каде што тие се најкорисни за општеството. Верувањето на Герхард Шредер и Тони Блер, според кои не постои такво нешто како десничарки или левичарски економски политики, туку само исправни и погрешни политики, не држи: секоја одлука за економска политика има последици врз општеството и мора да подлежи на политичка дискусија. Она што е од најголема полза за општеството подразбира инвестиции во фактори кои се ориентирани кон иднината, како што се образованието и иновациите. Исто така, значајно е и инвестирањето во социјалната кохезија и основите на општеството: Тони Јудт (2010) со неговото барање за ренесанса на социјалната држава, што претставува клучна грижа за социјалдемократијата, повторно ја врати социјалдемократската дебата за иднината на социјалната држава под закрилата на проблемот околу несигурноста во

[18] Види: рецензија на Лијана Фикс и Геро Маас, како и К. Фикс (2010).
[19] Види: рецензија на Тобијас Дур во IPG 4/2010.

двaесет и првиот век. Она, што на прв поглед изгледа како назадно барање, произлегува дека е еден мудар историски добро заснован аргумент, со значење дека реформите секогаш не треба да бидат во форма на барање на нови и радикални идеи, туку може да вклучуваат и враќање кон достигнувањата кои, главно, тешко се остваруваат.[20] Исто како и со демократијата, социјалната кохезија и нејзините институционални заштитни механизми преку социјалните државни структури не претставуваат еднонасочна улица, туку повторно треба да бидат оправдани и одбранети. Тоа, пак, не води кон прашањето на културолошката несигурност.

2. Штитењето на социјалната кохезија останува да биде клучниот политички идентитет на социјалдемократијата, што треба да се примени преку политиката на социјална правда, заедно со економските иновации. Меѓутоа, сега може да се распознае „постепена ерозија на солидарноста“ која „на долгорочен план го поткопува прифаќањето на левичарските политики“. (Хилебранд, 2009:5). Затоа, се поставува прашањето – како може да се врати и оживее солидарноста во општеството? Дали на социјалдемократијата ѝ е потребно ново разбирање за солидарноста во контекст на сѐ поголемата хетерогеност? Многумина поттикнуваат сомнеж дали политичката замисла за солидарност сѐ уште може да ја заповеда поддршката од мнозинството и европската верзија за социјална држава да се смета како сериозна опасност. Но, примерите на Шведска и Норвешка покажуваат дека луѓето се подготвени да прифатат повисоки даноци и социјални придонеси за системот на социјално осигурување, доколку, притоа, тие „имаат придобивки од висококвалитетни социјални служби и, во исто време, се наметнуваат видливи ограничувања кога има злоупотреба“ (Хилебранд, 2009:6).

Сѐ поголем е бројот на политички аналитичари кои упатуваат на клучното значење на политиката за миграции и интеграции.[21] Зголемените имиграции,[22] заедно со недостигот на социјална интеграција, резултираат во тензии во општеството, како и страв од преплавување на постојната популација. Социјалдемократските партии или немаа патоказ, или не беа подготвени да изнајдат одговор на овие предизвици. Во некои европски земји, ова прашање послужи како патоказ за успехот на популистичките партии. Затоа, треба да се „изнајде политички одговор кој е политички одговорен, но и верен на хуманистичките вредности на социјалдемократијата, а кој, исто така, се

[20] На пример, види Франс Бекер и Рене Куперус во ова издание на IPG. Исто така, види Хилебранд (2009) и Фалер (2009).

[21] Во Европската Унија, според Европската комисија, во текот на изминатите 20 години, забележано е годишно зголемување со околу 500.000 имигранти. Овие бројки тројно се зголемија помеѓу 1,6 и 2 милиони имигранти од 2002 година. Три четвртини од имиграциите во ЕУ се концентрирани во Шпанија, Италија и Обединетото Кралство (Европска комисија, 2008).

[22] Ibid.

фокусира на интеграциите и контролата“ (Фалер 2009). Сè позначајно ќе биде да се прифати овој предизвик, бидејќи имиграциите ќе ја имаат клучната улога во иднина, и како што е прикажано во следниот параграф – тоа ќе мора да се направи.

Иако помало значење се дава во дебатите, сепак, демографските промени и поврзаниот проблем кој се однесува на генерациската правда, имаат клучно значење за идниот развој на пазарот на работна сила, системите за социјално осигурување и економијата. Европските општества се општества кои стареат. Европската Комисија, во својот последен Демографски извештај,[23] постулира стапка на наталитет од 1,5 родени деца на една жена (показател за вкупниот период на плодност). За репродукција на европската популација, според сегашното ниво, потребна е стапка од 2,1 деца на една жена. Во исто време, за среќа, животниот век продолжува да се зголемува.[24] Берлинскиот институт за популација и развој[25] истакнува дека ако се земе предвид сегашната демографска структура, стареењето на популацијата во Европа ќе продолжи во следните 30 до 40 години. Без миграциите, идниот раст на европската популација не може да се очекува. Неизбежното намалување на популацијата ќе доведе до огромни последици врз секоја област од економијата и животот на луѓето. Во овој контекст, прашањето за генерациската правда значително ќе дојде во прв план. Анкетите на јавното мислење веќе укажуваат на судир во распределбата помеѓу демографските групи. Според студијата на Макс Плант институтот за демографски развој, колку што е повозрасен човекот, толку е посилна желбата пензискиот систем повеќе да ги оптовари помладите генерации, и дека треба да се смени акцентот кој се става врз политиките кои се наклонети кон семејствата. Но, за разлика од родителите кои имаат деца, оние кои немаат деца би сакале да видат дека се дава помала поддршка на семејствата (Виклосзевски, 2009). Тука повторно се поставува прашањето за социјалдемократијата – како треба да изгледа еден социјално правичен одговор на предизвикот од демографските промени. Како може социјалната држава да се приспособи на демографијата без, притоа, дополнително да се поттикне гореспоменатата ерозија на солидарноста?

[23] Според Демографскиот извештај, жените во ЕУ27 може да сметаат на просечен животен век од 81,5 години, а мажите, 75,2 години. Покрај тоа, постои значајна разлика помеѓу истокот и западот во однос на мажите: во Источна и Централна Европа, просекот за мажите е помеѓу 65 и 70 години, додека во ЕУ15 просекот е повеќе од 76 години (Комисија на Европските заедници, 2008).

[24] Берлински институт за популација и развој: http://www-berlin-institut.org.

[25] Ова е насловот на Vorgange, бр. 190 (јуни 2010).

3. Ерозијата на демократијата[26] стана вообичаена тема за политичка дебата. Поттикнати од истражувањето што беше спроведено од страна на Полис/Синус Институтот за Фондацијата „Фридрих Еберт“, според кое еден од тројца Германци повеќе не верува дека демократијата ќе ги реши проблемите на општеството (Ембахер 2009), сѐ поголем број на истражувања и анкети укажуваат на криза во демократијата. Во 1979, излезноста на Европските избори беше 61,99%. Меѓутоа, оттогаш излезноста е во постојано опаѓање. Во 1999, за првпат помалку од половина од сите подобни гласачи излегоа на изборите. На Европските избори во 2009, претходниот низок процент од 43, беше повторно постигнат (Европски парламент 2010).

Во демократскиот регион на светот,[27] довербата во демократијата како начин на формирање на мислење, како и генерално верување во способноста на политиката да го брани јавното добро, полека исчезнуваат. Колин Крауч (2008) го скова терминот „постдемократија“ за оваа ситуација да ја опише како „здодевна, фрустрирана и разочарувачка“. Иако тој причината за падот на демократијата ја гледа во „големиот дебаланс кој сега се развива помеѓу улогата на корпоративните интереси и интересите на, речиси, сите други групи“, други, пак, укажуваат на глобализацијата или на пропустот на државата да ги обезбеди потребните ресурси за да се спасат ветувањата за социјална држава.

Задачата на социјалдемократската политика е да му пружи отпор на овој тренд и да се бори за вклученост на сите социјални групи во носењето на политички одлуки. Тоа мора да започне во партиските структури на социјалдемократијата и да се прошири во сите контакти со групите на граѓанското општество и новите социјални движења, за да се опфатат елементите за зајакнување на директната демократија и во тие рамки ќе се испробаат дури и неконвенционалните пристапи, како што се партиципациското буџетирање за граѓаните или дополнителни гласови за семејствата со деца, а кои се предлагаат, на пример, во Зелениот документ за иднината на демократијата во Европа (Шмитер/Тренчсел, 2005).

Конечно, политиката повторно мора да стане разбирливо и остварливо средство за позитивна трансформација на општественото живеење. Вернер А. Пергер, упатувајќи на последните Претседателски избори во САД, зборува за „популизам на просветлувањето“. Тоа ја вклучува „постојаната популистичка двојна стратегија за просветлување и спроведување на политичката

[26] Девет европски држави се на врвот на ранг-листата за демократија 2009, која ја подготвува Австриската асоцијација за рангирање на демократијата (Campbell et al., 2010). Други коментари во однос на мерењето на квалитетот на демократијата може да се најдат и кај Marc Buhlmann et al. (Buhlmann et al., 2008).

[27] Види придонес на Аугустин Цензани во ова издание на IPG.

програма“ (Пергер, 2008). Се поставува прашањето дали претседателот Обама успеа да го постигне тоа откако беше избран. Веројатно ќе биде корисно да се фрли поглед појужно, кон Латинска Америка, каде разни левичарски и прогресивни движења изгледа го повратија политизирањето на општествениот дискурс.[28]

## Социјалдемократските политики ве прават среќни

Идеално, очекуваните одговори на социјалдемократијата на воочената закана од социјална, културолошка и политичка несигурност, би требало да бидат клучните елементи на новиот социјалдемократски приод. Социјалната и економската сигурност, општественото признание и кохезија, како и демократското учество, не се цели сами за себе. Политиката, општеството и економијата треба да придонесат за добросостојбата на луѓето, нивната самореализација и среќа. Наместо да се стремиме само кон личен напредок, треба да се земе предвид и „чувството за нас“. Тони Јудт[29] исправно повика на повторно откривање на „етичкото гледиште за тоа што го сочинува доброто општество и кои се, и кои не се легитимните начини тоа да се проследи понатаму“.

Think tank (непрофитна организација за истражувања) на Deutche Bank направи една студија во 2007, во која за клучни показатели, со кои се карактеризира „среќната варијанта на капитализмот“, се идентификуваат високиот степен на доверба кај своите поддржувачи, нискиот степен на корупција, ниската стапка на невработеност, високото образовно ниво и високите приходи.[30] Иако не се целосно без одредени идеолошки предрасуди, тие, исто така, дефинираат неколку дополнителни категории, како што се високиот степен на вработеност кај постарите работници, незначителна сива економија, голема економска слобода, мали ограничувања за вработување и отпуштање и висока стапка на наталитет. Меѓународната компаративна студија на Вилкисон и Пикет (2009) сакаше статистички да потврди дека државите во кои има поголема рамноправност имаат поздрави, посодржајни и посреќни општества.

---

[28] Разговор со Тони Јудт: „Eine neu zum leben erweckte Sozialdemokratie“ Neue Gesselschaft/Frankfurter Hefte, No. 6/2010:60.

[29] Среќни земји од овој аспект се: Шведска, Норвешка, Данска, Обединетото Кралство, САД, Австралија, Швајцарија, Канада, Холандија и, до некаде, Финска и Нов Зеланд (Истражување на Дојче Банк, 2007).

[30] За мерење на успехот на социјалдемократските политики, пристапите за истражување на квалитетот на животот вклучуваат корисни категории за поединецот, општеството, економијата, политиката и животната средина. Види, на пример, Индекс на добросостојба на Австралискиот центар за квалитет на живот: http://www.deakin.edu.au/research/acqol/index.php.

Затоа, целта на социјалдемократската политика треба да се опише како максимизирање на среќата.[31] Земајќи предвид и други студии,[32] може да се идентификуваат следните фактори за социјална среќа:

1. Основен политички и социјален поредок, во однос на стабилноста, владеењето на правото, одржливоста и социјалната правда;
2. Зголемување на приходите (над одредено ниво, меѓутоа овој ефект значително се намалува);
3. Повисоко ниво на рамноправност;
4. Здравје;
5. Вработеност (со други зборови, работа, а не социјални бенефиции);
6. Квалитет на демократијата.

## Трет чекор: „Способност да се дејствува ефективно и да се обезбеди поддршката од мнозинството" – Успешен менаџмент на различни задачи

Последниот, и со сигурност најтежок чекор, претставува преточувањето на научените лекции во конкретна политичка платформа, со цел повторно да се придобие поддршката на мнозинството за социјалдемократските политики. Во овој поглед, одлучувачка улога за политичкиот успех има целосното позиционирање на партијата. Покрај крајно потребната обнова на програмата која беше спомената погоре, во форма на јасен социјалдемократски приод кој ги одразува среднорочните политички цели на партијата, општествената основа, клучната политичка компетентност и суштинските силни страни, меѓу останатите значајни фактори, исто така, се вбројуваат и:

[31] Покрај истражувањето и Вилкинсон/Пикет, тука спаѓаат и психологот Mihaly Csilszentimihalyi и економистот Richard Layard, кој е близок на Лабуристичката партија во ОК (на пример: „Среќа: Лекции од новата наука" (2005) или „Среќата и јавната политика" во Економист, 116:C24-C33).

[32] Интересен е развој во случајот на Германија, каде режимот за строги фискални мерки има, речиси, уставен статус и, речиси, е на патот кон, де факто, поништување на одредбата за социјална држава во основниот закон, според Волфган Штрек и Даниел Мертенс (2010): "Politik im Defizit, Austeritat als fiskalpolitisches Regime", Документ за дискусија на MPIfG (мај).

Веродостојното и убедливо политичко лидерство кое се заснова врз просперитетна и демократска партија, кое, исто така, е способно да учи од претходните периоди на владеење и да се обновува додека е на власт.

- Просторот за маневрирање кој се обезбедува со политичката култура и изборен систем во однос на останатите политички партии.
- Евиденцијата за остварувањата, која е опсежно, професионално и соодветно публикувана (или, во периодот додека се во опозиција, доказ дека партијата на власт не успеала во тоа).
- Способноста да се мобилизираат стратешките партнери (особено синдикатите) во свое име.
- Во контекст на глобализацијата, потребата да се вметнат националните разгледувања при оформувањето на европската и меѓународната стратегија.

Притоа, не е доволно да се оствари напредок на некои од овие фронтови или да се биде добро позициониран во некои области. Приодот, лидерството, просторот за маневрирање, евиденцијата на остварувањата, партнерствата и европската/глобализациска стратегија мора да формираат една кохерентна целосна слика. Во моментов, само неколку социјалдемократски партии во Европа го имаат постигнато тоа. Затоа, она што е потребно е менаџмент на целата низа на задачи со кои уште еднаш може да се воспостави социјалдемократското движење како водечка сила во Европа.

### *Одржливи приоди во општиот контекст на строгите владини ограничувачки политики*

Одржливиот социјалдемократски приод, кој излегува од рамките на основната вредност за социјална правда и претставува водечки почеток со иновативни идеи во други области на политиката, го зазема централното место за идниот успех на социјалдемократијата.

Но, полесно е да се каже, отколку да се направи. Во контекст на циклусот на кризата – најнапред финансиската, потоа економската и на крајот буџетската криза – режимот на ограничувања, кој сега произлегува од хроничниот дефицит и драматичното зголемување на националниот долг, веројатно ќе претставуваат доминантна рамка на политиките на социјалната држава во претстојните години.

Потребно е да се разрешат одреден број дилеми:

- Социјалдемократските политики зависат од политичкиот простор за маневрирање во државата, особено за финансиите: затоа, повисокиот дефицит може да биде кратко до среднорочен резултат на активната држава, но подоцна да се ограничат креативните опции на владата. Затоа, на долгорочен план, задолженоста на државата нужно не подразбира и поддршка за добра социјалдемократската економска и финансиска политика.
- Наспроти тоа, конзервативните влади се многу поспособни да живеат со дефицит и висок национален долг на долгорочен план (Вагшхал 1996). Всушност, дефицитот им служи како добар аргумент против засилувањето на политиките за социјална држава – сосема нормално дека зголемувањето на даноците за нив е табу, бидејќи се разбира дека тоа ќе биде штетно за клиентелата на таквите партии. Наспроти тоа, каматата на владиниот долг, обезбедува сигурен поврат за побогатите социјални слоеви.
- Високите обврски на државата, кои произлегуваат од спасувањето на банките кои се „премногу големи за да пропаднат", и неизбежните мерки за стимулирање на економијата, во текот на последните две години придонесоа кон интензивирање на она што веќе се манифестираше како хроничен фискален дефицит. Заради тоа, се стравува дека реториката за фискална строгост ќе доминира во дебатата за реформа на економската и социјалната политика во претстојните години.[33]

Политичките последици од сето ова се предвидливи. Во текот на периодот на строги ограничувања, политиките тежнеат да ги истуркаат на страна заложбите за трансформација на општеството во прилог на одбрана на личните интереси и се обидуваат да одговорат со ефективно менаџирање на очекувањата – или со други зборови, слабо организираните интереси се изложени на опасност да бидат прескокнати, а потребните трошоци за ветените иновации да бидат намалени. Доколку просторот за прогресивни мерки треба да остане отворен, социјалдемократската фискална политика нема опција туку мора да се обиде да ги зголеми јавните приходи. Во врска со ова, зголемувањето на надоместоците за државните услуги се чини дека напредува, речиси, насекаде – граѓаните стануваат клиенти на државата. Меѓутоа, социјалдемократите не смеат да се ограничат себеси на ваквото разбирање на општеството. Не

[33] Види: интервју со NDR, 4 август 2010, прелиминарен извештај, Euractiv, 2 август 2010, под "Wahlen und Macht".

постои алтернатива на даночното зголемување за оние кои имаат повисоки приходи и, особено, за сопственициите на капитал (во скандинавска смисла).

***Успешно преминување на патот со пречки за кредибилитетот: Политичко лидерство со харзима, покажување на способност за учење додека партијата е на власт и во опозиција и создавање отворени и приспособливи партиски организации***

Колку подолго една партија останува на власт, сама или во коалиција, толку позначајно е за партијата да биде во можност да се обновува себеси додека е на власт и да биде во можност да го оцени своето претходно постапување на веродостоен начин. Тоа станува тешко кога новата политичка програма е во конфликт со претходните ставови, особено кога чинот на балансирање помеѓу приспособувањето кон, наводната, моќ на околностите и одржувањето на партискиот идентитет, станува преобемен да се менаџира. Тешко е да се постигне „менување на лентата“, без, притоа, да се загуби од кредибилитетот. Честопати, доволна е само промена на лидерството – меѓутоа, понекогаш, дури и серија на нови назначувања на позиции не можат да внесат нов почеток, како што се покажа со различните промени во лидерството на СПД во последните неколку години.

Поранешниот канцелар Хелмут Шмит смета дека во денешно време, Европа, во голема мерка, е без лидери.[34] За жал, социјалдемократите не претставуваат голем исклучок во овој поглед. Не само што не постои значајно политичко прашање, туку недостасуваат и нужните водечки личности, чија харизма би им овозможила да функционираат како предводници во мислењето во Европа.[35]

Успешните и харизматичните политичари на левицата станаа реткост. На пример, во услови на финансиската криза, славата на шпанскиот премиер, Запатеро, сега изгледа дека се наоѓа на залезот. Но, работите не изгледаат многу подобро и надвор од Европа. Претседателот Обама сè повеќе станува свесен колку е тешко ветувањата што беа дадени во текот на изборните кампањи да ги преточи во конкретни политички проекти. Поранешниот австралиски премиер, Кевин Руд, успеа да ги врати социјалдемократите на власт во 2007, иако одлучувачкиот фактор за изборите беше незадоволството на гласачите од еколошката и надворешната политика на конзервативецот

[34] Зошто и како ова ќе се промени може да се извлече од 10 тези на Пол Расмусен во ова издание на IPG.
[35] Види ја студијата за организацискиот идентитет на социјалдемократските партии во Европа од Матијас Микус и други, Фондација „Фридрих Еберт“.

Џон Хауард, кој цела деценија беше на власт во Австралија, заедно со либералите и националистите (Скот 2009). Поранешното „златно момче“ на социјалдемократите, Руд, беше протеран во една шпиунска операција и заменет со Џулија Гилард, која за возврат мораше да се задоволи со опаѓањето на рејтингот и не беше во можност да го придобие мнозинството на, набрзина, организираните парламентарни избори.

„Кадровската политика“, што ја предводат медиумите и анкетите во толку голема мерка, тешко е да се разбере од гласачите. Избирачкото тело копнее по претставници кои покажуваат: постојаност, политичка интелигенција, решителност, кредибилитет и политичка волја. Бурниот аплауз со кој германската јавност го пречека германскиот претседателски кандидат Јоахим Гаук, сведочи за желбата на јавноста за „bona fide“ кандидати, чии животи не се целосно предадени на политичка кариера. Политичките партии мора да ги зголемат своите заложби за да излезат со интересни и повеќестрани кандидати за политичкиот мандат. Регрутирањето и развојот на партиското членство, можностите во партијата за оние кои се од други професии или класи и гласањето на членството за најдобрите кандидати, се можните опции чие значење, веројатно, во иднина ќе се зголеми.[36]

### *Создавање простор за маневрирање во конкуренција со другите партии*

Во земјите со пропорционална застапеност, партиската сцена значително се отвори. Партискиот спектар од пет или повеќе партии, со една или две конзервативни партии, либерално и еколошко движење, и партија на левицата со социјалдемократите, се чини дека претставува европска норма. Како резултат на тоа, составот на владите станува сѐ потешко да се предвиди и тактичкото гласање, на пример, во земјите со прво и второ гласање, како во Германија, веќе го достигнува својот лимит. Во земјите на Централна и Источна Европа, десничарските популистички партии успеаја да влезат во Парламентот (Бауер 2010).

Апсолутното мнозинство веќе станува реткост. Дури и во Обединетото Кралство, наследената татковина на мнозинскиот изборен систем во Европа, од мај 2010 има коалиција. Во иднина, формирањето на владата под лидерство на, или со учество на социјалдемократската партија, главно ќе вклучува коалиции – освен доколку одредена политичка култура, исто така, толерира

---

[36] За германската дебата по Парламентарните избори во Германија во 2009, специјално издание на „Das Ende Der Volkspartien” во списанието за истражувања, „Neue Soziale Bewegungen“ (No. I/2010) особено придонесот на Joachim Raschke/Ralf Tils.

членови на владата од малцинствата. Жешките дебати за иднината на традиционалните големи партии не се водат само во Германија. Во иднина, „националните партии“ ќе бидат политички групации, главно од истиот дел на политичкиот спектар, кои ќе успеат да воспостават врски со други партии, на пример, во форма на коалиција, барем за одредено време, и притоа, да формираат мнозинска влада.[37] Црвено-црвено-зелената влада во Норвешка, под водство на социјалдемократот Јенс Столтенберг,[38] во моментов претставува еден успешен пример за тоа, кој шведските социјалдемократи сега го користат за својата изборна кампања.

Иако изборниот систем има значајно влијание врз организираноста на партискиот систем, сепак, секоја партија по пат на соработка и демаркација на политики има можност да го одбрани, или прошири својот простор за маневрирање во рамките на политичкиот натпревар. Меѓутоа, во последните години, социјалдемократските партии беа реактивни, наместо активни, кога станува збор за поставувањето на политичката програма.

***Комуникација и евиденција на остварувањата***

Политиката не треба само да се води, туку треба и да се објасни. Тоа особено се однесува за социјалдемократските решенија, кои треба да бидат социјално оправдани, како и економски рационални. Во минатото, социјалдемократските влади не беа секогаш во можност да го направат тоа.

Приговарањето дека рационалните политички одлуки, едноставно, не беа изнесени на ефективен начин, нема да не одведе никаде. Политичката умешност, покрај имплементацијата, исто така, подразбира и промовирање и објаснување на политичките програми. Притоа, значаен елемент е да се утврдат сопствените термини за да може да се одделат од политичкиот натпревар. Гласачите сакаат да бидат привлечени не само со разумот, туку, исто така, и со нивните срца, со изнаоѓање на вистински зборови. „Ние гласаме со нашите срца, не со нашиот разум“ – многу проучуваниот психолог и политички консултант Дру Вестерн, ги вознемири демократските кругови во САД за време на последната претседателска кампања со неговата книга „Политички разум“

[37] Види ја анализата за Норвешка од Биерман/Калсет во ова издание на IPG.
[38] George Lakoff и Elisabeth Wehling тврдат на иста линија (cf.Lakoff 2010, Wehling, 2009).

(Вестерн, 2007).[39] Иако идеите укажуваат на патот, само привлекувањето на емоциите на гласачите преку говорот, може да ги поттикне да дејствуваат. Но, не се доволни само добри слогани: „Ангажирањето околу политичката комуникација, која е сознајно транспарентна, подразбира дека партијата станува свесна за своите основни вредности и внатрешно втемелени обрасци на размислување, за да биде во можност да ги вклопи индивидуалните проекти во овој вредносен систем и соодветно да ги пренесе или соопшти“. (Вехлинг, 2009).

Сепак, ни најдобрата комуникација нема да ве одведе далеку, доколку немате евиденција на остварувања која ќе ја прикажете. Од аспект на социјалдемократијата, резултатите од споредбата на остварувањата на планот на социјалната правда се поделени. Нордиските земји го имаат овој примат во текот на последните две децении, додека, пак, моделите од континентална Европа треба да се реформираат.[40] Во текот на кризата во последните две години, Rhineland капитализмот поврати дел од својата репутација, каде автоматските стабилизатори на социјалната држава се покажаа дека се многу поотпорни на кризата, за разлика од други, наводно, модерни системи (Абелшаусер 2008).

### *Стратешки партнери*

За социјалдемократските партии, по правило, синдикатите се тешки, но стратешки најважни партнери. Меѓутоа, и тие сега се соочуваат со турбуленции и го губат своето членство. Во контекст на кризата поврзана со противниците, колективните преговори, организацијата и членството, тие се под притисок да го подигнат својот рејтинг, што веројатно им го стеснува заедничкиот терен со социјалдемократите, и оттаму станува потешко да се направи компромис. Покрај тоа, милјето кое поттикнува заедничко организациско поврзување е во опасност да исчезне: сé помалку двојно членство, помалку синдикални претставници од висок ранг во парламентот, помалку социјалдемократски пратеници со синдикална ориентација. Најверојатно, само уште во нордиските земји сѐ уште е можно да се набљудува колку може да бидат тесни

---

[39] Види ги резултатите на Волганг Меркел (2007) и Томас Мајер (2006), кои изработувајќи студии за Шведска, Обединетото Кралство, Холандија, Германија, САД и Јапонија, изнесуваат карактеристични особености, со кои се одбележуваат „libertarians“ од социјалдемократијата и се развиваат индикатори за мерење на социјалната правда.

[40] Секретаријатот се наоѓа во Копенхаген. Сегашен претседател е норвешкиот премиер и претседател на Норвешката работничка партија, Јенс Столтенберг (види: http://socialdemokraterne.dk/default.aspx?site=samak). Увид во сé уште постојниот работен однос помеѓу шведската САП и ЛОС дава Хакан А. Бенгтсон (Бенгтсон, 2008).

таквите организациски врски. На пример, САМАК[41] ги поврзува нордиските социјалдемократски партии и синдикати во еден тесно поврзан форум за дискусија. Меѓутоа, последните избори во Шведска покажаа дека оваа стратешка алијанса, иако е неопходен елемент за изборниот успех, сепак е далеку од доволна.

***Доминантна глобализација***

Клучниот предизвик за социјалдемократијата е да излезе со предлози за доминантната глобализација. Повеќето Германци (69%) и Европејци (61%) се убедени дека глобализацијата претставува можност за економски раст, но истовремено, го споделуваат ставот дека со неа ќе се продлабочи социјалниот дебаланс. Искуствата од последните неколку години го потврдуваат убедувањето на Германците (85%) и Европејците (74%) дека процесот на глобализација повеќе не може да биде оставен да постои со неговите начини и средства, туку дека е потребно да се регулира на меѓународно ниво („светско управување“) (Европска комисија, 2010). Глобализацијата и случувањата во врска со меѓународните ризици станаа непроменлива компонента на нашето економско живеење, но не и непроменлива компонента на социјалната и економската политика. Кризата на економскиот и финансискиот пазар покажа дека финансиската глобализација, која со сигурност, генерално, на светот му донесе поголем просперитет и развој, барем сега за сега стана жртва на сопствениот успех. Индустриските земји сега се соочени со проблемот за тоа дали нивните капацитети во однос на владеењето, регулирањето и соработката ќе бидат доволни за да се управува, барем до одреден степен, со прекумерното слободно движење на капиталот, што, пак, сами го создадоа. Овие прашања се особено неодложни во европски контекст. Унифицирањето на европската економска политика останува да биде незавршена задача. Претставата дека некаков вид на крајна точка е постигната со воведувањето на еврото, во основа е погрешна. Она што е потребно е *европско управување* со кое значително ќе се координираат социјалните и економските политики (со други зборови, тоа е нешто повеќе од неформален метод за координација).

Повеќето социјалдемократски партии не се единствените кои се соочуваат со тешкотии кога се зема предвид европскиот хоризонт. Јурген Хабермас неодамна забележа дека нема да успее скротувањето на „казино“ капитализмот заради плашливоста на националните влади,

[41] Од повеќето анализи на ризици и трендови кои се достапни, можеме да ја споменеме годишната анализа „Европа и ризикот“ на Светскиот економски форум, Глобална мрежа за информирање за ризик.

преизбрзаното напуштање на меѓународната соработка која си ја поставува сопствената цел, да изгради несоодветни капацитети – ширум светот, во ЕУ, и во прва инстанца во Еврозоната (Хабернас 2010). Потребна ни е поголема „европска храброст“ за генерално да излеземе со одговор на предизвиците на глобализацијата, а особено во однос на тековната финансиска криза. Затоа, социјалдемократијата мора да се претстави себеси како проевропска не само во говорите и партиските програми, туку и со конкретна подготвеност да ја оформи политиката на европско ниво.

## Заклучок

Дури и најдолгото патување започнува со првиот чекор. Заживувањето на социјалдемократијата во Европа сè уште е во својот зачеток. Тековното повторно оценување на Третиот пат јасно покажува дека во одредени аспекти дури ни самокритичната анализа на периодот на социјалдемократското владеење не е целосно завршена. Од друга страна, веќе се започна со работа на репозиционирањето на социјалдемократијата. Пристапите и заглавијата за новиот приод може сè уште значително да се разликуваат во некои процеси, но темите кои се избрани за развој, како што се солидарноста, демократијата и новата социо-економска парадигма, честопати се исти. Оттаму, различните национални и билатерални размислувања за иднината на социјалдемократијата треба да се спојат во текот на претстојните месеци. Заедничкото разбирање и лекциите кои произлегуваат оттаму се потребни токму за предизвиците на глобално ниво, како и потребата од унифициран европски политички пристап за социјалдемократијата.

## Користена литература


Abelshauser, Werner (2008): Zuruck zum „Rheinischen Kapitalismus“? Интервју со Tagesschau, 8 октомври 2008. Достапно на: http://www.tagesschau.de/wirtschaft/bankenkrise118.html (од 19 август 2010). Повеќе детали во: „Aus Wirtschaftskrisen lernen – aber wie? Krisenszenarien im Vergleich“ in *Vierteljahreshefte fur Zeitgeschichte* 57 (2009), Издание 4: 467–83.

Австралиски центар за квалитет на живот (2010): Индекс за добросостојба на Австралискиот центар за квалитет на живот. Достапно на: http://www.deakin.edu.au/research/acqol/index.php (од 19 август 2010).

Bauer, Werner T. (2010): *Rechtspopulismus in Europa. Vergangliches Phánomen oder auf dem Weg zum politischen Mainstream?* Berlin: Friedrich Ebert Stiftung, Анализа на меѓународната политика. Достапно на: http://library.fes.de/pdf-files/id/ipa/07293.pdf (од 18 август 2010).

Bengtsson, Hakan A. (2008): *Nordische Erfahrungen*. Berlin: Friedrich Ebert Stiftung, Анализа на меѓународната политика (ноември). Достапно на: http://library.fes.de/pdffiles/id/ipa/05862.pdf (од 18 август 2010).

Berlin Institute fur demografische Entwicklung (2010): Демографската иднина на Европа. Достапно на: http://www.berlin-institut.org/ (од 18 август 2010).

Buhlmann, Marc; W. Merkel; B. Wessels (2008): Квалитет на демократијата. Демократски барометар за воспоставените демократии. Национален центар за компетентност во истражувањата, Работен документ, бр. 10а (20 март).

Campbell, David F. J. and Georg Potzlbauer (2010): Демократско рангирање 2009 за квалитетот на демократијата. Достапно на: http://www.democracyranking.org/en/ranking.htm#ranking09 (од 18 август 2010).

Комисија на Европски заедници (2008): Работен документ на Комисијата, Демографски извештај 2008. *Задоволување на социјалните потреби во општество кое старее,* Брисел. Достапно на: http://ec.europa.eu/social/BlobServlet?docId=709&langId=en (од 16 август 2010).

Crouch, Colin (2008): *Postdemokratie*. Berlin: Suhrkamp Verlag.

Cruddas, Jon and Andrea Nahles (2010): Градење на добро општество. Достапно на: http://www.social-europe.eu/wp-content/uploads/2009/12/goodsocietyenglish.pdf (од18 август 2010).

Dahrendorf, Ralf (1983): *Die politisch-kulturelle Herausforderung Europas – ein Weg zur Erneuerung der Industriegesellschaft.* Hamburg: Korber Stiftung.

Истражување на Дојче Банк (2007): Срeќната разноличност на капитализмот. Достапно на: http://www.dbresearch.com/PROD/DBR_INTERNET_EN-PROD/PROD0000000000209864.pdf (од 19 август 2010).

Embacher, Serge (2009): *Demokratie! Nein danke? Demokratieverdruss in Deutschland*. Bonn: Dietz-Verlag.

Euronet (2010): *Der endlose Kampf gegen Armut*. Достапно на: http://www.euranet.eu/ger/Archiv/Actualites/German/2010/January/Der-endlose-Kampf-gegen-Armut (од 19 август 2010).

Европска комисија (2008): Демографски извештај (2008): *Задоволување на социјалните потреби во општество кое старее*. Достапно на: http://ec.europa.eu/social/BlobServlet?docId=708&langId=ed (од 18 август 2010).

Европска комисија (2010a): *Евробарометар 72. Октомври до ноември 2009*. Достапно на: http://ec.europa.eu/public_opinion/archives/eb/eb72/eb72_en.htm (од 18 август 2010).

Европска комисија (2010b): *Евробарометар 69*. Достапно на: http://ec.europa.eu/public_opinion/archives/eb/eb69/eb_69_first_en.pdf (од 18 август 2010).

Европска комисија (2010c): *Soziale Wirklichkeit in Europa.* Достапно на: http://ec.europa.eu/citizens_agenda/social_reality_stocktaking/docs/background_document_de.pdf (од 18 август 2010).

Европски парламент (2010): *Избори 2009*. Достапно на: http://www.europarl.europa.eu/parliament/archive/elections2009/de/turnout_de.html (од 18 август 2010).

Fix, Liana (2010): „Gleichheit ist Gluck". Достапно на: http://library.fes.de/pdf-files/id/ipa/07300.pdf (од 18 август 2010).

Фондација за европски прогресивни студии (2010): http://www.feps-europe.eu/index.php?id=8 (од 18 август 2010).

Friedrich Ebert Stiftung (2009): *Studie zu Demokratieentfremdung und Wahlverhalten*. Достапно на: http://www.fes.de/inhalt/Dokumente_2008/Zusammenfassung_Studie_gpi.pdf (од 18 август 2010).

Friedrich Ebert Stiftung (2010): Monitor fur Soziale Demokratie. Достапно на: http://www.fes.de/ipa/inhalt/monitor.php (од 18 август 2010).

Fundacion Ideas (2010): *Либералната обнова на социјалдемократијата.* Достапно на: http://fundacionideas.es/sites/default/files/pdf/La_renovacion_liberal_de_la_socialdemocracia_english_version.pdf (од 18 август 2010).

GfK (2009): Предизвици за Европа.
Достапно на: http://www.bildungsspiegel.de/aktuelles/umfrage-wirtschaftskrise-bestimmt-sorgen-der-europaeer.html?Itemid=262 (од 18 август 2010).

Giddens, Anthony (1998): *Третиот пат. Обнова на социјалдемократијата*. Cambridge: Polity Press.

Habermas, Jurgen (2010): „Wir brauchen Europa!" In: *Die Zeit* (May 27). Достапно на: http://www.zeit.de/2010/21/Europa-Habermas (од 19 август 2010).

Hans-Bockler-Stiftung (2010): *Armut in Europa. Deutschland im Mittelfeld.* Достапно на: http://www.boeckler-boxen.de/2361.htm (од 18 август 2010).

Hegewald, Ulrike and Lars Schmitt (2009): *Die Deutschen vor der Europawahl 2009*. Достапно на: http://www.bundestag.de/dasparlament/2009/23–24/Beilage/002.html (од 19 август 2010).

Hillebrand, Ernst (2009): *Општество на зајакнати граѓани*. Berlin: Friedrich Ebert Stiftung, Анализа на меѓународната политика. Достапно на: http://library.fes.de/pdf-files/id/ipa/06910.pdf (од 18 август 2010).

Infratest dimap (2009): *WahlREPORT*. Достапно на: http://www.infratest-dimap.de/uploads/media/eu_0906_Wahlreport_II_Leseprobe.pdf (од 18 август 2010).

Jean Jaures Foundation (2010): *Les nouvelles promesses de la social-democratie europeenne*. Достапно на: http://www.jean-jaures.org/Manifestations/Les-recontres/les-nouvelles-promesses-de-la-social-democratie-europeenne (од 18 август 2010).

Judt, Tony (2010): *Ill Fares the Land (Злото патува по земјата)*. London. Penguin.

Kreisky Forum (2010): Единствен начин да се обнови социјалдемократијата во Европа. Достапно на: http://www.kreisky-forum.org/web_deutch/veranstaltungen_rueckblick.htm (од 18 август 2010).

Kronig, Jurgen (2010): *Grossbritannien nach Labour*. Berlin: Friedrich Ebert Stiftung, Анализа на меѓународната политика. Достапно на: http://library.fes.de/pdf-files/id/ipa/07233.pdf (од 24 август 2010).

Lakoff, George (2010): *Анкетата со која треба да се запознаат демократите: врамување, промена на вредностите, буџетска криза во Калифорнија и зошто демократите толку често се однесуваат како републиканци*. Berkeley: University of California.

Liddle, Roger and Peter Mandelson (1996): *Револуцијата на Блер*. London: Faber and Faber.

Merkel, W.; C. Egle; C. Henkes, T. Ostheim; A. Petring (2006): *Die Reformfohigkeitder Sozialdemokratie.* Wiesbaden: Verlag fur Sozialwissenschaften. Ажурирано од W. Merkel (2007): „Soziale Gerechtigkeit im oecd-Vergleich“, in S. Empter/R.B.Vehrkamp (eds.): *Soziale Gerechtigkeit – eine Bestandsaufnahme;* Verlag Bertelsmann Stiftung.

Meyer, Henning and Karl-Heinz Spiegel (2010): *Die Gute-Gesellschaft-Debatte: Wie weiter mit der europeischen Sozialdemokratie?* Berlin: Friedrich Ebert Stiftung, Анализа на меѓународната политика. Достапно на: http://library.fes.de/pdf-files/id/ipa/07224.pdf (од 18 август 2010).

Meyer, Thomas (ed.) (2006): *Praxis der Sozialdemokratie*. Wiesbaden: Verlag fur Sozialwissenschaften.

Perger, Werner A. (2008): *Der Populismus der Aufklдrung. Obama und die transatlantische Linke: wieder gehen und kampfen lernen*. Berlin: Friedrich Ebert Stiftung, Анализа на меѓународната политика. Достапно на: http://library.fes.de/pdf-files/id/ipa/05792.pdf (од 18 август 2010).

Pfaller, Alfred (2009): *Европска социјалдемократија – во потрага за обнова*. Berlin: Friedrich Ebert Stiftung, Анализа на меѓународната политика. Достапно на: http://library.fes.de/cgi-bin/populo/digbib.pl?t_dirlink=x&modus=&f_idr=I+06867 (од 18 август 2010).

Policy Network (2010): Опсерваторија на новата социјалдемократија. Достапно на: http://www.policy-network.net/ (од 18 август 2010).

Progressives Zentrum (2010): По Третиот пат – Was heisst heute progressive Politik? Tagungsbericht; Berlin. Достапно на: http://www.progressives-zentrum.org/dpz.php/cat/3/aid/507 (од 18 август 2010).

Raschke, Joachim and Ralf Tils (2010): „L'Embarras de Richesses: Дебакл на SPD и стратешки опции во структурата на политичките кампуси во германскиот политички систем", во*Neue Soziale Bewegungen* (бр. 1/2010): 11–16.

SAMAK (2010): Nordisk forum for socialdemokrater & fagbevaegelse. Достапно на: http://s-dialog.dk/default.aspx?site=samak& (од 18 август 2010).

Schmitter, Philippe C. and Alexander H. Trechsel (2005): *Иднината на демократијата во Европа:* Трендови, анализи и реформи, Зелен документ на Советот на Европа. Достапно на: http://www.thefutureofrepresentativedemocracy.org/files/pdf/resources/schmitter_thefutureofDemocracyinEurope.pdf (од 18 август 2010).

Scott, Andrew (2009): *Социјалдемократијата и лабуристичката Влада на Rudd во Австралија*. Berlin: Friedrich Ebert Stiftung, Анализа на меѓународната политика (декември). Достапно на: http://library.fes.de/pdf-files/id/ipa/06876.pdf (од 19 август 2010).

Social Europe Journal (2010): Дебата за добро општество. Достапно на: http://www.socialeurope.eu/category/good-society-debate/ (од 18 август 2010).

Streeck, Wolfgang and Daniel Mertens (2010): Politik im Defizit. Austeritat als fiskalpolitische Regime; MPIfG документ за дискусија.

Wagschal, Uwe (1996): *Staatsverschuldung im Internationalen Vergleich;* Opladen.

Wehling, Elisabeth (2009): *Politische Kommunikation, die ankommt: eine neuro-linguistische Analyse des EU-Wahlkampfes*. Berlin: Friedrich Ebert Stiftung, Анализа на меѓународната политика. Достапно на: http://library.fes.de/pdf-files/id/ipa/06756.pdf.

Westen, Drew (2007): *Политички разум. Улогата на емоцијата во одредувањето на судбината на нацијата.* New York: Public Affairs.

Wessels, Bernhard (2010): *Was ist dran an der These vom Ende der Sozialdemokratie? Eineempirische Analyse der Wahlergebnisse und Wahlerprofile sozialdemokratischer Parteienin Europa in den letzten zwanzig Jahren*. Berlin: Friedrich Ebert Stiftung, Анализа на меѓународната политика. Достапно на: http://library.fes.de/pdf-files/id/ipa/07221.pdf

Wilkinson, Richard and Kate Pickett (2010): *Ниво на духовност: Зошто рамноправноста е подобра за сите*. London: Penguin.

Wilkoszewski, Harald (2009): Старосни траектории во преференците за социјална политика. Поддршка за меѓугенерациски трансфери од демографска перспектива; MDIDR Работен документ wp-2009-034. Достапно на: http://www.demogr.mpg.de/papers/working/wp-2009-034.pdf

Светски економски форум (2010): „Европа и ризикот. Информирање од глобалната мрежа за ризик“, Женева. Достапно на: http://www.weforum.org/en/initiatives/globalrisk/index.htm
(од 19 август 2010).

КАРМЕН ДЕ ПАЗ НИЕВЕС/ГУИЛЕРМО МОРЕНО РОДРИГУЕС

# ПРОГРЕСИВНАТА ПОЛИТИКА ВО ДОБА НА ПОЛАРИЗАЦИЈА И ЕКОНОМСКА КРИЗА

## Актуелната состојба и перспективи на шпанската ПСОЕ

| ШПАНСКА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА (PARTIDO SOCIALISTA OBRERO ESPANOL, PSOE) | |
|---|---|
| Официјална веб страница: | www.psoe.es |
| Лидер на Партијата: | Мануел Чавес (Manuel Chaves) |
| Основана на: | 2 мај 1879 од Пабло Инглесиас (Pablo Iglesias) |
| Членство во SI и PES: | SI: од 1951, PES: од 1974 |
| Партиско членство: | 2008: 592.405 (224.883 активисти/членови кои плаќаат членарина и 367.572 симпатизери) |
| Одзив на избирачкото тело на парламентарните избори: | 2008: 43,87% од гласовите (48,29% од пратеничките места), во Владата<br>2004: 43,3% од гласовите (46,85% од пратеничките места), во Владата<br>2000: 34,1% од гласовите (35,7% од пратеничките места), во опозиција |
| Одзив на избирачкото тело на европските избори: | 2009: PSOE, 21 место (38,51%) PP, 23 места (43,23%)<br>2004: PSOE, 25 места (43,46%) PP, 24 места (42,1%)<br>1999: PSOE, 24 места (35,33%) PP, 27 места (39,74%) |
| Учество во Владата: | Од 2008: во Владата;<br>Претседател на Владата: Хосе Родригуес Запатеро (José Luis Rodrígues Zapatero)<br>2004-2008: во Владата;<br>Претседател на Владата: Хосе Родригуес Запатеро<br>2000-2004: во опозиција |

## Историски преглед

Основана во 1879 од Пабло Инглесиас, историскиот лидер на работничкото движење во Шпанија, оваа Партија дури во 1910 успеа за првпат да има свои пратеници во шпанскиот Парламент. Во текот на Втората Република, Партијата беше дел од Владата помеѓу 1931 и 1933, и исто така, дел од Популарниот фронт во 1936, сè до поразот во Граѓанската војна.

Во текот на Граѓанската војна, ПСОЕ се подели на три струи: револуционерната марксистичка секција, која ја предводеше Франциско Ларго Кабалеро, помодерната и социјалдемократска фракција, предводена од Индалецио Прието, и реформистичката група предводена од Џулијан Бестеиро. Веднаш по завршувањето на војната, Франко ја прогласи ПСОЕ за незаконска, а нејзините членови беа присилени на егзил или заминаа да работат илегално, сè до 1977, кога Партијата беше повторно легализирана. Во текот на 40 години диктатура, голем број партиски активисти беа обвинети, затворени, па дури и погубени.

Фелипе Гонзалез беше избран за генерален секретар на Партијата на XXVI конгрес, кој се одржа во Сирен во 1974, и тоа претставуваше пресвртница во еволуцијата на Партијата од нејзината првична марксистичка идеологија, кон посоцијалдемократска позиција. Всушност, Гонзалез се откажа од својата позиција во 1979 заради внатрешниот отпор од напуштањето на порадикалните позиции, но беше повторно избран на вонредниот конгрес. Гондалез го предводеше преминот од Partido Socialista Obrero Espanol (PSOE), до една „сеопфатна партија“. Претходната стратегија за масовна мобилизација и радикална реторика беше напуштена, а Партијата премина во денешната социјалдемократска повеќекласна организација (Encarnacion 2008). Оваа успешна промена, вклучително и посебните околности во Шпанија, овозможија ПСОЕ да стане хегемоничната политичка сила во Шпанија цели 14 години, од 1982, до 1996.

Од почетокот на транзицискиот период во 1977, во Шпанија имаше 10 општи избори и три различни влади (Анекс, Табела 2 и 3). На првите два избори, и сè до 1982, на власт беше центристичката УЦД, предводена од Адолфо Суарес. Првичниот успех на Партијата во 1977 и 1979 беше толку брз, исто како и нејзиниот пад во 1982, кога голем дел од нејзините гласачи преминаа во „реформираната“ ПСОЕ. Изборите во 1982 година беа први и последни во кои една шпанска политичка партија доби толкав голем процент од гласовите и голема застапеност во Парламентот. Во 1986, ПСОЕ го поврати своето мнозинство, покрај појавата на ИУ (Inquierda Unida), како одржлива левичарска политичка сила, наспроти ПСОЕ.

Иако ПСОЕ повторно победи на изборите во 1989 и 1993, сепак го изгуби апсолутното мнозинство и беше принудена да преговара со националистичките партии ЦиУ и ПНВ, и постепено ја губеше поддршката на јавноста. На Општите избори во 1996, конзервативната ПП (Partido Popular) предводена од Хозе Марија Азнар, победи на изборите за првпат во демократската историја на Шпанија.

Од тогаш, сè до Изборите во 2004, ПСОЕ помина низ еден процес на трансформација кој беше одбележан со поразот во 2000, под раководство на Јоакуин Алмуниа. На тие избори, ПП доби апсолутно мнозинство. Истата година, Хосе Луис Родригуес Запатеро беше избран за нов генерален секретар и беше започнат процесот на обнова, предводен од, таканаречениот, „Нов пат", на што се должеше победата во 2004. На Изборите во 2008, ПСОЕ го врати својот мандат.

Во однос на изборите за ЕУ (види Анекс, Табела 4), ПСОЕ лесно ги доби првите избори во 1987 и 1989, а за првпат изгуби од ПП во 1994, кога ПП за првпат го доби својот национален мандат. Во 1999, ПП повторно извои победа, со уште три пратенички места, додека, пак, во 2004 ПСОЕ победи со незначително мнозинство. На последните Европски избори, повторно ПП освои нешто подобри резултати од ПСОЕ.

## Актуелната состојба на Партијата

### *Одобрување од гласачите*

По победата на ПСОЕ на Општите избори во 2008, анкетите почнаа да покажуваат дека сериозната економска криза започна да влијае врз јавната поддршка за Партијата. Од јуни 2009, ПП подобро се рангираше на анкетите на јавното мислење, а неодамна беше регистрирана и предност од 10%, според разни неофицијални анкети, заради воведувањето мерки да се намали јавниот дефицит, кој Владата го најави минатиот мај. Меѓутоа, разликата, изгледа, не е веродостојна и, веројатно, се должи на исклучителните околности.

Во однос на родовата сегментација на социјалистичките гласови, последната анкета на Центарот за социолошки истражувања (Е 2834, април 2010) покажува дека според директните намери на гласачите, ПСОЕ би ги добила најголемиот број гласови од жените. Од друга страна, според оваа анкета, ПСОЕ го има најголемото водство пред ПП кај гласачите од возрасната група 45-54 (5,1 процентен јаз) и возрасната група 55-64 (6,7%).

*Перцепцијата на јавноста*

Во однос на личните квалитети на Хосе Луис Родригуес Запатеро, во текот на изборната кампања во 2004 најмногу беше истакнуван неговиот „талент“, односно способност за водење дијалог. Во текот на шест години додека тој ја водеше Владата, овој негов квалитет беше високо оценет од страна на јавноста во анкетите на јавното мислење.

Во текот на последните месеци, а притоа користејќи ја кризата, ПП постојано го напаѓаа претседателот, прикажувајќи го како неефикасен менаџер. Анкетите спроведени од Центарот за социолошки истражувања покажаа како економската ситуација и немилосрдните напади од страна на ПП ја поткопаа перцепцијата на јавноста за Хосе Луис Родригуес Запатеро како човек од доверба. Меѓу јануари 2009 и јануари 2010, процентот на граѓани кои сметаа дека тој е покомпетентен од Маријано Рајои, лидерот на ПП, се намали од 43 на 33. Меѓутоа, во јануари, само 29% од примерокот  на испитаници сметаа дека Рајои е покомпетентен. И покрај оваа промена, Запатеро продолжува да поттикнува поголема доверба и редовно е оценуван многу повисоко од Рајои како политички лидер. Од друга страна, шпанската популација и понатаму продолжува да ја поврзува левицата со идеите како што се рамноправноста, индивидуалните слободи и напредокот, иако ефикасноста, генерално, повеќе се поврзува со десницата.

*Партиска платформа*

Во текот на првиот мандат на Запатеро (2004-2008), програмата на Социјалистичката партија се фокусираше на: (i) проширување и консолидирање на граѓанските права преку промовирање на родовата еднаквост, закон кој дозволува хомосексуални бракови и Закон за историската меморија со кој се признаваат одредени права на жртвите од војната и диктатурата; (ii) градење консензус за политичките активности, од каде што произлезе изреката „талентот“ на Запатеро, а што беше преточено во континуиран дијалог помеѓу, и со сите општествени и регионални фактори; (iii) усогласување на надворешната политика на Шпанија со позициите на ЕУ; (iv) развој на четвртиот столб на социјалната држава преку законот за лица кои се издржуваат, со кој се обезбедува нивна поддршка; и (v) зајакнување на „плурална“ Шпанија, главно преку преговори и реформа на „најавтономни статути“, специјални закони со кои се воспоставуваат конкретни регионални надлежности.

Во текот на неговиот втор мандат, програмата се фокусираше, главно, на борбата против економската криза и развојот на нова долгорочна економска парадигма. Во текот на првата фаза, Владата се концентрираше на олеснување на моменталните и најнегативните последици од кризата, преку еден амбициозен пакет за економска стимулација и зајакнување на социјалната заштита за најранливите. Владата, исто така, се фокусира на воведување на неопходните мерки за да се поставаат основите за новиот економски модел. Помеѓу иницијативите кои беа преземени во овој поглед, најзначајни беа Законот и Стратегијата за одржлива економија.

Во исто време, Владата и Партијата продолжија да го промовираат проширувањето на граѓанските права со иницијативи како што е новиот Закон за рамноправно постапување, закон со кој се прошируваат гаранциите за абортус и Законот за верска слобода.

Покрај тоа, и преку Претседателството на Шпанија со ЕУ во периодот помеѓу јануари и јуни 2010, Социјалистичката влада промовираше политичка програма на ниво на ЕУ, која се фокусираше на рамноправноста и иновациите; успешно се започна спроведувањето на Лисабонскиот договор и беа поддржани мерките кои водеа кон зајакнување на економското управување на Унијата, што, конечно, е блиску да стане реалност по периодот на стагнација во интеграцискиот процес.
На крајот, ПСОЕ неодамна воспостави еден нов think tank (непрофитна организација за истражувања), IDEAS, кој ги опфаќа сите други социјалистички фондации, со цел да произлезе и да се стимулира ново прогресивно политичко размислување и идеи за градење на политиката на долгорочен план, да се дава придонес за политичката дебата и дискурс и да се воспостават меѓународни и национални алијанси со други прогресивни фактори.

***Активен партиски живот и состојба на Партијата***

Историјата и значењето на Партијата во сегашниот политички систем ја прави ПСОЕ една од главните, ако не и најглавна политичка партија во Шпанија. Во моментов, ПСОЕ има 592.405 членови, кои се поделени на „militantes“, кои плаќаат месечна членарина и „simpatizantes“ (367.572), кои не плаќаат ништо, но се идентификуваат со Партијата. Во последните години се одвива еден јасен тренд на опаѓање на бројот на „militantes“ и зголемување на бројот на „simpatizantes“. Во однос на младинскиот огранок на Партијата, во моментов има околу 14.600 „militantes“ и 10.000 „simpatizantes“.

### *Евиденција на остварувањата како владејачка и опозициска Партија*

Како што беше претходно споменато, рејтингот на Владата опадна со почетокот на кризата. Од април 2008, регистриран е пад во рејтинзите, од околу 50% во првото полугодие на 2008, до 33,3% во април 2010. Меѓутоа, ПП немаше директна придобивка од ваквото намалување на рејтингот, бидејќи шпанските гласачи продолжија да ги оценуваат остварувањата на Владата повисоко од остварувањата на ПП како опозиција (Центар за социолошки истражувања, Е 2834, април 2010).

Денес, главното прашање на програмата е економската криза. Од анкетите на јавното мислење јасно е за што се загрижени луѓето: 63,3% од испитаниците сметаат дека невработеноста е клучниот проблем во Шпанија, по што следува 19,1% кои економската криза ја наведуваат како нивна главна загриженост. Корупцијата, исто така, се наоѓа на врвот на листата, заради сериозните случаи кои се поврзуваат со ПП во последните месеци (особено, таканаречениот, „Gurtel“ случај, поврзан со финансирањето на Партијата).

### *Развојни можности*

Покрај, до сега, невидената кризна состојба во Шпанија, главната опозициска партија не успеа да добие значителна поддршка од јавноста. Главните причини за тоа се должат на корупциските скандали на ПП, недостигот на кредибилитет и алтернативи и, особено, проблемите околу партиското раководство, откако Маријано Рајои е еден од најниско рангираните лидери, дури и помеѓу избирачкото тело на конзервативците.

Третата национална партија, ИУ, коалиција на партии кои се радикални во однос на ПСОЕ, останува да заостанува многу пониско од ПП и ПСОЕ и денес има само две пратенички места во Парламентот. Иако изборните очекувања на Партијата се подобрија со сегашната состојба, можностите за развој се ограничени заради изборниот модел во Шпанија, кој не оди во прилог на помалите национални партии.[42]

---

[42] Изборниот систем на Шпанија е пропорционален. Меѓутоа, системот е прекумерно репрезентативен за помалите избирачки единици (бидејќи сите провинции и градови на Ceuta и Malilla добиваат по најмалку две пратенички места) и во пракса се претпочитаат двете најголеми политички партии и партии со регионални корени. За повеќе информации, види Hopkins (2005) и Marques и Ramirez (1998).

На крајот, потребно е да се истакне неодамнешната појава на една нова политичка партија, УПИД, која е основана околу поранешниот социјалистички лидер Роса Диес, која има за цел да го зафати центарот на политичкиот спектар. Како резултат на целосна политичка поларизација и дискредитирањето на мнозинските партии, аналитичарите сметаат дека е многу веројатно оваа партија да се консолидира за да стане четвртата политичка сила на следните избори.

***Отворање на општеството и стратешки партнерства***

Зајакнувањето на односите помеѓу разни групи на граѓанското општество е еден од најголемите успеси на ПСОЕ. Дури и во сегашната состојба, Владата успеа да го одржи социјалниот мир и стабилност. Односите со синдикатите, генерално, се позитивни, особено со УТГ (која на почетокот беше врзана за Партијата). Во однос на бизнис-асоцијациите, и покрај нивната традиционална блискост со конзервативните партии и разликите во однос на темите, како што е реформата на пазарот на работна сила, односите, сепак, не беа конфронтирачки. Од друга страна, она што претставуваше загриженост и иницијативи, кои ПСОЕ ги прифати за борбата против климатските промени и сиромаштијата и за родовата еднаквост и граѓанските права, доведе до добри односи помеѓу ПСОЕ и повеќето организации на граѓанското општество и групи на активисти.

***Европска политика и глобални предизвици***

Промовирањето на континуираната изградба на структурата на ЕУ претставува клучна цел на меѓународната програма на ПСОЕ. Тоа, делумно, се должи на историските причини, бидејќи ЕУ одигра клучна улога за демократизацијата и модернизацијата на Шпанија по диктатурата.

Денес, ПСОЕ ја одржува својата безусловна поддршка за Лисабонската Стратегија и Договор и за процесот на проширување, како и посветеност да се продолжи со зајакнувањето на Европската Унија во нејзиниот развој кон економски и политички унифициран простор. Во таа смисла, Социјалистичката партија смета дека ЕУ треба да одигра клучна улога во борбата против сегашната економска криза и во унапредувањето на нов, попродуктивен и одржлив европски економски и социјален модел.

Во исто време, ПСОЕ и во глобални услови го промовира воспоставувањето нови правила на финансискиот пазар со кои се гарантира поголема транспарентност и контрола над пазарните

активности, и меѓународна конвергентност во однос на нормите за да се осигура стабилноста на финансискиот систем и, оттаму, и на реалната економија. ПСОЕ ја смета глобализацијата како еден позитивен процес со значителен потенцијал да го подобри просперитетот, иако ќе биде правично и политички пожелно, доколку ги инкорпорира критериумите за рамноправност и социјална правда.

## Од „тивка опозиција“ кон прогресивно управување

По 14 години на власт, ПСОЕ беше поразена на Општите избори во 1996, кога првата десничарска Влада во демократската историја на Шпанија, дојде на власт. Со овој пораз, заедно со поразот во 2000, кога ПП се стекна со апсолутно мнозинство, Партијата навлезе во период на внатрешна обнова и редефинирање на нејзините идеолошки позиции. По Конгресот во 2000, „Новиот пат“ предводен од Хосе Луис Родригуес Запатеро, ја презема контролата врз Партијата.

Иако во опозиција до 2004, Родригуес Запатеро развиваше една неконфронтирачка стратегија која се нарекуваше „тивка опозиција“, во чии рамки ПСОЕ ја увиде неопходноста да се постигне консензус со ПП во областите, како што се: борбата против тероризмот, економската политика и реформата на судството. Во исто време, Запатеро стави јасно до знаење дека постојат и други области, како што се образованието и надворешните работи, за кои ставовите на двете партии се различни. Консензуалниот стил на Запатеро стана поагресивен кога Владата побара реформа на образованиот систем и особено кога Азнар одлучи да ја поддржи војната во Ирак. Покрај тоа, Запатеро особено беше критичен кон авторитарниот стил на водење на Владата од страна на Азнар. (Мендез Лаго, 2006).

За да ги добие Изборите во 2004, ПСОЕ се обиде да привлече нови гласачи, гласачи на левицата, и да мобилизира значителен дел од избирачкото тело, кои се имаа позиционирано лево од центарот на идеолошкиот спектар, но кои не гласаа, или гласаа за ПП во 2000 (Кампмани, 2005:215). Всушност, различните анализи на Изборите од 2004, покажаа дека три милиони нови социјалистички гласачи беа оние кои претходно не гласаа, како и нови гласачи, заради преминот од ПП во ИУ (Мичавила 2005). Иако и натаму не е јасно која беше точно улогата на II-M терористички напади во Мадрид, се чини дека експертите до одреден степен се согласуваат дека управувањето со оваа криза од страна на ПП само го зголеми нараснатото незадоволство кај мнозинството од популацијата кои не ја поддржуваа војната во Ирак (околу осум милиони луѓе демонстрираа во разни градови низ Шпанија за да побараат од Владата на ПП да ја повлече

Шпанија од војната со Ирак). Доказите покажуваат дека двата аспекта одиграа одлучувачка улога во значителното мобилизирање на гласачите на левицата и демобилизирање на гласачите на десницата во 2004, иако забележливите трендови кај гласачкото тело, како што покажуваа анкетите на јавното мислење, веќе покажаа значително зголемување на поддршката за ПСОЕ (Bosco/Sanchez-Cuenca, 2009).

Меѓутоа, ПП на Маријано Рајои, за ваквите случувања се произнесе со аргументот дека изборните резултати се нелегитимни и разви стил на опозиција кој се нарекуваше „crispacion" („тензија" или „непријателство") кој го применуваа во текот на целиот период додека ПСОЕ беше на власт. Во основа, овој стил се состои не само од одбивање да се постигне било каков договор со Владата, туку и да се бараат директни конфронтации и создавање радикални поделби преку „негативни кампањи" кои се засноваат врз навредувања во врска со теми со кои се пренасочува вниманието од идеолошките прашања (Bosco/Sanches Cuenca, 2009).

Оваа стратегија не е нова. Откако Азнар стана лидер на Партијата, ПП правеше континуирани напори да ја фокусира политичката дебата на три прашања кои не се идеолошки: тероризмот и борбата против ЕТА, национализмот и пренесувањето на надлежностите, и корупцијата. Според некои експерти, тоа се совпаѓа со целта на ПП да ја поткопа предноста која социјалистите традиционално ја имаа, како последица на нивната идеолошка блискост со поголемиот дел од електоратот, кој тежнее да биде на левата страна од политичкиот спектар (Ontiveros et al. 2008, Bosco/Sanchez-Cuenca, 2009). Оваа стратегија, која секретарот за комуникации на ПП експлицитно ја образложи во интервју објавено во „Financial Times" непосредно пред Изборите во 2008[43], според една неодамнешна студија, предизвика значително намалување на центристичките социјалистички гласови кои беа регистрирани на Изборите во 2004 (Estefania et.al, 2008).

Покрај успешните заложби на ПП да ја пренасочат јавната дебата кон неидеолошки прашања, јасната фокусираност и забележителни достигнувања на идеолошките левичарски политики на ПСОЕ, особено оние кои се однесуваат на програмата за рамноправност и човекови права, и зајакнувањето на нејзините врски со традиционалните партнери, синдикатите, во рамките на „консензуалниот" стил на Запатеро, како и со главните гласачи, работниците, беа одлучувачки за победата во 2008. Покрај тоа, намерните напади и „crispacion" тактиката на ПП се чини дека беа

---

[43] „Нашата стратегија е насочена кон несигурните социјалистички гласачи. Ние знаеме дека тие никогаш нема да гласаат за нас, но доколку во нивните умови создадеме сомеж за економијата, имиграциите и прашањето на национализмот, тие, можеби потоа, ќе останат дома".

одбиени, со што се мобилизираше значителен дел од гласачите на левицата против ПП во 2008 (наместо тоа да оди во прилог на ПСОЕ).

Со други зборови, неодамнешните докази укажуваат дека голем процент од шпанските гласачи се однесуваа стратешки на Изборите во 2008. Всушност, губењето на гласови на третата политичка партија во Шпанија, ИУ, од 2.640.000 гласови на околу 10% во вкупните 970.000 гласови во 1996, и само две освоени пратенички места на Изборите во 2008 – делумно се поврзува со стратешкото однесување на редовните гласачи на ИУ кои не сакаа да ја видат ПП да победи на изборите (Vinuela and Artes 2009, Bosco/Sanchez-Cuenca, 2009). Околу 20,4% од гласачите на ИУ во 2004 гласаа за ПСОЕ во 2008. Уште позабележително, бидејќи до сега тоа се немаше случено, беше трансферот на националистичките гласови во ПСОЕ, веројатно како резултат на слични размислувања. Околу 13% од ЦИУ и 2% од гласачите на ЕРЦ во 2004, гласаа за ПСОЕ во 2008 (Bosco, Sanchez-Cuenca, 2009). Две квантитативни студии статистички ја потврдуваат оваа промена, заедно со гласовите од центарот кои преминаа кај ПП (Urquizu 2008, Torcal/Lago, 2008).

Во однос на претходната анализа, се чини дека одреден број на фактори го објаснуваат преовладувањето на социјалдемократијата во Шпанија во споредба со останатите европски земји, каде овие политички сили се во опаѓање. Најпрво, и согласно на тезите за „стеснување“ и „доминација на јавниот дискурс“[44] - ПСОЕ во Шпанија се смета за единствената централно-левичарска политичка сила во идеолошкиот спектар, во контекст на сè пополаризираната јавна дебата. Ваквата нарасната поларизација, за возврат се објаснува со една свесна стратегија од страна на ПСОЕ и ПП, и тоа претставуваше клучен двигател за гласачите во текот на последните два изборни процеса.

Ваквата поларизација е евидентна во силното идеолошко поврзување на одредени вредности со тоа „да се биде, или да се гласа за десницата“ и „левицата“, што е прикажано во продолжение, во Табелата. Рамноправноста, солидарноста, човековите права, слободата, напредокот,

---

[44] Теза на „стеснување“. На партискиот спектар, просторот за маневрирање на социјалдемократските партии се стесни во однос на политиките, дали заради тоа што конзервативните партии станаа „меки“ и сега ја зафаќаат десницата, или заради тоа што популистичките партии ги привлекуваат гласовите на огорчените групи од популацијата. Во земјите во кои двата тренда се во нагорна линија, социјалдемократските партии се во „сендвич“. Теза на „доминантност на јавниот дискурс“: Социјалдемократските партии престанаа да доминираат во јавниот дискурс во однос на клучните социјални теми. Јавното мислење претставува еден вид централно-либерална главна струја. Наспроти тоа, пристапот на прогресивната левичарска политика во повеќето случаи не може да командува со мнозинството во општеството. Во последните години, нивото на компетентност што им се припишува на социјалдемократските партии, започна да опаѓа. Секоја замисла дека тие се покомпетентни во споредба со останатите партии, речиси исчезна.

идеализамот и толеранцијата нашироко се поврзуваат со левицата од страна на испитаниците во едно од последните истражувања на ЦИС, додека, пак, традицијата и редот се квалитети, или вредности, кои се поврзуваат со тоа „да се биде со десницата“.

**Табела 1: Вредности кои се поврзуваат со партиите на десницата и левицата (%)**

| | Десница | Левица | Двете | Ниту една |
|---|---|---|---|---|
| Рамноправност | 9,2 | 45,0 | 18,0 | 10,3 |
| Чесност/пристојност | 14,7 | 25,1 | 21,8 | 23,2 |
| Човекови права | 10,2 | 38,1 | 26,8 | 8,4 |
| Традиција | 53,7 | 10,7 | 13,1 | 4,5 |
| Слобода | 14,9 | 39,6 | 19,3 | 6,5 |
| Напредок | 20,3 | 33.7 | 20,8 | 8,7 |
| Ред | 43,5 | 13,8 | 18,2 | 8,4 |
| Солидарност | 10,7 | 43,9 | 22,0 | 8,2 |
| Идеализам | 17,4 | 36,1 | 18,9 | 7,5 |
| Толеранција | 11,00 | 44,9 | 18,9 | 8,5 |
| Ефикасност | 25,6 | 20,7 | 16,9 | 18,9 |

*Извор: Истражување на ЦИС, јануари 2010*

Во текот на транзицијата и, речиси, сѐ до промената на Владата во 1996, приоритет во Шпанија претставуваше консолидирањето на демократијата, социјалниот мир и националната модернизација пред било кое друго политичко размислување кое земјата ќе ја доведе до конфронтации и поделби. Беа воспоставени три неформални институции за да се обезбеди и олесни овој процес: Пактот на тишината, кој наметнуваше избегнување на било каква политичка дебата за отштета на жртвите на диктатурата; потрагата по „супер-мнозинство“ или квалификувано мнозинство за државни прашања; приоритет на центрипеталните, наместо центрифугалните алијанси. Меѓутоа, овие три институции постепено почнаа да го отплеткуваат клопчето, што меѓу другите фактори доведе до висок степен на поларизација која денес ја има во Шпанија, како од историски, така и од споредбен аспект (Dalton 2008, Field 2005, Field, 2008).

Слична поларизација се појави во повеќето европски земји помеѓу 1970-те и 1980-те, додека, пак, во 1990-те консолидирањето на социјалната држава и преовладувањето на „Третиот пат“ го

стеснија јазот помеѓу конзервативните и прогресивните политички сили во овие земји. Случувањата во Шпанија беа сосема различни.

Второ, потребно е да се има предвид дека поголемиот дел од избирачкото тело во Шпанија се потпира врз левицата, каде ИУ и ПСОЕ се единствените реални опции (Ontiveros et al., 2008). Шпанската средна гласачка позиција, според повеќето анализи, традиционално е позиционирана кон централната левица на левичарско-десничарскиот идеолошки спектар (Ontiveros et al., 2008). Сликата 1, која се базира врз годишните анкети кои ги спроведува Центарот за социолошки истражувања (ЦИС), го прикажува развојот на самопозиционирањето на гласачите помеѓу 1978 и 2006. Како што е прикажано на Сликата, средната позиција на еден гласач постепено се насочи накај центарот: иако во раните 1980-ти се наоѓаше накај централната левица (3-5), во 1986 и 2000 се пренасочи кон центарот (4-6).

Во оваа смисла, пропорционалниот изборен систем во праксата функционира како мнозински и, оттаму, се претпочита преовладувањето на две главни партии, ПП и ПСОЕ. Појавата на друга левичарска политичка сила со потенцијален национален призвук може да претставува закана за доминацијата на ПСОЕ, но тоа, во моментов, не изгледа дека е остварливо. Меѓутоа, тоа не е случај во останатите европски земји,  каде социјалдемократските сили се соочија со појавата на други левичарски партии кои го преземаа водството за други прашања, како што е еколошката политика, која, пак, во Шпанија е дел од програмата на ПСОЕ.

Трето, од перспектива на тезите „Дархендорф“ и „отуѓувањето“,[45] преку неодамнешната политика и консензуален став на Запатеро, ПСОЕ успеаја да ги одржат во живот алијансите и врските со социјалните групи, кои традиционално ја поддржуваа Партијата. Во исто време, Партијата интензивно работеше на градење нови алијанси со сектори и социјални движења чии аспирации, веројатно, можат да најдат прибежиште во социјалистичката програма, како што се: жените, хомосексуалците, бисексуалците и трансексуалците, или имигрантите, како и многу НВО.

---

[45] Теза „Darhendorf“: Со крајот на индустриската ера, социјалдемократијата ја исполни својата намера и, оттаму, стана излишна. Избирачката база на (угнетената) индустриска работна сила повеќе не постои. Политичките ветувања за социјално напредување беа или исполнети, или повеќе не се сметаат за реални („нашите деца треба да имаат подобар живот“). Теза за „отуѓување“: Социјалдемократските партии се отуѓија од нивната оригинална база кај работниците. Ексклузивните врски со синдикатите, или социјалните движења, повеќе не постојат, или, пак, беа прекинати во последните години. Она што социјалдемократите можат да го понудат повеќе не одговара на потребите и аспирациите на работниците, кои с повеќе не гледаат перспектива во личното напредување.

Тоа не е случај во повеќето други европски држави, каде социјалдемократскиот дискурс и политики за граѓански права не беа толку силни и доследни во последните години, како што беа порано.

Слика 1
Еволуција на средниот гласач во Шпанија




Извор: Годишно истражување на Центарот за социолошки истражувања (ЦИС)

## Перспективи за иднината

Денешната ситуација не е поволна за ПСОЕ, заради комбинација на следните фактори, меѓу кои се вбројуваат:

1. Долгата и штетна економска криза и перцепцијата на јавноста дека на крајот средната класа и најранливите се оние кои ја плаќаат цената во Европа, имајќи во предвид дека во втората фаза од реакцијата на кризата, преовладува мерката која е поттикната од конзервативците.
2. Неуморните и претерани кампањи за односи со јавност кои ги спроведува главната опозициска партија, т.е. конзервативната ПП, во рамките на нивната „conspicion“ стратегија, имаат за цел да се обесхрабри гласањето за социјалистите, наместо да го привлечат нивното избирачко тело со алтернативна и конструктивна програма и дебата.
3. Недостиг на поддршка за Владата од другите политички сили во Парламентот и од повеќето медиуми, од различни причини, вклучително и воспоставувањето на коалициска влада со ПП во покраината Баскија, од која беше исклучена националистичката партија ПНВ, како и заради мерките кои Владата ги воведе за да се зголеми конкурентноста на медиумите и комуникацискиот сектор.

Меѓутоа, покрај тешката ситуација, Владата на Хосе Луис Родригуес Запатеро остана кохезивна и посветена на оригиналната социјалистичка програма. Од една страна, Владата е одлучна да продолжи да ја развива експанзијата на човековите права, што ја прави Шпанија да биде една од најпрогресивните земји во Европа. Во првото полугодие на 2010, се дискутираат и процесираат: законот со кој се подобруваат гаранциите за абортусот, законот за верските слободи и законот за еднаков третман и постапување. Покрај тоа, најранливите, вклучително и невработените и лицата кои други ги издржуваат, остануваат да бидат на врвот на приоритетите на Владата, и покрај моменталните финансиски ограничувања.

Од друга страна, како дел од вториот столб на својата програма, Владата ќе воведе одредени структурни реформи кои имаат за цел да ја постават основата на новата одржлива економија, вклучително и реформа на пазарот на работна сила, реструктуирање на банкарскиот сектор и реформа на пензискиот систем. Фондацијата IDEAS подготви извештај за новата одржлива економија, во кој се анализира моменталната состојба и трендови во Шпанија и потребните реформи на среднорочен и долгорочен план, во поглед на трансформација на шпанскиот модел на производство до 2025, земајќи ја предвид трикратната цел: економска, социјална и еколошка одржливост. Во извештајот се истакнува фактот дека вистинските економски сектори се промовираат преку реформи кои се предлагаат за следните 15 години – вработеноста во Шпанија треба да се зголеми за 20%, а приходот по глава на жител да се зголеми за 40%, додека, пак,

нееднаквоста во приходите да се намали за 30%, а емисијата на штетни гасови за 20%, во споредба со сценарио во кое нема спроведување на реформи (IDEAS, 2009).

Сегашната политичка атмосфера се чини дека создава едно генерално незадоволство од политиката, кое може да доведе до зголемување на процентот на гласачи кои нема да излезат на претстојните избори. Анализата која се заснова врз постојните податоци, исто така укажува дека малцинските партии, како што е новата центристичка УПиД и левичарската ИУ, може особено да ја искористат постојната ситуација. Меѓутоа, околностите и високиот степен на несигурност наметнуваат потреба од внимателност при оценките и предвидувањата за политичкиот развој во текот на следните две години, кога ќе се одржат локалните и регионалните избори. Јасно е, секако, дека случувањата во овие две години ќе бидат клучни за исходот на општите избори во 2012, што денес, доколку го земеме предвид брзото темпо на промени на политичката арена, останува да биде неизвесно.

## Европска перспектива

Се чини дека неодамнешните изборни резултати во некои земји го потврдија опаѓањето на рејтингот на социјалдемократските партии во Европа. Денес, социјалдемократите се на власт само во четири европски земји, а на последните европски избори добија поголем број на претставници отколку десничарските партии во само шест, од ЕУ27. Следствено на овие резултати, последните национални избори во: Германија, Холандија, Франција и Обединетото Кралство покажаа уште полоши резултати во историски околности во последните децении за холандската и британската лабуристичка партија, германската СПД и француската Социјалистичка партија. Во овој контекст, дебатата за сегашната состојба на социјалдемократијата во Европа доби централно место. Дали сме сведоци на крајот или на обновата на една од најголемите идеологии во дваесет и првиот век во Европа?

Очигледно е дека денес околностите се различни од околностите во 1970-те и 1980-те. Зголемената глобализација, институционализацијата на социјалната држава, консолидирањето на слободните пазари како главен столб на нашиот економски модел, општото зголемување на просечното ниво на приходи, зголемувањето на социјалната хетерогеност „но, не во одредена насока“, и прогресивното политичко фрагментирање, се само некои од трендовите со кои може да се објасни недостигот на приспособување на некои социјалдемократски платформи, агенди и алијанси во однос на новите загрижености и аспирации на европската јавност.

Некои од одговорите на овие предизвици, кои произлегоа на различните форуми кои имаат за цел „обнова на социјалдемократското размислување и политики“ вклучуваат:

- Дефинирање на економски модел кој може да стане реална алтернатива на конзервативната/либералната парадигма и кој може да се примени во кризни времиња. Овој модел треба да се заснова врз правичност, ефикасност и одржливост и би вклучувал редефинирање на улогите наспроти технологијата и индустријата, како и, генерално, на јавниот сектор во однос на зголемен квалитет и ефикасност на услугите. Исто така, мора да се даде поинаква улога и на енергетскиот модел.
- Дефинирање на програма и јасен патоказ за поттикнување на доверба кај избирачкото тело во тешки времиња. Прогресивните движења се поврзуваат со промена и, оттаму, во некои случаи, со нестабилност и небезбедност. Мобилноста и позитивните промени ќе продолжат и понатаму да бидат обележјата на социјалдемократијата, но заедно со економската, правната и социјалната безбедност.
- Активен придонес кон организацијата на граѓанското општество, претставување на новите социјални групи и создавање нови социјални навики.
- Идентификување на јасна, кохерентна и иновативна меѓународна програма која дава соодветен одговор на деликатните прашања – како што е безбедноста – и воена и економска – и зголемената потреба за различните слоеви на Владата да станат компатибилни помеѓу себе.
- Развивање нов приод и комуникациски алатки кои ќе овозможат повторно поврзување со групите кои зборуваат со јазикот на промените и иновациите, како што се млади луѓе и интелектуалци, а притоа, да се остане во контакт со традиционалните групи, како што се технократите кои користат „пореален“ јазик.
- Промени во културата и структурите на социјалдемократските партии, кои сега се премногу конзервативни и склони кон ендогамија.
- Зајакнување на улогата на државата на сите нивоа, особено на локално ниво, заедно со оние на граѓанското општество и индивидуалната одговорност, во три контексти: како граѓани, како членови на заедниците и како членови на семејствата.

## Завршни забелешки

ПСОЕ е една од најголемите политички сили во Шпанија. Како клучен фактор во текот на процесот на транзиција, нејзиниот дискурс и програма станаа двигатели на значајни социјални и граѓански промени откако Партијата се врати на власт во 2004, под раководство на Хосе Луис Родригуес Запатеро. Денес, Шпанија е една од најпрогресивните земји во Европа во однос на граѓанските права и го има развиено четвртиот столб на социјалната држава, кој делумно се однесува на еден од најголемите предизвици со кои се соочува Европската Унија: рапидно демографско стареење. Во исто време, ПСОЕ започна да развива нова концепциска и политичка рамка за нов економски и продуктивен модел, кој е фокусиран на социјалната, еколошката и економската одржливост.

Глобалната економска криза имаше значајно влијание врз земјата и јавната перцепција за ПСОЕ и нејзиниот кредибилитет. Опаѓањето на поддршката на јавноста се должеше делумно на ограничениот простор за маневрирање на шпанската Влада во последните месеци, бидејќи координираниот одговор на Европската Унија на кризата во оваа втора фаза од закрепнувањето, се дефинира од надмоќта на конзервативните влади. Меѓутоа, веројатно е дека ситуацијата ќе се подобри во претстојните месеци, кога ќе започнат да се спроведуваат реформите за кои Владата преговара со социјалните и економските партнери и кога мерките за регулирање и оданочување на финансиот пазар ќе бидат усвоени на меѓународните форуми, како што промовира Шпанската социјалистичка партија.

Во текот на следните две години, кои водат кон општи избори, ПСОЕ ќе продолжи да работи на обновата и развојот на својата долгорочна идеолошка рамка и програма на политики, зајакнувајќи ги своите алијанси во рамките на граѓанското општество и на меѓународен план, и подготовка на мерки за моментално и соодветно справување со кризата, во однос на подобрување на животниот стандард за сите граѓани, заштита на најранливите и обезбедувањето дека прогресивните вредности на социјалната правда и кохезија, слободата, можностите и одржливоста, останувaат во центарот на владините активности.

**Табела 2: Шпански влади од почетокот на транзицијата**

| | Партија | Претседател | Мнозинство | Партнери |
|---|---|---|---|---|
| 1977-1982 | UCD | Адолфо Суарес | Да | Сите партии |
| 1982-1986 | PSOE | Фелипе Гонзалез | Да | |
| 1986-1989 | PSOE | Фелипе Гонзалез | Да | |
| 1989-1993 | PSOE | Фелипе Гонзалез | 50% | |
| 1993-1996 | PSOE | Фелипе Гонзалес | Не | PNV, CiU |
| 1996-2000 | PP | Хозе Марија Азнар | Не | PNV, CiU |
| 2000-2004 | PP | Хозе Марија Азнар | Да | |
| 2004-2008 | PSOE | Хосе Луис Родригуес Запатеро | Да | PNV, CiU |
| 2008-денес | PSOE | Хосе Луис Родригуес Запатеро | Да | CiU |

**Табела 3: Изборни резултати во Шпанија, 1977-2008**

| | 1977 | | 1979 | | 1982 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | % Гласови | % Пратенички места | % Гласови | % Пратенички места | % Гласови | % Пратенички места |
| PCE/IU | 9,3 | 5,7 | 10,8 | 6,6 | 4,0 | 1,1 |
| PSOE | 29,4 | 33,7 | 30,5 | 34,6 | 48,4 | 57,7 |
| UCD | 34,6 | 47,4 | 35,9 | 48,0 | 6,5 | 3,4 |
| AP/PP | 8,8 | 4,6 | 6,1 | 2,6 | 26,5 | 30,3 |
| CiU | 2,8 | 3,1 | 2,7 | 0,3 | 3,7 | 3,4 |
| PNV | 1,7 | 2,3 | 1,5 | 2,0 | 1,9 | 2,3 |

| | 1986 | | 1989 | | 1993 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | % Гласови | % Пратенички места | % Гласови | % Пратенички места | % Гласови | % Пратенички места |
| IU | 4,5 | 2,0 | 9,1 | 4,9 | 9.6 | 5.1 |
| PSOE | 44,6 | 52,6 | 39,9 | 50,0 | 38.3 | 45.4 |
| AP/PP | 26,3 | 3,0 | 25,9 | 30,6 | 34.8 | 40.3 |
| CiU | 5,1 | 5,1 | 5,1 | 5,1 | 4.9 | 4.9 |
| PNV | 1,6 | 1,7 | 1,2 | 1.4 | 1.2 | 1.4 |

| | 1996 | | 2000 | | 2004 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | % Гласови | % Пратенички места | % Гласови | % Пратенички места | % Гласови | % Пратенички места |
| IU | 10,6 | 6,0 | 5,5 | 2,3 | 5,3 | 1,42 |
| PSOE | 37,5 | 40,3 | 34,1 | 35,7 | 43,3 | 46,85 |
| PP | 38,8 | 44,6 | 44,5 | 52,3 | 38,3 | 42,28 |
| CiU | 4,6 | 4,6 | 4,2 | 4,3 | 3,3 | 2,85 |
| PNV | 1,3 | 1,4 | 1,5 | 2,0 | 1,6 | 2,0 |
| ERC | 0,7 | 0,3 | 0,8 | 0,3 | 2,5 | 2,28 |

| | 2008 | |
|---|---|---|
| | % Гласови | % Пратенички места |
| IU | 3,77 | 0,57 |
| PSOE | 43,87 | 48,29 |
| PP | 39,94 | 44,00 |
| CiU | 3,03 | 2,86 |
| UPyD | 1,19 | 0,29 |
| PNV | 1,19 | 1,71 |
| ERC | 1,16 | 0,86 |

Извор: Истражување на Encarnation (2008) и на Центарот за социолошки истражувања (ЦИС).

**Табела 4: Европски изборни резултати, 1987-2009, ПСОЕ и ПП**

| | 1987 | | 1989 | | 1994 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | % | Пратенички места | % | Пратенички места | % | Пратенички места |
| PSOE | 39,06% | 28 | 39,57% | 27 | 30,79% | 22 |
| PP | 24,65% | 17 | 21,41% | 15 | 40,12% | 28 |
| | 1999 | | 2004 | | 2009 | |
| | % | Пратенички места | % | Пратенички места | % | Пратенички места |
| PSOE | 35,33% | 24 | 43,46% | 25 | 38,51% | 21 |
| PP | 39,74% | 27 | 41,21% | 24 | 43,23% | 23 |

Извор: Министерство за надворешни работи

**Скратеници:**
AP: Alianza Popular до 1988, потоа Partido Popular
CiU: Convergència I Unió
ERC: Esquerra Republikana de Catalunya
IU: Izquierda Unida
PCE: Partido Comunista Vasco
PNV: Partido Nacionalista Vasco
PP: Partido Popular
PSOE: Partido Socialista Obrero Español
UCD: Unión de Centro Democrático
UPyD: Unión Progreso y Democracia

## Користена литература

Astudillo, J., and E. Garcia-Guereta (2006): „If It Isn't Broken, Don't Fix It: The Spanish Popular Party in Power" („Ако не е скршено, не го поправај: Шпанската народна партија на власт") во South European Society and Politics II (Општеството во Јужна Европа и политиката) (3 and 4): 399-417.

Barriero, B. (2002). „La progresiva desmovilizacion de la izquierda en Espana: un analisis de la abstencion en las elecciones generasles de 1986 a 2000” in revista Espanola de Ciencia 5:183-205.

Bosco, A., and I. Sanchez-Cuenza (2009): La Espana de Zapareto. Anos de Cambios 2004-2008. Madrid: Editorial Pablo Inglesias.
Campmany, J. (2005): El Efecto ZP. 1000 Dias de Campana para llegar a la Moncloa; Planeta.

Castro, C. (2008): *Relato Electoral de Espaca 1977–2007;* Institut de Ciencies Politiques i Socials, Universitat Autynoma de Barcelona.

Castromil, A. (2007): „Treinta acos de elecciones democráticas (1977–2004): ïcymo votan los espacoles?“ Escola galega de Administraciyn Publica.

Chhibber, P., and M. Torcal (1997): „Elite Strategy, Social Cleavages, and Party Systems in a New Democracy: Spain“ („Елитна стратегија, социјален раскол и партиски системи во новата демократија“) во *Comparative Political Studies (Компаративни политички студии)* 30 (1): 27–54.

Cox, G. (1990): „Centripetal and Centrifugal Incentives in Electoral Systems“ (Центрипетални и центрифугални иницијативи во изборните системи) во
*American Journal of Political Science (Американски журнал за политички науки)* 34: 903–35.

Dalton, R. J. (2006): „Social Modernization and the End of Ideology Debate: Patterns of Ideological Polarization“ („Социјална модернизација и крај на идеолошката дебата“) во *Japanese Journal of Political Science (Јапонски журнал за политички науки)* 7 (1): 1–22.

Dalton, R. J. (2008): „The Quantity and the Quality of Party Systems: Party System Polarization, Its Measurement, and Its Consequences“ („Квантитет и квалитет на партиските системи: Поларизација на партискиот систем, мерење и последици“) во *Comparative Political Studies (Компаративни политички студии)* 41 (7): 899–920.

Encarnacion, Omar G. (2008): *Spanish Politics (Шпанска политика)*. Cambridge: Polity Press.

Estefania, J. et al. (2008): *Down But Not Out. Report on Democracy in Spain 2008 (Долу, но не и надвор. Извештај за демократијата во Шпанија 2008);* Fundacion Alternativas.

Field, Bonnie N. (2005): „De-thawing Democracy: The Decline of Political Party Collaboration in Spain (1977 to 2004)“ (Разводнување на демократијата. Опаѓањето на соработката на политичките партии во Шпанија) во *Comparative Political Studies (Компаративни политички студии)* 38.9 (ноември): 1079–1103.

Field, Bonnie N., and K. Hamann (2008): „*Democracy and Institutional Development. Spain in Comparative Theoretical Perspective“. (Демократија и институционален развој. Шпанија во компаративна теоретска перспектива)* Basingstoke: Palgrave Macmillan.

Garcia Vicuela, E., and J. Artes (2009): *Una Estimaciyn del Voto Estratѝgico en las Elecciones Generales Espacolas, 2000–2008;* Instituto de Estudios Fiscales.

Gonzalez, J. J. (2004): „Voto y control democratico: las elecciones del 14-M“, Universidad Nacional de Educaciyn a Distancia.

Hamann, K. (2000): „Linking Policies and Economic Voting: Explaining Reelection in the Case of the Spanish Socialist Party“ („Поврзување на политиките и економското гласање во случајот на шпанската Социјалистичка партија“) во *Comparative Political Studies (Компаративни политички студии)* 33 (8): 1018–48.

Hopkin, Jonathan (2005): „Spain: Proportional Representation with Majoritarian Outcomes“ („Шпанија: пропорционална застапеност со мнозински резултати“) in Michael Gallagher and Paul Mitchell (eds.): *The Politics of Electoral Systems (Политика на изборни системи)*. Oxford University Press: 375–394.

IDEAS (2010)*: Ideas for a New Economy, Towards a More Sustainable Spain in 2025,* (Идеи за нова економија, кон поодржлива Шпанија во 2025), Извештај, јануари 2010, IDEAS for Progress Foundation.

Knutsen, O. (1998): „Expert Judgments of the Left–Right Location of Political Parties: A Comparative Longitudinal Study“ („Експертско мислење за лево-десната поставеност на политичките партии. Компаративна студија“) во *West European Politics (Западноевропска политика)* 21 (2): 63–94.

Lago Pecas, I., and J. R. Montero (2005): *Del 11-M al 14-M: Los mecanismos del cambio electoral,* Universitat Pompeu Fabra.

Laver, M., and W. B. Hunt (1992): „*Policy and Party Competition“ („Политика и партиска конкуренција“)* New York: Routledge.

Macridis, R. C., and B. E. Brown (1990): „*Comparative Politics: Notes and Readings“ („Компаративна политика: белешки и трудови“)* Pacific Grove, ca: Brooks-Cole Publishing.

Maravall, J. M. (1995): „*Los resultados de la democracia“*, Madrid: Alianza Editorial.

Marquez, M. L. and V. Ramirez (1998): „The Spanish Electoral System: Proportionality
and Governability" („Шпански изборен систем. Пропорционалност и управување") во *Annals of Operations Research, (Анали за оперативни истражувања)* vol. 84: 45–59.

Martin Najera, A. (2009): *Partido Socialista Obrero Espacol,* Fundaciyn Pablo Iglesias.
ipg 4 /2010 de Paz Nieves/Moreno Rodriguez, Spain 85

Mendez Lago, M. (2006): „Turning the Page: Crisis and Transformation of the Spanish
Socialist Party," („Вртење на страницата: криза и трансформација на Шпанската социјалистичка партија") во *South European Society and Politics („Општеството во Јужна Европа и политиката")* 14 (2): 227–31.

Michavilla, N. (2005): *Guerra, Terrorismo y elecciones: incidencia electoral de los atentados islamistas en Madrid,* Real Instituto Elcano, DT N13/2005.

Ramiro, L., and L. Morales (2004): „Latecomers but Early Adapters: The Adaptation and Response of Spanish Parties to Social Changes" („Дојдени доцна, но лесно приспособени: приспособување и одговор на шпанските партии на социјалните промени") in K. Lawson and T. Poguntke (eds.): *„How Political Parties Respond to Voters. Interest Aggregation Revisited" („Како политичките партии реагираат на гласачите: Повторно зголемување на интересот")* London: Routledge: 198–226.

Saez Lozano, J. L. (2001): „Las elecciones del 12-M en perspective: una interpretacion  estratigica" in *Revista de Estudios Politicos*.

Torcal and Lago (2008): „The 2008 General Election in Spain" („Општите избори во Шпанија во 2008) во *„South European Society & Politics" („Општеството во Јужна Европа и политиката")* 13: 363–375.

Torcal, M., and L. Medina (2002): „Ideologia y voto en Espaca 1979–2000: los procesos de reconstrucciyn racional de la identificaciyn ideolygica," in *Revista Espacola de Ciencia Politica* 6: 57–96.

Urquizu, I. (2008): „9-M: Elecciones tras la crispaciyn" in *Claves de la Razon Practica* 181: 48–55.

Van Biezen, I. (2003): *„Political Parties in New Democracies, Party Organization in Eastern and Southern Europe („Политичките партии во новата демократија, партиското организирање во Источна и Јужна Европа)* Basingstoke: Palgrave MacMillan.

Vicuela, E., and J. Artes (2009): „Una estimaciyn del voto estratigico de Izquierda Unida al Partido Socialista en las elecciones generales del perнodo 2000–2008" in *Revista espacola de investigaciones sociolygicas* 128: 35–56.

## Благодарност

Карлос Мулас, директорот на IDEAS го надгледуваше подготвувањето на овој документ. Свој посебен придонес дадоа Ирене Рамос, раководител во областа на политиката, еднаквоста и граѓанството; Давид Гименес, раководител во областа на институционалните односи; и Лудофо Парамио, член на одборот на Фондацијата IDEAS и на Шпанскиот висок совет за научни истражувања. Покрај тоа, овој документ го прегледаа и Давид дел Кампо, шеф на кабинетот на Секретаријатот на ПСОЕ и Хозе Антонио Еспео, шеф на кабинетот на Секретаријатот на ПСОЕ за меѓународна политика и соработка, како и Хесус Калдера Санчез-Капитан, член на шпанскиот Парламент (ПСОЕ) и потпретседател на Фондацијата IDEAS. Посебна благодарност до сите кои дадоа свој придонес.

## ПАТРИК ДАЈМОНД

# БРИТАНСКА ЛАБУРИСТИЧКА ПАРТИЈА: НОВИТЕ ЛАБУРИСТИ БЕЗ ВЛАСТ

| БРИТАНСКА ЛАБУРИСТИЧКА ПАРТИЈА<br>BRITISH LABOUR PARTY (LP) | |
|---|---|
| Официјална веб страница: | www.labour.org.uk |
| Лидер на Партијата: | Хариет Херман (вршител на должност) Rt. Hon. Harriet Harman |
| Краток историјат: | Основана од Keir Hardie во 1900. Во 1924 за првпат беа избрани како мнозинска влада, со Ramsey MacDonald како премиер, и беа на власт до 1929. Првата мнозинска лабуристичка влада во Британија беше избрана под раководство на Clement Attlee, во 1945. |
| Членство во SI и PES: | Член на SI и  PES |
| Партиско членство: | 2010: 190.000 членови<br>1997: 405.000 членови<br>Од Општите избори одржани во мај 2010, повеќе од 15.000 луѓе се пријавиле за членство во Партијата |
| Одзив на избирачкото тело на парламентарните избори: | 2010:29,1% од гласовите (258 пратеници), во опозиција<br>2005: 35,6% од гласовите (356 пратеници), во Владата<br>2001: 41,2% од гласовите (415 пратеници), во Владата<br>1997: 44,0% од гласовите (418 пратеници), во Владата |
| Одзив на избирачкото тело на европските избори: | 2009: 15,5% од гласовите<br>2004: 22,6% од гласовите<br>1999: 26,8% од гласовите<br>1994: 44% од гласовите |
| Учество  во Владата: | Од 2010: во опозиција<br>1997-2010: во Владата;<br>Претседател на Владата: Тони Блер (Tony Blair) (1997-јуни 2007), Гордон Браун (Gordon Brown) (јуни 2007-2010) |

Покрај тоа што Лабуристичката партија доминираше на изборите од средината на 1990-тите, токму тогаш произлегоа и главните прашања во однос на севкупната стратешка определба како партија на власт. Првото прашање се однесуваше на формирањето на првата коалициска влада во британската политика во последните 80 години, и второто прашање – каде се наоѓа Партијата сега во однос на двата пола на оската, односно Европската Унија и Соединетите Американски Држави.

Од средината на 1990-тите, за Лабуристичката партија тоа беше најодржливиот период на успех на изборите во нејзината историја. До 1997, Лабуристичката партија владееше во релативно кратки временски интервали, бидејќи Конзервативната партија постигна изборна хегемонија во британската политика на дваесет и првиот век. Само во 1945-51 и 1964-70, Лабуристичката партија, како партија на власт, беше во можност да остави значителен белег во земјата. Меѓутоа, по 1997, таканаречената, „нова“ Лабуристичка партија триумфираше на три последователни општи избори. Покрај изборниот успех на „новата“ Лабуристичка партија, сега прогресивните сили во британската политика водат опсежна дебата дали Лабуристичката партија има оставено институционално наследство во земјата по нејзиното поствоено уредување од 1945. Критичарите тврдат дека постигнувањата на Партијата беа компромитирани со прифаќањето на неолиберализмот, и дека премалку беше направено за да се променат условите за политичката дебата во времето на новата Лабуристичка партија.

Од друга страна, поддржувачите на новата Лабуристичка партија тврдат дека централната десница во Британија беше присилена да усвои социјалдемократска програма. Наследството од тачеризмот беше отфрлено во времето на Дејвид Камерун, за да ѝ се овозможи на Конзервативната партија да стане потенцијална партија во Владата. Ниту една партија во Британија повеќе не може да победи на изборите со јасна десничарската политичка програма. Тоа е врвниот триумф на новата Лабуристичка партија, со кој се редефинираше центарот во британската политика.

Меѓутоа, сцената на британската политика се трансформираше со Општите избори во 2010 и со формирањето на централно-десничарскиот сојуз помеѓу Конзервативната партија и Либералдемократската партија. Сега, во Британија има повеќепартиски систем, а комбинираниот удел на гласови за конзервативците-лабуристите падна на досега најниското ниво. Тоа значи дека за било која партија ќе биде сè потешко да добие апсолутно парламентарно мнозинство, дури и со „мнозинскиот изборен систем“. Веројатно е дека во иднина ќе има поголем плурализам во

британската политика, а владите ќе се формираат преку коалиции и договори за споделување на власта. Традиционалниот образец на британската политика решително беше прекинат, а тоа имаше значајни стратешки импликации за Лабуристичката партија во Обединетото Кралство.

Формирањето на новата Лабуристичка партија се постигна преку спојување на идеите и идеологиите кои се својствени за американската прогресивна традиција и нивното приспособување со европската социјалдемократија. Идејата беше Британија да премине кон англо-американската ориентација за економска ефикасност и пазарна дерегулација, со силна социјална заштита и пристап кон социјална правда, која е својствена за социјалните држави на Западна Европа.

Во иднина, претстои голема дебата за тоа дали лабуристите ќе се придвижат поблиску до европскиот социјален модел, притоа ставајќи ги пазарите под посилна регулаторна контрола и усвојувајќи го европскиот постулат за одбраната и глобалната безбедност. Постојат докази дека таквиот пристап би бил популарен кај гласачите и дека е поблизу до она што избирачкото тело го бара по кризата со Ирак од 2003 и глобалната економска криза од есента во 2008. Сепак, тоа ќе претставува решително отфрлање на пристапот на Третиот пат, кој новата Лабуристичка партија го усвои под раководство на Блер и Браун.

## Актуелна состојба

### *Изборите во 2010*

Лабуристичката партија освои 29,1% од гласовите на Општите избори во 2010. По Првата светска војна, ова е вториот најмал број гласови дадени за лабуристите на национални парламентарни избори, а бројот на пратеници се намали на 258. Лабуристите изгубија, речиси, еден милион гласови, во споредба со 2005.

Анкетите на јавното мислење покажуваат дека најзначајното прашање во изборната кампања беше економијата (32%), по што следуваше здравството (26%), образованието (23%), азилот и имиграциите (14%), оданочувањето (12%) и невработеноста (11%) (IPSOS MORI Политички мониторинг, 2010).

Всушност, главното прашање беше колку брзо секоја од партиите ќе бара да се отстрани структурниот дефицит во Обединетото Кралство, кој сега изнесува 12,9% од БДП. Конзервативната партија се изјасни дека веднаш би вовела ограничувања, назависно од тоа колку севкупно е здрава економијата, по најлошата глобална рецесија во последните 80 години. Во меѓувреме, лабуристите и либералдемократите тврдеа дека брзото намалување на јавната потрошувачка ќе биде штетно и дека е неопходно да се одржи стимулот, без прерано намалување на јавната потрошувачка. Лабуристите дури и ветија дека ќе го намалат дефицитот на половина за период од четири години, меѓутоа, ако се стави поголем акцент на зголемувањето на данокот на приход за побогатите.

Стана јасно дека перцепцијата за економската компетентност е клучна за изборните резултати. Ваквата ситуација беше посебен предизвик за лабуристичката Влада, бидејќи таа беше на власт кога започна финансиската криза во есента 2008. Британската економија се соочи со шест последователни квартали на опаѓање, додека, пак, стапката на невработеност и банкротирања забележа нагло зголемување. Лабуристите успеаја да ја намалат предноста на конзервативците во однос на економската компетентност во текот на 2009, тврдејќи дека активизмот во областа на финансиите ги зачува работните места и го заштити животниот стандард.

До мај 2010, двете партии беа на мртва трка за економијата, иако на претходните три избори лабуристите имаа значајно водство. Исто така, лабуристите страдаа од опасностите, кои со себе ги донесе 13-годишното владеење: до мај 2010, 76% од гласачите се согласија дека на Британија ѝ е потребен „нов тим на лидери“ (IPSOS MORI, 2010).

Во 1997, новата Лабуристичка партија успешно состави поширока изборна коалиција, што ѝ обезбеди 44% од гласовите; меѓутоа, до 2010, коалицијата се распадна. Лабуристите најмногу ја изгубија поддршката од гласачите со средни и ниски примања. Во 2005, 43% од C2 „гласачи од работничката класа“ ја поддржаа Лабуристичката партија. До 2010, оваа поддршка опадна на 23%. Партијата, исто така, изгуби значителна поддршка во јужна и југоисточна Англија и освои само 10, од 210 пратенички места и 16% од гласовите.

Според првичните анализи, слабиот изборен резултат на лабуристите се припишува на губењето на поддршката од гласачите симпатизери од „средна Британија“. Моќните сили на глобалната економија ги намалија платите и ги зголемија животните трошоци во текот на последните пет години, со што се зголеми чувството на фрустрираност и нелагодност за прашања како што се имиграциите и реформата на социјалата. Иако лабуристите успеаја да состават моќна коалиција

од гласачи симпатизери и од традиционалните поддржувачи во 1997, тврдејќи дека ќе ја обединат економската ефикасност и социјална правда, сепак, оваа коалиција се распадна до 2010.

## Остварувањата на лабуристите во Владата

Каде ќе се најдат лабуристите во иднина, во голема мерка ќе биде одредено од перцепцијата за нивните остварувања додека беа на власт од 1997. На сите оние кои сакаат лабуристите во иднина да спроведат радикална програма, која е поусогласена со традиционалната социјалдемократија, ќе ги потсетиме дека тукуштo бевме сведоци на 13 потрошени години. Лабуристичката влада, под раководство на Тони Блер и Гордон Браун, имаше единствена можност да постапи спротивно на социјалните и економските неправедности кои се појавија откако Маргарет Тачер дојде на власт во 1979 година, за повторно да се изградат социјалната држава и јавните служби и да се создаде порамноправно општество.

Според коментаторите, администрацијата ја пропушти таа можност бидејќи одлучно ги прифати фундаменталните начела на пазарниот либерализам, прифати да владее со параметрите на Тачер, наместо одлучно да ги прекине, и се приклучи на САД во војната против теророт во Ирак и Авганистан, која го подели западниот свет.

Оние кои со поголеми симпатии гледаат на новата Лабуристичка партија, жестоко се противат на ваквото објаснување, тврдејќи дека независно на тоа која насока ќе ја зафати Лабуристичката партија во иднина, таа ќе мора да ги надградува постигнувањата на Блер и Браун, а не да ги отфрла и одрекува. Овие коментатори истакнуваат дека поранешните лабуристички влади, како што беше администрацијата на Атли во 1945, беа потценувани долго време по поразот. Меѓутоа, времето на Атли подоцна беше оценето како најдоброто време на Партијата, кога беа создадени Националниот здравствен сервис (NHS) и поствоената социјална држава. Неговите застапници велеа дека така ќе биде и со новата Лабуристичка партија и во нареднта деценија.

Објективно гледано, посветеноста на лабуристите за јавните услуги од 1997 е неспоредлива во модерната британска историја. Инвестициите во NHS беа повеќе од удвоени од средината на 1990-тите, и сега се повисоки од европскиот просек: образованието, полицијата, казнената правда, и транспортот, сите значително беа поттикнати за трошење. Исто така, имаше и значајни подобрувања на остварувањата во сите јавни служби. На пример, според меѓународната Pisa

студија за описменување и математика, до почетокот на 2000, кај учениците на возраст од 7 до 14 години, училиштата во Англија имаа подобри остварувања од било кога претходно.

Јавната сфера во Британија сега е посилна, побезбедна и поодржлива, отколку во претходната деценија. Стабилниот развој на британската економија значеше не само реален раст на приходите на мнозинството и најголем пад на стапката на невработеноста до тогаш, туку и придонес за инвестирање во британските јавни служби. Се разбира, критичарите од централно-десничарските партии тврдат дека премногу пари се потрошени на бирократија и ублажување на лутината кај вработените во јавниот сектор. Тие тврдат дека пазарно предводените реформи во здравството и образованието беа недоволно радикални за да се зголеми конкуренцијата и изборот. Иако перцепцијата за јавните услуги на локално ниво се подобри, беше сигурно дека повеќето гласачи на национално ниво беа скептични околу тоа дали навистина лабуристите направија фундаментална трансформација на остварувањата на јавните служби.

Во однос на нерамноправноста, остварувањата на лабуристите се многу дискутабилни. Целта на политиката беше да се намали јазот во реалните приходи помеѓу средното и последното ниво на распределба. Оваа цел, главно, беше исполнета преку трансфер на приходи и даночни олеснувања. До 2008-2009, имаше половина милион помалку деца кои живееја во сиромаштија, со многу помалку пензионери кои се бореа да опстанат со особено ниските примања.

Меѓутоа, јазот помеѓу богатите и сиромашните севкупно се продлабочи во текот на овој период. Особено што постоеше загриженост дека со новите лабуристи на многу богатите им беше дозволено да станат уште побогати, како што покажа коефициентот Gini. Тоа се продлабочи со финансиската криза есента 2008, кога се обвинуваше дека извор на нестабилноста на финансиските пазари беше нееднаквоста во примањата кои ги уживаа банкарите и финансиерите. Но, најконтроверзна беше одлуката на Тони Блер со која Британија ѝ се посвети на војната во Ирак, заедно со САД, во 2003, како дел од војната против теророт. Одлуката со која Британија се вклучи во војна, треба да се постави заедно со три други значајни теми во надворешната политика на новата Лабуристичка партија.

Првата тема се однесува на обврзаноста на Тони Блер кон либералниот интервенционизам, како што беше истакнато во неговото предавање во Чикаго, во април 1999. Тоа се засноваше врз аргументот дека е легитимно да се интервенира во работите на суверените држави – доколку е неопходно, со воена сила – за да се поддржи меѓународното право и да се заштитат основните човекови права.

Втората тема е поврзана со одлуката на Владата на Обединетото Кралство да даде неусловена и еднострана поддршка на Америка во нејзиното постапување во војната против тероrот, по терористичките напади од 11 септември. Овој став ја одрази поствоената обврзаност на Британија кон, таканаречениот, „специјален однос“ со САД, а тоа го споделуваа сите влади, независно дали од десницата или левицата.

Конечно, и покрај првичниот ентузијазам за европскиот проект и инсистирањето на Блер дека Британија мора да биде „во срцето на Европа“, постоеше сè поголем скептицизам во однос на тоа дали ЕУ може да функционира како ефективен глобален играч на планот на безбедноста и одбраната.

Европската политика на лабуристичката влада може најдобро да се опише како еден условен проевропеизам. Од 1970-тите, учеството на Британија во рамките на Европа во голема мерка се поврзува со економијата и националниот интерес. Досега, малкумина од британските политичари заради принципиелност беа подготвени да презентираат еден поширок политички аргумент во прилог на Европа. Во британската дебата, Европа се смета како најефективното решение за релативниот пад на економијата, и дека има малку или не постојат алтернативи за целосно учество во европскиот пазар кој се шири.

Ваквите аргументи, во голема мерка останаа непроменети под лидерството на Тони Блер и Гордон Браун, кои претпочитаа Британија да се потпира врз Европа, наместо Европа да се потпира врз Британија. Тие сакаа со аргументи да им држат лекции на Европејците за недостатоците на ЕУ и за неефикасноста на европската економија, во време кога самиот британски модел имаше јасни системски слабости, кои највидно беа разоткриени со глобалната финансиска криза.

## Постепено изумирање на британската социјалдемократија?

Изгледа дека постојат три фактори со кои се објаснува успехот на новата Лабуристичка партија во британската политика од почетокот на 1990-тите (Beech, 2009). Првиот фактор е дека на планот на изборите, новата Лабуристичка партија работеше успешно како умерена партија која беше цврсто поставена во центарот. Таа успеа да привлече голем број гласачи кои претходно ги поддржуваа конзервативците, како и урбаната средна класа, и притоа ги задржа традиционалните

поддржувачи од североистокот, северозападот, Шкотска и Велс. На крајот, природно, лабуристите се појавија како партија на власт.

Вториот фактор е дека лабуристите на власт беа крајно фокусирани да постигнат една посебна група на остварливи цели: воспоставување на економска компетентност, спроведување на конкретни социјални политики, како што се минимална плата на национално ниво и даночни олеснувања и потпишување на Европската социјална повелба, зголемување на инвестициите во социјалните служби заедно со големи структурни и институционални реформи и обнова на британското уставно уредување преку реформа на Горниот дом во британскиот Парламент и пренесување на надлежности на Шкотска и Велс. Во минатото, лабуристичките влади, честопати, тромаво постапуваа за да постигнат водечка позиција, засегнати со една или друга економска криза, и во неможност да постигнат било кои од грандиозните амбиции за социјална правда. За разлика од нив, новите лабуристи ставија силен акцент врз веродостојна реформа и спроведување на политика, никогаш не преземајќи ризици во однос на економската стабилност.

На крајот, новите лабуристи беа способни ефективно да се справат со противниците, истуркувајќи ги конзервативците под раководство на Вилијам Хаг, Иан Дункан Смит и Мајкл Хауард, кон десницата. Повеќе од една деценија, Конзервативната партија одбиваше да се менува, со имиџ и политики кои беа причина за големиот пораз во 1997. Тоа им овозможи на новите лабуристи и на Тони Блер да доминираат на британската политичка сцена непрекинато, сè до Општите избори во 2005.

Зошто тогаш новите лабуристи ја изгубија својата надмоќ и престанаа да бидат веродостојна сила која победува на изборите; што се случи за да се предизвика губење на превезот на сериозен натпреварувач за власт до 2010? Очигледно е, само по себе, дека глобалната економска криза од 2008 многу ѝ наштети на репутацијата на лабуристите за нивната економска компетентност. Иако ја предводеше стабилноста и развојот повеќе од една деценија, сега, досието на Гордон Браун како премиер е предмет на сериозни претпоставки и дебати. Просперитетот кој Обединетото Кралство го имаше од средината на 1990-тите изгледаше сè повеќе илузорен, заснован врз шпекулативно зголемување на вредноста на недвижниот имот, што се сруши со спектакуларни последици по кризата на банкарскиот сектор во 2008.

Новата Лабуристичка партија сè повеќе се соочуваше со последиците од финансиската криза, бидејќи ставот беше дека тие ги либерализираа одредбите за финансиската регулатива по 1997. Тоа му наштети на економскиот модел, што значеше дека лабуристичките планови за јавните

служби се најдоа во застој врз еднакво слаби основи. Според овој социјалдемократски концепт, растечкиот сектор на финансиски услуги би требало да обезбедува средства за долгорочни инвестиции во јавната сфера, преку доследен економски развој. Но, по сеизмичкиот финансиски шок од есента 2008, овој модел на развој доживеа колапс, што јавните служби ги остави подложни на строги намалувања, бидејќи сите политички партии отворено спроведуваа фискално консолидирање и строги политики.

Тоа значеше дека кога новата Лабуристичка партија излезе на Изборите во 2010, останаа неодговорени сериозни прашања поврзани со иднината на Партијата и британската социјалдемократија. Кој беше моделот на политичка економија кој би ја заменил дискредитираната обврзаност кон глобалните финансиски пазари? Како можат лабуристите да продолжат да ги подобруваат јавните услуги во време на финансиски ограничувања? Како може товарот на фискалното консолидирање да се сподели на правичен начин за да се заштитат најранливите во општеството? Ако се земе предвид влијанието на рецесијата и скандалот со парламентарните трошоци врз моралот на партиските активисти и поддржувачи, како треба да заживее базата на Лабуристичката партија? Во периодот пред самиот пораз на Владата, малку се дискутираше за овие идеолошки и политички прашања во самата Лабуристичка партија. Тоа направи перспективите на британската социјалдемократија да изгледаат навистина црно.

## Нова Лабуристичка партија: после смрт, живот?

Во прогресивните кругови се водат опсежни дискусии за тоа каде ќе се движи „новата" Лабуристичка партија. Лабуристичката партија треба да има далеку појасен концепт за што се залага и какви промени сака да донесе во британското општество. Во 1950-тите и 1960-тите, лабуристите развија модел на егалитарна социјалдемократија, врз основа на пишувањата на Ентони Кросланд, кој се повикуваше на поранешните европски ревизионисти, како што се Бернштајн и Каутски. Кросланд тврдеше дека намерата на лабуристите беше да создадат порамноправно општество во кое ресурсите, наградувањето и можностите ќе бидат поправично распределувани.

Едноставното повторно враќање на сјајот на традиционалната егалитарна идеологија е едвај доволно, имајќи ги предвид длабоките промени кои се случија во Западна Европа во последните 30-тина години. Сепак, во лабуристичките кругови е потребно да има одржливи размислувања за

тоа како да се здружат во идеолошката посветеност, на начин кој ќе привлече еден поголем дел од британското избирачко тело.

Лабуристичката партија, исто така, треба да се соочи и да се справи со главните структурни дилеми и прашања, што ја направија да биде особено непопуларна во Владата. Тука спаѓа одлуката да се придружи на САД во војната со Ирак и последователните последици од војната против теророт; антипатијата кон прекумерното „освојување на јавното мислење“ и прекумерните ентузијастички комуникации зајакнати со подемот на циклусот вести „24/7“, и зголеменото разочарување во политиката, како што се покажа со катастрофалниот колапс на политичката доверба од средината на 1990-тите, и покрај бранот на уставни реформи предводени од новите лабуристи.

Конечно, лабуристите треба да формулираат група на веродостојни цели на политиките, со кои ќе се одговори на социјалните и економските предизвици со кои Британија, веројатно, ќе се соочи во претстојната деценија. Многу други аспирации на лабуристите се реализирани од 1997, како што се минималната плата на национално ниво и реформата на Горниот дом на британскиот Парламент. Лабуристите треба да развијат една кохерентна програма за иднината, наместо да се потпираат врз постигнувањата од минатото.

Во меѓувреме, се појавија и нови прашања, како што се револуционерната промена на улогата на жената во општеството и појавата на нови грижи за квалитетот на животот и животната средина. Издржливоста на светската економија, веројатно, ќе остане да биде сериозна грижа, а лабуристите ќе треба да развијат пристап за економски раст кој одговара на потребата од одржлива и координирана акција во Европа и ширум светот. Во последните години, повеќето од водечките претпоставки на неолиберализмот беа дискредитирани, но тие како по правило повторно се појавуваат во отсуство на јасна прогресивна или социјалдемократска алтернатива.

Оттука, дали лабуристичкиот концепт за иднината на Британија подразбира дека Обединетото Кралство ќе наликува на меинстрим европска земја, со европски стил на посветеност кон социјалната политика и јавните услуги, со плуралистичко и делегирано државно уредување, и безбедносна и одбранбена оска која е силно ориентирана кон ЕУ, наместо кон САД. Новата Лабуристичка партија беше основана заради желбата да се избегнат овие тешки стратешки одлуки и да се создаде Третиот пат во британската политика, со кој ќе се надмине погрешниот поларитет.

Сѐ уште е неизвесно дали ваквиот пристап за иднината е навистина уверлив. Претстојат големи одлуки со кои ќе треба да се соочат на чесен и јасен начин, а за кои лабуристичките трајни вредности треба да обезбедат несовладливо водство. Меѓутоа, постои еден уште посуштински предизвик со кој лабуристите треба да се соочат во претстојниот период: длабока трансформација на британската политичка и изборна сцена.

На Општите избори во 2010 се забележа подемот на првата коалициска Влада во Британија во последните 80 години. Тоа е одраз на крајот на двопартиската политика, и појавата на либералните, зелените и националистичките партии кои апсорбираат значителен дел од гласовите. Последицата од тоа нема да биде само ставање крај на мнозинските влади од типот на „победникот зема сѐ“, туку да се воведе политички систем кој ветува коренити промени во британската политичка култура.

Од историски аспект, Лабуристичката партија тежнееше да ја гледа својата улога во обезбедување на јасно парламентарно мнозинство, преку кое може да ја усвои социјалистичката програма. Партијата имаше мала желба за соработка со останатите партии, движења и политички сили во општеството, покрај синдикатите. Можеби сега е моментот да се отфрли таквиот ментален склоп, бидејќи малку е веројатно дека во блиска иднина Лабуристичката партија ќе може да владее самостојно. Но, коалицирањето претставува уште еден поизразен предизвик за статусот на лабуристите. Конзервативците и либералдемократите прават обиди да завладеат со центарот, преземајќи го превезот на прогресивните реформи. Новата коалиција вети дека ќе спроведе финансиски и политички реформи и ќе ги заштити најранливите групи од влијанието на намалувањето на јавната потрошувачка и фискалните ограничувања. Коалицијата ќе направи обид да спроведе историски уставни промени, како што се целосно избран Втор дом, и референдум за алтернативен систем на гласање за Долниот дом во британскиот Парламент.

Дали ова е постигнато, всушност е ирелевантно; но, не треба да се потценува реториката и опсегот на амбицијата која ја сигнализира конзервативно-либералната демократска алијанса. Од историски аспект, Лабуристичката партија тежнееше да се види себеси како прогресивна партија во британската политика, но таквото тврдење се оспорува како никогаш досега. По една деценија откако Конзервативната партија ефективно го напушти центарот во британската политика, сега се враќа назад со одмазда, под раководство на Дејвид Камерун. Лабуристичката партија ги потценува ваквите случувања дека се опасност за неа.

Ако ја оставиме изборната политика на страна, предизвикот за лабуристите и британската социјалдемократија е сличен на предизвикот на европската централна левица во целина: како да се постигне нејзината клучна обврска да се заштити животниот стандард и аспирациите на работниците со средни и ниски примања, имајќи ја предвид реалноста од глобализацијата и економијата предводена од знаења. Од 1945, социјалдемократските политики се засноваат врз прераспределба која се базира врз Кејнзијанската политичка економија. Таа се служеше со регулаторни и фискални мерки за да се заштитат реалните плати и примања на работниците и да се осигураат поединците од животни ризици преку универзалната социјална држава. Но, тоа подразбираше унитарна национална економија и идеја дека во една земја може да се постигне социјалдемократија. Тоа повеќе е едвај одржливо, имајќи предвид дека глобализацијата е очигледен факт, а разликата помеѓу домашната и меѓународната политика станува сѐ позастарен концепт.

Оттаму, социјалдемократите ќе треба да го оживеат интернационалистичкиот ментален склоп, со кој ја дефинираа својата мисија на крајот на 20. век. Левицата не успеа да стекне придобивки од изборите во време на економската криза, бидејќи ѝ недостига веродостојно објаснување за политиката на глобализацијата. Во реалноста, гласачите се соочуваат со два контрадикторни мотиви. Од една страна, тие сакаат силна Влада, која ќе ги заштити од економската и физичката несигурност, што со себе ги носи глобализацијата. Од друга страна, тие го вреднуваат изборот и автономијата и се сѐ поскептични околу капацитетот на централизираните држави да ги зачуваат работните места и животниот стандард во глобалната економија.

Несомнено, постои нашироко распространет страв од глобализацијата ширум Европа. Тоа се поврзува со промена на професиите од традиционалните полуквалификувани занимања во масовното производство кон висококвалификувани и услужно-ориентирани работни места. Поларизацијата на вработувањето и зголемените нееднаквости на платите, се се́ присутни ширум ЕУ27. Меѓутоа, социјалдемократите ќе се излажат доколку веруваат дека кризата дава легитимитет за експанзија на силна влада, за сметка на пазарот. Во исто време, гласачите се подготвени да прифатат дека националните влади не можат бесконечно да ги штитат од силите на глобализацијата.

Може да се јави потреба од радикални мерки за справување со влијанијата од финансиската криза и реформа на финансиските институции, чии практики поттикнаа прекумерно преземање на ризик и неодговорност. Но, најголема веројатност е дека гласачите ќе ја поддржат онаа партија која ќе биде во можност да воспостави рамка на стабилност и ред, за да можат да го живеат својот

живот. Тие копнеат да бидат заштитени од прекумерните превирања и ризици. Левицата во Европа треба да работи на овој предизвик, наместо да изгледа како да го порекнува.

Најпрво, постојат три веродостојни гледишта за улогата на државата, а не само две. Едното од нив е „leissez-feire“ минималистичко гледање: кое сé уште им е драго на делови од неолибералната десница. Другото гледиште е едногласно застапување на идејата за „централизирана“ држава како гаранција за рамноправност. Но, третото гледиште се однесува на држава со силен стратешки капацитет, која не се обидува да води сѐ самостојно. Новата Лабуристичка партија тоа може да го опише како „држава која овозможува“.

Меѓутоа, тоа може да биде поумерен пристап, отколку што тоа го налага ситуацијата. Всушност, стратешкиот капацитет наметнува потреба од уредување на пазарот, а не само прифаќање на пазарот. Социјалдемократите треба да расправаат за градењето на една реформирана „развојна“ држава со далеку посилни и пофокусирани стратешки способности. Тоа вклучува многу поразличен пристап кон управувањето.

Покрај тоа, не треба да има повлекување од економијата налик на случајот на Жоспен. Отворените пазари се најдобрите расположливи средства за стимулирање на иновациите и ефикасноста, а глобализацијата ги зајакнува тие придобивки. Меѓутоа, новата технологија и новата побарувачка на потрошувачите постојано создаваат нови обрасци на „победници“ и „губитници“. Оние кои располагаат со соодветните вештини успеваат, додека континуирано се губат „добри“ работни места за работничката класа, бидејќи компаниите инвестираат во нови пазари, ангажирање на надворешни лица и преместување од првичната на друга локација.

Еден извесен период пред кризата дојде до ерозија на довербата дека економскиот раст автоматски води кон поопсежен просперитет. Иако повеќето социјалдемократи тврдат дека пазарите секогаш ги сметале за добар слуга, но лош господар, сепак, тие не го кажаа тоа јасно и експлицитно и не го спроведоа преку политиката. Во бенигниот период, кој беше создаден со бранот на глобализација кој доби на сила од средината на 1990-тите, се сметаше дека таквите верувања не се актуелни на случувањата. Ревизионистите, сепак, предвидоа дека фаталната слабост на глобализацијата не беше динамиката на економијата која беше ослободена од контрола, туку фактот дека зголемената економска меѓузависност не одговараше на новите форми на глобално управување.

Имајќи ја предвид неолибералната интелектуална хегемонија, не постоеше одлучувачки поттик да се дејствува пред да се покаже дека е предоцна. Дури и сега не можеме да бидеме сигурни дека кризата создаде доволен политички поттик да се обезбеди сеопфатна реформа на глобалното економско управување. Но, глобалната економска криза драматично го оживеа социјалдемократското тврдење за „активна држава“.

Се разбира, не е целта силно да се прекоруваат интервенционистичките политики за индустријата од минатото. Ниту, пак, е време да се навраќаме на протекционистичкиот, антиевропски, антиглобален модел, по теркот „социјализам во една земја“. Социјалдемократијата не смее да ја отфрли силната предност на својата отвореност кон економијата, туку експлицитно да прифати дека ограничувањата на пазарот, потенцијалот за иднината и нееднаквостите кои произлегуваат од таму, треба подобро да се менаџираат заради јавниот интерес.

Новата парадигма треба да е составена од повеќеслојното управување, во рамките на кое, преку политичка акција на национално, европско и меѓународно ниво, како и на регионално и локално, Владата ќе располага со неопходниот стратешки капацитет да постапува за да ги обликува силите на глобализацијата. Јавната политика кон индустријата треба да се промени. Социјалдемократите треба да го стават акцентот на поддршката за соодветните услови во таа развојна рамка, како што се: квалификациите, конкуретноста, инфраструктурата и истражувањата.

Во Обединетото Кралство тоа повеќе не е доволно, ако се земат предвид огромните проблеми заради недостигот на економски можности, со кои сѐ уште се соочуваме: долготрајните лоши остварувања на нашиот образовен систем и продолженото запоставување на вештините; непопустливите високи нивоа на безработица и слабата интеграција на некои етнички малцински групи на пазарот на работна сила, и регионалните проблеми околу падот на економијата во старите индустриски области со преголема зависност од услужната економија, во која се исплаќаат ниски плати.

Тоа значи нов поттик за развој на секторски политики, регионална специјализација, водечки технологии и прифаќање на потребата од долгорочно владино планирање во областа на транспортот и енергетиката за справување со климатските промени. Се разбира, новото доба на активизам за индустријата мора да го избегне „спасувањето од финансиските тешкотии на веќе неспособните фабрики“, како во 1970-тите. Во основа, нивниот ефект беше да се замрзнат старите индустриски структури од тоа време, со празна надеж дека може да се договори реструктуирање со кое ќе се зголемат остварувањата. Наместо тоа, ние треба да се придвижиме

од политиките кои ја овозможуваат понудата, кон индустриски политики кои се развојни, притоа препознавајќи ја клучната улога која може да ја има само Владата.

Социјалдемократијата, исто така, треба да изнајде порив за правни лекови со кои се промовира одговорно деловно однесување. Тука спаѓа, на пример, разумна европска регулатива и напуштање на регулаторната конкуренција за „натпревар до крај“. Кога станува збор за бизнисите во целина, мора да постои поголема транспарентност за крајните плаќања, непристрасно размислување за подобрување на положбата на вработените на работното место за да се подобри заостанатата продуктивност, правила за конкурентност, со кои се обесхрабрува изразеното припојување и преземање на компаниите и вклучување на обврските на факторите во реформите на корпоративното право.

Социјалдемократите треба да го ослободат својот пристап од неолибералниот модел на „конкуретна состојба“. Но, тие, исто така, треба да го искористат и ставот на Алберт Хиршман дека најдобриот начин на кој прогресивните сили ќе обезбедат поддршка за колективно постапување во јавниот интерес, е да прифатат дека интервенцијата на државата може да има ненамерни последици. Постојат граници на моќта на државата, како што тврдеше Кајнес во 1920-тите.
Социјалдемократијата не постои за да се промовира и заштити државата, туку за да обезбеди дека државата го унапредува колективниот интерес, наместо личните интереси на елитата. Она што социјалдемократите треба да го направат не е поголема Влада, туку поспособна стратешка држава која може да управува и да интервенира во сѐ посложените институции на глобалната економија и општество.

Ова е главниот интелектуален предизвик кој кризата ѝ го наметнува на европската социјалдемократија. На европско ниво, Партијата на европски социјалисти, заедно со партиските истражувања и политички институти во секоја од земјите-членки, треба да основа работна група на високо ниво која ќе подготви стратешки документ за социјалдемократијата и состојбата во глобалното доба. Британската Лабуристичка партија, исто така, мора со ентузијазам да учествува во тоа.

Тоа ќе даде суштински придонес за обновата на социјалдемократијата ширум Европа, покрај неопходната обнова на нашата база за организација и кампањи. На социјалдемократите, се разбира дека им се потребни граѓаните на Европа, но на граѓаните на Европа, исто така, им е потребна социјалдемократијата во време на, до сега невидени, предизвици и несигурност. Немаме време за губење.

## Користена литература

Beech, M. (2009): „Без нова визија? Постепена смрт на британската социјалдемократија“, во Political Quarterly 80 (4):526-32.

IPSOS MORI (2010): „Political Monitor“ („Политички монитор“). Достапно на: www.ipsosmori.co.uk

ФРАНС БЕКЕР/РЕНЕ КУПЕРУС

# ИНОВАТИВНОСТ ВО СОЦИЈАЛДЕМОКРАТИЈАТА – ВО СТИЛОТ НА ХУДИНИ
## Од аспект на Холандската работничка партија (ПвдА)*

| ХОЛАНДСКА РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА (ПвдА)<br>(PARTIJ VAN DE ARBEIT, PvdA) | |
|---|---|
| Официјална веб страница: | www.pvda.nl |
| Лидер на Партијата: | Џоб Коен (Job Cohen) |
| Краток историјат: | Основана во 1946, како наследник на предвоената Социјалдемократска работничка партија (СДАП), за првпат основана во 1894. |
| Членство во SI и PES: | Член на SI; PES: од 1992 |
| Партиско членство: | 2000: 58.426<br>2005: 51.111<br>2010: 54.504 |
| Одзив на избирачкото тело на парламентарните избори: | 2010: 19,6% од гласовите (30/150 пратеници)<br>2006: 21,2% од гласовите (33/150 пратеници)<br>2003: 28,0% од гласовите (42/150 пратеници) |
| Одзив на избирачкото тело на европските избори: | 2009: 12,5% од гласовите (3/25 пратеници)<br>2004: 23,6% од гласовите (7/25 пратеници) |
| Учество во Владата: | 2006-2010: во Владата<br>1994-2002: во Владата; претседател на Владата: Вим Кок (Wim Kok) |

*Дел од овој напис беше напишан како придонес за, таканаречениот, Амстердамски процес, заедничка иницијатива на Policy Network, со седиште во Лондон и Wiardi Beckman Stichting, за да се обнови и освежи социјалдемократијата и прогресивната политика. Види: www.policynetwork.com и www.wbs.nl

## Промена на парадигмата

Обновата на Третиот пат го достигна својот врв. Меѓу другото, тоа е резултат на поширока промена на парадигмата во општеството во целина. Најнапред, соочени сме со кризата на финансискиот капитализам и ја плаќаме цената за дерегулираната и неконтролирана економија во последните две децении. Сега стигнавме во фазата на колатерална штета и повратен удар, кои се манифестираат со криза на еврото и криза на јавните финансии. Од прагматичен аспект, се јавува итна потреба од развој на нова политичка економија за социјалната демократија, нов концепт на *економски развој и управување* и нова *јавна склоност* кон одговорноста на приватните и јавните сектори.

Покрај тоа, историскиот компромис, или сојуз помеѓу работничкото движење и културните елити, како и помеѓу работничката класа и професионалната средна класа во рамките на проектот на социјална држава, сега се затегнати заради промените во животниот стил, ориентираноста кон вредностите, обрасците на пазарот за работна сила, социјалната мобилност и лошо сфатените политики на строги мерки за кои многумина сметаат дека се „предавство". Тоа, делумно, е една од ненамерните последици на успехот на социјалдемократската меритократија. Меѓутоа, од прагматичен аспект, актуелна е потребата за повторно обмислување на концептот на *солидарност.*

Општеството, исто така, се соочува со предизвикот од мноштво културолошки трендови и промени. Индивидуализацијата („bowling alone"), културолошката диверсификација и плурализам („мултикултурализам" и пролиферација на животни стилови и идентитети) и зголеменото фрагментирање („распаднато општество"), наметнуваат потреба од нов социјалдемократски пристап за премостување и поврзување, за да се развијат современи форми на *социјална кохезија* и *заедница*.

Општеството, исто така, го загуби својот „sense de la politique" (Rosanvallion). Некој може да каже дека суштинската прогресивна идеја за „позитивна слобода" (да се послужиме со терминот на Исаја Берлин) се наоѓа во криза: вербата за подобро општество или подобар личен живот кој може да се стекне преку политиката, државата или колективното дејствување, се потроши во многу сегменти од општеството, вклучително и кај дел од помладите генерации. Партиципативната република на граѓани се претвори во „демократија на публика". Оваа „демократија на публика" (Bernard Manin и Jos de Beus) се состои од потрошувачи со слаба

партиска приврзаност и длабока недоверба во политиката и политичките претставници. „Логиката" на медиумите и на политичките кампањи ја маргинализира политиката на размислување, отворен дискурс и компромис. Националните партии на политичкиот центар се под притисок; тие се држат на страна на политичката сцена, а популизмот на десницата и левицата е во подем. За враќање на довербата во (социјалдемократската) политика, потребно е квалитетно да инвестираме во *граѓанството* и *демократијата.* Исто така, потребна е една непристрасна дискусија за новите прогресивни алијанси (зелените, црквите, синдикатите), подобро регрутирање и истражување и развој и обнова на дијалогот и други врски со социјалдемократското избирачко тело.

Непотребно е да се каже дека повеќето од промените што ги споменавме се дел од долготрајни трендови. И покрај тоа, сегашната финансиска и економска криза може да дејствува како катализатор. Исто како што Големата депресија од 1920-тите и 1930-тите доведе до појава на New Deal и создавање на европска социјална држава; и исто како што кризата на социјалната држава во 1970-тите и 1980-тите доведе до неолиберализмот на Реган и Тачер, така и моменталната системска криза повикува на ново оформување и формула за нашата политичка економија и демократија.

За што, всушност, станува збор? Дали претстои нов период на социјални немири, нови неодржливи нерамноправности, мултикултурни конфликти, пад на економијата, демографски притисок и распаѓање на демократијата однатре? Или, пак, оваа слика е премногу мрачна и, наместо тоа, влегуваме во период кој се карактеризира со просперитетна и одржлива економија, кој се заснова врз знаењето на сите и сме сведоци на подемот на вистинско космополитско граѓанство, во добата на глобализацијата?

## Неоидеалистички проект

Независно од тоа што ќе се случи, социјалдемократијата и нашиот демократски систем ќе бидат изложени на тест во досега невидени околности: дали социјалдемократите можат да излезат со одговори и решенија за новите предизвици?

По периодот на колективизација и државна интервенција (New Deal) и пазарите и индивидуалците (неолиберализам), се јавува потреба од нова парадигма. Политиката на носталгичност повеќе не е опција. Она што навистина ни е потребно е стратегија за „иновативност во социјалдемократијата", која ќе профитира од богатата традиција на социјалистичкото движење и

примената на основните социјалдемократски вредности, со некомформистичка храброст кон нашето променето општество. Оваа иновативност, според наше мислење, треба да претставува нешто повеќе од нов и необмислен период на приспособување на поедноставената замисла за глобализираниот свет, или еден лошо дефиниран проект за промена и реформа. Тоа треба да претставува еден „неоидеалистички“ проект, вклучително и обнова на меѓувладината конкуренција и заемните ограничувања за борба против тековното економско и политичко размислување на политичките елити. Во секој случај, не смееме да си дозволиме уште еднаш да станеме жртви на „*pensée unique*“ (цитат од Judth, 2010) со што ќе ги истуркаме сите други. Ова е тешката лекција која мораме да ја научиме, бидејќи во последните децении преголем број на академици (главно економисти), политичари и коментатори се предадоа пред неолибералната хегемонија.

Целиот традиционален центар, или „владејачки“ парии, беа погодени од промените кои беа наведени погоре, но социјалдемократијата беше во првите редови. Еден показател за тоа е нејзината досега невидена изборна ранливост: намалената партиска лојалност, помали успони и поголеми падови. Особено што социолошкиот и културолошкиот раскол помеѓу подобро и послабо образованите луѓе и притисокот што се врши врз социјалната држава заради интернационализацијата, европеизацијата и имиграциите, што повикува на иновативност, неопходно ќе наметне одреден број стратешки дилеми и избори. Таква е состојбата во која се наоѓаме сега.

## Иновативност: Тоа го имаме направено и порано

Историјатот на социјалдемократијата, исто така, е историјат на иновативноста – на идеи, организација и практики. Ревизионизмот се наоѓа во ДНК на социјалдемократијата. Потеклото на концептот на ревизионизмот може да се лоцира во борбата помеѓу реформистичките и еволутивни крила на германското социјалистичко движење, реформаторите, наспроти догматичарите. Меѓутоа, ревизионизмот во сегашно време е проект во сосема различен контекст. Она што сега се бара е редефинирање на основите на социјалдемократијата по периодот на хиперпрагматичност и ултрареализам, кои, пак, некои дури го опишуваат како период на соработка со неолиберализмот или со идеолошкото „предавство“.

Ревизионизмот во денешно време треба уште еднаш да наметне (повторно) воведување на анализа и критика во нашите општества („Gesellschaftskritik“, на германски јазик), вештина која едно време беше карактеристика за прогресивното движење. Социјалдемократијата секогаш била

нешто повеќе од економски функционализам („образованието е неопходно за нашата економија заснована врз знаење“) или морално привлечна („образованието е добро за поединецот“). Социјалдемократијата, исто така, се фокусира на анализата на структурните бариери за социјално подобрување и позитивна слобода („образованието е р’бетот на социјалната рамноправност“) и институционалните аранжмани кои се потребни за да се надминат таквите пречки. Исто така, ги анализира структурите и релациите на моќ, тежнеејќи кон демократска контрола и отчетност и отворање на моќни структури за демократско учество (Кросланд).

Колку итно ќе се манифестира потребата за иновативност, зависи од внатрешни и надворешни (за политичките партии) фактори, но вообичаено тука се вклучени и двата фактора. Внатрешниот двигател за иновативност може да се појави заради лоши изборни резултати, губење на власта, разлики во мислењата околу идеолошкиот курс на партијата, или групи кои се чувствуваат изоставени. Надворешниот двигател за иновативност може да произлезе од системска промена во базата за социјална и политичка поддршка на партијата; неможност за справување со новите социјални и политички прашања, или генерациски притисоци. Кога внатрешните и надворешните двигатели ќе се спојат, во иднина може да претстои голема промена на парадигмата. Тоа може да влијае врз генералните идеолошки изгледи, партиското лидерство и партиските елити, организациската структура, изборните и политичките коалиции, сојузи со организирани групи во општеството и теми и прашања кои треба да се стават во програма. Во современата политика, политичките кампањи станаа главната цел на која ѝ се посветува внимание. Тука се припојуваат сите овие елементи, а ние сме ставени пред најсериозниот тест на реалноста.

Историјата на социјалдемократијата може да се опише како долг процес на учење, кој вклучува наследување на парадигми и развој на нови увиди, кои се протегаат од замислата за радикален раскин со капитализмот преку модели на социјалистичко планирање на економијата и општеството, до институционализирање на мешовитата економија. Иако основните начела, како што се: социјалната правда, рамноправноста и еманципацијата, се *хардверот* на социјалдемократското движење, овие: идеи, институционални рамки и замисли за вграден капитализам може да се смета дека се *софтверот* на социјалдемократското движење.

Во историјата на холандската Работничка партија, такви длабоки иновативни процеси се случија во 1930-тите, доцните 1960-ти, и почетокот на 1990-тите. Кон крајот на 1930-тите, социјалдемократското движење помина низ промена на парадигмата од класичните марксистички идеи за класичната борба како инструмент на историјата и од револуционерна перспектива кон перспектива на етички социјализам, вклучувајќи ја организацијата на капитализмот во демократска

рамка и според критериумите на социјалната правда. Тука спаѓаше програмата за социјална безбедност, економско закрепнување од кризата и барање да се добие третман на сериозен партнер во холандското општество и политика. Новиот избирачки сојуз помеѓу работничката и средната класа требаше да ја замени фокусираноста исклучително на работничката класа. Концепциските, политичките и изборните промени беа предизвикани од новата генерација, група „инженери“ и интелектуалци кои беа способни да создадат пробив за изолираното социјалистичко движење во општеството поделено врз неколку основи.

На почетокот на 1960-тите, по повеќе од една деценија учество на социјалдемократите во Владата, холандската Работничка партија помина период на длабока стагнација, во однос на идеите, организацијата и поддршката од избирачите. Следниот лидер на партијата, Joop den Uyl, го презема водството во процесот на обнова, со концептот за „квалитет на живот“, инспириран од Galbraith и амбициозната програма за јавниот сектор. Но, вистинската промена настана кога новата генерација, обединета во, таканареченото, движење на Новата левица, застана против склерозата во политичката култура со радикални идеи да се демократизира општеството, да се поларизира холандската политика и да се модернизира стилот и културата на Партијата, со радикални предлози за домашната и надворешната политика. Тие ја отворија Работничката партија за нови социјални движења, вклучително: феминисти, еколози и хомосексуалци. Радикализацијата на програмата и основните начела се совпаднаа со новите политички и изборни стратегии. Поствоениот корпоративен, консензуален класен компромис беше заменет со политика на поларизација, каде новите социјални движења се партнери, и коалиција на партиите од левицата, и притоа во еден изборен сојуз ги спојуваат работничката класа, постматеријалистичката средна класа и претставниците на креативната класа.

Новиот ревизионизам се појави некаде во 1990-тите, кога холандската Работничка партија се збогуваше со своето неодамнешно радикално минато и прифати еден попрагматичен пристап кон реформа на социјалната држава, давајќи им централно место на политиките за активирање на пазарот на работна сила, ограничување на социјалната сигурност и учеството. Всушност, холандската Работничка партија стана социјал-либерален предвесник на Третиот пат, но без таа етикета (Бил Клинтон: „Ти беше прв, Wim“). На изборен план, Партијата се надеваше дека ќе најде место кај младите професионалци и средната класа, преземајќи ја демохристијанската позиција во политичкиот центар. Во однос на владините коалиции, холандската Работничка партија ја формираше „пурпурната коалиција“ со конзервативните и прогресивните либерали, без да ги изгуби контактите со неокорпористичката мрежа („Полдер модел“).

По бранот на популизам што ја зафати Холандија во 2002, беа направени нови напори да се стапи повторно во контакт со (веројатно) изгубеното избирачко тело. Поранешниот лидер на партијата, Wouter Bos, на неговото предавање за Den Uyl, критички ја оцени политиката на PvdA, како тип на политика со приспособување кон Третиот пат (2010). Претходно, PvdA објавија нов партиски документ за имиграциите и интеграциите, предлагајќи многу построг пристап. Меѓутоа, овој документ се покажа како разединувачки кај избирачите на холандската Работничка партија.

Партијата беше ставена во заборав: ниту социјал-либералното приспособување кон Третиот пат за економијата, ниту интегративното приспособување кон антиимигрантскиот популизам, ја обединија и инспирираа Партијата со нова самодоверба или нов здрав разум за фаќање насока.

## Стратешки избори на денешницата

Дали се обидуваме да го реанимираме коматозното политичко движење или социјалдемократијата сѐ уште има скриен потенцијал кој може да ги обедини фрагментираните и поларизирани општества? Иако трендовите може да бидат несовладливи, сметаме дека има доволно простор за маневрирање што ќе овозможи иновативност и редефинирање на социјалдемократскиот проект во нови околности. Во основа, има три отворени опции за социјалдемократијата.

Првата опција би била да се направи јасно зацртан избор во прилог на „просветената“ средна класа, како наше најзначајно избирачко тело. Тие ја претставуваат иднината на економијата на знаење и претставуваат растечки сегмент на општеството, концентрирани во областите на метрополите. Тие се носители на оптимистичките, либералните и космополитските гледишта за интернационализацијата, мултикултурното интегрирање и европското обединување. Таквиот избор ќе овозможи коалиција или дури и тесна соработка со останатите две либерални левичарски партии, Д66 и Зелената левица, околу заедничкиот проект за: натамошно обезбедување на флексибилност на пазарот на работна сила, европското политичко интегрирање, еколошките иновации, индивидуалната автономност и стимулирањето на таленти. Тоа ќе претставува културна последователна активност на, примарно, социјалниот и економски Трет пат, во холандски стил. Придружен ефект на оваа опција може да биде привлекување на конкретна поддршка од новите кариеристки и „моќни“ феминистки и групи на имигранти.

Втората опција би била да се избере она што против сите закони на маркетингот и односите со јавност е етикетирано како „социјалдемократија на стравот“ (Тони Јудт, 2010). Тоа би било насочено кон повторно придобивање на поддршката од традиционалната, но и од новата флексибилна работничка класа и пониската средна класа и оние кои зависат од јавните услуги, социјалната безбедност и социјалната заштита. Тоа ќе ја одбрани заштитата и безбедноста кои ги нудеше класичната социјална држава. Оваа опција ќе биде екстремно критична кон пазарните сили, особено во јавниот сектор, како и кон Европската Унија барем за начинот на кој сега функционира пазарниот фундаментализам. Таа ќе биде повеќе вклучена во активизмот со силни локални корени. Овој избор ќе наметне потесна соработка со Социјалистичката партија (во случајот на Холандија) или со Die Linke (во случајот на Германија). Исто така, ќе се поврати тесната коалиција со синдикатите.

Постои и трета опција – но, не нов Трет пат! Оваа опција ќе вклучува наше ослободување – налик на Худини – од ограничувачките услови во кои сега се наоѓаме и враќање на широката коалиција од работничката и средната класа, флексибилните работници во секторот за лични услуги и професионалците од новите сектори, засновани врз знаењето, просветените претприемачи и работниците од индустријата обединети во синдикатите. Оваа опција ќе ги обедини целите за заштита и еманципација со аспирациите и посветеноста на оние кои напредуваат во современото општество. Со оваа опција ќе се опфатат: одговорноста, посветеноста, учеството и граѓанството на оние кои имаат многу да стекнат и оние кои веќе имаат стекнато доста. Оваа опција ќе наметне широка коалиција на левицата, премостување на јазот помеѓу конзервативната и либералната левица и нови сојузи со третиот сектор и граѓанските иницијативи. Бидејќи ние сме вистински ентузијасти налик на Худини[46], дефинитивно ја претпочитаме оваа трета опција, која накратко ќе ја претставиме.

Како што уште еднаш покажаа националните Избори во Холандија во 2010[47], социјалдемократијата ја губи поддршката од избирачите, за сметка на конзервативната левица (СП) и прогресивно-либералната левица (зелените и социјал-либералите Д66). Гласовите се губат дури и за сметка на партијата на Wilders, не директно на овие избори, туку со сигурност на долгорочен план – индиректно со тоа што се губат заради воздржаните гласачи или префрлање на гласовите на СП, што покажува дека ги напушта левичарски настроената работничка класа.

[46] Хари Худини (1874-1926) беше еден унгарско-американски магионичар и илузионист кој стана познат по триковите кои ги изведуваше. Исто така, тој беше познат по тоа што го сруши митот за самопрогласената физика и мистичност.
[47] Види, исто така, Франс Бекер/Рене Куперус (2010): Политиката во фрагментираното општество. Изборите во Холандија во 2010. Достапно на: http://library.fes.de/pdf-files/id/ipa/o7318.pdf.

Холандската работничка класа е сè уште главната сила на левицата (со 30 пратенички места, во споредба со 10 места за ГЛ и Д66 и 15 пратенички места за СП), но има потешкотии околу дефинирањето на својата автентична позиција, наспроти прогресивните противници. Таа може да опстане, независно дали како независна сила на левицата, или како дел од поголем прогресивен сојуз, само ако излезе со свој сопствен проект.

За да се поврати коалицијата од разни гласачи на избирачкото тело на социјалдемократијата, потребна е програма која ќе ја поврзе: материјалната перспектива за правични плати, пристојна работа, можности за напредување и социјална и физичка безбедност, со постматеријалистичка или културолошка перспектива, која вклучува: одржлива животна средина, отворени гледања на светот и, до одреден степен, прифаќање на културниот диверзитет. Таквата програма ќе постави рамнотежа во силните центрифугални сили во економската, културолошката и политичката сфера: зголемена нерамноправност, зацврстување на културолошките разединувања, поделби по линија на недоверба и апстиненција во нашите демократии. Освен тоа, со тоа ќе се направи застој во комерцијализацијата на јавните добра, наместо да се зајакнува „res pubica“, преку воведување на јавна етика и ориентација, исто така, и во приватните и други сектори. Исто така, ќе се создаде програма која се карактеризира со скромност, воздржаност и умереност, која се гради над замислата за еколошка, социјална и културолошка „одржливост“, спротивставувајќи се на трката за прекумерна потрошувачка. На тоа може да се гледа како на обнова на концептот за квалитет на живот, но на еден досега невиден начин.

## Иновативност во социјалдемократијата според стилот на Худини: Концепциска рамка

За нашата, таканаречена, Худини опција, потребни се нови идеи, концепти и ориентации. Ние ја предлагаме концепциската рамка која е дадена во продолжение на текстот.

### *Економија базирана на луѓе*

Доколку не се коригираат и регулираат финансиските сили и слободи, ништо нема да се промени. Социјалдемократијата треба да биде една од силите за корекција, преземајќи ја традицијата од „Есеите на Фабијан за социјализмот“ со нивната критичност кон непродуктивните богаташи.

Потребна ни е политичка економија во која иновативноста и претприемништвото се клучни, а не пазарите, со, сепак, помала алчност. Политичка економија која ѝ дава признание на клучната улога на човечкиот капитал, како и во приватните, така и во јавните сектори. Социјалдемократската програма треба да претставува нешто повеќе од критика на капитализмот и која, меѓу другото, треба да се фокусира на:

- Квалитетот на работата (враќање кон занаетите, a la Sennett, во приватните и јавните сектори, ребаланс на позицијата на професионалците, наспроти менаџментот, и вклучување на нови можности за социјална мобилност, нудење на опсежни можности за обука на работното место и образование;
- Подобра врамнотеженост помеѓу работата, семејството и грижата во текот на животот;
- Стимулирање на иновативноста, одржливоста и претприемништвото на регионално ниво, во индустријата и во јавните служби, вклучително и нов поглед на условите за вработување во јавниот сектор;
- Ребалансирање на односите во рамките на корпорациите, ограничување на краткорочната перспектива на акционерите и зајакнување на позицијата на другите фактори;
- Зајакнување на позицијата на младите претприемачи почетници кои настапуваат сами, претприемачи кои немаат вработени и кои едноставно не се вклопуваат во застарените шеми на социјалната држава.

***Правичност во платите, богатството и сигурноста***

Идејата за правичност во социјалната држава е поткопана, од една страна заради лесниот пристап и злоупотребата на нејзините одредби, а од друга страна заради диспропорционалното зголемување на богатството и приходите на инвестициските банкари, извршните директори на корпорациите и менаџерите во полујавниот сектор. Да се биде „постојано релаксиран во врска со луѓето кои стануваат бескрајно богати“ (британска нова Лабуристичка партија, Питер Манделсон), повеќе не е само опција, туку, речиси, и недостиг на морал. Идејата за правичност, исто така, е поткопана од темната страна на меритократијата. Меритократијата, идеал на социјалдемократијата од 1950-тите, има две лица: идејата дека семејното потекло не треба да го определува општествениот успех, туку талентот, вештините и напорите, како и неправедната последица дека оние кои имаат помалку таленти сѐ повеќе се сметаат за товар во нашето

општество засновано врз знаење. Тие не добиваат третман со почит и достоинство и чувствуваат реален страв од општествено деградирање (види: Франц Волтер, 2010, кој внимателно ја анализираше ерозијата на социологијата која претставуваше основа на традиционалната германска социјалдемократија: целосно отуѓување од „die Neue Mitte“ во однос на „das neue Unten“).

Јасно е дека образованието е еден од патиштата кон подобрување на личните шанси во општеството, иако образованието може да има негативни меритократски последици. Од таа причина, не само што инженерите треба да имаат „одлично“ образование, туку и механичарите и водоинсталатерите.

Социјалдемократската програма треба да ја врати правичноста како централен концепт на нашите општества, со што ќе се опфати не само одговорноста на невработените да се вратат назад на пазарот на работна сила, туку и одговорноста на богатите, за општото добро. Мора да се постигне рамнотежа и да се отстранат нееднаквостите во приходите и богатството, животните можности и перспективи за личен развој. Социјална држава од Третиот пат претставуваше не само чекор напред во споредба со трансферот на приходи, на што бевме навикнати во социјалната држава, туку и активирање на нејзините ограничувања (Vandenbroucke). Ризиците во врска со невработеноста, здравјето и губењето на приходите, останаа.

### *Припадност во плуралистичкото општество*

Имиграцијата и интеграцијата се прашањата кои создаваат најголема поделеност во политичките истражувања, т.е. во Холандија. Тоа се проблеми на големите градови, проследени со страв, револт и недоразбирања кои излегуваат и надвор од границите на градовите. Тоа е сложен проблем, кој, меѓу другото, е предизвикан од лошото управување со процесите на имиграции и интегрирање, брзината и концентрираноста на промените и шокантното заемно соочување на конзервативните и либералните култури, во услови на глобализација, европската интеграција и индивидуализација, кои веќе имаа ефект на загрозување на животите и перспективите, особено за граѓаните од пониските класи. Тоа доведе до разорен екстремизам и популизам. Социјалдемократската програма треба да започне од социо-економските основи – образование, работа, учество, социјална мобилност – но, треба да се опфати во една многу поопсежна програма, вклучително:

- Безбедност и ослободеност од страв по улиците: „мудар“ закон и ред (диспропорционалните стапки на криминал ја нагризуваат довербата кај различни етнички и социјални групи и претставуваат закана дека општествата во кои довербата е на високо ниво, ќе станат општества со мала доверба);
- Владеење на правото;
- Активна поддршка за „семејно образование“, за борба против кризата во врска со образованието на родителите;
- Претворање на лошите училишта во добри училишта преку итно создавање на услови кои им се потребни за да работат подобро;
- Разумни процеси за поврзување и премостување во градовите.

Чувството на припадност – околу концептот на одговорно граѓанство – мора да се врати на лицето на моќните спротивставени сили на поделбата и недовербата. Ова е потребно да се примени во пракса, особено во локалните политики. Метрополите се токму местата каде се јавуваат и судираат разликите помеѓу богатите и сиромашните, старата работничка класа и новите имигранти-работници (Sassen), но тоа, исто така, се местата каде може да се создадат нови идентитети.

***Враќањето на позитивната иднина***

Современите европски општества сѐ уште се карактеризираат со одредени обрасци на колективно однесување, но се појавува и силно чувство на индивидуалност. Живееме во ослободено општество во кое – како резултат на културната револуција од 1970-тите и комерцијалната револуција од 1990-тите – негативната слобода, се чини, дека на некој начин стана генерализирана. Социјалдемократската програма треба да се фокусира на поставување на повторна рамнотежа помеѓу индивидуалната слобода и заедницата – на концептите за позитивна слобода и општествена кохезија (Јоб Кохен „да го одржиме општеството да опстане заедно“).

Дел од програмата е насочен кон умереноста како доблест – развој на меѓувладината конкуренција и ограничувања кои се поставуваат во рамките на Владата, за да се искоренат силните влијанија кои комерцијалните и економските фактори ги имаат врз нашите општества (вклучително и клучните институции од културата, како што е радиодифузијата и универзитетите). Целта е да се создаде нов баланс помеѓу јавните и приватните сектори, редефинирање на

улогата на јавната сфера (Ентони Гиденс), всадување на јавната етика во приватниот и јавниот сектор со стандарди за висок квалитет и нова професионалност.

***Што сакаме да негуваме***

Социјалдемократијата од Третиот пат ги прифати, и потоа пропагираше за промените. Во Холандија, веќе 30 години се соочуваме со промени и реформа на социјалната држава, а пожелни се уште промени. За жал, оваа програма за промена е нестабилна и ѝ недостигаат аргументи, создаде нерамноправност и беше уривачка за одреден број сектори, притоа поткопувајќи ја професионалната етика и стандарди. Социјалдемократијата ја следеше модата и преовладувачкиот економски консензус, кои, пак, не успеаја да предупредат за финансиската криза која претстоеше. Социјалдемократијата ја саботираше својата улога како противничка сила, која беше толку многу потребна за да се обезбеди меѓувладината конкуренција и заемното ограничување во постапувањето на владините сектори, во време кога капитализмот беше неконтролиран. Најблаго кажано, тоа беше катастрофално избран момент.

Општеството не може да живее само од промени. Потребен е и континуитет. Оттаму, социјалдемократијата треба да си го постави прашањето, што е она што сака да го негува: што вреди да се зачува? Изреката на Лампедуса дека ако не сакаме ништо да промениме, сè *треба да се менува* („Bisogna cambiare tutto per non cambiare niente“), повеќе не се однесува за светот кој постојано се менува, во кој несигурноста на елитите во глобалното доба станува „порнографија на промените“ (Рене Куперус), со цел да се намали несигурноста. Меѓутоа, за континуитет и стабилност е потребно да се промени менталитетот и самата програма на социјалдемократијата.

## Ризици и стапици: дали сé уште имаме чувства?

Повторното отворање на социјалдемократијата е неопходно, доколку се сака да се организира нејзиното враќање и да се победи во војната на идеи, притоа да не ги споменуваме и кампањите и изборите. Но, за тоа постојат одреден број ризици и стапици. Прво, во моментов, се соочуваме со десетгодишен период на строги ограничувачки политики, кои вклучуваат намалување на јавната потрошувачка за да се постигне рамнотежа во јавното финансирање. Зарем не постои значително различен прогресивен начин за справување со кризата, започнувајќи од европското Кејнзијанско поттикнување да се врати развојот? Зошто да не продолжиме со програма на умерени

намалувања на трошоците, која е комбинирана со иновативност и јавна посветеност за подобрување на јавниот сектор? Дали постои начин да се ангажираат и придобијат граѓаните и професионалците од јавниот сектор, наместо да се оставаат да бидат само пасивни жртви на намалувањата и негативните мерки на политиките?

Втората стапица претставува нашата фатална зависност од владеењето, садомазохистичкиот однос на социјалдемократите кон владеењето. Можеме да се потсетиме на еден познат совет на еден стар холандски социјалист, кој беше особено упатен во коалициските политики: социјалдемократите треба да учествуваат во Владата „само доколку има нешто за нас со кое можеме да управуваме“.

За разлика од нивните претходници, денешните социјалдемократи многу често размислуваат во однос на технократските министерски досиеја, наместо на сојузи и коалиции со социјалните институции или групи во граѓанското општество. Социјалдемократите себеси се сметаат за менаџери на системите за јавни политики, носејќи ги промените од горе, надолу. За разлика од многу попопулистичките политички групи, тие ги прекинаа врските со аспирациите и грижите на нивните гласачи.

Тоа нé води кон третата стапица, која ќе ја поставиме во форма на прашање: Дали сме сè уште во контакт со тоа што се случува? Дали можеме да бидеме иновативни во состојба на недостиг на доверба во политиката, и во нашите партии, и во носителите на нашите идеи, односно нашите политичари? Дали сме во контакт со нашите гласачи, дали можеме да го премостиме јазот помеѓу гласачите со пониско и повисоко образование? Дали ние, како партии, живееме согласно на нашите јавно искажани идеали? Дали сме во контакт со работната сила: или, пак, веруваме дека конзервативната левица, која според многу реформатори е олицетворена во анахроничните синдикати – е непријателот внатре? Дали сме во контакт со „Zeitgeist“ (духот на времето), во чии рамки налик на џудо-натпреварувачи ќе преовладаме, префрлајќи ја моќта на противничките сили против нив? Дали нашите партии се во контакт со стандардите на професионалност кога тие се потребни: избор на најдобрите и најрепрезентативни политичари, ефективни кампањи и навремени промени во раководството? Дали социјалдемократските партии се сè уште во контакт со: еланот, енергичноста, љубопитноста, отвореноста и идеите на достојни противници? Или, пак, станавме премногу изолирани и можеме да опстанеме само со нови заложби за насилно отворање на нашите институции? Она што ни е потребно се нови прогресивни партиски формации и сојузи и мобилизираност околу новите прашања (климатски промени, квалитет на високото образование и медиумите, несигурни работни места).

## Како заклучок

Проблемот на европските партии на центарот претставува одраз на она што се случува во општеството: Потенцијалната поделба во рамките на сеопфатните неидеолошки партии („Volkspartien“), може да наговести поделба на општеството во целина. Имаме итна потреба од „социјален New Deal“, нов пакт помеѓу оние кои се помалку привилегирани и оние кои се повеќе привилегирани, создавајќи нова идеја за напредок. Таквиот пакт ќе се карактеризира со социо-економска сигурност (што се заснова врз стабилна социјална држава) и културолошка отвореност (толерантно меѓународно гледиште, кое, притоа, ја зачувува националната демократија).

Социјалдемократите треба да развијат програма која се однесува на социо-економската несигурност и на опциите за поширокото социјалдемократско избирачко тело, како и на нивната културолошка анксиозност. Таквата програма мора да ги придобие, како гласачите од традиционалната работничка класа, така и гласачите од средната класа. Исто така, програмата треба да ги промовира континуитетот и традицијата (Тони Јудт), наместо да се оптоварува со умереноста и иновативноста. Тоа би претставувало нов пристап, кој ќе го опфати секојдневието на нашите гласачи. За возобновување на социјалдемократските партии, како што ги нарекува Јоханес Рау, „згрижувачки партии„ („Kummererpartei“), не е од суштинско значење само да ги надмудриме гласачите на популистички начин, туку повторно да се поврземе со нив за да ја вратиме довербата и да промовираме демократско размислување, да ги учиме, но од нив, исто така, да учиме, притоа раководејќи на одговорен и авторитетен начин. Сеопфатната неидеолошка партија („Volkspartien“) мора да се спаси и обнови, како мост помеѓу победниците и губитниците на новите глобални трендови. Оваа нова сеопфатна неидеолошка партија ќе произлезе од прогресивното градење на коалиции, опфаќајќи ги другите левичарски политички партии, како и прогресивните поединци, независно на нивната партиска определба, и „прогресивните“ организации, како што се синдикатите, црквите и НВО.

Европските социјални општества – во услови на масовни миграции и глобализација – мора да се обноват, но, исто така, да се одржат во соочувањето со американската и азиската конкуренција. Европа мора да биде компетентна врз основа на човековата добросостојба и социјалната заштита, вон тесниот неолиберален концепт за економски развој. Да овозможиме европската социјалдемократија да остане да биде столб на модернизираниот европски социјален пазарен модел, но, исто така, да развиеме продлабочено чувство за политиката на културата и

идентитетот. Огромното незадоволство и несреќа, кои се карактеристики на богатите социјални демократии, до значителен степен се производ на загриженоста за заедницата, општествената кохезија и безбедност: постматеријалистички проблеми на социјалната психологија.

Европските општества и партии се наоѓаат на крстопат. Мораме да се одлучиме во какво општество сакаме да живееме? Дали ќе одбереме општество во кое нерамноправноста е во подем, имигрантите се сметаат за постојани натрапници, пазарите доминираат врз јавниот интерес, финансиските интереси се сметаат за позначајни од претприемништвото и луѓето меѓу себе се третираат како туѓинци? Или, пак, ќе се одлучиме за европскиот модел, кој толку внимателно и напорно го изградивме по војната: инклузивно општество со поумерени разлики во приходите и богатствата; јавен сектор кој дејствува како рамноправна спротивставена сила на пазарот, со одговорно граѓанство на врвот и на дното; образовен систем кој се грижи како за механичарите, така и за инженерите; и еколошка и иновативна економија, владеење на правото и релаксираност околу различностите?

Поделбата помеѓу левицата и десницата во политиката, исто така, мора да се возобнови, најмалку како борба против опасниот популистички раскол помеѓу „естаблишментот“ и она што популистите лажно го идентификуваат како „народот“. Мораме да бидеме строги со популизмот и строги кон причините кои водат кон популизам.

Европското социјалдемократско движење денес е премногу меланхолично. Наместо тоа, треба смогне нови сили и да ја поврати својата душа. Едноставно, социјалдемократијата треба да ги смени своите остварувања.

## Користена литература

Andeweg, R. B., and G. A. Irwin (2005): Governance and Politics of the Netherlands („Управувањето и политиката во Холандија“). New York: Palgrave.

Andeweg, R. B., G. A. Irwin, and J. M. den Ridder (2008): „The Netherlands“ („Холандија“) in D. Nohlen (ed.): „Elections in Europe“ („Изборите во Европа“). A Data Handbook. Oxford: Oxford University Press.

Judt, T. (2010): „Ill Fares the Land“ („Злото патува по земјата“). London. Pinguin.

Pellikaan, H.,S.L. de Lange, and T.van der Meer (2007): „Fortuyn’s Legacy: Party System Change in the Netherlands” („Наследството од Fortuyn: Промена на партискиот систем во Холандија“) во Comparative European Politics 5: 282-302.

Thomassen, J. (ed) (2005): The European Voter. A Comparative Study of Modern Democraticies. („Европскиот гласач. Компаративна студија за модерните демократии“) Oxford: Oxford University Press.

Van der Brug, W. (2007): Een crisis van de partijendemocratie? Inaugurale rede. Amsterdam: Uva.

Walter, F. (2010): Vorwarts oder anwarts? Zur Transformation der Sozialdemokratie. Berlin: Edition Suhrkamp.

ЛОРЕН БУВЕ

# КОЈ ЈА САКА ПС?
# Изборниот парадокс на француската Социјалистичка партија

| СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА (PARTI SOCIALISTE, PS) | |
|---|---|
| Официјална веб страница: | www.parti-socialiste.fr |
| Лидер на Партијата: | Мартин Обри (Martine Aubry) |
| Краток историјат: | Основана во 1905, како француски огранок на Работничката интернационала; во 1969 заменета со Социјалистичката партија. |
| Членство во SI и PES: | Член на SI од 1951; PES: од 1992 |
| Партиско членство: | 2009: 203.000 (овој број беше релативно стабилен и варираше помеѓу 150.000 и 200.000 членови во последните 10 години) |
| Одзив на избирачкото тело на парламентарните избори: | 2007: Општи избори: 42,5% од гласовите (186 пратенички места од 577, во опозиција)<br>Претседателски избори: 46,94% од гласовите; пораз на Сеголен Руајал (Ségolène Royal) во вториот круг<br>2002: Општи избори: 35,26% од гласовите; 140 пратенички места од 577, во опозиција;<br>Претседателски избори: 16,18% од гласовите; пораз на Лионел Жоспен во првиот круг<br>1997: Општи избори: 44,2% од гласовите; 255 пратенички места од 577, во Владата |
| Одзив на избирачкото тело на европските избори: | 2009: 16,48% (14/42 француски пратеници), ПС листа<br>2004: 28,9% (31 од 78 француски пратеници), ПС листа<br>1999: 21,95%, 22 од 87 француски пратеници; ПС/ПРГ/МДЦ листа |
| Учество во Владата: | Од 2002: во опозиција<br>1997-2002: во Владата предводена од Социјалистичката партија: Лионел Жоспен (Lionel Jospin) како премиер, во коалиција со левичарските партии („плурална левица“) |

Социјалистичката партија, заедно со нејзините социјалдемократски партнери, се наоѓа на историскиот крстопат. Додека основните доктрини на демократскиот социјализам – регулирање на пазарната економија, силна социјална држава на прераспределба и ветување за еманципација на

поединецот – за кои секојдневните обвинувања се отфрлаат заради тековната криза на легитимност, која, пак, силно го погодува дерегулираниот капитализам и либералната ортодоксност; политичките сили кои тврдат дека ги претставуваат овие доктрини не успеваат да бидат избрани, практично никаде. Партиите на десницата, конзервативните и либералните, кои со децении се бореа против социјалдемократските идеи, победуваат, речиси, на сите последователни избори ширум Европа. Историскиот „модел“ на социјалдемократија, се чини дека повеќе не е во можност да го обезбеди најдоброто економско и социјално решение, како што беше пред 60 години познатиот „компромис“ за либералните демократии. Изгледа дека дека француската Социјалистичка партија е најпогодена од сето ова, и тоа навистина е така, во последните десетина години. Во 2002 за малку ја испуштија националната власт – претседателот на Републиката и парламентарното мнозинство – и покрај тоа што успеаја тоа да биде партија број еден во Франција во однос на бројот на претставници и „collectives territoriales“ (региони, одделенија, комуни), со кои раководи.

Претседателските избори и општите избори што ќе се одржат во 2012, веќе претставуваат огромен предизвик за Социјалистичката партија: враќање на власта и можност на земјата да ѝ се понуди нова насока за излез од кризата и градење нов модел за развој и раст. Следните две години ќе бидат посветени на оваа цел за 2012, но овој краток временски период не може да биде посветен само на планирањето на изборната победа, која француските социјалисти ја чекаат толку долго време. Овие две години, исто така, треба да бидат период на темелни реформи на Партијата, на нејзините цели и нејзиното работење, за да се обезбеди, штом се освои победата, дека времето на владеење и долгорочно вметнување на политиката на Социјалистичката партија и на француската левица, одат рака под рака.

За да се оствари тоа, Социјалистичката партија треба да се справи со одреден број прашања кои се однесуваат на плиткоста на нејзината „социолошка“ база, нејзините односи со институциите на Петтата Република (особено президенцијализацијата на француската политика), и содржината на нејзините планови за политики на земјата и, веројатно, и стратегијата за сојуз која планира да ја усвои. Исто така, потребно е темелно да се размисли за причините за општото незадоволство кое влијае на Партијата и кое ја остави да слабее во опозиција на национално ниво толку долго време. Особено што, Социјалистичката партија треба повторно да го обмисли својот однос кон градењето на Европа, што досега во голем степен се потпираше врз конфузност помеѓу барањата за одредено деконструирање на националниот суверенитет, што, пак, е потребно за реализација на европскиот проект и придржувањето кон начелата – како што е солидарноста – кои упатуваат на една национална димензија, во моментов, честопати, запоставена.

По краткото историско резиме за Социјалистичката партија која е стара еден век, ќе направиме преглед на тоа каде се наоѓа таа денес, а потоа ќе се обидеме да објасниме зошто ја изгуби власта и не може да ја врати веќе 10 години, пред да ги наведеме во кратки црти перспективите за 2012 и да се зафатиме со прашањата за Европа.

## Краток историјат на француската Социјалистичка партија (1905-2002)

Француската Социјалистичка партија (Section française de l'Internationale ouvrière, или СФИО) беше основана во 1905, како резултат на здружувањето на различни организации и личности во социјалистичкото движење, под раководство на Жан Жорес. Меѓутоа, тој не успеа Партијата да ја воспостави врз реформистичка основа, заради тоа што за нејзиното единство беше неопходно присуството на ортодоксните марксисти – кои стоеја особено зад Жил Гед. Поделбата помеѓу социјалистите (малцинство) и комунистите (мнозинство) се случи во 1920, со основањето на француската Комунистичка партија (ПЦФ). Откако беше основан Популарниот фронт („Front popularie"), со кој се обедини целата левица – и особено со победата на Општите избори во 1936 со Леон Блум како премиер – комунистите и социјалистите формираа сојуз за борба против заканата од фашизмот. По Втората светска војна, ПЦФ стана водечка партија на левицата и ја засени СФИО на изборите, но социјалистите беа оние кои учествуваа во одреден број на влади во текот на Четвртата Република, особено онаа која ја предводеше лидерот на Социјалистичката партија во тој период, Ги Моле, во 1956, кога ги зафатија превирањата околу Алжирската војна.

Противејќи се на основањето на Петтата република (1958), СФИО, која тогаш беше Parti Socialiste (ПС – повторно основана под ова име во 1969), остана надвор од Владата на национално ниво, сè до победата на Франсоа Митеран во 1981. Митеран стана лидер на Партијата откако ѝ се придружи во 1971 (Конгресот во Епине) и ја реорганизираше со цел да го освои претседателството на радикалната левичарска платформа („Заедничката програма", programme commun – која се засноваше врз „планирање, национализација и управување со работниците") и сојузот со ПЦФ, со која од тогаш беше рамноправна, пред да доминира на изборите во 1978. Во 1983-84, таканаречениот, „tournant de la riguer" (радикална промена во економската политика) и заминувањето на министрите на Комунистичката партија, беше сигнал за одредена нормализација на францускиот социјализам во однос на најголемите социјалдемократски партии. На почетокот на 1990-тите, крајот на седумгодишниот мандат на Митеран беше одбележан со разни скандали и

економски лош развој, што, пак, ја врати десницата на власт во 1993 (Општи избори) и во 1995 (Претседателски избори).

Во 1997, Лајонел Жоспен, кој стана нов лидер на ПС во 1995, по повеќегодишната борба да го наследи Франсоа Митеран, победи на Општите избори и стана премиер (под претседателството на Жак Ширак). Тој спроведуваше политики кои беа особено левичарски (вклучително и работна седмица од 35 часа, работни места за млади невработени луѓе и договор за граѓанска унија, меѓутоа, исто така, предводен директно од политиките на претходните социјалистички влади од времето на Митеран), ја инкорпорираше и пазарната економија (приватизација, дерегулација, намалување на даноците). Во 2002, Лајонел Жоспен изгуби во првиот круг на неговата кандидатура за претседател, што се должеше на тоа што тој не беше профилиран кај избирачите, но и заради фрагментираноста на левицата и покрај нејзиното учество во неговата мнозинска Влада, оставајќи го Жак Ширак, чиј кредибилитет беше распарчен, и лидерот на екстремната десничарска партија, Жан-Мари ле Пен, да се соочат во борбата.

## Остварен напредок. Социјалистичката партија се најде на полпат

### *Изборен парадокс*

Во изминатите десетина години (2002-2010), изборната позиција на Социјалистичката партија е парадоксална. Иако имаше добар изборен резултат на локално ниво – ПС победи на сите локални избори од 2004 (општински, кантонски, регионални) и стана водечка партија во Франција во однос на бројот на свои претставници и органи на власта со кои раководи – наспроти тоа редовно беше поразувана на национално ниво (на општите, и особено на претседателските избори). Овој парадокс е особено очигледен во периодот кој следува по сите избори. Кога станува збор за национални избори (а, тогаш станува збор и за пораз), коментаторите изјавуваат дека партијата е блиску, но кога станува збор за локалните избори (а, тогаш станува збор за победа), истите коментатори изјавуваат дека ПС станала сила на која може да се смета! Всушност, ПС ниту изумира – има солидна мрежа на претставници и локални власти кои денес се нејзината реална виталност – ниту, пак, е на врвот од играта: секоја партија која не успева да ги добие националните избори или, пак, да го добие претседателствувањето, треба да си постави неколку сериозни прашања за својата организациска поставеност, колку добро функционира и што нуди. Таа е сега помеѓу локалната моќ и националната несигурност, состојба во која денес се наоѓа француската Социјалистичка партија.

**Табела 1: Изборни резултати на ПС од 2002**

| | Резултат/евидентирани гласови (%) | Политички исход |
|---|---|---|
| Претседателски избори 2002 (Л. Жоспен) | 16,18 | Пораз/елиминиран во првиот круг |
| Општи избори 2002 | 35,26 | Пораз/главна опозициска партија |
| Кантонски 2004 | 38,56 | Победа (+8/2001) |
| Регионални 2004 (ПС+здружена левица) | 49,92 | Победа (+13/добивка на десницата) |
| Европски 2004 | 28,9 | Победа (+7/1999) |
| Европски референдум 2005 | Да 54,67/Не 45,33 | Пораз/поделба на СП |
| Претседателски 2007 (С. Руајал) | 46,94 | Пораз во вториот круг |
| Општи избори 2007 | 42,25 | Пораз (+46 места/2002) |
| Општински 2008 (ПС+обединета левица) | 33,35 | Победа (преземање на градовите) |
| Кантонски 2008 | 35,11 | Победа (+172 места) |
| Европски 2009 | 16,48 | Пораз (-17 места) |
| Регионални 2010 (ПС+обединета левица) | 49,51 | Победа (+18/добивка на десницата) |

### *Трикратниот социолошки проблем на ПС*

Причината за изборниот парадокс, кој пред малку беше опишан, може да се најде во она што може да се нарече „социолошки проблем“ на ПС, а кој е трикратен.

Првиот проблем е што ПС стана партија на претставници во вистинска смисла на зборот: речиси половина од нејзините реални членови (партиско членство од околу 150.000) – т.е. 60.000 луѓе се претставници на разни нивоа (општинско, околиско, кантонско, регионално, национално, европско), а останата половина „имаат желба да станат“ претставници, ако се послужиме со

формулата која, честопати, ја користат во ПС[48]. Тоа има значајни последици, како за одлуките што ги носи партиското раководство (политички ставови, реформа, начини за отворање на постапките за номинирање на кандидати за изборите), така и на „социолошкиот" состав на самата партија, бидејќи претставниците се помалку наклонети, за разлика од останатите членови на партијата, да го толерираат секое оспорување на нивната позиција и претпочитаат да се регрутираат нивните пријатели, наместо лицата кои може да претставуваат закана за изборите, на пример во рамките на локалната партија.

Вториот главен проблем за ПС е што социолошкиот состав на нејзините членови повеќе се наклонети кон едната страна. Последниот пат, кога ова прашање беше темелно разгледано, е во 1998[49], но нема причина заради кој треба да се претпостави како резултат на неодамнешните случувања – придружувањето на оние кои се познати како „20 евро-активисти" во 2006 во текот на номинирањето на претседателските кандидати, на пример – дека доведе до радикална социолошка промена во партијата.[50] Главните особености на социјалистичката социологија остануваат оние кои излегоа на виделина во 1998: предоминантност на мажите, покрај несомненото приспособување заради воведувањето на Законот за рамноправност (во тоа време 72% од членовите беа мажи); постара просечна возраст (67% над 50-годишна возраст); значителен дисбаланс, кој е во прилог на средните и високосоцијални и професионални групи (16% работници и вработени лица на понизок ранг, наспроти 35% лица на повиски раководни позиции и професионалци), како и членови кои работат во јавниот сектор (58%).[51]

Третиот социолошки проблем е составот на социјалистичкиот електорат, како што се покажа на различните избори, врз основа на анкетите кои се правеа со избирачите при напуштањето на гласачкото место, а тоа дополнето со резултатите од разни анкети на поддржувачите на социјалистите. Покрај севкупните слаби резултати кои беа регистрирани од страна на ПС (ако се земе предвид дека сè помалата излезност на гласачите е во подем, со исклучок на претседателските избори), кои поединечно добија помеѓу 20 и 30% од евидентираните гласови во првиот круг, може да се забележи дека оваа изборна „база" е доста ограничена од социолошки

[48] За оваа клучна поента, види особено Поглавје 2: „Les elites socialistes, une societe d'elus", R. Lefebvre F. Sawicki (2006): La Societe des socialistes. Le PS anjourd'hui. Bellecombe – en-Bauge: Editions du Croquant:67ff.
[49] Rey, H.; F., Subileau; and C. Ysmal (1999): Les Adherents socialistes en 1998. Paris: Cahiers du CEVIPOF (Sciences Po). Ова следеше по разгледувањето кое беше направено пред една деценија од еден од авторите; Rey, H.; F., Subileau (1991): Les Militants socialistes a du pouvoir. Paris: Presses de la FNSP.
[50] Види, T. Barboni (2009): "Le Parti socialiste, parti de militants, des militants, ou de supporters?" in *Recherche Socialiste* 46-47 (June): 12-27.
[51] Податоците се земени од Rey, H.; F., Subileau; and C. Ysmal (1998): op.cit.

аспект. Таа, главно, се состои од гласачи од средниот и горниот слој и неколку од работничката класа (особено од социјалните и професионалните групи на „вработени“ и „работници“, кои претставуваат повеќе од 50% од активната популација во Европа). Покрај тоа, соодносот на гласачите од јавниот сектор е особено значителен во однос на значењето кое го имаат во активната популација. Географската распределба на социјалистичките гласови, исто така, укажува на силна застапеност во густо населените урбани области (особено централните градски подрачја) и поурбаните области, за разлика од други населени места.[52]

Овој трикратен социолошки прашалник претставува хендикеп за ПС, до степен до кој Партијата веќе не е во чекор со француското општество, како што беше во 1970-тите, на пример, заради мрежата на посредници и врски ширум целата земја и помеѓу сите општествени слоеви – иако, категорично кажано, ПС никогаш не била работничка партија, заради постоењето на Комунистичката партија на левицата и одделувањето од синдикалното движење. Трикратниот проблем на прекумерна застапеност на претставниците во рамките на Партијата, социолошки профил на активисти кој не е во чекор со општата популација, и ограничената и асиметричната изборна база ги отежнуваат, можеби не толку многу, перспективите за изборна победа – која зависи од голем број други фактори – туку, на подлабоко ниво, ја отежнуваат способноста на Партијата да остане на власт, да има избирачи на долгорочен план и да се шират нејзините вредности во општеството. Токму од овој аспект, социологијата игра суштинска улога во политиката, како што покажаа и Макс Вебер и Антонио Грамши.

### ***Делумно враќање на имиџот според јавното мислење***

Економските и политичките потешкотии во последните години од претседателствувањето на Николас Саркози,  на Социјалистичката партија ѝ дадоа лидерска улога во опозицијата. Француската јавност ја смета ПС за левичарска партија, од каде е најверојатно да се обезбеди кандидат од овој кампус за втората рунда на претседателски избори. Меѓутоа, опозицијата на Николас Саркози нема ниту политичка програма, ниту платформа. И во нејзините планови за земјата е дека сега ќе ѝ се пресуди на PS.

Изборот на Николас Саркози за претседател на Републиката во мај 2007, и поразот на кандидатот на ПС и на левицата, Сеголен Руајал, доведе до период на безнадежност и нереди во ПС.

[52] Види: G. Brustier and J. P. Huelin (2009): Recherche le Peuple desesperement. Paris: Bourin Editeur.

Всушност, претседателската кампања на Руајал беше спроведена без Партијата, и дури и против неа. Паралелно на тоа, ПС не успеа како што требаше да поддржи кандидат чиј легитимитет, покрај нејзината номинација за партиските Избори во ноември 2006, беше, речиси, целосно прифатен од целата Партија, од најниските, до највисоките слоеви.[53] Судирите во Партијата траеја сè до грчевитите случувања на Конгресот во Ремс, во ноември 2008: Мартин Обру беше избрана со мала предност пред Сеголен Руајал, покрај обвинувањата за нефер игра. Бројните центрипетални сили во ПС – влијателни личности на локално ниво, „млади“ лидери познати како „quadras“ (на околу 40-годишна возраст), јавно ја изразуваа својата загриженост и несогласување со месеци, и покрај тоа што новиот претседател на Републиката водеше политика на „отвореност“, врбувајќи ги социјалистите со тоа што ги назначуваше во својата Влада или им даваше задолженија од секаков вид.[54] Катастрофалниот исход на Европските избори во јуни 2009, покрај тоа што и многу други социјалдемократски партии во Европа ги снајде истата судбина – ги убеди набљудувачите дека ПС, иако не е изумрена, не беше во состојба да се спротивстави на вториот мандат на Николас Саркози.

И покрај тоа, од 2009, ПС не само што постепено го поврати своето место на главна опозициска партија, туку нејзиниот лидер Мартин Обру, сè повеќе станува нормално дека ќе биде кандидат за претседателските избори, многу време пред да се одлучи за тоа во рамките на Партијата. Таквиот пресврт во јавната перцепција се должи, пред сè, на грешките кои ги направи претседателот, кого го погодија одреден број скандали поврзани со неговите министри или тој самиот, на пример, кога побара неговиот син да биде назначен за раководител на EPAD, полувладина организација која врши надзор над недвижниот имот и управува со La Defense, во близина на Париз. Ваквиот пресврт, исто така, се должи на економската криза, која јасно го ограничи реформаторскиот ентузијазам на претседателот, со тоа што тој се обврза да спроведе значителни строги мерки, и покрај тоа што одби да ги повлече мерките што тој ги воведе, а кои се во корист на богатите, веднаш кога дојде на власт во 2007. На крајот, потребно е да се истакнат способностите на Мартин Обру, која со потешкотии се избори да стане партиски лидер, успеа да се врати на сцената, стави крај на разидувањата и се наметна како природен лидер на Партијата. Оттаму, заслугите за „победата“ на регионалните избори ѝ беа припишани на неа, иако таа не

---

[53] Постои добро објаснување, врз основа на информации за кампањата на социјалистите и на комплексниот однос на Сеголене Роујал со Партијата за време на 2006-2007 во R. Bacque and A. Chemin (2007): „La Femme fatale“, Paris: Albin Michel.

[54] Види ја нашата анализа: „La triple ingouvernabilite du parti socialiste”, достапна на: http://laurentbouvet.wordpress.com/2008/12/0I/la-triple-ingouvernabilite-du-parti-socialiste.

беше директно кандидат за раководството на регионот, за разлика, на пример, од Сеголене Роујал.

Негативната јавна перцепција за Мартин Обру – особено како „La dame des 35 heures“[55], конечно беше надмината. И покрај тоа што таа, можеби, сè уште се чини дека е помалку потенцијален кандидат особено од Доминик Штос-Кан, но повеќе од Сеголен Руајал – од друга страна, таа најдобро ја отелотворува левицата и нејзините вредности во умовите на француската јавност.[56] Спротивно на шмеќерлакот на Саркози, таа е доста строга и скромна личност, која не се разликува од Ангела Меркел. Во време на економска и социјална криза во Франција, овој личен аспект несомнено игра клучна улога. Сепак, тоа не е доволно за да се добие претседателствувањето, но сепак, создаден е одреден терен, иако никој високо не ги оценуваше шансите на ПС во 2008-2009. Она што сè уште преостанува да се направи – планот, претседателската кандидатура, изборните сојузи, итн. – не е помалку значајно од сето тоа, и ПС не смее само да посакува, доколку има надеж да го порази Николас Саркози, кој најверојатно ќе се кандидира за следен мандат во 2012.

### ***Плановите остануваат несигурни***

За да се победи на претседателските избори во 2012, и да се врати владеењето на долгорочен план, во следните две години, ПС мора да биде во позиција, да излезе пред народот во Франција со политички проект, кој навистина ќе го спроведе. Тоа значи нешто повеќе од само предлагање да се стави крај на „саркозивизмот“. Работењето на новата политичка платформа на ПС, навистина повторно започна откако Мартин Обру стана лидер во ноември 2008, што под раководство на Франсоа Олланд (1997-2008), речиси и да беше заборавено. Меѓутоа, таа работа останува во една ембрионска фаза, бидејќи е конфронтирана од три главни структурни проблеми, кои претставуваат значителна закана да го ограничат тоа влијание.

Првиот проблем се однесува на врската помеѓу партиската платформа и платформата на претседателскиот кандидат. Во францускиот претседателски систем, кандидатурата на една личност се поставува директно пред францускиот народ, преку водење еден вид дијалог, и покрај

---

[55] Наслов на особено критичната книга за Мартин Обру, која се појави пред неколку години. P. Alexandre and B. de L'Aulnoit (2002): *„La Dame des 35 heures“*, Paris: Robert Laffont.
[56] Види: BVA-Orange-L'Express-France Inter index (каде се пресметува популарноста на претседателот и изгледите во иднина за 20-те политичари на врвот) за јули 2010, достапно на: http://www.bva.fr/fr/sondages/barometre_politique/observatoire_de_la_politique_nationale_-_juillet_2010.html.

фактот дека партиската инфраструктура, ресурси и мрежи се од суштинско значење. Кандидатите треба да претстават сопствена политичка програма пред земјата, и со неа треба целосно да можат да се идентификуваат. Со други зборови, трите суштински димензии на претседателските избори – претставување, персонификација и приодот – мора совршено да се совпаѓаат. Ако постои големо разидување помеѓу овие димензии, кандидатите имаат мала шанса да ја добијат поддршката од своите сограѓани. Оттука доаѓа значењето на политичката платформа и на нејзината екстремна персонализација. Но, како треба да се координира оваа персонализација со колективниот развој во рамките на Партијата во однос на последно споменатата политичка платформа – уште повеќе што општите избори, кои следат по претседателските избори, во основа вклучуваат претставување на политичката платформа. Земајќи го предвид значењето на претседателските избори за да се одреди политичката рамнотежа на моќ, вклучително и во рамките на самата Партија, јасно е дека програмата на кандидатот има приоритет. Во овој контекст, улогата на партијата е да подготви, на најдобар можен начин, претставување на оваа програма штом кандидатот биде номиниран. Ова е токму она што се случи на крајот на 1970-тите, кога ПС подготви свој „социјалистички проект“, кој кандидатот Митеран го искористи за неговите „110 предлози за Франција“ во 1981. Клучниот елемент во овој период беше тоа што Франсоа Митеран беше и првиот секретар на Социјалистичката партија и претседателски кандидат, што значеше дека тој беше во можност да обезбеди дека целата Партија ги следеше истите инструкции како група од истиот лист на кој беше напишана химната, и дека активностите останаа кохерентни во рамките на неговата претседателска кандидатура.

Втората стапица што ја очекува Партијата кога станува збор за развивањето на нејзин „проект“, е тоа да се сведе на едноставна програма. Постои клучна разлика помеѓу двете. Навистина, од 1980-тите, со самото приближување на општите избори, ПС и нејзините кандидати не направија ништо повеќе од само претставување на програми за економски и социјални мерки, нешто што е вметнато со само неколку одредби означени како „општествени“. Тоа не се оригинални сеопфатни „проекти“ – или политички проекти – кои овозможуваат да се наметне една општа насока на анализа на сегашната ситуација и на општеството, што последователно се рефлектира во група на мерки кои им се претставуваат на францускиот народ, обезбедувајќи кохерентност. Причините за ваквата насока се многубројни и не се ограничени само на Социјалистичката партија. Тука може да се спомене доминацијата на процесот на поставување на програма во последните 20-тина години и слично, од страна на експерти, и особено во однос на ПС, од страна на, таканаречените, „технократи“ – или со други зборови, економски и правни експерти од јавната администрација, чиј број и влијание нараснаа како што ПС стана партија во Владата во 1980-тите и 1990-тите. Оттаму, државата е онаа којашто ја освои Партијата, наместо да биде обратно. За жал, перспективите за

2012 наликуваат на она што беше резултат во минатото: изборот на оние кои се одговорни за партискиот „проект“ останува да биде извитоперен од технократскиот развој во текот на последните 25 години (практично сите тие се сиви технократи од личниот кадар на социјалистичките министри). Како што стојат работите, со помалку од две години пред претседателските избори, ПС сè уште нема многу размислено околу состојбата на француското општество, покрај тоа што има забележано дека се наоѓа во криза! Оттаму, првите елементи кои беа ставени на располагање од „convention sur le modele de developpement“[57], првиот поголем состанок за партискиот проект кој се одржа пролетта 2010 – во основа се поврзани со фискалната реформа, за која се смета дека ќе овозможи приспособување на оданочувањето во прилог на средната и работничката класа. Мартин Обру, исто така, во свое лично својство изнесе неколку идеи кои треба да се разгледаат во врска со социјалните прашања, а најзабележително во нејзините заложби е – да го воведе поимот „грижа“ во француската политичка дебата – иако без многу успех до сега – а што потекнува од англосаксонската општествена наука, што, пак, ретко се користи во Франција.[58]

Третиот структурен проблем кој влијае врз разработката на политичкиот проект на ПС, се должи на фактот што социјалистите не биле секогаш јасни за позицијата која планираат да ја усвојат како левица. За почеток, тоа е затоа што личноста на претседателскиот кандидат е она што крајно ја ориентира Партијата во една, или друга насока, во време на избори и во текот на следните години. Тоа беше случај со Франсоа Митеран и Лајонел Жоспен, и повторно ќе биде така во 2012, доколку ги сметаме двата потенцијални кандидати Мартин Обру и Доминик Штос-Кан, од кои првата вклучува покласична и посоцијалистичка концепција за левицата, додека, пак, вториот веќе одреден број на години ја отелотворува десницата во ПС и рефокусирање на Партијата по линија на Третиот пат. Второ, за да се врати моќта во рамките на Партијата и, несомнено, и во претседателската кандидатура, подобро е да се биде во можност да се обединат различните аспекти во Партијата, и оттаму да се здружат левицата и десницата, во однос на членовите или симпатизерите. Традицијата, според која Партијата „победува кога кампањите се на левичарска платформа“, се чини дека сè уште преовладува, доколку реториката која беше употребена на неодамнешните конгреси, конвенции и други средби, е нешто што треба да се прифати, дури и никој во Партијата да не е во илузија дека ќе истапи како партија во Владата, која штом биде изгласана, нема да биде во можност да направи некаква значителна промена кон левицата. Неодамнешниот пример за ваквата социјалистичка традиција за „фаќање на левицата, но

---

[57] „Конвенција за развоен модел“. Текстот на оваа Конвенција може да се најде на веб страницата на ПС: http://www-parti-socialiste.fr/articles/en-direct-le-conseilnational-de-la-convention-nouveau-modele-de-developpement.

[58] Види: Презентација на оваа идеја од ПС: http://www.parti-socialiste.fr/articles/le-care-acte-i.

постапување како десница“, се реформите за пензионирањето. ПС официјално објави дека левичарската влада ќе ја врати возраста за пензионирање да биде 60 години – што ќе се промени со моменталната реформа која ја предлага десничарското мнозинство – иако во рамките на Партијата сите подготвено прифаќаат во четири очи дека од тоа нема ништо да излезе. Овој јаз помеѓу реториката во опозиција и политиките кои, всушност, се спроведуваат откако ќе се добие власта, е една од главните критики кои се упатени на адресата на ПС секогаш кога ја добива власта.[59] Покрај тоа, ваквата колебливост може да се најде и во сите официјални документи на ПС, независно дали во последната Декларација за начелата, којашто беше усвоена во јуни 2008,[60] или во текстот на горенаведената „Конвенција за моделот на развој“, во кој реалните пасуси – особено за фискалната реформа – во поголем или помал степен се наведуваат наизменично со лирско бегство во фантазија, со кое се поттикнува „промена на цивилизацијата“. До степен до кој тоа укажува на недостиг на доследно политичко размислување на долгорочен план, и на партија која е идеолошки длабоко поделена, дури и до степен на конфликт во однос на клучните избори за општеството – превирањата во социјалистичкиот кампус во однос на Европскиот уставен договор во 2005, се најизразен пример за тоа во последните години.

### *Партија во процес на модернизација*

Реформата, за тоа како функционира Партијата во моментов, е клучно прашање. Факт е дека ПС и покрај бројните значителни реформи во своето внатрешно работење во минатото – особено изборот на првиот секретар по пат на директно гласање на партиското членство – е Партија која е оптоварена со тешкотии од овој аспект. Нејзиниот внатрешен дебаланс, кој им оди во прилог на избраните претставници, е значителен; малото членство ја лишува Партијата од критична маса на претставници и посредници во општеството; нејзиното раководство останува слабо до степен до кој првиот секретар не е прифатен како „природен“ или назначен кандидат за претседателските избори; финансиите, главно, зависат од државното финансирање (според резултатите на општите избори) и придонесот од нејзините претставници; што се разбира, ја прави ПС да биде уште позависна од нив.

---

[59] Види: За повторливиот проблем на ПС, нова класична анализа од A. Bergounioux and G. Grunberg (2005): L'Ambition et le remords. Les socialistes francais et le pouvoir (1905-2005). Paris. Fayard.

[60] Текстот на оваа Декларација може да се најде на веб страницата на ПС: http://www.parti-socialiste.fr/le-ps/la-declaration-de-principes.

Земајќи го сето ова предвид, раководството се зафати со еден процес кој тие го нарекуваат „обнова“ – паралелно на развојот на „проект“, за кој веќе претходно зборувавме – кој има за цел да се разрешат одреден број нерешени проблеми: забраната за држење на неколку функции истовремено (иако спроведувањето на оваа реформа ќе треба да почека неколку години) или поефективно спроведување на рамноправноста и отворање кон различностите (на пример, за етничките малцинства).

Меѓутоа, главен предмет за „обнова“ се самите членови на партиската конвенција, односно изборот на кандидат за претседателските избори во постапка која е отворена за сите поддржувачи на левицата, и затоа, тоа на ниту еден начин не е ограничено само на партиското членство. Повеќето социјалисти сметаат дека оваа важна реформа е неопходна за разрешување на многу од структурните проблеми на Партијата: кризата околу раководството (назначеното лице ќе биде „легитимно“), односот на раководството кон „проектот“, и партиските сојузи. Меѓутоа, постои сомнеж дека овие внатрепартиски избори, како што е предвидено до сега[61], можат да ги разрешат организациските проблеми кои пред малку беа опишани. Ако се земе предвид таа цел, партиските избори ќе треба да се случат многу порано пред претседателските избори, за да му се овозможи на кандидатот – кој, исто така, би бил и лидер на Партијата – да се етаблира себеси и да го подготви својот „проект“, за да ја коригира ситуацијата во Партијата и тоа да го остави зад себе – и на таков начин, да воспостави сојузи околу кандидатурата и проект за следните години со останатите политички сили.

Слабостите на тековниот процес на обнова се одразуваат во нејасноста на предлозите и партиската летаргија за основни прашања. Пристапот кој вклучува бројни „конвенции и тематски состаноци“ за да се зацрта партиската визија, пред да се номинира кандидатот (есента 2011), сведочи за партиското нецелосно преобразување кон претседенцијализацијата на Петтата Република – на последните избори беше очигледно дека претседателскиот кандидат сам можеше вистински да даде насока како ќе биде составена партиската програма („проект“), бидејќи тој/таа самиот/самата ќе ја користи во текот на изборите. Меѓутоа, во моментот, секој еден во ПС постапува така, како да кандидатот, кој ќе биде номиниран на партиските избори, со задоволство ќе ја земе партиската програма и едноставно ќе ја направи своја, ќе ја персонализира, и ќе го стави својот печат врз неа. Но, претседателската кампања подразбира јасен и цврст избор, кој малку е поврзан со консензуалниот пристап кој владее со изготвувањето на партиската програма. Секоја тенденција, група или гледиште, тоа мора да го прифати барем во еден мал дел од својата

---

[61] Документот на ПС за „обновата“ може да се најде на: http://www.parti-socialiste.fr/renovation.

политичка ДНК, за да се поддржи овој проект и да не се ризикува да се изложат поделбите во Партијата на јавната арена. Резултатот е доста безличен, и мала е веројатноста дека тоа ќе ги ангажира и инспирира гласачите, или дури и поддржувачите на ПС.

Конечно, се чини јасно дека очигледната вистина, која се игнорира во однос на „обновата“ во нејзината постојна форма, е иднината на политичките партии како такви, како форма на политичка организација која служи како референтна точка на современата демократија.[62] Дебатата за внатрепартиските избори и отворањето на Партијата во однос на клучниот момент за номинирање на претседателскиот кандидат, е само почеток на многу поопсежното размислување за она што може да се нарече „партиска форма“. Од што се состои тоа? Која е врската помеѓу партиската внатрешност и надворешност? Дали мора да остане асполутно разграничувањето помеѓу оние кои се членови и оние кои не се членови? Дали треба да се придвижиме кон федерална форма, составена од различни движења и групи, чии цели повеќе нема да бидат строго насочени кон изборна победа или дури и да продолжат да ги одржуваат конкретните организации за оваа цел? Очигледно, ПС не е единствената партија која е засегната од овие прашања. Особено што може да се забележи дека создавањето на Europe Ecologie (француска изборна коалиција за Европските избори во 2009), директно го поставува прашањето за партискиот формат. Меѓутоа, на ПС сè уште ѝ претстои долг пат пред да стигне до оваа „постмодерна демократија“[63], земајќи ја предвид нејзината суштинска улога во левицата и нејзиниот сегашен состав, кој повеќе изгледа на ексклузивен клуб на локални претставници, отколку на голема организација, која е на истата бранова должина како и општеството во целина.

### *Од опозициска партија кон конструктивна партија[64]*

Најголемиот предизвик за ПС во претстојните години ќе биде да излезе од фазата на опозициска партија, за да стане партија која на земјата ѝ нуди нови идеи и партија која е способна да формира Влада. Како што можеше да се види, ПС беше во можност да се појави повторно како сила која може да се смета како главна опозициска партија, наспроти десничарското мнозинство –

[62] Во смислата во која Robert Michels ја дава основната дефиниција (1959 [1911]): Политички партии: Социолошка студија на олигархиските тенденции на модерната демократија; Dever Press, or Moisei Ostrogorski (1903): La Democratie et les partis politiques. Paris: Calman-Levy.
[63] Во ова издание, види особено Colin Crouch (2004): Постдемократија. Cambridge: Polity Press; and P. Rosanvallon (2006): La Contre-democratie. La politique a Page de la defiance. Paris: Le Seuil.
[64] “Du parti d’opposition au parti de proposition”.

потиснувајќи ги на второ место и центристите и еколозите, кои одредено време веруваа дека ќе ги протераат социјалистите како главна алтернатива на саркозивизмот. Оттаму, како што и вообичаено се случува, политиката се врати во Франција, а ПС обезбеди свој претседателски кандидат во вториот круг од претседателските избори.

Сепак, и покрај сите заложби и внатрешни реформи, ПС е далеку од партија, за која избирачкото тело ќе гласа заради нејзините заслуги, наместо, едноставно, за да ја блокира Union pour un Mouvement Populaire (УМП), или тоа да биде тактичко гласање за левицата, за да се оневозможи десницата. Дали одлуката да се гласа е донесена од позитивни или негативни причини, претставува клучен фактор за одредување на легитимноста на Владата, која ја добива власта по победата на изборите. Доколку легитимноста на Владата е слаба, нејзиниот политички простор за маневрирање значително ќе се стесни, отколку да била избрана да спроведе политики кои експлицитно се одобрени од мнозинството гласачи. Јасно е дека двата други фактори, кои треба да се земат предвид, се стапката на учество и распределбата на гласовите.

Секако дека ПС повторно исплива како главно институционално средство на особено силното противење на саркозивизмот во Франција, но довербата во ПС е ниска. Од една страна, тоа се должи на тоа што предлозите со кои досега се произнесе, остануваат многу нејасни или, пак, се предмет на внатрешни поделби – на пример, Партијата е поделена околу тоа дали да се задржи моќното симболично пензионирање на 60-годишна возраст – а од друга страна, не постои обединувачки принцип, или, пак, кандидат кој може да ја етаблира ПС како кохерентна проактивна сила, врз која може да се потпре францускиот народ.

Покрај ризикот од недостиг на легитимност во случај на победа во 2012, главниот проблем ќе биде новата претпазлива позиција на Владата соочена со ривалските политички сили, кои сакаат да го присвојат огромниот терен на антисаркозивизам, кој, честопати, се чини дека е единствениот обединувачки фактор во ПС. Истото се однесува и за левицата во однос на Europe Ecologie, и за центарот во однос на Демократското движење – Modem на Франсоа Баиру, на кои главен аргумент им се борбата против Саркози и недостигот на јавен морал кај саркозивизмот. Тоа, исто така, е случај и со десницата, каде претседателот на групата на УПМ во националното Собрание, Жан Франсоа-Копе, или дури и поранешниот премиер, Диминик де Вилпен, му се спротивставуваат на Николас Саркози на многу различни начини, но и двајцата ефективно во однос на јавното мислење.

### *Сојуз на левицата: Неопходно, но не и доволно*

Независно кој и да биде нејзин кандидат, како и политиката и способноста да ги убеди гласачите дека тоа е единствената партија која може да владее со земјата, со исклучок на десницата, доколку ПС успее да ги добие изборите во 2012 – и претседателските и општите избори – ќе мора да формира сојузи со други политички сили. Всушност, ПС не може самостојно да победи на националните избори со добивање доволен број гласови на општите избори, на пример, за да има апсолутно мнозинство во националното Собрание – а тоа се има случено само еднаш во 1981. Во последните години, просечниот резултат беше околу 30 до 35% од гласовите. Оттаму, на Партијата ѝ е потребно да добие дополнителни 10 до 15% од гласовите за да се стекне со мнозинство – како на вториот круг на претседателските избори (затоа, во име на својот кандидат), така и на општите избори кои следуваат. Затоа, ПС треба да формира сојузи со другите партии за заедно да состават мнозинство – односно повик да се гласа за социјалистичкиот кандидат во вториот круг на претседателските избори, и изборен пакт со кој на социјалистите ќе им се овозможи слободно да се кандидираат на општите избори.

Традиционално, ПС формира сојузи со силите на левицата, особено со ПЦФ и зелените. Но, бидејќи центарот се етаблираше себеси како посебна политичка сила од десницата – во форма на Демократското движење (Модем) на Франсоа Баиру - на Претседателските избори во 2007, се поставува прашањето дали приоритет треба да се даде на традиционалниот сојуз со левицата или, пак, на отворањето кон центарот. Во 2007, кандидатот на социјалистите помеѓу двата круга на претседателските избори му го предложи овој сојуз на кандидатот од центарот, кој имаше освоено 17% од гласовите, но тој го одби таквиот сојуз. Последователно, неуспехот на Модем на разните избори и враќањето на голем број на претставници на центарот кон традиционалната прегратка на десницата, помалку или повеќе го реши проблемот, и затоа уште еднаш ПС претпочиташе сојуз со левицата. Факт е дека во оваа рамка, зелените се оние кои сега ја имаат улогата на главниот сојузник, а не ПЦФ, која во последните години стапи во Левиот сојуз („Front de gauche“) со левичарската партија (Parti de gauche – ПГ), основана од Жан-Лук Меленшон, по моделот на Die Linke.[65]

Сојузот на левицата – со комунистите, ПГ и зелените – пружа многу предности, но исто така, и многу слабости за ПС. Првата придобивка е што гласачите го забележуваат таквиот сојуз, бидејќи

[65] Jean-Luc Melenchon, поранешен член на ПС, себеси се гледа како Oskar Lafontaine во француската левица – тој честопати упатува на својот германски соработник и на Die Linke – и има намера да ја промени идеолошката насока на ПС однадвор, бидејќи, според него, тоа не успеа од внатре.

сосема се вклопува во традиционалната десничарко-левичарска рамка. Втората придобивка е тоа што сојузот ги мобилизира гласачите на левицата кои одбиваат веднаш да гласаат за ПС, или затоа што тие сметаат дека е премногу либерална или десничарска, или, пак, затоа што сметаат дека е премногу догматска или, на пример, недоволно концентрирана на еколошките прашања. Оваа розово (ПС)-црвена (ПЦФ)-зелена алијанса ѝ овозможи на левицата да го освои мнозинството на последните локални избори. Но, и покрај тоа, овој тип на сојуз, или алијанса, наметнува и одредени негативности. Најпрво, доколку ПС има некаква надеж да влезе во сојузи кои се од суштинска важност за победата, тогаш мора да ја модифицира својата позиција и политики, да ги направи полевичарски и да им даде полевичарски призвук за да може да ја манифестира својата добра волја пред потенцијалните сојузници. Затоа, ПС мора да продолжи по овој пат и да преземе обврски, кои нема да биде во можност сите да ги прифати штом дојде на власт – со цел да не изгледа премногу хегемонична, и оттаму ќе треба да ја приспособи својата тежина при балансирањето на моќта во која таа доминира. Втората слабост се состои во тоа што гласачите кои ПС ги посакува преку овој левичарски сојуз, честопати се исти како и нејзините гласачи од социолошки аспект. Како резултат на тоа, многу е мала веројатноста да се опфатат од 15 до 20% дополнителни гласачи, кои се клучни за да се добијат изборите во вториот круг, бидејќи избирачите на Europe Ecologie толку многу наликуваат на гласачите на ПС.

Со други зборови, гласачите кои ПС мора да ги привлече во вториот круг на гласање – на претседателските и општите избори – не се само поддржувачи на други левичарски партии, туку и оние кои не гласаа (особено од работничката класа) и гласачи на центарот. Не е лесно да се убедат таквите гласачи врз основа на изборни пактови помеѓу партиите. Доколку тие гласаат, тоа го прават за партија и кандидат, кој им нуди политики во кои тие веруваат. Тие гласачи не се исти од социолошки аспект, и до одреден степен, од политички аспект, како класичните социјалистички или левичарски гласачи, но се неопходни за да се добијат изборите на национално ниво. Тоа е главната разлика од локалните избори, за што умерената мобилизација на гласачите на социјалистите е генерално доволна, земајќи ја предвид ниската стапка на учество. За да се стигне до овие останати гласачи, сосема е јасно дека треба да се понуди нешто друго, а не формални партиски сојузи.

Покрај партиско-политичките сојузи, ПС и француската левица се неблагопријатно засегнати од прекинатата институционална поврзаност помеѓу партиите и синдикатите, откако беше донесена Повелбата од Амјен во 1906. Покрај тоа, ограничена е и поврзаноста помеѓу партиите и она што некој може да го нарече асоцијации на „граѓанското општество“, социјални движења, интелигенција, бизнис кругови, што, пак, се должи на начинот на кој партиите (што не им е

потребно за нивните активности) се организирани во Франција (финансирање од државата, доминантност на претставниците, хиерархиската структура, строгата поделеност на статусот на членот и оној кој не е член, приоритет на претседателските избори, итн.), и паралелно на тоа, заради индиферентноста на граѓанското општество или, пак, дури и сомневањето vis-á-vis политичките партии, кои се сметаат дека имаат чисто институционален карактер, а моќта во партиите е монополизирана од една ексклузивна група која е само загрижена да ја придобие партијата и да ги ужива придобивките.

### *„Европското прашање“ оставено да лебди во воздухот*

Во ПС, сега сите се преправаат дека е надмината длабоката поделеност во Партијата во врска со европското прашање, која се појави во времето на референдумот за ратификување на Европскиот уставен договор (European Constitutional Treaty – ECT) во 2005. Небаре француските социјалисти, откако се поделија, конечно се обединија по европското прашање.

Но, ништо не може да биде далеку од вистината. Дури и доколку поддржувачите и противниците на Европскиот уставен договор, сега може да се најдат едни до други во раководството на ПС, остануваат изразени разидувања. Актуелната состојба, која е толку безнадежна за иднината на градењето на Европа – економска и финансиска криза, институционално слабеење како резултат на Лисабонскиот договор – јасно е дека доведе до потценување на европското прашање кај социјалистите, во однос на другите прашања. Но, не само тоа, страдаше, исто така, и нивниот кредибилитет кај француската јавност во врска со ова прашање, ако слабата застапеност на ПС на Европските избори во 2009 е нешто преку кое може да се премине, а притоа, имајќи го предвид добриот успех во 2004, со голем број на европски претставници.

Меѓутоа, поделеноста по европското прашање е уште посериозна, бидејќи ја открива големата идеолошка поделеност која преовладува во рамките на ПС помеѓу двата кампуса, кои кохабитираат, но не можат да постигнат договор по основните прашања. Ова претставува, речиси, една несовладлива пречка за градење на конхерентни и атрактивни политики, како што можеше да се види. Од една страна, ваквата поделеност претставува противење на оние кои го поддржуваат градењето на европските институции, како што особено се практикува од донесувањето на Договорот од Мастрихт, како и глобализацијата и компромисот со капитализмот и пазарната економија (особено отворањето на јавните услуги за пазарните сили), и од друга страна, оние кои се застапуваат за една антилиберална економска визија и се противници на

капитализмот, кои претпочитаат зголемена улога на државата и јавните услуги, и веројатно – протекционизам на европско ниво – или дури и да се стави крај на еврото. Накратко, постои разидување помеѓу социјал-либералните реформисти и социјалистите од старата школа – да се прифатат називите кои преколнувајќи си ги упатуваат едни на други.[66]

Поделеноста по европското прашање, но и поделеноста која оди чекор понатаму во однос на партиската глобална визија, може повторно да се појави во било кое време, особено доколку во 2012 се случи уште еден пораз. Тоа, исто така, може да се покаже и како клучно во однос на внатрепартиските избори за номинирање на претседателски кандидат, доколку се земат предвид, на пример, реалните разлики помеѓу Доминик Штрос-Кан, Мартин Обру (традиционална левица) и Сеголен Руајал (која тежнее кон еден вид левичарски популизам).

## Причини за неспокој: ПС соочена со кризата на социјалдемократијата

Француската Социјалистичка партија, како и сите други европски социјалистички, социјалдемократски и работнички партии, беа силно погодени од кризата на социјалдемократијата.[67] Меѓутоа, како и во секоја друга земја, поспецифичните фактори на национално ниво ќе ни помогнат да ги утврдиме причините зошто во последните 10 години за ПС беше толку тешко победите што ги освојуваше на локално ниво, да ги преточи во победа на национално ниво.

Најнапред, како и во многу други европски земји, раѓањето на постиндустриското општество од 1970-тите, на долгорочен план доведе до забележливо намалување на традиционалното гласачко тело на левицата и ПС – во Франција тоа беше најочигледно со колапсот на ПЦФ и апстиненцијата или гласањето за екстремната десница од страна на дел од работничката класа. ПС, која го нема повторно придобиено комунистичкиот електорат од 1981-83, за тоа компензираше делумно со придобивањето на средната класа или повисоките категории на гласачи, особено во урбаните центри. Но, исчезна ветувањето за „социјалдемократска влада“ (што може да се преведе

[66] За појасна идеја – и предложена типологија на идеолошките поделби во француската левица (и ПС), на кои овде се алудира, види: F. Miquet-Marty (2010): La Gurre des gauches n’aura as lieu. Paris: Fondation Jean-Jaures: 23 ff.

[67] Тука, ќе упатиме на два наши текста: L. Bouvet (2010): „Tackling Populism to Regain the People” (Справување со популизмот за да ги вратиме луѓето) – презентирано на ФЕПС семинарот во Брисел на 16 март 2010, достапно на: http://laurentbouvet.wordpress.com/2010/03/19/tackling-populism-to-regain-the -people; и „Les contradictions de l’antiliberalisime”, во Le Debat (март-април 2010): 155-158.

дека значи, на пример, гаранцијата која е дадена на средната класа дека нивниот животен стандард ќе се зголеми и дека нивните деца ќе имаат статус и животен стандард подобар од нивните родители), а за што ПС, главно, се застапуваше во Франција.[68]

Соочена со ваквиот структурен развој на левичарскиот електорат, долго време француската десница остана без идеја како да го искористи тоа, како што беше хендикепирана од десната страна од Националниот фронт на Франција, кој беше и силен и способен да привлече избирачко тело, како меѓу работничката класа и меѓу националистите (особено малите трговци и дуќанџии), така и за оние несигурни за својата безбедност, независно дали економска или лична. Оваа потешкотија да се надоместат дел од гласовите на работничката класа, кои ја имаа напуштено левицата, ја надмина Николас Саркози на Претседателските избори во 2007. Всушност, тој беше во можност да направи „триаголник" од некои од вредностите што ги негуваше левицата – како што е особено вредноста на „работата" и преку фалење на оние Французи, мажи и жени, „кои мораат да станат рано за да одат на работа", притоа истакнувајќи ја потрадиционално безбедноста – и покрај присуството на кандидат од левицата, Сеголене Роаујал, која, исто така, се обидуваше да ја прифати истата логика. Во последните години, десницата дури и почна да се преобратува по одредени прашања за културолошкиот либерализам (на пример, прифаќање на правата на хомосексуалците), со што границата помеѓу левицата и десницата станува сѐ помалку забележлива, отколку што беше пред 10-тина години. Од 2007, политиката што ја водеше претседателот Саркози, генерално беше контрадикторна на ветувањата дадени за време на кампањата на кандидатот Саркози. Исклучително, богатите мажи и жени во Франција беа оние кои имаа придобивки од реформите што ги спроведе десничарското мнозинство. Но, пресвртницата од кампањата од 2007 останува врежана во меморијата на луѓето, а кандидатите на десницата, вклучително и Саркози, знаат дека доколку сакаат повторно да победат на следните избори, ќе мораат да продолжат во истата насока, имено да направат триаголник од одреден број на вредности на левицата.

Покрај ваквиот неодамнешен развој, исто така, важно е да се потсетиме дека ПС во Франција никогаш немаше монопол врз дискурсот на социјалната „левица", во традиционална смисла. Присуството на силната Комунистичка партија, која, исто така, беше чувар на вистинската „политичка култура", и која навистина стана „страст",[69] посебниот карактер на голизмот, чија

[68] Види ја конкретната форма при крајот на „ветувањето" на социјалдемократијата во Франција, L. Chauvel (2006): Les Classes moyennes a la derive. Paris: Le Seuil.

[69] Види: M. Lazar (2002): Le Communisme, une passion francaise. Paris: Perrin; and „Forte et fragile, immutable et changeante… La culture politique comuniste" in S. Bernstein (ed) (1999): Les Cultures politiques en France. Paris: Le Seuil, Chapter 6: 215-242.

карактеристики беше и загриженоста за социјалните прашања (значителен дел од електоратот гласаше за Шарл де Гол по ослободувањето), и присуството на социјалниот елемент (од демохристијанското мноштво на елементи) во умерената десница (центар), за ПС претставуваа потешкотија да ја воспостави својата хегемонија врз дискурсот за социјална реформа. Уште повеќе, заради тоа што постоеше широк национален консензус за социјалната држава – познат како „социјална безбедност“ во Франција од Втората светска војна.[70] Со доаѓањето на власт на левицата во 1981, се појави надежта за нов „социјален бран“ како во 1936, 1945 и 1968. Овој бран стануваше сè посилен бидејќи за првпат од 1936, левицата, вклучувајќи ги и комунистите, имаше единствена одговорност за Владата и социјалниот напредок (39 часа работна недела, пензионирање на 60 годишна возраст, платен одмор во траење од пет седмици). Но, со „либерализацијата“ од 1983 – дерегулацијата, деиндустријализацијата, проследени со приватизацијата, се стави крај на таа надеж и дојде до јасен расцеп помеѓу работничката класа и владините партии на левицата (во основа ПС врз, класичната, основа на предавство). Тоа доведе до уште поголемо отуѓување од ПС, чија изборна стратегија никогаш не беше со намера да се врати изгубеното избирачко тело, туку да го замени со друга база која е центрирана на средната класа, особено во јавниот сектор. Оттаму, поголем дел од губењето на кредибилитетот на ПС произлегува од фундаменталната идеолошка пресвртница во средината на 1980-тите, но исто така, и дистанцата помеѓу она што го кажува раководството и политиките, кои, всушност, партијата ги спроведува штом дојде на власт. ПС честопати беше критикувана дека ја „зафаќа левата страна“, а „постапува како десница“, а Партијата не можеше да ја врати довербата на француската јавност.

Ваквиот недостиг на кредибилитет, во голема мерка се должи на недостигот на посредници за ПС во граѓанското општество – според ограничувањата и особеностите на ситуацијата во Франција, кои веќе беа дискутирани. Меѓутоа, во 1970-тите, ПС беше партија пар excellence за „новата класа“ која се појави во француското општество, партија на новата средна класа на активисти и на младите работници од „бејби-бум генерацијата“, кои се етаблираа во професионалниот и семејниот живот, особено затоа што станаа сопственици на своите живеалишта. Затоа, ПС беше партија, чија политичка програма најдобро ги претставуваше социјалните движења засновани врз идентитетот – феминисти, еколози, имигранти, хомосексуалци, итн. – кои беа првите кои си дојдоа на своето во текот на тие години. Партијата беше таа која повикуваше на нови права, иако и понатаму ги отелотворуваше надежите за „работниот свет“ и на работничкото движење во институционалната рамка на својот сојуз со ПЦФ. Од 1980-тите и 1990-тите, заради разни причини

[70] Основата на современата француска социјална држава беше зацртана од Counseil national de la Resistance (CNR), кој ги спои сите француски политички групации кои беа спротивставени на Vichy режимот и на нацистите: од комунисти до голисти, како и социјалисти, радикални републиканци и демохристијани.

кои беа образложени погоре, ПС повеќе не е дел од оваа социјална динамика. Таа се одвои од креаторите на мислење, кои се неопходни за ефективно разгласување на идеи, особено согласно на замислата на Грамши за хегемонијата. Кога станува збор за пренесување на своите пораки или претставување на своите политики, ПС ги чувствува лошите последици од ваквата одвоеност од граѓанското општество. Партијата повеќе не е во позиција да влијае врз мислењето или да постави одредена тема на програмата, како што тоа беше порано. Меѓутоа, овој капацитет е апсолутно неопходен доколку сакаат да владеат на долгорочен план и успешно да ја спроведат реформата која е неопходна, особено во време на криза кога е ограничен просторот за маневрирање на државата. Паралелно на тоа, кога станува збор за јавното мислење, се чини дека француските гласачи не очекуваат нешто посебно од ПС, или, пак, имаат некакви конкретни политички барања од Партијата.

Згора на сѐ, се чини дека ПС припишува сѐ поголемо значење на прашања кои се сметаат за „општествени“ или кои се однесуваат на „вредностите“ на постиндустриските општества, до степен до кој предизвиканата партиска либерална трансформација не беше доволна за да се добие гаранција за нова база на избирачи, која би била доволно голема и робустна за да овозможи регуларна победа на изборите на национално ниво. Затоа, раководството на ПС продолжува, додека ја „зафаќа страната на левицата“, да се обидува да ги натера луѓето да веруваат – а тие, честопати, самите веруваат – дека она што е најважно е нивната социјална и економска програма: работни места, куповна моќ, јавни услуги, итн. Меѓутоа, начинот на кој се однесуваат, независно дали на власт или во опозиција, е во судир со ваквиот тип на говорење, до степен до кој тие го насочуваат своето внимание кон она врз кое можат да вршат вистинска контрола, имено, таканаречените, општествени промени кои се однесуваат, на пример, на проширувањето на индивидуалните права, особено за малцинствата во име на борбата против дискриминацијата. Ова служи само за да се зголеми впечатокот дека социјалистите се преобратија кон либерализмот, бидејќи не само што се чини дека тие се предадоа на законите на пазарот и капитализмот во сферата на економијата, туку тие неотстапно и директно промовираат културолошки и морален либерализам, или со други зборови, тие претпочитаат индивидуална еманципација на големо: хедонизам, искрен конзумеризам (иако тоа има сѐ повеќе еколошки или био призвук), морален индивидуализам, мултикултурализам, итн. Меѓутоа, ваквата двострана конверзија, на крајот успева да убеди само мал дел од избирачите – кои веќе беа опишани погоре, за кои терминот „бобо“ („буржоаски боеми“) претставува прилично прецизно карикирање – кое, пак, е малку веројатно дека ќе овозможи победа на национално ниво и, пред сѐ, демократска основа која е доволно голема да даде легитимитет на влада предводена од социјалисти, а која ќе трае. Уште повеќе што заради квазимонополот, кој ПС долго време го држеше врз она што може

да се нарече модерно, барем кога станува збор за вредности и морал, во последните години се прекина бидејќи конзервативната десница, за возврат стана полиберална. Гласачите од работничката класа се особено сè помалку подложни на оваа промена на вредностите и дури и кога тие честопати премолчено ги валидираат нејзините последици во форма на масовна потрошувачка, особено кога станува збор за активности во слободното време.

## Цел - 2012

Следните две години ќе бидат клучни за ПС. Изборите во 2012, и претседателските и општите избори, навистина се многу значајни. Соочувајќи се со слабостите на сегашниот претседател, сите во ПС се свесни дека овие избори може да се добијат. Поминаа 24 години откако ПС победи на Претседателските избори (1988), и 15 години откако победи на Општите избори. Сепак, знаеме дека уште еден пораз, несомнено, ќе резултира со изумирање на ПС. Победата, уште еднаш на социјалистите, и генерално на француската левица, ќе им овозможи шанса да покажат дека тие се способни да водат политика која е различна од политиката на десницата: политика која е економски поефективна и социјално поправична. Историската одговорност во ова време на криза е огромна, сразмерно на катастрофата од уште еден пораз. Токму затоа, ПС треба да помине низ темелни промени во текот на следните неколку години и, пред сè, да ги преземе потребните чекори за повторно да ја освои работничката класа. Тоа ќе вклучува и справување со сите димензии кои беа споменати овде – партиската програма, кандидатот, сојузите, партиската организација итн. – истовремено, и сите тие во склоп на една кохерентна рамка.

Оттаму, враќањето на „sens de peuple“[71] (белешка на преведувачот: буквално „чувството на народот“: што според Мишле, на пример, може да се разбере дека значи директен пристап до колективниот ум и дух на обичниот народ) е асолутно неопходно за ПС, како и за одреден број на други социјалдемократски партии кои моментално страдаат од истите проблеми, особено заради што треба да се соочуваат со популистичкиот предизвик.[72] Изборната победа во Франција, како и „длабочината“ на победата – стапка на учество и нивото на поддршка за политиките на ПС, а не само да се победи Саркози – несомнено ќе зависи од освојувањето на гласачите од работничката класа, во многу поголем број од 2007. Доколку се зафати со овој предизвик, ПС ќе треба да оствари најмалку три услови. Првиот услов се однесува на квалитетот на програмата. Како што

[71] „Sens" тука се подразбира со три значења на француски: значење, насока и чувство (причина).
[72] Види: L. Bouvet: „Tackling populism to regain the people", фуснота 19.

видовме, потребно е многу повеќе од она што беше понудено на последните избори, и кое се чини дека веќе се појавува: имено, директна и искрена техничка програма, која ќе се комплетира со декларација за вообичаени општи начела. Она што е потребно, е една амбициозна социјална програма, која покрај оригинална и исцрпна анализа на современото француско општество – и ако се послужиме со самата терминологија на популизмот, особено за прекинатата врска помеѓу елитите и јавноста – ќе мора да понуди нови, здрави разумни решенија за главните економски и социјални проблеми, кои, исто така, се поврзани со општеството и идентитетот.

Втората потреба се однесува на едно двојно постигнување, кое секогаш е тешко да се оствари, а тоа е да се направи сојуз со левицата, вклучително и со зелените, како и да се прошират кон центарот. Условите за отфрлање на саркозивизмот, кои преовладуваат, со сигурност треба да го овозможат тоа, но сепак, ПС мора да изгради соодветен пристап и тип на организација, која е неопходна за оваа нова стратегија. Меѓутоа, она што го слушаме од Rue de Solferino (штабот на француската Социјалистичка партија) е сосема различно, бидејќи старите рефлекси и старите левичарски сојузи се докажани, притоа предвидувајќи го едноставното припојување на различни групи кои го сочинуваат овој сојуз – екстремната левица, комунистите и Левиот фронт, социјалистите, радикалите, републиканците, зелените итн. – против десницата, која сама по себе претставува амалгам. Јасно е дека политичката динамика на претседателските избори кои се одржуваат во два круга, дури и доколку во вториот круг има соочување лице в лице на двајца кандидати, е многу посложена, особено заради гласањето за екстремната десница во првиот круг, кое не се пренесува автоматски и сите заедно за десницата во вториот круг, особено доколку кандидат е Марин ле Пен, ќерка на историскиот лидер на француската екстремна десница, која, веројатно, ќе го наследи, бидејќи таа е повеќе заинтересирана за социјалниот популизам, отколку нејзиниот татко.

Сето ова го нагласува значењето, небаре како да има некаква потреба, на третиот услов, кој ПС ќе мора да го исполни за да победи на изборите во 2012: избор на личност која ќе може да го преземе популистичкиот предизвик и да го претставува најширокото можно политичко гласачко тело, врз кое луѓето навистина ќе можат да се потпрат. Ова претставува вистински тест, земајќи го предвид моменталното зајакнување на позициите на сите страни, сè со цел да изгледа дека ние во рамките на ПС како „да сме полево“ во однос на секој друг. Меѓутоа, како што се наближуваат претседателските избори, потребата на кандидатите да се „прикажат себеси како идни претседатели“ – или со други зборови, да покажат дека можат да стигнат до вториот круг – веројатно е дека со позицијата на самиот претседател, ќе дојде до прогресивно смалување на идеолошкиот јаз. Единственото прашање кое останува во врска со ова, е кој ќе биде ефектот на

внатрепартиските избори врз традиционалниот процес на преструктуирање, бидејќи нема досега преседан од овој размер – овие внатрепартиски избори се отворени за надворешно учество и, оттаму, не се целосно обврзани со внатрешната логика на победничка сила од внатре во партијата, што е стриктно претходно дефинирано со реториката за тоа што е „оригинално“ левичарско, што укажува на вистинската припадност таму, и друго. Од друга страна, не може да се исклучи дека овие внатрепартиски избори, како на американските избори, ќе поттикнат радикализација на кандидатите заради итноста од потребата за кампања или потребата да се потенцираат разликите помеѓу нив.

## И Европа?

Она што може да се нарече новата „Европска криза на свеста“[73], денес влијае врз сите европски земји и сите политички сили на континетот, се разбира, со исклучок на неколку оригинални антиевропски партии кои се распрснати на разни страни. Меѓутоа, социјалдемократските партии се многу подлабоко засегнати од оваа европска криза, во споредба со останатите. Последиците од европските немири и неуспесите на социјалдемократските партии се особено забележливи, како што значително се покажа со резултатите на Европските избори во јуни 2009: како да градењето на Европа, што се одвиваше во последните 50 години и историскиот проект на социјалдемократијата во Европа, да одеа рака под рака и дека сега поминуваат низ длабока криза. Оваа критична ситуација го открива суштинскиот парадокс на современата европска социјалдемократија: додека социјалдемократијата се градеше во национални рамки и ги извлече сите придобивки од нејзиниот „модел“ таму, социјалдемократските партии секогаш беа меѓу најсилните застапници за федералното уредување на Европа или, со други зборови, Европа која го става националниот суверенитет под знак прашање.

Навистина, додека социјалдемократскиот режим и модел се градеа на национално ниво, („социјалното прашање“, воспоставувањето на демократијата и градењето на нацијата, во голема мерка се истовремени процеси, иако, честопати, тие се спротивставени во политиката на денешницата), социјалдемократите од првиот ден на завршувањето на Втората светска војна, беа

[73] Алузија на познатото дело на P. Hazard (1961): La Crise de la conscience européenne (1680-1715). Paris: Fayard (објавено на англиски како The European Mind, Европскиот разум, 1680-1715) како аналогија на моментот на повторно создавање на нашата ера. За анализа на оваа криза, види поглавје „La nouvelle crise de la conscience europeenne: L’Europe politique entre nation et fédération. Regards fran□ais” in J. Delors and K. Lamers (eds.) (1998): France-Allemagne: le bond en avant. Paris: Odile Jacob-Notre Europe: 113-180.

меѓу првите кои се застапуваа за уредувањето на Европа, во име на интернационалистичките вредности кои се длабоко всадени во историјата на работничкото движење и во покомплексната и посуптилна визија за конфронтирањата Исток-Запад помеѓу комунизмот и либералниот капитализам. Меѓутоа, ваквото претпочитање на Европа, доведе до расклопување на заштитната и легитимна, заради тоа што е демократска, рамка на нацијата, во која се оформуваше солидарноста, основното начело на социјалдемократскиот модел. Социјалдемократите направија свој сојуз на европско ниво, кога демохристијаните се наоѓаа како во центарот, така и во десницата, сè со цел да се реализираат нивните европски амбиции. Тие беа зафатени од еден вид шизофренија, која го отвори патот на визијата за создавање Европа која со сигурност беше прагматична, но коренито (економски) либерална. Тука се прифати создавањето на пазар без граници, како одговор на неможноста да се реализира политичка Европа во блиска иднина. Основајќи сојуз помеѓу себе, понекогаш заради добри причини, понекогаш спротивно на нивното добро пресудување, со овој либерализам, социјалдемократите успеаја да ја уништат својата социјална база и легитимноста на нивната доктрина, и заради сето тоа, не ја извојуваа битката за создавање на вистинска политичка и социјална Европа.

Првиот парадокс на европската социјалдемократија оди заедно со вториот парадокс: Европа сè уште е единственото место, или ниво, на кое може да се замисли создавање на нешто што многу наликува на социјалдемократскиот модел за иднината, независно дали под заканата од предизвиците на глобализацијата или импотентноста на националните држави. Ефективното регулирање на пазарите, поправичната распределба на богатството, поголемата демократија и обновеното ветување за еманципација за сите, сега мора да се постигне преку создавање политички, економски и социјален простор, кој е ефективен и кохезивен и во кој вредностите на социјалдемократите можат да се потврдат: очигледно, тој простор е Европа.

Сегашната состојба во Европа, „болниот човек“[74] на глобализацијата, повикува на одреден вид повторно откривање на Европа, или, со други зборови, за нов политички процес кој излегува од рамките на Европа, која се заснова врз договори и „мали чекори“, како и врз пристапот на функционализам кој се применуваше до сега. Овој „скок нанапред“[75] може да води само кон федерална Европа, особено во политичка смисла – што неопходно ќе биде поблизу и поинтегрирано од сегашните ЕУ27, да не споменуваме дека изгледа за веројатно врз основа на идното проширување (Србија, Турција, итн.). Едноставно, тоа води кон Европа која ќе овозможи да

[74] Белешка на преведувачот: "Sick man of Europe" е назив кој се користел да се опише европска земја која се соочува со економска криза и/или сиромаштија.
[75] Ibid.

се преструктуира на друго ниво – постнационално – услови кои се потребни за да се реализираат клучните елементи на социјалдемократската форма на Влада и социјалдемократски модели: проширување на практичната демократија, и, истовремено, подобрување на нивото на образование и животен стандард, социјална правда за сите заснована врз легитимна и прифатена солидарност помеѓу оние кои се активно вклучени во државата (вчера нација, денес Европа),[76] со политичка моќ која е демократска, легитимна и ефективна, која може да обезбеди регулираност на пазарите, активна прераспределба на богатството и ефективна заштита на своите граѓани.

Политичките сили на социјалдемократијата сега се соочуваат со овој предизвик ширум Европа. Заложбите кои беа направени во текот на изминатите години, во рамките на PES во однос на публикувањето на заеднички изборни програми, особено за европските избори, претставува само прв чекор. Но, тоа е далеку од доволно. Заради длабоките поделби во Европа, кои претходно ги споменавме, се чини дека ПС не е подготвена да оди понатаму од овие размислувања; најпрво мора да се одлучи помеѓу двете визии кои сега, истовремено опстојуваат во Партијата. Изборот на кандидат за претседателските избори, што се должи на авторитетот и легитимноста на евентуалниот победник, може да послужи како можност да се затвори ова поглавје што се отвори заради траумата од дебатата во рамките на Партијата околу Уставниот договор во 2005 и предизвика да се одлучи за политика за Европа која ќе ја следи во претстојните години – на еднаков начин, на пример, како што Франсоа Митеран и Жак Делор во 1980-тите успеаја на социјалистите да им ја наметнат својата јасна и одлучна визија за Европа.

## Заклучок

Изборите во 2012 не се неизбежен резултат, но сега е јасен патот на ПС, до степен до кој значителен временски период го немаше искусено: нема сериозен противник од левицата, а десницата е длабоко ослабната со претседателствувањето на Саркози и фрустрирачките надежи од таквото претседателствување. Но, доколку сакаат да победат, социјалистите и останатиот дел од левицата со нив, ќе мора на француската јавност да ѝ понудат програма за земјата, а не промена на власта. Програмата, со која ќе мора да се произнесат, ќе мора да ја претстави

[76] Оваа поента е детално разработена во нашиот напис (2008): „L’avenir du principe de solidarite au sein de l’EU: solidarité nationale ou européenne?” in M. Koopmann and S. Martens (eds): L’Europe prochaine: Regards franco-allemands sur l’avenir de l’Union européenne. Paris: L’Hartmann: 167-76. Достапна и на превод на германски: „Die Zukunft des Solidatit□tsprinzips in der EU: Nationale oder europ□ische Solidarit□t?” in M. Koopmann and S. Martens (eds.) (2008): Das kommende Europa, deutche und französische Betrachtungen zur Zukunft der Europ□ische Union. Nomos, DGAP-Schriften zur Internationalen Politik: 165-74.

личноста, чија програма во секој најмал дел ќе биде налик на партиската програма, а таа личност ќе мора да се докаже во периодот до есента 2011, кога ќе се одржат внатрепартиските избори, на кои ќе се номинира кандидатот од ПС, и оттаму, по правило, и кандидатот на левицата во вториот круг на изборите. Добра програма и добар кандидат: тоа се двете задачи на ПС во периодот до изборите. Потоа, ќе треба да направи добра кампања. Таквата програма, таквиот кандидат и кампањата ќе мора да ѝ покажат на француската јавност дека социјалистите – далеку од левичарската реторика која тие тежнеат да ја усвојат кога се во опозиција (и, честопати, ја заборавaат кога ќе дојдат на власт) – ги имаат научено од своите грешки и дека се подготвени повторно да ја преземат контролата со националната власт, со јасност за своите убедувања и своите политики. На тој начин, тие ќе можат да ја задржат моќта и да се справат со сериозните потешкотии со кои денес се соочуваат и Франција и Европа. За да се направи тоа, потребно е да се даде приоритет на две можности: да се земат предвид потребите на работничката класа во сите сфери – социјалистите треба да го повратат „sens du people“ и да заземат став околу европската димензија. Ќе треба да се изоди тесниот политички пат, доколку треба да се приспособат овие два услова, кои, честопати, изгледаат спротивставено, но тоа е сега единственото што е изводливо за социјалдемократијата како во Франција, така и во Европа во целина.

## Користена литература

Baumel, L. and L. Bouvet (2003): L’Année zéro de la gauche. Paris: Michalon.

Becker, J.-J., and G. Gander (eds.) (2004): Histoire des gaunches ed France. Paris: La Decouverte, 2 volumes.

Bergounioux, A. and G. Grunberg (2005): L’Ambition et le remonds. Les socialistes français et le puvoir (1905-2005). Paris: Fayard.

Brechon, P. (ed) (2005): Les Partis politiques français. Paris: La Documentation française, „Etudes”.

Brustier, G., and J-P. Huelin (2009): Recherche le Peuple désespérément. Paris: Bourin Editeur.

Conan, E. (2004): La Gauche sans le people. Paris: Fayard.
Hatzfeld, H.,J. Mischi, and H. Rey (eds) (2007): Dictionnaire de la gauche. Paris: Larousse.

Lefebvre, R., and F. Sawicki (2006): La Société des socialistes. Le PS anjourd’hui. Belle-combe-en-Bauge: Editions du Croquant.

Miquet-Marty, F. (2010): La Guerre des gauches n’aura pas lieu; Fondation Jean-Jaurès.

Rey,H., F. Sibileau, and C. Ysmal (1999): Les Adhérents socialistes en 1998. Paris: Cahiers du CEVIPOF (Sciences Po).

Rey, H. (2004): La Gauche est les classes populaires. Histoire et actualite d’une mésentente. Paris: La Découverte.

## МЕТ БРАУН/ЏОН ХАЛПИН/РОЈ ТЕЈХЕИРА

# АМЕРИКАНСКАТА ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА КРСТОПАТ

| АМЕРИКАНСКА ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА*<br>(AMERICAN DEMOCRATIC PARTY) | |
|---|---|
| *Не е ниту парламентарна партија, ниту организација со членство, туку е координирана од серија комитети. | |
| Официјална веб страница: | Демократски национален комитет (ДНК): www.democrats.org<br>Демократска асоцијација на гувернери (ДГА): www.democraticgovernors.org<br>Демократски комитет за сенаторски кампањи (ДСЦЦ): www.dscc.org<br>Демократски комитет за кампањи за конгресот (ДЦЦЦ): www.dccc.org<br>Демократски комитет за кампањи за закони (ДЛЦЦ): www.dlcc.org<br>Асоцијација на демократски претседавачи на држави (АСДЦ): www.democrats.org/adsc |
| Лидер на Партијата: | Гувернер Тим Кејн (Tim Kaine) како претседавач на ДНК |
| Основана во: | 1828 |
| Одзив на избирачкото тело на парламентарните избори: | 2008: Сенат: 57, Долен дом: 257<br>2006: Сенат: 49, Долен дом: 233<br>2004: Сенат: 44, Долен дом: 202 |
| Учество во Владата: | Претседателот Барак Обама (Barack Obama) беше избран за 44. претседател на Соединетите Американски Држави, на 4 ноември 2008 година, победувајќи го ривалот од републиканците со 365 добиени гласови, наспроти 173. Тој стапи на функцијата на 20 јануари 2009 година, враќајќи ги демократите во извршната власт за првпат по осум години. |

## Основите на Демократската партија

Демократската партија на Соединетите Американски Држави беше основана во 1828, а коренот на нејзината филозофија може да се најде кај Томас Џеферсон и Ендру Џексон, кои и двајцата се нарекуваа себеси дека се застапници на „обичниот човек“. Покрај ваквите корени, Демократската партија, секогаш не беше најдемократската партија во САД. На пример, Републиканската партија на Абрахам Линколн, а не демократите, го презема водството да се стави крај на ропството во земјата. Во Прогресивното доба (околу 1890-1920), републиканците предводени од Теди Рузвелт и Боб ла Фолет, повторно го преземаа водството во борбата против корупцијата, реформата на изборниот процес, искоренувањето на моќта на големиот капитал и развојот на програмите за социјална заштита.

Но, од добата на New Deal (анг. Нов договор) на Франклин Рузвелт, Демократската партија е онаа која го презема водството во ускротувањето на прекумерноста на капитализмот, промовирањето на економските интереси на средната и работничката класа и залагањето за социјална правда. Републиканската партија, од друга страна, усвои една нагласена позиција за бизнисите и социјално конзервативен став, така што доследно се позиционираше десно од демократите и за економските и за социјалните прашања.

## Актуелна состојба на Демократската партија

Демократската партија не е организација на членство, иако во 30 од 50 држави граѓаните можат да се регистрираат за гласање според партијата. Околу 70 милиони Американци се регистрирани демократи.

Оттаму, за да може да се одмери силата на Партијата, се разгледува каква е пристрасноста или како граѓаните се идентификуваат со партијата, бидејќи оваа карактеристика е тесно поврзана со однесувањето при гласањето и може лесно да се измери. Во 2009, 34% се идентификувале со Демократската партија, во споредба со 24% од гласачите кои се идентификувале со Републиканската партија.[77] Но, со овие бројки се потценува силата на Демократската партија,

[77] Годишен просек според истражувачкиот центар Pew: „Намерите за гласање се изедначени, според показателите на излезноста, се фаворизира GOP“, 1 јули 2010. Податоците на истражувачкиот центар Pew се приближни на просекот од сите анкети на јавното мислење.

бидејќи голем број Американци кажуваат дека се „независни“, иако во реалноста тие се потпираат врз, или гласаат за една одредена партија. „Овие независни граѓани“ треба да се сметаат за приврзаници[78], и доколку тие се земат предвид, силата на демократите се одмерува со 50%, а на републиканците со 37%. Покрај тоа, резултатите во однос на идентификувањето со партијата на национално ниво во 2009 покажуваат поголема предност од пет поени за демократите, во однос на републиканците во 33 држави, споредено со само 5 држави каде републиканците ја имаат таа предност.[79]

Иако е тешко прецизно да се утврдат податоците околу трошењето и организацијата, јасно е дека зголеменото финансирање и обврзаноста кон контроверзната „Стратегија за 50 држави“ – која е изработена и спроведена од претседателот на Демократскиот национален комитет (ДНК) и поранешен претседателски кандидат, Хауард Дин – ја поставија основата за значителната поддршка, која демократите ја добија од 2005, до 2008 година. Преку распределбата на партиските ресурси за организација на локално и државно ниво, во незгодни средини, како што се: Невада, Индијана, Колорадо и Вирџинија, „Стратегијата за 50 држави“ претставуваше едно радикално напуштање на пристапот од минатото за користење на партиските пари, речиси исклучително за одредени натпревари и држави, во кои скапото рекламирање се обезбедуваше без исклучок.[80] Основната цел на „Стратегијата за 50 држави“ беше Партијата повторно да се изгради од темел, преку користење на интернет и работа на терен, наместо да се потпира само врз мал број на донатори и партиски елити за да се победи на изборите со мал, недефиниран број на места. Демократите направија обид да ги најдат своите гласачи секаде каде што живеат, особено во клучните конзервативни упоришта, и ја присилија GOP (Големата стара партија) да се бори во региони и држави, каде Партијата се соочуваше со мала опозиција во минатото. „Стратегијата“ се покажа за успешна, кога демократите го преземаа Долниот дом во 2006, и што е позначајно, со изборот на Барак Обама, со 53% од гласовите на народот и од 28 држави во САД.

Објаснувањето на овие успешни резултати претставува изборна и идеолошка загатка за модерната Демократска партија. Перспективите на Партијата на долг рок не можат да бидат посилни. Променетиот демографски состав на електоратот – со раст во процентот на работно ангажирани жени, малцинства, млади луѓе и нерелигиозни гласачи и школувани белци кои живеат

---

78 Види: John Petrocik (2009): Мерење на партиската поддршка: Оние кои се потпираат врз партија не се независни“ во Студии за изборите, 28:4 (декември): 562-72.

79 Jones, Jeffrey M. (2010): „Партиска лична карта: Покрај придобивките за GOP, повеќето држави остануваат со ништо”, Gallup Organization (1 февруари).

80 Bai, Matt (2006): „The Inside Agitator” („Внатрешен агитатор“) во New York Times (1 октомври).

во поурбанизираните држави – јасно е дека оди во прилог на „партијата на обичниот човек“ и ја зголеми релативната сила на Демократската партија (види следно поглавје, „Демографска трансформација на Америка“). Наспроти тоа, коалицијата на Републиканската партија, составена од гласачи кои се повозрасни, од белата раса, од поруралните области и со силен ентузијазам, се стеснува и станува географски концентрирана и помалку важна во севкупната политичка слика на земјата.

Од идеолошки аспект, во последните неколку години, Американците, очигледно, ја фаворизираа значајната улога на Владата, како заштитник од несигурноста која ја создаваше пазарната економија, како контролор на непромисленото деловно однесување и како значаен извор на јавна инвестиција за националните потреби, за изворите на обновлива енергија и  за обновување на инфраструктурата за образование и здравствена заштита. По финансиската криза од 2008, и продолжената криза со невработеноста, со која околу 18% од Американците останаа без работа или недоволно беше искористена нивната работоспособност, значително опадна вербата на Американците во решенијата кои ги нудат слободните пазари и нивната дерегулираност, кои беа во зенитот за време на претседателствувањето на Реган и Буш.

Врз основа на овие трендови, демократите извојуваа импресивна последователна победа на последните два изборни циклуси, преземајќи ја контролата врз Конгресот од републиканците во 2006 и избирајќи го првиот афроамерикански претседател на Америка во 2008. Во првите неколку месеци од претседателскиот мандат на Обама во 2009, мноштво закони беа донесени како одговор на кризата во банкарскиот сектор и спроведување на клучното економско стимулирање за трошење во инвестиции за нови енергетски проекти, инфраструктурни потреби, образование и поддршка за семејствата на работничката класа. Во 2010, демократите го донесоа основниот Закон за здравствена заштита, со кој се доби 100 годишната битка за универзално здравствено осигурително покритие и беа усвоени најзначајните регулаторни измени во американскиот финансиски систем од времето на Франклин Делано Рузвелт.

Покрај развојот на тој поволен контекст во последните неколку години, Демократската партија се соочува со значајни краткорочни предизвици, кои, пак, лесно може да ги променат, или отфрлат поволните перспективи за во иднина. Речиси веднаш по инаугурацијата на Обама и брзата победа во областа на законите, конзервативната десница направи жесток, добро координиран противнапад против прогресивниот развој од претседателството на Обама. Раководството на републиканците во Долниот дом и Сенатот на САД се зафати со една цинична, ако може да се каже ефективна, стратегија за вршење опструкции преку обединето спротивставување на

програмата на претседателот и преку процедурални пречки, како што се бескрајни закани за опструкција во Сенатот и не потклекнување да се прифатат лицата кои претседателот ги има номинирано за клучните места во Владата. Ова реакционерско конзервативно движење, кое се подгрева со демагогијата на Fox News, преку отворените емисии на радио и лидерите, како што се: Сара Палин, Глен Бек, Раш Лимбоу и Њут Гингрич, безмилосно го напаѓа секој подвиг на претседателот како „социјализам“, „комунизам“ и „фашизам“. Создавањето на политичкото движење „Чајанка“ (Tea Party), како, навидум, движење на отпорот на обичните луѓе кое се заснова врз идеалите за слободоумни идеи, но во праксата, тоа е продолжена рака на конзервативната републиканска база, се заснова врз ваквите гледишта за вршење притисок врз претседателот во областа на здравствената заштита и дополнителното стимулирање да им се помогне на државите на кои им недостасува готовина и на невработените. Дури и организираната бизнис заедница, која до одреден степен соработуваше со администрацијата на Обама за неговите најголеми законски приоритети, во моментов е сосема револтирана од неговото претседателствување заради непостоењето на загриженост околу потребите на бизнисите, заради новата регулатива и изгледите за зголемување на даноците во иднина.

На средина на тековната економска криза, кога богатите и Вол Стрит добро закрепнаа, додека, пак, Американците од работничката и средната класа и понатаму страдаат од губење на своите работни места и намалување на платите, станува очигледно дека нападите од конзервативците и GOP врз претседателствувањето на Обама предизвикаа штета. Бројот на работни места, кој претседателот Обама ги одобри, постојано опаѓа од околу 70%, кога беше инаугуриран на почетокот на 2009, до 45-47% до средината на 2010. И онаму каде што демократите имаа силно водство во анкетите на јавното мислење, во однос на гласањето за кандидатите за Конгресот, сега резултатите не се подобри, туку еднакви со републиканците. Во однос на предноста околу идентификувањето со Демократската партија, и таа се намали на седум поени (49-42) од тринаесет поени на крајот на 2009.[81]

Покрај тоа, продолжува да се зголемува незадоволството на јавноста од Владата, што се потхранува со сомневањата за остварувањата на Владата во областа на економијата, за нафтеното истекување од платформата на БП и за трошењето и дефицитот. Неизвесни се изгледите за предлогот на претседателот за закон за енергетика и климатски промени, заедно со активноста на Конгресот да ги врати даночните намалувања од времето на Буш или да создаде

[81] Истражувачки центар Pew: op.cit.

уште една рунда на стимулативно трошење. Прогресивните активисти и коалицијата на Обама се со многу помалку енергија за изборите на среден рок, отколку политичкото движење Чаенка.

Што се случи? Како Демократската партија се најде во толку несигурна состојба откако ги уживаше некои од најповолните трендови во американската политика?
Најпрво, покрај општата наклонетост на Американците да поддржуваат прогресивни цели и политики, како што е документирано во опсежната анкета на Програмата за прогресивни студии при Центарот за американски напредок во 2009,[82] првите чекори на администрацијата за да ја заштитат земјата од финансиски колапс, кај многу од нив создадоа разбирлива збунетост и лутина. Спасувањето од финансиските потешкотии на банкарската и автомобилската индустрија и пакетот на масовни стимулативни мерки наменети за целосната економска побарувачка и помошта за погодените сопственици на недвижен имот од кризата, како и за невработените, се одвиваше со рапидно темпо без соодветни објаснувања за тоа дали овие чекори се неопходни и како тие ќе се вклопат во целокупната визија за промени која ја ветуваа прогресивните сили и Обама. Дебатата околу здравствената заштита, која се одвиваше речиси цела година, малку помогна да се намали збунетоста кај луѓето за тоа што точно планира Владата да направи во текот на следната деценија за оваа особено важна област. Имајќи го предвид очигледниот недостиг од економска кохерентност, на виделина со сета своја моќ излезе долготрајниот американски скептицизам за интервенциите на Владата во економијата, како од страна на левицата, така и од  страна на десницата.

Второ и најзначајно, објективните и субјективните мерки за економијата продолжуваат да се спроведуваат со напор. Растот постојано се зголемува во САД, но стапките на невработеноста и несоодветната искористеност на работоспособните упорно остануваат високи. Чекорите кои беа преземени за справување со економската криза, не доведоа до значително подобрување на заемите за малите бизниси, а пазарот за недвижнини и понатаму страда. Американците и нивната Влада се масовно задолжени и бараат како да ја исплатат првата рата од обврските во време на целосно намалена побарувачка. Америка се соочува со несигурни економски времиња пред себе, а американскиот народ оправдано останува да биде лут и исплашен за иднината.

Трето, администрацијата на Обама и Демократската партија не успеаја да ја препознаат сè поголемата штета за нивните лидери и нивната програма, и последователно на тоа, не се

[82] John Halpin/Karl Agne (2009): State of American Political Ideology, 2009. A National Study of Political values and Beliefs, Centre for American progress (Состојба на американската политичка идеологија, 2009. Национална студија за политички вредности и верувања, Центар за американски прогрес), (март).

мобилизираа против конзервативните сили за да најдат начин да ја поткопаат нивната позиција. Инсистирањето на претседателот да се најде заедничка основа со Партијата, која на неговиот неуспех гледа како на своја придобивка, ѝ овозможи на пропагандната машинерија на десницата премногу долго целосно да доминира со јавната дебата. Наместо да се грижи и да осознава за реалниот напредок, Обама ги реши проблемите од времето на Буш и ја постави нацијата врз нова економска основа – што тој го нарекува „house upon a rock“,[83] а Американците постојано беа изложени на саркастичност и лаги за неговите мотиви и политики. Демократската партија успешно ја поби изборната машинерија на Буш-Ров во кампањата од 2008, но кога ја презеде власта, не се подготви за противнапад на способните конзервативни медиуми во САД кои ја поставуваат медиумската програма.

Од таа причина, краткорочните проблеми со кои се соочуваат демократите се реални и не може да се игнорираат. Демократите се соочени со веројатноста од голема загуба на Изборите во ноември 2010, загуби кои се доволно големи за да се изгуби контролата врз еден дел од Конгресот, Претставничкиот дом. Покрај тоа, без забележливи подобрувања во економијата до 2011, претседателот Обама ќе се соочи со сериозен предизвик од било кој доверлив кандидат на републиканците. Покрај оваа мрачна прогноза за блиска иднина, нашата анализа на податоците за изборите, демографијата и јавното мислење укажуваат дека овие краткорочни трендови може да претставуваат последен здив во забавеното разјадување на конзервативното и републиканско мнозинство во Америка, во прилог на постојаниот подем на прогресивното и демократско мнозинство во текот на следните две децении.
Во следните два дела ќе бидат разгледани трендовите кои се појавуваат и потоа ќе бидат наведени и одредени размислувања за тоа како демократите можат да извлечат корист од ваквите услови, како од стратешки, така и од идеолошки аспект.

## Демографска трансформација на Америка

За да се разбере како беше можно да се создаде прогресивно и демократско мнозинство во 2006-2008, и како тоа може да продолжи во иднина, покрај противнападите од конзервативците, потребно е, пред сè, да се разбере демографската трансформација на Америка. Двигател на оваа трансформација се одреден број трендови од поголем размер, кои конзервативна Америка од времето на Реган (1980-1988) ја претворија во многу поразлично и попрогресивно место.

[83] Барак Обама (2009): Коментари за економијата, Georgetown University (14 април).

***Малцинства***

Гласовите на малцинствата во САД – црнци, Хиспано и Азијати се во постојан раст. Во целина, уделот на гласовите од малцинствата на националните избори се зголеми до 26% во 2008, од 23% во 2004. Ако се навратиме на 1988, тој удел изнесуваше само 15%. Тоа е раст од 11 процентни поени за период од 20 години, или околу половина процентен поен за една година.[84]

Предноста која демократите ја извлекоа од гласовите на малцинствата треба да продолжи да се зголемува, бидејќи не постои знак кој укажува дека таквиот раст се забавува. Во десет држави каде се води битката, а кои беа проучени од страна на Тејхеира и демографот Вилијам Фреј (Аризона, Колорадо, Флорида, Невада, Ново Мексико, Охајо, Мичиген, Мисури, Пенсилванија и Вирџинија),[85] процентот на гласачи од малцинствата се зголемил во секоја од земјите помеѓу 2000 и 2006, вклучително и спектакуларниот раст од еден процентен поен за една година во Невада. Во рамките на целата нација, малцинствата се зголемија за околу 20% помеѓу 2000 и 2008, што изнесува повеќе од 4/5 од растот на популацијата на САД.[86]

Тоа се должеше, пред сè, на растот на Хиспано популацијата. Во овој период, Хиспано жителите се зголемија за 31%, и тоа претставуваше повеќе од половина од растот на популацијата во САД.[87] Се разбира, силата на Хиспано популацијата во моментов не се совпаѓа со нивната гласачка моќ, заради големиот број од нив кои немаат регулиран статус на граѓани и, оттаму, не можат да гласаат или, пак, се премлади за да гласаат. Како резултат на овие фактори, само 42%

---

[84] Последната анкета на населението (CSP) и анкетите на гласачките места покажуваат совпаѓање со тоа дека малцинствата претставуваа 15% од гласовите во 1988, но малку се разидуваат во однос на тоа колку се зголемени гласовите на малцинствата од тогаш. Според CSP, гласовите на малцинствата се зголемија за девет поени помеѓу 1988 и 2008, а на последните избори стигнаа до 24%.

[85] Политичка географија на Пенсилванија: Не уште една Rust Belt држава; Политичка географија на регионот Intermountain West: Новиот разнишан регион; Политичка географија на Охајо, Мичиген и Мисури: Боиштата во Heartland (американизам за централните држави во Америка); Политичка географија на Вирџинија и Флорида: Места за поддршка на New South (израз со кој се опишува новиот Југ на Америка по Американската граѓанска војна).

[86] Frey, William (2010): Анализа на проценката на податоците од пописот на населението на институцијата Brookings, за состојбата со демографските и социјални трендови кои ги оформуваат основните економски и општествени единици на нацијата – областите на метрополите. (The State of Metropolitan America).

[87] Frey: op. cit.

од сите Хиспано жители имаат право на глас, во споредба со 77% од белците кои не се Хиспано и 66% Афроамериканци.[88]

И покрај тоа, уделот на Хиспано популацијата во гласачкото тело е во постојан раст и ќе продолжи да се развива. Тие претставуваа само 2% од гласачите во почетокот на 1990-тите, но во 2008 изнесуваа 8% и, веројатно, во текот на оваа деценија ќе го надминат нивото на црни гласачи.[89]

Азијатите, исто така, значително придонесуваат за порастот на стапката на малцинствата. Во 1990, нивната стапка на пораст, всушност, беше малку повисока од Хиспано популацијата. И во периодот 2000-2008, тие не заостануваа многу (26%, наспроти 32% за Хиспано).[90] Сега тие сочинуваат 5% од популацијата и 2% од гласачите.[91] И двете бројки ќе се зголемат во текот на следните 10 години, заради брзата стапка на раст на оваа група, но, нивното влијание врз популацијата и гласањето ќе биде многу поограничено, бидејќи тие имаат многу помала почетна база во споредба со Хиспано популацијата.

Од долгорочна перспектива, САД сé позабрзано станува мнозинско-малцинска нација. Луѓето ја замислуваат 2050, како година кога Америка ќе стане мнозинско-малцинска нација. Но, тоа може да се случи и поскоро – проекциите од пописот во 2008 укажуваат дека оваа појава ќе стане вообичаена за целата популација која е под 18-годишна возраст во 2042.[92] До 2050, во САД, всушност, ќе има 54% малцинства.

---

[88] Frey, William (2009): „Како влијаеше трката на Претседателските избори од 2008?“ Извештај за истражувањето на Центарот за студии за популацијата, University of Michigan, септември.

[89] Анализа на авторите на CPS и податоците од анкетите на гласачките места.

[90] Frey, State of Metropolitan America.

[91] Анализа на авторите на CPS и податоците од анкетите на гласачките места. Frey: op.cit.

[92] Во 2009, Бирото за попис издаде неколку проекции кои се „дополнување“ на проекциите од 2008. Тоа значи дека и покрај тоа што проекциите за 2008 ја задржуваат препорачаната серија на податоци за генерална употреба, дополнителните проекции од 2009 може да се искористат да се проценат ефектите од различните сценарија за имиграции за идното ниво на распределеност на популацијата. Од наведените сценарија, „ниското ниво на меѓународни имиграции - NIM“, според која проекција, бројот на имигранти во една година полека ќе се зголеми до 2050, е многу блиску до оригиналните проекции од 2008 и многу слично на проекциите изработени од Jeffrey Passel и D'Vera Cohen за Истражувачкиот центар - Pew („Проекции за популацијата во САД: 2005-2050“ февруари II, 2008), врз основа на константна стапка на имиграции релативна за големината на популацијата. Сценариото за ниското ниво на меѓународни имиграции ја става точката на премин кон мнозинско малцинство во 2045. Некои тврдат дека (види: William Frey [2010]: „Имиграциите и ‘мнозинското малцинство’ кое следува“, Brookings [март 2009]) сценариото за константно NIM (каде бројот на имигранти во една година останува константен до 2050) треба да се претпочита, бидејќи тоа се совпаѓа со неодамнешните искуства на САД со бранот на имиграции. Според сценариото за константен NIM, датата на премин кон мнозинско малцинство е 2050, што одговара на датата која често се цитира во објаснувањата за зголемениот диверзитет.

Хиспано популацијата, пред сè, ќе биде двигател на растот на малцинствата. Нивниот број тројно ќе се зголеми од 47 милиони кои ги има денес, до 133 милиони до 2050, додека, пак, бројот на белци кои немаат шпанско потекло, ќе остане ист. Хиспано популацијата двојно ќе се зголеми како процент од популацијата, и тоа од 15, на 30%. Азијатите, исто така, ќе бидат блиску до таквото двојно зголемување, од 5, на 9%. Меѓутоа, бројот на црните ќе се зголеми само од 14, на 15% од популацијата, со тоа што ќе претставуваат само половина од Хиспано популацијата до 2050. Исто така, ќе се зголеми процентот на популација од странство, со што се одразува растот на малцинства кои не се од црната раса. До 2050, околу еден нс пет Американци ќе биде роден во странство, а денес тој сооднос е еден на осум.

Овие трендови укажуваат дека брзо ќе продолжи да се развива составот на електоратот врз основа на расна и етничка припадност. Политичкиот научник и автор, Алан Абрамовиќ, има направено проекција дека малцинствата ќе претставуваат 34% од гласачите до изборите во 2020.[93] Доколку малцинствата останат да се потпираат врз истата политичка партија, оваа промена во распределбата на гласачите треба да претставува значајна предност за демократите.

***Белци со дипломи од универзитетските колеџи***

Демократите многу послабо успеваат кај белците-гласачи. Но, тие подобро поминуваат кај некои белци гласачи во споредба со останатите. Тие стекнаа особена моќ, на пример, кај белците кои имаат дипломирано на универзитетските колеџи. Во 2008, Обама ги изгуби гласовите на белците-дипломци од универзитетските колеџи за четири поени, во споредба со дефицитот од 11 поени за демократот Џон Кери во 2004, и дефицит од 20 поени за демократот Мајкл Дукакис во 1988.

Покрај тоа, белците кои имаат дипломирано на универзитетските колеџи се гласачко тело кое е во подем, особено во населбите на американските најдинамични метрополи, каде што тие се карактеризираат со релативен социјален либерализам и силен интерес за ефективни јавни служби. Нивниот удел во гласовите се зголеми за четири поени од 1988, во исто време кога во целина опадна уделот на белците-гласачи.

---

[93] Проекцијата на Абрамовиќ се заснова врз серија податоци од анкетите на гласачките места која започнува во 1992, кога уделот на гласовите на малцинството (13%) изгледа дека е погрешно ниска, што води до можно погрешно проценување на стапката на раст на гласовите на малцинствата. Ако се започне од 1988, наместо од 1992, тоа ќе даде побавна стапка на раст и, оттаму, и пониско проценета стапка на удел на малцинствата во 2020 - можеби 32, наместо 34%.

Последните трендови укажуваат дека во блиска иднина треба да продолжи зголемувањето на уделот на белците-гласачи кои се дипломци од универзитетските колеџи, а тоа треба да биде од корист за демократите. Во десетте држави во кои се води најголемата битка, во 2008, Фреј и Тејхиера увидоа дека процентот на белците-гласачи, дипломци од универзитетските колеџи се зголемил во секоја од државите во периодот од 2000 до 2006.

Но, трајноста на овој тренд – наспроти трендот со гласачите од малцинствата – е отворен за дебата. Основното прашање е колку долго образовното усовршување на белата возрасна популација ќе продолжи да има поголема тежина од севкупното опаѓање на наклонетоста кај белците, што продуцира нето-зголемување на уделот на белците-гласачи, дипломци од универзитетските колеџи. Образовното усовршување на популацијата зависи од два фактора. Првиот фактор е дали, и со која стапка се зголемуваат образовните квалификации на помладата бела популација, која, во овој случај, се стекнува со четиригодишно или подолго образование. Вториот фактор е стапката со која помладата, пообразована бела популација ја заменува постарата, помалку образована популација.

Разгледувањето на податоците на Бирото за попис укажува дека и двата фактора продолжуваат да бидат релевантни: образовните квалификации на помладата бела популација продолжуваат да се зголемуваат (иако побавно во споредба со 1990-тите),[94] и генерациската замена сè уште врши силен нагорен притисок за образовните квалификации. Оттаму, се чини веројатно дека уделот на белците, кои имаат дипломирано на универзитетските колеџи, ќе продолжи да се зголемува кај возрасната популација за одреден временски период,[95] кое засилено, со релативно високата излезност на изборите на оваа група, треба да резултира во тековно зголемување на уделот на белците, кои имаат дипломирано на универзитетските колеџи, во гласачкото тело.

Покрај тоа, бидејќи стапката на завршување на колеџ може потенцијално да се поттикне со јавна политика – и има огромна економска можност да се направи тоа, како што истакнува економистот

[94] Постојат две причини за тоа. Прво, високиот процент на генерациската група на белци на возраст од 25-29 кои имаат добиено диплома од универзитетски колеџ (37% во податоците на CSP во 2008, наспроти 34% во 2000). Второ, дел од припадниците на оваа генерациска група, кои немаат добиено диплома од универзитетски колеџ до 25-29 години, може тоа образование да го завршат подоцна.

[95] Оваа проценка е конзистентна со студијата на Бирото за статистика од почетокот на оваа деценија (Jeniffer Cheeseman Day/Kurt J. Baumann (2000): „Дали го достигнавме врвот?: Проекции за завршено образование кај популацијата на САД“, Одделение за популација во Бирото за статистика: Работни документи, серија бр. 43 (мај), кои предвидуваат континуирано усовршување на образованието до 2028.

за работни односи, Пол Остерман од Масачусетс Институтот за технологија[96] – проекциите за зголемување на бројот на белци-гласачи, кои имаат дипломирано на универзитетските колеџи, може да биде многу поизразено, отколку што тоа изгледа денес.

***Белци кои се работничка класа***

Остварувањата на Демократската партија помеѓу белците-гласачи од работничката класа (тука се дефинираат како белци кои немаат завршено четиригодишно образование на колеџ) е малку подобрено, во споредба со белците кои имаат дипломирано на универзитетските колеџи. Овие гласачи тежнеат да бидат поконзервативни од социјален аспект и ја обвинуваат Владата за нивните долгорочни економски тешкотии.

Обама ја изгуби работничката класа – белци, со огромна стапка од 18 поени, во 2008, што е нешто подобро од загубата на Кери од 23 поени во 2004, но, всушност, нешто полошо од загубата од 17 поени на демократот Ал Гор во 2000. Покрај тоа, продолжените потешкотии на демократите со работничката класа – белци станаа очигледни, ако се навратиме на 1988. Загубата на демократите помеѓу работничката класа – белци и белците кои дипломирале на универзитетските колеџи, таа година беше идентична: 20 поени. Во 2008, таа загуба изнесуваше 18 поени и 4 поени соодветно. Оттаму, Обама беше подобар од Дукакис за два поена кај работничката класа – белци, но за 16 поени подобар кај белците кои имаат дипломирано на универзитетски колеџ. А, тоа е голема разлика.

Меѓутоа, континуираните потешкотии на демократите околу гласачите од работничката класа – белци се олеснети заради фактот што сега ги има многу помалку помеѓу гласачите. Според анкетите кои се спроведуваат при напуштањето на гласачките места, уделот на гласачите од работничката класа – белци е намален за 15 поени од 1988, додека, како што беше образложено погоре, уделот на гласачите-белци кои имаат дипломирано на универзитетските колеџи е зголемен за четири поени, а на гласачите од малцинствата, за 11 поени. Овој генерален образец – нагло опаѓање на уделот на гласачите од работничката класа – белци, придружено со зголемување на уделот на гласачите од малцинствата и гласачите-белци, кои имаат дипломирано

[96] Ostermann, Paul (2008): „Колеџ за сите? Пазарот на работна сила за работници кои имаат образование на универзитетски колеџ“, Центар за американски прогрес (август).

на универзитетските колеџи – се повторува од држава, до држава од 1998, вклучително и во многу држави кои беа од клучна важност за изборите во 2008.

На пример, од 2008, уделот на работничката класа – белци во Флорида се намали за 17 поени, додека, пак, се зголеми уделот на гласачите-белци, кои имаат дипломирано на универзитетските колеџи за четири поени, а уделот на малцинствата за 12 поени. И уште повпечатливо, во Пенсилванија во текот на овој временски период, уделот на гласачите од работничката класа – белци се намали за 25 поени, додека, пак, на гласачите-белци, кои имаат дипломирано на колеџите, се зголеми за 16 поени, а кај малцинствата, за 8 поени. Во клучниот замав во државата Охајо, уделот на гласачите од работничката класа – белци опадна за 15 поени помеѓу 1988 и 2008, додека, пак, на гласачите-белци, кои имаат дипломирано на колеџите, се зголеми за 8 поени, а кај малцинствата, за 6 поени. И во Невада, гласачите од работничката класа – белци се намалија за 24 поени од Изборите во 1988, додека, пак, кај гласачите-белци, кои имаат дипломирано на колеџите, се зголеми за 4 поени, а кај малцинствата за неверојатни 19 поени.

***Милениумска генерација***

Предноста на демократите се истакнува и заради други демографски трендови. Милениумската генерација (оние кои се родени во периодот 1978-2000) на Обама му обезбеди импресивна разлика во гласовите од 66-32 во 2008. Оваа генерација, исто така, се потпира врз демократите кога станува збор за идентификување со партија. Во 2010, во тешки политички околности за демократите, се забележа дека водството во однос на идентификувањето со партијата значително се намали, но помеѓу милениумската генерација[97] се задржа двоцифреното водство (14 поени). Милениумците, исто така, држат голем број позиции во прогресивни области кои се во почетен развој, што, пак, може да ги придвижи кон демократите.[98]

Во однос на социјалните прашања, милениумците поддржуваат хомосексуални бракови, сметаат дека расната и родовата еднаквост се претпоставки кои се земаат здраво за готово, толерантни се во однос на верските и семејните разлики, имаат отворен и позитивен став кон имиграциите, и генерално, покажуваат мал интерес за борбата за социјалните прашања од минатото за кои постоеја несогласувања. Исто така, тие се забележително прогресивни во однос на прашањата од

[97] Истражувачки центар Pew (2010): Милениумци: Портрет на следната генерација, Вашингтон (февруари).
[98] За податоците и дискусијата, види: David Madland/Ruy Teixeira (2009): Нова прогресивна Америка: Милениумската генерација, Вашингтон (мај). Види, исто така, Истражувачки центар Pew: op. cit.

надворешната политика и, за разлика од постарите генерации, претпочитаат мултилатерална и кооперативна надворешна политика. Милениумците, многу повеќе од другите генерации, сакаат силна Влада која може да ја подобри економијата, да им помогне на оние кои имаат потреба од помош и да обезбеди повеќе услуги. Ваквите гледишта се однесуваат на низа други прашања врзани за политики, вклучително за образованието, чиста енергија и, особено, за здравствената заштита.

Милениумците беа застапени со околу 20% од гласовите на овие избори. Овој број ќе продолжи да се зголемува, бидејќи сè повеќе милениумци ќе влегуваат во гласачкото тело. Во 2008, околу 55 милиони милениумци беа на возраст за гласање, а околу 48 милиони беа граѓани подобни за гласање. Од сега, до 2018, бројот на милениумци кои се на возраст за гласање ќе се зголеми за 4,5 милиони на годишно ниво. И во 2020, кога ќе се одржат првите претседателски избори, кога сите милениумци ќе бидат на возраст за гласање – оваа генерација ќе биде сила од 103 милиони граѓани, од кои 90 милиони ќе бидат подобни гласачи. Тие 90 милиони подобни гласачи милениумци, ќе претставува нешто помалку од 40% од подобните гласачи во Америка.[99]
Овие трендови укажуваат дека на сите избори до 2020 ќе може да се забележи голем удел на милениумците меѓу гласачите – затоа што сè поголем број од нив ќе станат подобни за гласање и бидејќи водечката предност на милениумците ќе се должи на поголема излезност на изборите, заради тоа што ќе бидат повозрасни. Оттаму, во 2012 ќе има 74 милиони милениумци кои се на возраст за гласање и 64 милиони милениумци подобни гласачи, што претставува 29% од сите подобни гласачи. Ако претпоставиме дека релативно добрата излезност на милениумците на изборите продолжи и понатаму (но, не се подобрува), тоа може да се преведе во околу 35 милиони од нив кои ќе гласаат во 2012 и проценети на 26% од сите гласачи.

До 2016 ќе има 93 милиони милениумци кои се на возраст за гласање и 81 милион подобни гласачи од милениумската генерација, што претставува 36% од сите подобни гласачи. Проценките би биле дека тоа се 46 милиони милениумци гласачи, кои претставуваат 33% од сите гласачи. Во 2020, тие 90 милиони милениумци кои се подобни гласачи треба да се преточат во 52 милиони гласови на милениумците, што претставува 36% од сите дадени гласови на тие избори.

***Други демографски трендови***

---

[99] Проценките во овој и во следните параграфи се засноваат врз анализата на авторот на проекциите за популацијата на национално ниво со пописот во 2008, според години на возраст, примерок од анкетите на гласачките места во 2008, податоците за гласањето и регистрирањето на гласачите на национално ниво, според години на возраст во 2004.

Професионалците се моментално најбрзо растечката професионална група во САД, која е наклонета кон демократите, а нивната поддршка се зголемува на секои наредни избори. Во 2008, тие му дадоа на Обама 68% од гласовите. До средината на оваа деценија, професионалците ќе претставуваат еден на пет американски работници.

Демократите, генерално, се поприфатени од жените, отколку од мажите во САД, а особено се добро прифатени помеѓу подгрупите на жени кои се во подем, како што се групи на немажени жени и жени школувани на колеџ. Во 2008, 70% од немажените жени гласаа за Обама и 57% од жените школувани на колеџ го поддржаа Обама. Немажените жени сега претставуваат, речиси, половина од бројот на возрасни жени, што претставува зголемување од 38% во 1970. Жените, кои се школувани на колеџ, се група на популација која рапидно се зголемува. Во последните децении, нивниот број тројно се зголеми, од само 8% од женската популација на 25-годишна возраст во 1970, до 28% денес.

Зголемувањето на верските разлики, особено рапидното зголемување на оние кои не се приврзаници на ниту една религија (од кои 75% гласаа за Обама), исто така оди во прилог на демократите. Верски неопределените, или нерелигиозните гласачи, заедно со евангелистичките протестанти кои не се од белата раса, се „верската“ група во САД која најбргу се зголемува. Од 1944 до 2004, процентот на возрасни лица кои се изјаснуваат дека не се приврзаници на ниту една религија се зголеми, речиси, тројно, од 5 на 14%. Проекциите укажуваат дека до 2024 година, 20-25% од возрасните лица во САД нема да бидат приврзаници на ниту една религија. Овој тренд, во комбинација со зголемувањето на бројот на оние кои не се од христијанска вера и трендовите засновани врз расна и етничка припадност, до изборите во 2016 ќе овозможи САД повеќе да не биде бела христијанска нација. Ако погледнеме уште подалеку, до 2040 белците-христијани ќе изнесуваат само 35% од популацијата, а конзервативните белци-христијани кои претставуваат толку важен дел од базата на републиканците, ќе изнесуваат само 1/3 – малцинство во мнозинството.

### *Поврзаност помеѓу американската и европската состојба*

Оваа демографска трансформација претставува јасен и недвосмислен благодет за Демократската партија. Причината за тоа е едноставна: новите гласачи се потпираат врз прогресивните сили, а во Америка има само една прогресивна партија за која тие можат да гласаат, Демократската

партија. Оттаму, како што се зголемува бројот на овие гласачи, само Демократската и ниту една друга партија, имаат потенцијал за зголемена поддршка.

Меѓутоа, во Европа ситуацијата е доста различна. Едноставниот американски двопартиски систем не постои, речиси, никаде. Наместо тоа, европските партиски системи вообичаено овозможуваат социјалдемократите да имаат конкуренција за прогресивните гласачи. Навистина, во повеќето земји, тие имаат конкуренти во три различни дела на политичкиот спектар: зелените, крајната левица и либералната десница. И не само што имаат конкуренција, туку сите други партии, вообичаено, имаат подобри резултати кај прогресивните демографски групи, додека, пак, социјалдемократите, генерално, имаат лоши резултати (со исклучок на имигрантите во повеќето земји).[100]

Способноста на централно-левичарските конкуренти на социјалдемократите да ги привлечат демографските групи кои се појавуваат, на овие партии им овозможи да зафатат поголем удел од гласовите во последните неколку децении, за разлика од социјалдемократите, чиј удел во гласовите е во опаѓање. Кај 13 традиционални европски социјалдемократски држави во оваа деценија, просечниот број на гласови изнесуваше само 27%. Овој број претставува опаѓање за четири поени од 1980-тите. Но, останатиот дел од централната левица во овие земји, за овој временски период го зголеми нивниот удел во просечниот број на гласови за пет поени, што ги доведе до 32%. Заедно, сега тие се многу поголеми од социјалдемократијата, што изнесува околу 55% гласови за централната левица. Тоа претставува враќање кон ситуацијата од 1980-тите, кога социјалдемократите сè уште имаа 53% од гласовите за централната левица.[101]

Оттаму, социјалдемократите се најдоа во еден вид изборно вклештено движење. Од една страна, традиционалната работничка класа опаѓа како дел од избирачкото тело и со текот на времето дава сè помала поддршка на социјалдемократите, а таа изгубена поддршка, генерално, се пренасочува кон десницата (повремено кон крајната левица). На пример, од 1960-тите, поддршката од работничката класа опадна за 20 процентни поени за Шведската

[100] Види: Browne/Halpin/Teixeira (2009): Европскиот парадокс, CAP Progress.

[101] Врз основа на 13 европски социјалдемократски партии, за кои континуирано има податоци од времето по Втората светска војна: Австрија, Белгија, Данска, Финска, Франција, Германија, Ирска, Луксембург, Холандија, Норвешка, Шведска, Швајцарија и Обединетото Кралство. Анализа на авторите за податоците во Gerassimos Moschonas: „Изборната динамика на европските социјалдемократски партии (1950-2008)“, во J. Cronin, G. Ross, J. Shoch (eds.): *Иднината на левицата*, Durham, NC: Duke University Press и за партиите и изборите во Европа на веб страницата: http://www.parties-and-elections.de/countries.html.

социјалдемократска партија, за 17 поени за Данската социјалдемократска партија и за 12 поени за Британската лабуристичка партија.[102] Од друга страна, социјалдемократите не го добиваат својот фер удел од прогресивните избирачи кои се појавуваат, како што тоа беше порано, а поголем дел од тие гласови сега оди кај нивните конкуренти од централната десница. Ваквата концентрираност на трендови, која има централно место во моменталните проблеми на социјалдемократијата, не е јасно опфатена со ниту една од седумте тези за зголеменото опаѓање на социјалдемократијата, кои се содржани во основниот документ на ФЕС во врска со „Сегашната состојба и перспективите на социјалдемократските партии во Европа“.

Но, овие трендови имаат клучна важност. Меѓу другото, тие укажуваат дека иднината на прогресивната политика во Европа не може едноставно да се изедначи со судбината на социјалдемократите. Како еден шарен сплет од нови политички партии, независно дали зелени, либерални, црвени или други, чиј удел во гласачкото тело се зголемува, иднината на прогресивната политика во повеќепартиските системи ќе биде одредена од вкупниот удел на гласовите, или бројот на пратенички места освоени од страна на коалицијата на прогресивните сили, чии вредности и програми се преклопуваат, иако се разликуваат, а оттаму ќе произлезе и способноста на овие партии да состават владина коалиција. Ваквиот предизвик за коалицирање има апсолутно централно место при повторното конципирање на улогата на европските социјалдемократи.

Исто така, седумте тези, генерално, не успеваат да фрлат светлина врз проблемите кои сега ги мачат американските демократи и прогресивци (иако некои, како што е тезата за „доминација врз јавниот дискурс“, претставува начин скромно да се изврши влијание). На пример, тезата „Дархендорф“, која постулира дека прогресивната политика под превезот на социјалдемократијата ја оствари својата историска цел и оттаму стана површна, не се однесува и за САД. Ако ги земеме предвид ветувањата и постапките на претседателот Обама за обезбедување универзална здравствена заштита за сите Американци, тоа може да се смета како исчекор кон комплетирањето на социјалната држава за нацијата. Слично на тоа, со сегашните предлози на администрацијата за промовирање на вработувања во зелената индустрија и пораст, ветувањето за социјален напредок се спојува со постмодерната индустриска програма за економски раст.
Ниту, пак, како што покажуваат анализите погоре, тоа послужи како причина да се „намали“ политичкиот простор за Демократската партија. За разлика од Европа, каде многу

[102] Анализа на авторите за податоците во Gerassimos Moschonas (2008): „Пониските класи или средната класа? Социјализмот и променетите избирачи во Велика Британија, Шведска и Данска“, презентација пред Советот за европски студии (5 март).

демохристијански и централно-десничарски партии ги усвоија основните начела на социјалдемократската мисла, или барем имаат побарано да ги колонизираат, Републиканската партија во САД станува сѐ повеќе десничарска. Иако појавата на политичкото движење Чаенка може да упати дека сѐ поголем број на разочарани гласачи се привлечени од ова ново популистичко движење, многу е поголема веројатноста дека тоа ќе ги подели гласовите за републиканците, наместо за демократите – 80%, или повеќе од поддржувачите на движењето Чаенка се републиканци, или се потпираат врз нив.

### *Идни перспективи за демократите*

За да се конципираат проблемите на американските демократи и нивните перспективи за иднина, ќе се согласиме дека многу попродуктивно е да ги разгледаме двата големи предизвици со кои тие сега се соочуваат. Тоа се предизвикот околу организациската поставеност и предизвикот околу дефинирањето. Исто така, би кажале дека овие два предизвика, заедно со претходно споменатиот предизвик околу коалицирањето, се корисен начин да се конципираат сличностите и разликите помеѓу американските демократи и европските социјалдемократски партии.

### *Организираност за Америка*

Најпрво, ајде да го разгледаме предизвикот на демократите од аспект на организациската поставеност. Сите големи политички движења го зголемуваат бројот на оние кои се ангажирани во политичкиот процес, или преку поттикнување на новата генерација да учествува или, пак, повторно да се инспирираат оние кои претходно беа ослободени од таков ангажман. Ова со сигурност беше случај со претседателската кампања од 2008. Во меѓувреме, многу се пишуваше за иновативноста во интернет кампањите, користењето на алатките на социјалните мрежи, собирањето на финансиски средства и организирањето на капацитетите кои се генерираат на тој начин. Иако е точно дека технологијата имаше многу поголема одлучувачка улога за разлика од претходниот изборен циклус – Обама собра, речиси, 3/4 од неговите 687 милиони американски долари на интернет (онлајн) од четири милиони граѓани; 13 милиони граѓани се регистрираа да добиваат редовна електронска пошта; а безбројни настани и случувања околу кампањата беа организирани во локалните заедници преку користење на алатките на социјалната мрежа – MyBarackObama.com – но, притоа, не смее да се заборави дека, во основа, тактиката на Обама беше од старомоден тип. Примарниот фокус беше ставен на мобилизирање на локално ниво,

директен контакт со целните групи на поединци во текот на кампањата и рекламирање до степен на заситеност. Успехот на кампањата на Обама се должеше на фактот што неговиот тим можеше да изгради „sui generis" (оригинална) структура, со примена на најновите организациски и информатички алатки за менаџмент, споено со класичниот модел на организација во заедницата, сè со цел да се постигне успех.

Пред да стапи на функција, имаше премногу шпекулации за тоа како овие нови техники за кампања и организирање, како и озлогласената е-маил листа на Обама, ќе се применат и со очекување ќе го трансформираат политичкиот процес што се одвива во Вашингтон. Многумина очекуваа дека ова ново инспирирано движење ќе биде искористено, за да се изврши притисок врз Конгресот – особено врз оние претставници и сенатори кои не ја поддржуваа програмата за реформи на претседателот – да го направат она што се очекуваше од нив. Со основањето на новата единица во рамките на Националниот демократски комитет – *Да се организираме за Америка*, исто така, постоеше надеж дека ваквата бунтовност и моментумот од кампањата, ќе се институционализираат во Демократската партија.

Тогаш зошто преминот од кампања кон управување се покажа дека е потежок отколку што некои се надеваа? Зошто на новиот претседател му беше толку тешко да го одржи и мобилизира чувството на бунтовност во рамките на поширокото прогресивно движење, кое го донесе до функцијата?

Една работа е сигурна. Здружувањето против некомпетентноста на претходната администрација не значеше дека од сите оние кои беа разочарани и фрустрирани од своите неуспеси треба да се бара да се согласат за она што треба да се направи, за да се исправат проблемите кои тие ги имаа создадено – тука, едноставно, станувaше збор за „исфрлање на неработниците". Штом се започна со управување, а со тоа отпочна и процесот на креирање на политики, само мали подробности можеа да го посеат семето за поделба помеѓу оние кои претходно беа обединети и усогласени сили, на пример, во однос на јавното мислење за дебата која се водеше за здравствената заштита, независно дали тие ги споделуваа, или не, истите вредности или долгорочни цели на политиките. Истата тактика која беше искористена во кампањата за да се мобилизира излезноста на изборите, изгледаше помалку усогласена околу постигнувањето на консензус од внатре, а потоа да се повикува прогресивното движење на војна. Иако вонпартиската прогресивна инфраструктура е и понатаму далеку поразвиена во САД отколку што тоа сега е случај во Европа, на моменти Белата Куќа изгледаше доста изолирано.

Второ, потребата да се бара консензус за реформската програма, заради различните стојалишта на законодавците во Демократската партија, се покажа дека е многу потешко отколку што можеше да се замисли, особено ако се земе предвид – или можеби заради – големото мнозинство кое Партијата го има и во Домот и во Сенатот. Тоа, во комбинација со желбата, барем во првите денови од работењето на администрацијата, да се изгради меѓупартиска поддршка за пакетот стимулативни мерки, за реформата на здравствената заштита и за пообемната програма за закони, доведе до краен резултат кој претставуваше многу попрагматичен пристап кон управувањето, но, исто така, наметна и враќање кон потрадиционалниот стил на политиката на Вашингтон – вклучително и пазарење и неупадливи политички дилови – кои многумина не го очекуваа од претседателот Обама.

Иако постигнувањата во областа на законите во првите 18 месеци од новата администрација се многу значајни, ако не и историски, иронично е тоа што ентузијазмот кај активистите и гласачите на демократите до сега не бил помал. Тоа се должи на фактот што за поширокото прогресивно движење, дел од мандатот на Обама не требаше само да го промени тоа што Владата го имаше направено, туку и начинот на кој тоа го имаше направено.

Постојат, се разбира, повеќекратни придобивки од поголемото вклучување на таквите прогресивни движења во дискусиите за креирање на политики. Не само што тие, вообичаено, обезбедуваат експертиза за предизвиците на конкретна политика, туку вклучувањето на таквите групи, исто така, им овозможува подобро да ги разберат компромисите кои мора да се направат од позиција на власт, но и да се преземе дел од одговорноста за тие одлуки, а со тоа да се создаде подобрена основа на знаења, основа врз која овие движења можат да го соберат своето членство да спроведуваат кампањи и да ги поддржува политиките на администрацијата.

За добро или лошо, чувството на исклученост и последователното разочарување, кое сега го доживуваат некои активисти и креатори на мислење од прогресивната заедница, несомнено придонесува и го потхранува сегашното ниско ниво на ентузијазам помеѓу гласачите на демократите пред претстојните избори во ноември. Имајќи предвид дека овие движења, честопати, не чувствуваат дека имаат сопственичко право во постигнувањата на демократите во областа на законите, малку е веројатно дека тие цврсто ќе се застапуваат за нив. Денешните активисти се помалку различни од нивните претходници. Ова е лекцијата што беше научена од кампањата на Обама, која е втемелена во мотото на нејзината организираност – почитувај, зајакнувај, вклучувај. Истите тие активисти сега сакаат да бидат дел од процесот на управување. Демократската партија и администрацијата треба да бидат отворени да вклучат и таква можност,

и навистина треба активно да инвестираат во потребното време и технологија за тоа да се овозможи.

### *Дефинирање на напредокот*

Вториот клучен предизвик со кој демократите треба да се справат и да имаат придобивки од демографските промени, кои беа образложени погоре, е во врска со дефинирањето. Како што беше претходно истакнато, претседателот Обама дојде на функција во време кога глобалната економија се наоѓаше на работ на колапсот, на домашните и меѓународни финансиски пазари имаше превирања, а американската автомобилска индустрија се наоѓаше на работ на банкротирање, како и уште многу други работи кои може да се додадат на оваа листа. Потребно беше итно и веднаш да се одговори на кризата на национално и глобално ниво. Бидејќи во сите овие области, и во областа на здравствената заштита, беа преземени одлучувачки активности, малку време остана за да се дефинираат или постават одредници за тоа што ќе доведе до напредок, или да се постави една поопсежна прогресивна визија за американското општество од 21. век. Последиците од тоа станаа особено актуелни кога станува збор за тоа како нацијата ја разбира визијата на претседателот за односите држава-пазар-општество и управувањето со економијата.

Во воведот ги истакнавме тензиите кои моментално постојат помеѓу последните трендови во јавното мислење, помеѓу оние кои тежнеат да ја фаворизираат посилната улога на Владата и оние со длабок историски скептицизам за улогата на Владата во американското општество. Оттаму, прашањето за кредибилитетот и остварувањата на прогресивната политика во САД суптилно се разликува од Европа, каде намалувањето на гласовите за социјалдемократите може да се поврзе со неспособноста на социјалдемократите да ја користат државната и владината политика за ефективно да ги спроведуваат социјално-правичните социјалдемократски политики. Денес, повеќето од законодавните битки кои се водат во САД, независно дали за регулативата за здравствената заштита, енергетиката или финансиската регулатива, се ефективни во замена за тоа дали Владата може некогаш и да се искористи како сила за доброто на американското општество, независно од остварувањата на било која поединечна партија.

Иако секоја од овие битки треба да се води за секој случај поединечно, а битката да се добие или изгуби зависно од вредноста на секој изнесен аргумент, нивното поставување во еден главен приод, во кој јасно се артикулира прашањето околу модернизираната Влада, може со текот на

времето да ја промени централната основа за здрав разум и, притоа, прогресивно да биде полесно да се добие секоја од тие битки. Покрај тоа, отсуството на таков приод создаде вакуум простор во кој опонентите на претседателот и прогресивното движење можеа да ја дефинираат својата визија за себе. Иако обвинувањата од реакционерното конзервативно движење, и нивните обиди да ја етикетираат програмата на претседателот Обама како „социјалистичка“, „комунистичка“ или „фашистичка“, се неодговорни и разочарувачки, тие, исто така, имаа и ефект и не може да се остават без противнапад. Во тој поглед, кредибилитетот – иако можеби „легитимитетот“ е посоодветен термин – на владиното постапување во САД е поблиску поврзано со прашањата на доминантниот дискурс во јавноста.

Сега се наметнува итна потреба прогресивните сили да артикулираат една кохерентна визија за односите помеѓу пазарите и државата во 21. век. Во оваа визија мора јасно да се наведе како ќе изгледа новата раздвижена американска економија во претстојните години, т.е. крајната цел, и да се објасни улогата на Владата во обезбедувањето помош и овозможувањето на таквата транзиција. Оваа визија, исто така, треба да биде изготвена со јазикот и вредностите кои одекнуваат кај повеќето Американци. Не е антиамерикански доколку се промовираат можностите, просперитетот и правичноста, ниту, пак, е антиамерикански да се користат алатките на Владата за да се направи тоа.

Меѓутоа, едноставното артикулирање зошто е потребна нова и подобрена улога на Владата за да се осигура просперитетот на Америка во иднина – дури и тоа да се направи преку транзиција кон ниска јаглеродна економија, инвестиции во истражувањата и технологијата, одржување на контрола врз Вол Стрит и светот на американски корпорации кои не се во сопственост на Владата, или да им се овозможи на Американците да се преквалификуваат и обучат за работните места на иднината – нема да биде доволно за да се врати во нормална состојба улогата на државата во очите на повеќето Американци. Повторното изјаснување дека е неопходно да има владина акција, мора да биде придружено со програма, која, исто така, се однесува на реформа и модернизација на Владата, за да се обезбеди сигурност дека Владата ги исполнува своите обврски и цели колку што е можно на ефективен и ефикасен начин. Во следната фаза од прогресивната политика на Америка, мора да се бара не само реформа на пазарот, туку и реформа на државата.

Како што се наближува изборната сезона во 2010, добро е прогресивните сили во САД да ги имаат предвид овие предизвици. Доколку сакаат да ги искористат долгорочните демографски трендови кои, се чини, дека работат во нивна полза, тие ќе треба да имаат долгорочна перспектива за аргументите кои ќе ги изнесуваат во текот на секојдневните задачи од кампањата. Сега е време да

се изработи еден кохерентен и долгорочен план за американската Влада, за да служи како сила за доброто.

## Заклучок

## Изгледи за трансатлантски прогресивен дијалог

Гледано низ објективот на предизвиците со кои се соочуваат прогресивните сили, а кои се поврзани со организирањето и дефинирањето, изгледите за иден трансатлантски дијалог може да бидат подобри отколку некои што мислеа. Можеме да тврдиме, се разбира, дека прогресивните сили е веројатно да имаат придобивки од дискусиите за разликите во предизвиците кои постојат од другата страна на Атлантикот, како и придобивки од дискусијата за сличностите.

***Организирано бунтовништво***

Кога станува збор за предизвикот околу организираноста, на пример, на прв поглед може да изгледа дека фундаментално различниот карактер на Демократската партија – која, во основа, е лавиринт од избирачки комитети и тела – од европските парламентарни партии, ќе претставува незначителна основа за плодни дискусии. Меѓутоа, ако размислиме, има толку многу да се научи од релативните силни страни и слабости на секоја од организациите.

Како што беше наведено погоре, Демократската партија треба да работи на институционализирање, или барем на поефективна соработка со поширокото прогресивно движење. Во оваа сфера постојат лекции кои прогресивните сили во САД можат да ги научат од подисциплинираниот и поструктуриран карактер на социјалдемократските партии во Европа. Се покажа дека во системот на САД тешко се трансформира моментумот и чувството на бунтовништво на прогресивното движење, што во текот на кампањата беше посведочено како помош за Владата – а, поголемиот степен на институционализирана или структурирана соработка помеѓу Партијата и движењето, може многу да помогне околу тоа.

Наспроти тоа, во Европа сè повеќе се води дебата за тоа дали парламентарните партии треба да станат пофлексибилни. Предноста на европскиот систем е во тоа што заедничката меморија и движењето со заедничка цел е, или барем беше, институционализирано во структурирано тело.

Меѓутоа, сè повеќе стануваше очигледно колку е тешко за партиите да се отворат за да можат да привлечат и да посегнат по нови групи или да одговорат на новите проблеми. Сега, потребно е повторно да се обмисли како да се вклопат техниките на новата технологија и организација, а тоа значи и потреба од фундаментално обмислување во однос на тоа како да се води и организира политиката. Интернетот, групите кои споделуваат интереси и социјалното вмрежување, едноставно не може да биде „зашрафено“ на постојните структури, барем не, доколку тие треба да се користат на ефективен начин.

Потоа, ќе ни изгледа дека истражувањето за тоа како прогресивните сили можат да постигнат позитивна средина помеѓу флексибилноста, иновативноста и раздвиженоста на американските комитети за кампањи, од една страна, и дисциплината, структурата и хиерархијата во европските парламентарни партии, од друга страна, е заложба која вреди.

***Нова прогресивна програма***

Исто така, крајно време е да се започнат поопсежни дискусии за формирањето на заедничка програма за прогресивна политика. Тоа, за ништо не е толку итно, како што е за визијата во врска со посткризното економско закрепнување.

Пред осумнаесет месеци, прогресивните партии ширум Европа се бореа да се разликуваат од нивните демохристијански и централно-десничарски опоненти, од кои многумина побараа да се одговори на глобалната економска криза преку примена на пакетот стимулативни мерки на Кејзијанската економија и политиките за невработеност и социјална заштита, кои вообичаено, се поврзуваат со социјалдемократите. Бидејќи централно-десничарските и демохристијанските партии го колонизираа социјалдемократскиот политички терен, прогресивците ефективно се најдоа себеси згмечени од нивните опоненти и од левицата и од десницата. На Г-20 Самитот во Лондон, лидерите од сите политички убедувања го поздравија повикот за заеднички и координиран глобален пакет на стимулативни мерки.

Во текот на годината рапидно се променија околностите и дојде и до промена на политичките координати. Серија ригорозни намалувања на потрошувачката сега се на програмата ширум Европа. Овие програми се спроведуваат од страна на прогресивните влади во Шпанија и Грција, со истото убедување како и на новоизбраните конзервативно-либерални коалиции во Обединетото Кралство и Германија. Имитирајќи ја политиката на Херберт Хувер, изгледа како

сите Европејци сега да се обложуваат дека зголемувањето на даноците и намалувањето на трошењето ќе доведе до раст на нивните економии.

Меѓутоа, во САД, претседателот Обама продолжи да следи една амбициозна програма, која е предводена од стимулативните мерки и мерки насочени кон развојот. И претседателот Обама и секретарот за финансии, Гајтнер, предупредија на долгорочната економска опасност поврзана со промената на курсот и предвремената примена на мерки за фискална строгост. Долгорочната невработеност во САД и Европа останува упорно на високо ниво, а опасноста од замката на дефлација е постојано присутна. Со оживувањето на оваа стара економска ортодоксност во Европа, на ризик се изложува отворањето на работни места на долг рок и економското закрепнување, како во Европа, така и во САД.  Она што ги загрижува прогресивците, е дека, исто така, се промовира еден сосема непрогресивен стил на лидерство, со кој се велича способноста да се наметне страдањето на други луѓе во тешки времиња.

Големата поделба помеѓу Европа и САД по ова прашање, многу повеќе отколку за било кое друго прашање, се чини дека уште повеќе се продлабочува. Денес, прогресивните сили во САД се оние кои се наоѓаат себеси притеснети. Меѓународно изолирана, новата администрација не беше во можност да изгради нов глобален консензус за понатамошните стимулативни мерки кои се неопходни за да се осигура продолжено економско закрепнување. Исто така, на домашен терен, се соочени со конзервативните демократи и републиканците во Конгресот, кои се противат на нивниот пакет за државна помош. Сега, повеќе од кога и да е претходно, од суштинска важност за прогресивците во Европа и САД е да работат во партнерство за да дефинираат модел на прогресивен развој, кој ќе послужи како алтернатива на конзервативната економска ортодоксност. Не е претерување ако се каже дека иднината на прогресивната политика зависи од нашата способност, мајсторски да изготвиме една таква алтернатива.

ВОЛФГАНГ БИЕРМАН/КРИСТИНЕ КАЛСЕТ

# „СИТЕ СО НАС!“ [103]
# Нордискиот модел и црвено-црвено-зелена коалиција – Пренослив модел на успех?

| НОРВЕШКА РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА (DET NORSKE ARBEIDERPARTI, DNA; или повообичаено: ARBEIDERPATITET, AP) | |
|---|---|
| Официјална веб страница: | http://arbeiderparti.no |
| Лидер на Партијата: | Јенс Столтенберг (Jens Stoltenberg) |
| Краток историјат: | Основана во Арендал во 1887. Од 1907, има свои претставници во Стортинг (норвешки Парламент). Од март 1935, до април 1945, АП беше на власт заедно со Партијата на фармерите (Bondepartiet), под раководство на Јохан Хугарсволд, кога ги поставија основите на социјалната држава – која нагло беше прекината со германската окупација од април 1941, до мај 1945 и отпорот на прогонетите од Лондон. Помеѓу 1945 и 2010, АП владееше околу 45 години со кратки прекини. |
| Членство во SI и PES: | SI: од 1932 PES: од 1999 |
| Партиско членство: | 2009: 50.269<br>1999: 61.327 |
| Одзив на избирачкото тело на парламентарните избори: | 2009: 35,4% од гласовите, 64 пратенички места<br>2005: 32,7% од гласовите, 61 пратеничко место<br>2001: 24,3% од гласовите, 43 пратенички места<br>1997: 35,0% од гласовите, 65 пратенички места |
| Учество во Владата: | 2005: во Владата, претседател на Владата: Јенс Столтенберг<br>2000-2001: во Владата, претседател на Владата: Јенс Столтенберг, во коалиција со СВ и СП |

[103] „Alle skal med” – буквално „Сите треба да дојдат со нас“ – беше главниот слоган на норвешката Работничка партија од 2005.

## Од изборна катастрофа во 2001 до воскреснување на социјалдемократијата во 2005

Што се случува во Норвешка? Иако социјалдемократијата страда во многу европски земји, левичарската коалициона Влада и успешните реформски политики на норвешките социјалдемократи беа потврдени на изборите во 2005 и 2009.

Дали заради нафтата е можно да се финансира социјалдемократската наклонетост? Од гледна точка на еден Норвежанец, одговорот е едно громогласно „не“. Тоа е затоа што само максимум 4% од нафтениот фонд[104] (еден од двата независни фонда на богатство, кои го сочинуваат пензискиот фонд на норвешката Влада) може да се слеат во државниот буџет, останатиот дел оди во меѓународен фонд. Централно-десничарските партии, кои повторно се потпреа врз „аргументот за нафтата“ и побараа намалување на даноците и придонесите – ги изгубија последните два избори од социјалдемократската „партија наклонета кон државата и даноците“ со нејзините левичарски/црвени коалициони партнери.

Во 2001, норвешката Работничка партија (ДнА), под раководство на „норвешкиот Тони Блер“, премиерот Јенс Стелтенберг, го доживеа најголемиот изборен пораз во 77 години, со само 24,4% од гласовите.[105] Потоа, според рејтинзите на анкетите на јавното мислење, рејтингот на АП падна уште подолу, дури до 15%[106], што беше придружено со жестока внатрешна дебата помеѓу поддржувачите на партискиот лидер и поранешен премиер, Торбјорн Јагланд, и поддржувачите на Јенс Стелтенберг, кој беше исфрлен од позицијата на премиер, но избран за лидер на парламентарната група.

Меѓутоа, од 2004, АП успеа повторно да ја моделира својата партиска програма и организациска поставеност, како преку навраќање кон традиционалните социјалдемократски вредности и социјалдемократски политики, така и преку понатамошно развивање на „норвешката социјална држава“, во тесна соработка со синдикатите.

---

[104] Повлекувањето од „Statens Pensionsfond Utland“ (Државен пензиски фонд – Глобал – другиот независен фонд на богатство) е ограничено на просечниот даночен приход (цитираните 4%).
[105] На Парламентарните избори во 1924, АП доби само 18,4% од гласовите, но потоа секогаш успеваше до 30% (со исклучок на 2001).
[106] Според интервјуираните од ДнА.

За првпат дотогаш, опозициската група АП изработи една заедничка програма со Социјалистичката левичарска партија, или СВ (Sosialistisk Venstreparti)[107] и Партијата на центарот, или СП (Senterparti)[108](„со кои се согласуваме за 155 точки"). АП ја водеше коалициската изборна кампања заедно со нив и освои доволно гласови – 32,7% – за да ја истурка централно-десничарската коалиција од Стортинг (норвешкиот Парламент) во септември 2005, со мнозинството на црвено-црвено-зелените. Оваа црвено-црвена-зелена коалиција, уште еднаш беше одобрена од електоратот на Изборите во септември, 2009.

За надворешните набљудувачи, но, исто така, и за самата норвешка Работничка партија, се поставува прашањето дали, и како, нордискиот модел по теркот на Норвешка може да се продолжи – но, исто така, и дали, и како, тој може да се пренесе на другите земји и другите социјалдемократски партии во Европа.[109] Оваа студија има за цел да придонесе кон одговорот на ова прашање, како и за дисеминација на „научените лекции" во Норвешка.

## Историјат

Од 1945, до денес, АП владее, речиси, околу 45 години со шест премиери: Еинар Герхардсен, Тругве Брамели, Одвар Нордли, Гро Харлем Брундтланд, Торбјорн Јагланд, и сегашниот Јенс Столтенберг.

Со релативно кратки премини од централно-десничарски влади, социјалдемократските влади ги поставија основите на нордиската социјална држава – во тесна соработка со синдикатите и во дискусии со САМАК, Нордиски комитет за соработка, во кој се здружени социјалдемократите со синдикатите.

[107] СВ беше основана во 1962, како Социјалистичка народна партија (SF/Party Volkspartei) од поранешни социјалдемократи, кои се противеа за ЕУ и НАТО, и во 1975 Партијата беше зајакната од поранешните комунисти и други левичарски групи и беше преименувана во Социјалистичка левичарска партија.

[108] СП е традиционална конзервативна-зелена партија, а нејзиното избирачко тело е од руралните области.

[109] Друг доказ за преносливоста на нордиските искуства претставува поканата на Светскиот економски форум, според која „научените лекции" од нордискиот модел, треба да бидат главна тема на состанокот во Давос, летото 2011. („Ber verden se mot Skandinavia"/„Let the world look towards Scandinavia"/Светот нека погледне кон скандинавските земји), *Aftenposten*, 20 јуни 2010, исто така и „Denmark bliver darling pa Davos-mode"/„Denmark becomes the darling of the Davos summit"/Данска станува миленичe за самитот во Давос), *Business.dk*, 16 јуни 2010.

Во времето на социјалдемократските влади на Брателли (1971/72 и 1973/76), како и на Нордили, беа воведени првите основни реформи на „нордискиот модел“. Нордиската *социјална држава* требаше да се финансира од даноците и да гарантира обезбедување на основни средства, што овозможува достоен животен стандард „за сите“ регистрирани жители, независно од семејната или социјалната помош. Меѓу другото, тоа требаше да се постигне преку следните средства:

- „бесплатна“ здравствена заштита која се финансира од даноците;
- Замена на „Bismarckian“ училишниот систем и на училиштата за деца со пречки во развојот и специјални потреби, со униформно интегрирано образование за сите деца до 10. одделение;
- Постепено воведување на целодневна грижа, на пример, во дневните центри да се обезбедат места за децата, чии родители имаат полно работно време, сé до нивната рана адолесценција;
- Поддршка за академско образование за сите полнолетни деца кои се целосно независни од нивните родители, преку доделување кредити, или грантови за образование;
- Државна минимална старосна пензија која единствено зависи од жителството („национална пензија“), покрај законски пропишаната старосна пензија;
- Финансирање на социјалната помош преку даноците за потрошувачка, во форма на релативно висок ДДВ и високи „даноци за гревови“, како што се познати во говорниот јазик (на пример, за: возила, алкохол, тутун, шеќер, итн.).

Врз оваа основа за нордиска социјална држава, воспоставена при крајот на 1970-тите, Работничката партија, под раководство на Гро Харлем Брундтланд, како премиерка на малцинските влади помеѓу 1986 и 1996, го придвижи процесот на реформи, чии стандарди и понатаму во голем степен беа одредувани од Работничката партија, дури и по нејзината оставка во 1996.

Оставката на Гро како норвешки премиер остави голем политички вакуум, кој беше тешко да се пополни. Но, како и да е, во времето на  Гро Харлем Бруинтланд, норвешката социјална држава се разви во темелите на модерното норвешко општество.

Наследникот на премиерката Гро Харлем Брундтланд, која се повлече на 25 октомври 1996, беше Торбјорн Јагланд, кој веќе ја имаше заменето како лидер на Партијата, на Партиската конференција во 1992.[110] По Изборите во септември 1997, на кои АП освои 35% од гласовите, Јагланд даде оставка како претседател на Владата, со што своето премиерско место јавно го услови со освојувањето на приближен резултат како на претходните избори (под раководство на Брундтланд) од 36,9%.

Тоа беше причината зошто лидерот на Демохристијанската партија – КрФ (KrF – Kristelig Folkeparti), Кјел Магне Бондевик, ја формира првата коалициска влада (малцинска влада) на 17 окотмври 1997 помеѓу КрФ, Партијата на центарот (СП) и Венстре (V/Либерална партија). На 17 март 2000, тој поднесе оставка откако неговата Влада не ја доби поддршката од АП и од Конзервативната партија Хоyre (Н, буквално „десница“), и оттаму не можеше да добие поддршка од мнозинството во дебатата за изградбата на гасна електроцентрала. Лидерот на парламентарната група на АП, Јенс Столтенберг, потоа ја презема функцијата како премиер на малцинската Влада на АП, која беше принудена да владее со флуктуирачко парламентарно мнозинство.

Во септември 2001, АП, слично како и СПД, се соочи со најлошиот изборен пораз во историјата, со околу 24% од гласовите. Навидум, тоа изгледаше дека го потврдува вакуумот кој беше создаден со оставката на Гро Харлем Брундтланд. Но, во тој случај, како може да се објасни оживувањето на политичкото наследство на Брундтланд за само четири години подоцна?

## Анализа на актуелната состојба на норвешката Работничка партија 2010

Навистина, Гро Харлем Брундтланд зад себе остави не само политички вакуум, туку и политичко наследство, со кое мнозинството Норвежани се идентификуваат. Тоа го објаснува привременото незадоволство од нејзините помлади и понеискусни наследници и цврстата основа врз која Работничката партија можеше да се надгради по 2001.

За да се разбере сегашната состојба на норвешката Работничка партија (2010), ќе го разгледаме следново:

---

[110] Гро Харлем Брундтланд, како лидер на Партијата, имаше особено висок углед. Во 1992, таа се повлече од исклучително лични и семејни причини.

- Основите кои ги постави Брундтланд: значителната евиденција на остварувања на легендарниот лидер на АП и претседател на Владата, Гро Харлем Брундтланд (се разбира споредливо со она на Вили Брандт);
- Изборен пораз во кризната година 2001;
- Политички и практични слабости во текот на кусото владеење на Столтенберг во 2000/2001; политичката промена во АП, со што се овозможи формирањето на коалицијата на црвено-црвено-зелените, додека сѐ уште беа во опозиција;
- Евиденција за остварувањата на Партијата од спроведувањето на владината програма врз основа на, таканаречената, „Сорија Морија декларација“ на црвено-црвено-зелената коалиција од 2005;
- Внатрепартиски промени, како и карактерното и општественото прифаќање на АП во 2005/2009;

***Основите на Брундтланд: Огромен успех и огромен товар***

Во времето на раководството на Брундтланд беа поставени економските и политичките основи за одржливоста, модернизирањето и капацитетот за интегрирање на норвешкото општество, на кое норвешките социјалдемократи може особено да се гордеат. Тука спаѓа и развојот во врска со улогата на жените во норвешкото општество, што служи за пример.

Бидејќи најзначајната економска основа – и ефект! – на социјалната држава во Норвешка, и покрај големите недоразбирања, не се „парите од нафтата“, туку резултатите од реформата која во голема мерка беше спроведена во времето на Брундтланд:

- Најголемиот напредок беше постигнат во времето на Брундтланд, како премиер на неколку малцински влади, во периодот 1986-1989 и 1990-1996. Таа, која самата е мајка на четири деца, сакаше да ги отстрани сите пречки за целосно вработување, преку рамноправност на мажите и жените во работниот век и оттаму, целосно усогласување на семејниот и работниот живот.
- Нејзината Влада овие реформи ги спроведе под превезот на „работна линија“, во постојани консултации со синдикатите.

- Мерките за зголемување на вработеноста вклучуваа државата да продолжи со плаќање на целосна плата за новородено дете од 18, до 46 седмици (80% во случај на 52 седмици), целодневна грижа во детските градинки и училиштата и регулатива за квотите за позиции во вишо раководство во политичките партии, јавните компании и администрации.
- „Работата“ на Брундтланд, исто така, вклучуваше повеќе даночни реформи, иницијативи за вработување на двајцата сопружници и помали корпоративни даноци, придружено со укинување на отпишувањето на долговите, кои не се однесуваат на инвестиции.
- Отстранување на пречките за флексибилност во вработувањето (на пример: најповолна пензија, зависно од приходите врз основа на „најповолните“ 20 години, од вкупно 40 години вработување, така што привремената невработеност, периодот на обуки или хонорарната работа не наметнуваат помала пензија).

Во 1992, Владата на Брундтланд во договор со синдикатите, воведе закон со кој сите преговори на ниво на компанија и колективни преговори мора да се тестираат во однос на тоа дали со нив се промовира или попречува вработеноста, а во вториот случај тие мораше да бидат изменети.[111]

Последиците од овие политики беа увидени по 10 години и продолжуваат да вршат влијание и денес; како резултат на реформските политики на Брундтланд беа обезбедени зголемувања, како, на пример:

- Стапката на вработеност на жените од 40% во 1970 се зголеми на 75,3% во 1997;
- Стапката на вработеност на постарите работници на возраст 60-64, од 37% во 1970 се зголеми на 45% во 2002;
- Стапката на лица кои го завршиле образованието, благодарение на воведувањето на средните училишта, се зголеми до 70% во 2007, додека во случајот на девојките од муслиманска вероисповед, дури и до 80% во 2009;

---

[111] Cf. Wolfgang Biermann (2004): „Umbau des ‚Nordischen Wohlfahrtsstaates'" („Повторно градење на ‚нордиската социјална држава'"), труд кој беше подготвен за настанот во организација на норвешко-германскиот Willy-Brandt-Stiftung, „Aus der tiefen Krise in den Hohenflug – Wie Reformiert man in Skandinavien?" („Од длабока криза, до еуфорија – кој е пристапот за реформи во скандинавските земји?") (28 јануари 2004). Достапно на: www.willy-brandt-stiftung.de/htmldocs/umbrau.pdf.

- Стапката на наталитет се зголеми до околу 1,9 деца на една жена. Кај норвешките жени, кои имаат одговорни раководни позиции, повообичаено е да имаат три, или повеќе деца, споредено со просекот на целата популација.[112]

Кога Гро Харлем Брундтланд даде оставка во 1996 година од лични причини, таа зад себе остави историско наследство на кое АП – кога тоа би се споредило на меѓународно ниво – може да се гордее, иако за нејзините наследници, речиси, е невозможно да да ги следат нејзините постапки.

Овој успех е дел од објаснувањето, кое може да се даде како за последователната криза низ која помина норвешката Работничка партија, но исто така, и за нејзиното повторно обновување.

### *Кризна година 2001 – политичка несигурност и практични слабости како причина за губење на довербата кај јавноста?*

За изборната катастрофа од 2001, особено во однос на синдикатите и повеќето клучни гласачи, имаше како тековни, политички, така и „културолошки“ причини.

Иако успешноста на социјалдемократските политики, дури и во времето на конзервативниот претходник и режимот на наследникот Кјел Манге Бондевик (1997-2000 и 2001-2005), не беше ставена под знак прашање, со триумфалната победа на новите лабуристи на Тони Блер, трагите од Третиот пат се инфилтрираа дури и во Норвешка. Формулите кои беа претставени во документот на Шредер/Блер, кој беше усвоен на Европскиот самит од претседателите на владите, кои беа претежно социјалдемократи, исто така беа дочекани со поздрав од страна на медиумите во Норвешка.

И покрај тоа што раководството на норвешката Работничка партија формално не го прифати Третиот пат, и немаше намера да ја отфрли нордиската социјална држава, медиумите во Осло го опишуваа Јенс Столтенберг, кој беше избран за лидер на парламентарната група, пролетта 2000, и претседател на Владата од март 2000, како „норвешки Тони Блер“.

---

[112] Cf „Rike kvinner foder mest” во Dagsavisen, 27 мај 2003 („Новото истражување (...) го уништи митот дека жените избираат помеѓу кариерата и децата. Жените со повисоки примања, навистина почесто се одлучуваат на трето дете, отколку жените кои имаат помали примања“).

Ваквото медиумско претставување предизвика страв кај синдикатите и дел од Работничката партија од можно одрекување на социјалдемократските вредности. Потенцирањето на личната одговорност наместо бенефициите од државата, „пазарната функција за распределување“ и дискусијата за либерализација на глобалните финансиски и економски движења, неопходно подразбираа дека синдикатите ќе се стават на одредена дистанца, како и симпатиите од централната десница.

Во текот на краткото владеење на Столтенберг, Владата скришно разгледуваше начини како да се намали неплатеното боледување во рамките на бенефициите за боледување, иако таа информација протече во медиумите. Тоа доведе до масовни конфликти со федерацијата на синдикати Landsorganisasjonen i Norge (ЛО) и нејзиниот тогашен лидер, Ингве Хагенсен.

Предлогот, кој го формулираше министерот за енергетика, Акселсен, за делумна приватизација на Statoil (водечка компанија за производство на гас и нафта), предизвика силен отпор во АП и протести на Фин Лиед, кој како министер за индустрија во 1970-тите го разви концептот за Statoil за да се заштитат националните нафтени ресурси од меѓународните нафтени групации.

Оваа, и други дебати, доведоа до несигурност во рамките на Партијата и кај гласачите, а тоа ескалираше во текот на краткиот премиерски мандат на Столтенберг во расправија во рамките на АП помеѓу „традиционалистите“ (кои го почитуваа партискиот претседател Торнбјорн Јагланд) и „модернистите“ (кои се идентификуваа со Јенс Столтенберг). Тоа придонесе кон драматично масовно губење на гласовите на Парламентарните избори во септември 2001.

Анализата на промените во однесувањето на гласачите укажува дека на гласачите им беше особено јасна драмата која се случуваше во однос на угледот на Работничката партија.[113]

За АП, Изборите од 2001 се карактеризираа, главно, со масовно заминување на помладите гласачи: само 11% од гласачите под 29-годишна возраст гласаа за АП, во споредба со 18% во 1996. Од друга страна, Социјалистичката левичарска партија (СВ) доби 26%, а конзервативната „десничарска партија“ дури 28% од гласовите на најмладите.[114]

---

[113] Види: cf. Bernt Aardal, Henry Valen, Rune Karlsen, Oyvin Kleven and Tor Morten Normann: „Valgundersokelsen 2001“, *Dokumentasjonsrapport, Rapporter,* 2003/14, Statistisk sentralbyre 2003: 19 ff.

[114] Види: cf. Figure 5.2, *Valgunderswkelsen* 2001, *Rapporter* 2003/14, Statistisk sentralbyre 2003: 21.

Во анализата за промената во гласањето во 2001, од Централното биро за статистика изјавија: „Бројот на оние кои или гласаа за друга партија или, едноставно, останаа дома, се зголеми на 44%". Ако се одземе бројот на оние кои не гласаа, 37% го дадоа гласот за друга партија (Valgundersokelsen 2001, Rapporter 2003/14, Statistik sentralbyra 2003:19).

Само 56% од оние кои во 1997 гласаа за АП, тоа повторно го направија во 2001. Тринаесет проценти од гласачите на АП се пренасочија кон десничарската партија, 10% кон СВ и 12% останаа дома. Наспроти тоа, 73% од гласачите на СВ и 69% од гласачите за Hoyre, останаа лојални на својата партија.

Загубата на АП беше особено значителна кај традиционално најзначајните гласачи, членовите на Федерацијата на синдикати: само 32,8% од членовите на синдикатите гласаа за АП, во споредба со 53,8% во 1997. Очигледно, претходните поддржувачи на АП од редовите на синдикатите се почувствуваа „дека се изневерени и распродадени".

### *Промена во политиката на АП – од Третиот пат назад кон нордискиот модел и црвено-црвено-зелената коалиција*

По изборниот пораз, во Партијата се водеа натамошни дискусии. На пример, дел од Работничката партија во Sor-Trondelag во северна Норвешка, изготви еден интерен документ во кој се апелираше Партијата да покаже волја за обединување и обнова и се критикуваше недостигот на комуникација и арогантноста на раководството на АП, како и плановите да се приватизираат јавните услуги, за кои медиумите веќе известуваа. Со слоганот: „Моја работничка партија",[115] со овој документ, кој подоцна беше усвоен од Fylke-Arbeiderparti Sor-Trondelag[116], се бараше обнова и развој на АП кон една „инклузивна партија" која со политиката на „колективни решенија" финансирани од даноците, ќе придонесе кон развој на општеството и „веродостојна и сигурна општествена и социјална политика". [117]

[115] Од 2005, „MittArbeiderparti" стана редовна карактеристика на интернет кампањата на АП за подобрување на вклученоста и мобилизирањето на членовите на АП (http://www.mittarbeiderparti.no/).
[116] Fylke-Arbeiderparti Sor-Trondelag („South Trondelag") е една од 19. регионални организации на АП во Норвешка.
[117] Gjenreis Arbeiderpartiet, Arbeiderpartiene pe Fosen (Region 1). Авторот на трудот Fosen, претседавач на ap-Fosen и сега градоначалник на Rissa, Per Skjaervik, во интервјуто за истражувањето кажа дека за „колективните решенија" кои се финансираа од даноците, во однос на нордиската социјална држава, имаше широка поддршка дури и во 2001. Токму затоа, во многу „fylke" (19 региони) имаше соработка со СВ, СП и КрФ. Меѓутоа, многу беа загрижени дека раководството на АП, заради медиумите, ќе падне во искушение да го прифати стилот на приватизација од Третиот пат.

По изборот на Јенс Столтенберг како лидер на АП пролетта 2002, промената во политиката на Партијата беше забрзана, во тесна соработка со генералниот секретар на АП, Мартин Колберг. Промената беше сеопфатна – норвешки „исклучок“ во вистинска смисла на зборот, пред сè, бидејќи можеше да се надгради на основите поставени од Брундтланд и да се потпре врз силната поддршка од синдикатите.

Додека останатите социјалдемократски партии во Европа очајнички се борат со исчезнувањето на нивната гласачка база и неможноста да доминираат во јавната дебата, со одрекувањето на нивните левичарски политички ставови, како и  соочени со проблемите околу финансирањето на системите за социјално осигурување, притоа следејќи го патот на намалувања, помала државна и поголема сопствена одговорност, за разлика од нив, норвешката Работничка партија, откако Јенс Столтенберг го презема раководството на Партијата во 2002, ја понуди токму спротивната линија за идниот развој на социјалдемократскиот „нордиски модел“.

Во кратки црти тоа значеше:

- Договор и тесна соработка со синдикатите;
- Отфрлање на приватизацијата на јавните услуги, а наместо тоа, нивен развој, но со помалку бирократија и поголема ефикасност;
- Јасно идентификување на задачите на државата за зајакнување и стратешка ориентација на компаниите кои се во државна сопственост;
- Без намалувања во даноците за висока потрошувачка и даноците за „гревови“, туку користење на нивните приходи за проширување и подобрување на јавните услуги.

Работничката партија ваквата промена во политиката ја проследи во соработка со Федерацијата на синдикатите и прифати идеи кои произлегоа од раководството на Федерацијата на синдикати.

Важна лекција беше тоа што малцинските влади на Гро Харлем Брундтланд беа успешни, заради тоа што таа покажа неспорен квалитет за лидерство, ја одржа Партијата обединета, како на личен, така и на политички план, зрачеше со харизма, чие влијание и способност да ја обезбеди посветеноста на луѓето, излезе од партиските граници.

Наследството и вакуумот кои таа ги остави зад себе, беа толку големи за малцинските влади, што флуктуирачкото мнозинство во Парламентот можеше да опстои како такво и да се развива и понатаму. Заради овие успони и падови во текот на краткиот мандат, АП го изгуби својот авторитет кон крајот на 1990-тите. Оттаму, строгата казна од страна на гласачите во септември 2001, беше логична последица на овие околности.

***Премин кон формирање на црвено-црвено-зелената коалиција***

Во тие околности, спроведувањето на социјалдемократските политики, под раководство на „малцинските влади“ на Работничката партија стана нереално и, најпосле, заврши сонот за апсолутно мнозинство на социјалдемократите, како што беше во 1950-тите. Од таа причина, АП требаше да постигне стабилно мнозинство – „кое стои зад нас“ – преку коалиции. Но, без редовна комуникација и контакт еден со друг, немаше изгледи да се обезбеди стабилно мнозинство со поранешните, до одреден степен непријателски настроени противници, како што е СВ.

Столтенбер, овој нов курс за дебата го изнесе на маса во неговиот говор пред Централниот комитет (Landsstyret) на АП, на 18 март 2004, кој беше благословен од Партијата и генералниот секретар, Мартин Колберг, а за што медиумите известија: „Јенс Столтенберг најнапред со едноставни термини објасни дека АП претпочита во коалициската влада да има партии кои соработуваат. Претходно, тоа беше само една од повеќето форми на соработка, а кои имаа за цел само да се воспостави мнозинство“.

Тој дури ѝ даде понуда за Демохристијанската партија (КрФ): „Тој сметал дека КрФ ќе се чувствува многу полагодно во оваа рамка, отколку во типот на соработка (со конзервативците) која ја имаат сега.“ Овој аспект на давање понуди, кои беа дадени на дел од централната десница, веројатно ќе се зајакне во иднина за да се обезбеди мнозинство за политиката на „колективни решенија“, финансирани од даноците.[118]

---

[118] NTB (Норвешка новинска агенција), 18 март 2004, NTBtekst. Отворањето на Стортенберг кон КрФ беше со стратешка цел: социо-политичката заедничка основа на АП и КрФ (во однос на надворешната политика, но и во развојната политика, како и несогласувањето со војната во Ирак во тоа време), исто така создаде разидување во централно-десничарскиот кампус и обезбедување на тесно мнозинство за политиките на Црвено-црвено-зелената коалиција. Долгорочната соработка со КрФ ќе биде неопходна со појавата на новата дебата за можното членство на Норвешка во ЕУ, бидејќи, се чини, дека нема да дојде до промена во мислењето на дел од СП – регионалната партија на фармери – што е во прилог на ЕУ.

Столтенберг, исто така, беше доста самокритичен во однос на караниците помеѓу АП и СВ: „Лидерот на АП објасни дека неговата Партија и СВ научија многу од караницата, која се распламти помеѓу нив неколку седмици претходно и доведе до најлоши резултати на анкетите на јавното мислење за двете партии. Треба да избегнуваме такви дискусии и наместо тоа, да дебатираме со владините (конзервативни) партии“. (Извештај на NTB, 18 март 2004, NTB текст).
Во исто време, овој курс кој го усвои Столтенберг наиде на значителна поддршка од синдикатите. Новиот лидер на Федерацијата на синдикати, кој беше избран пролетта 2001, Герд Лив Вала, беше силен поддржувач на црвено-црвено-зелената соработка.[119]

Оваа трансформација преку конвергенција на „црвено-црвено-зелените“ не беше лесна: Социјалистичката левичарска партија (СВ) се формираше заради нејзиното непријателство кон позитивниот курс на АП кон НАТО, од кога се здружија осуетените социјалдемократи и комунисти. Подоцна, СВ профитираше од конфликтот во врска со членството во ЕУ. Еколошката-земјоделска партија на центарот (СП), веќе имаше стапувано во пакт, од време на време, со централно-десничарските партии. Социјалдемократите мораа да избегнат да им дозволат на нивните противници да бидат пред нив.

Во времето додека беше во опозиција, АП сакаше да подготви заедничка изборна кампања во црвено-црвено-зелениот сојуз за заедничка влада.

Здружувањето помеѓу АП, СВ и подоцна СП, се случи најпрво помеѓу пратениците во норвешкиот Парламент Storting. Работите околу оваа нова „соработка“ беа олеснети заради распоредот на седење во Парламентот. Во норвешкиот Парламент Storting, пратениците не седат според парламентарни групи, туку според избирачки единици. Случајно, лидерот на СВ, Кирстин Халворсен и лидерот на парламентарната група на АП, Јенс Столтенберг, седеа на истата клупа, бидејќи тие беа претставници на соседни избирачки единици, и двајцата за кратко време сфатија дека „се разбираат помеѓу себе“. Истото важеше и за односот со Аслауг Хага.

Во неформалните дијалози за прашањата кои се водеа помеѓу пратениците на АП и СВ, најпрво се дискутираа помалку контроверзните прашања за социјалната политика и жените, како и темите поврзани со екологијата. Тие „неформални дискусии“ прерасна во меѓупартиски „разговори“, во кои АП ја покани и СП да учествува како трета страна.

---

[119] Liv Valla беше заменик-лидер (1997-2001) и лидер (2001-2007) на ЛО.

По внимателните подготовки започнаа и разговорите за контроверзните прашања за НАТО, Авганистан и ЕУ, кои доведоа до една заедничка позиција за одржување на „континуитетот“ на надворешната политика (присуство во Авганистан и членство во НАТО и во Европската економска област), и да се даде предност на начелото „заедништвото пред слобода“ во однос на само-претставувањето на идните коалициски партнери.

Кога печатот дозна за „тајните разговори“, работните групи веќе имаа постигнато напредок и дојдоа до реализација на тоа дека „можат да работат заедно“. Во јули 2005, два месеца пред изборите за Парламентот, тројцата партиски лидери, на прес-конференција ги презентираа „155-те точки по кои имаат постигнато согласност“.

### *Програма* **„Сорија Морија“** *од 2005*

На Парламентарните избори во септември 2005, социјалдемократите освоија 32,7% од гласовите и ја формираа првата црвено-црвено-зелена коалициска Влада. Изолирани во оддалечениот замок кој се нарекува според една бајка: „Сорија Морија“, во октомври 2005 коалицијата постигна договор врз основа на претходно споменатите 155 точки, за владината програма, таканаречена: „Сорија Морија“, која вклучуваше одреден број реформи со цел за консолидирање на нордискиот модел.

Анализата на Изборите од 2005, слична на онаа од 2001, укажа на голема промена кај гласачите, но овојпат во спротивна насока, назад кон Работничката партија.

Гласовите за АП како лидер на црвено-црвено-зелената коалиција се зголемија од 24,3, на 32,7%. Прифаќањето на АПР помеѓу гласачите кои гласаат по првпат се зголеми од 11% во 2011, на 28% во 2005 (види слика 2.2 [2005], известувач 2007/31, Централно биро за статистика 2007, II). Поддршката помеѓу 860.000, или повеќе членови на Федерацијата на синдикати, се зголеми од 32,8% во 2001, на 51,6% во 2005. АПР привлече значително поголема поддршка од жените (37%), отколку кај мажите (31%).

Иако во 2001 се покажа најслабата лојалност на гласачите на Работничката партија, во 2005 лојалноста на нејзините гласачи беше најсилна, со 78%. Наспроти тоа, Хоуre и СВ, кои ја уживаа

најголемата лојалност на гласачите во 2001, овојпат имаа особено слаби резултати во тој поглед (Известувач 2007/31, Централно статистичко биро 2007:10ф).

Обновувањето на основните социјалдемократски позиции од страна на АП, оживувањето на сојузништвото помеѓу синдикатите и раководството во заедничката изборна кампања, како потенцијална црвено-црвено-зелена коалиција, се исплатеше. Како лидер на оваа изборна коалиција за „колективни решенија“, АП го поврати својот углед на партија, која ја поставува програмата за јавна дебата.

Блиски луѓе до АП, изборната победа ја објаснуваат на следниов начин:

- Заедничката изборна кампања на коалицијата, заснована врз „155 точки“, беше добро прифатена од гласачите и со тоа се намали несигурноста за перспективите на политичката промена како резултат на новото мнозинство во Парламентот, „дури и јас да гласам за АП“.
- Политиката на АП за промена и „традиционалната“ линија на тесна соработка со синдикатите, преку повторно воведување на неделни информативни средби со раководството на Федерацијата на синдикати, ја зголеми поддршката за АП кај нејзините 800.000, или повеќе членови.
- Тесната соработка со групите од граѓанското општество, исто така, вроди со плод.
- По пат на доследно зајакнување и подобрување на јавните служби, приватизацијата во оваа област беше спречена.

АП беше во можност да ја консолидира својата позиција како доминантна политичка сила во Норвешка до Изборите во септември 2009, покрај фактот што анкетите на јавното мислење и медиумите веќе со месеци и неколку дена пред изборите, предвидуваа пораз на Работничката партија и мнозинство за централно-десничарскиот блок. Покрај ваквите предвидувања, гласовите за АП се зголемија на 34,5% и таа можеше да остане на власт со црвено-црвено-зелената коалиција и 3/3 мнозинство во Парламентот (86:83), и покрај тоа што Партијата на левицата, со 6,1% (-2,7%) и Партијата на центарот, со 6,2% (-0,2%) изгубија гласови.

### *Активна партија врз основа на силна комуникација*

Заедно со јасноста на своите политики, АП усвои модерни форми на внатрепартиска комуникација. Телефонските и интернет-конференции беа едни од новите методи за вклучување на регионалните организации во комуникацијата со партиското раководство.[120] Членовите на силниот консултантски тим од 25 лица на Sentralstyre (партиски штаб), секој месец во период од две години патуваа по една седмица пред Изборите во 2009 за да водат дискусии, да направат проценка и обуки на норвешките партии од провинциите.

Заложбите на АП да ги вклучи членовите и поддржувачите, беа многу успешни, особено помеѓу младите луѓе преку модерните интернет-комуникации. Во 2008 и 2009, веб страницата на АП доби бројни награди за „одлична веб страница“ од страна на „Webkvalitet“, ги исполни критериумите на „WC3 потврда“ како „победник на дигиталната изборна кампања„ и „Beste nettsted, samfunnsinformajson 2009“ („Најдобар социјален сајт за информирање“), итн.[121]

Отворањето на веб страницата на АП за комуникација која е креативна, високо професионална и наменета за младите, најверојатно придонесе кон значителното зголемување на бројот на гласачи за АП, кои гласаа за првпат во својот живот.[122]

Покрај тоа, АП доследно го комбинираше врбувањето на гласови преку водечките фигури и кандидати од коалицијата, со модерни кампањи во кои се користеше интернетот и мобилната телефонија. АП, исто така, ги организираше и мобилизираше партиските членови преку телефон и интернет „на терен“ (на пример, АП направија 160.000 посети на домови само во Осло, делеа

---

[120] Pjer Skjaervik ги идентификуваше овие нови форми на комуникација и дијалог со партиското раководство, кое по 2001 беше воведено како клучен придонес за мотивирање на целата АП по катастрофалниот пораз на изборите.

[121] Види: http://www.webkvalitet.no/kvalitetsmerket; „vinneren av den digitale valgkampen“; www.valgpanelet.no; www.farmandprisen.no; www.Gulltaggen.no.

[122] На почетокот на 2009, на веб страницата www.hvaerviktigfordeg.no започна кампањата насловена „Што е важно за тебе?“. Посетителите на страницата требаше да регистрираат шест зборови, кои ги сметаат за значајни, за „реклама“, за која потоа требаше да се направи дисеминација преку е-маил, Твитер, Фејсбук и норвешката веб страница „Ориго“. Интеракцијата со интернет активистите на АП беше особено силна, како од страна на заинтересираните млади гласачи, така и од членовите на АП. Пред изборната кампања на интернет, АП започна внатрепартиска кампања www.mittArbeidparti.no, во која беа вклучени портали за теми, како што се: „климатски промени“, „обуки“, „меѓународен портал“ и „портал за интеграции“. Дури и по изборната кампања од 2009, АП остранува да биде активна со своите комуникациски програми на интернет: www.arbeidpartiet.no, www.mittArbeidpartiet.no, www.youtube.com/arbeider-partiet (video), www.flickr.com/arbeidpartiet (images).

црвени рози и успешно привлекуваа нови членови, а посетуваа и училишта и имаа заеднички активности со коалицијата).

## Причини за изборната победа во 2009

Сорија Морија I беше популарна, и според сите анкети на јавното мислење, доби широка поддршка од јавноста, и тоа многу поголема од онаа на која укажуваа партиските преференци: Сорија Морија I содржи серија обврски во социјалната политика, за модернизација на јавните служби, а кои коалицијата последователно ги спроведе.

За таа цел, на пример, коалицијата во сферата на образованието се обврза да обезбеди „средно училиште за сите", така што „секој ќе може да постигне признание и поддршка, а новодојдените ќе може соодветно да се интегрираат".

Покрај тоа, тие доследно ја протуркаа и модернизацијата на компаниите кои претежно беа во државна сопственост (Telenor, Statoil, итн.): иако стратешката насока ја определува релевантниот министер преку мнозинството претставници од државата на заеднички состанок, сепак, државата не се меша во комерцијалното работење, сè додека приватните акционери вршат позитивно влијание врз модернизацијата. Принципот „модернизација, наместо приватизација", исто така, беше применет за државните регионални болници и општински служби за медицински сестри.

Сорија Морија, исто така, содржеше законски родови квоти од 40% за надзорните и административните одбори на големите јавни и приватни компании, кои ќе се применуваат доколку има потреба заради закана од затворање на компанијата.

Изборната победа од 2009 можеше да се надгради на цела серија индивидуални успеси од страна на владината коалиција, вклучително:

- Целосен надомест за престојот во детска градинка за деца од двегодишна возраст, па нагоре (ветено во 2005 и целосно спроведено од јануари 2009).[123]

[123] За да ги исполни ветувањата за покритие за целодневна грижа, коалицијата го поддржа градењето и ширењето на приватните центри за целодневно згрижување.

- Подобрено интегрирање на децата од семејствата на имигрантите. Еден резултат од тоа е дека во 2009 година, 79% од девојките од муслиманска вероисповед завршиле средно училиште. Откако беше воведена систематската одговорност за наставниците да им даваат поддршка на обесправените деца, повеќето училишта во кои има деца на имигранти успеаја да работат многу подобро дури и од училиштата во областите населени од средната класа, каде има малку имигранти.
- Управувањето со финансиската криза од страна на министерот за финансии Халворсен (СВ). Големи износи на пари беа инвестирани од страна на локалните власти за да се зачуваат работните места, особено во градежната индустрија. Опстанокот на банките беше обезбеден, на пример, преку размена на „токсичните“ обврзници за недвижен имот за некаков вид владини обврзници.
- Поедноставување на јавните услуги и нивна ефикасност по мерка на луѓето. На пример, регулативата за данок на приход беше поедноставена: од 2005, даночната управа на даночните обврзници им испраќа преглед за нивната даночна пријава, врз основа на нивните тековни и проценети податоци. Обврзникот тоа може да го прифати или одбие, едноставно преку испраќање на текстуална порака до даночната управа.
- Родови квоти во управните тела на големите компании. Особено забележливо во евиденцијата на остварувањата на Владата, беше тоа што квотите за жени во управните тела беа спроведени заради заканите дека компанијата ќе биде затворена.

***Специјалната улога на политиката за родова еднаквост***

Четириесет-процентната квота беше оригинално воведена од страна на конзервативците од 1 јануари 2004, како законска „препорака“ за доброволно спроведување, но влијанието беше само маргинално. Последователно, од 1 јануари 2008, квотата стана задолжителна за сите големи компании, со закана дека ќе биде повлечена регистрацијата на компанијата.[124]

---

[124] За ова, види: публикација на ФЕС, *Das norwegische Experiment. Eine Frauenquote für Aufsichtsräte* (Норвешкиот експеримент. Квоти за жените во надзорните одбори) (јуни 2010). Достапно на: http://library.fes.de/pdf-files/id/ipa/07309.pdf.

Тоа предизвика не само строго исполнување на квотата, туку и значително подобрување во корпоративното одлучување.[125] Како резултат на таа и други мерки, кои коалицијата ги презема за спроведување на родовата еднаквост во економијата и општеството, Норвешка е рангирана на првото место во меѓународниот „Родов извештај“ 2008 на Светскиот економски форум.[126]
Норвешка, исто така, повеќе пати се рангираше на првото место на Индексот за човечки развој на ОН (Германија е на 20. место),[127] каде конкретно не се зема предвид само економскиот развој, туку и квалитативниот општествен развој. Таквата меѓународна „почит“ придонесува кон тоа луѓето да се гордеат со Владата, која за тоа е одговорна, дури и на денот на изборите.

Позитивната меѓународна перцепција за остварувањата на црвено-црвено-зелената коалиција во однос на родовата и социјалната политика, исто така, несомнено придонесе за норвешката гордост во нејзиниот успех со родовата политика, што служи за пример.

Овие меѓународно признати успеси на Норвешка во однос на родовата еднаквост, исто така, служат да се објасни диспропорционалното зголемување на женските гласачи за двете коалициски партии, АП и СВ. Стапката на „женски гласови“ за АП изнесуваше 37%, наспроти 31% гласови од мажите во 2009, а за СВ изнесуваше 14% гласови од жените, наспроти 7% гласови од мажите во 2005 (податоците за СВ, сè уште се недостапни за 2009).

Забележителното и ексклузивно „преферирање од страна на жените“ на норвешките социјалдемократи и СВ, беа одлучувачки за изборната победа на коалицијата. Резултатите од анкетите на јавното мислење, кои не беа поделени според род – постојано предвидуваа пораз за коалицијата АП-СВ-СП.[128]

Дури и доколку диспропорционалната поддршка од жените за АП на денот на изборите може да се образложи како 5% маргина на грешка на анкетарите, останува прашањето како може АП да постигне поширока избирачка база за своите политики на долгорочен план, што ќе обезбеди и

---

[125] „Жените ја зголемуваат ефективноста на одборите“, соопштение за медиуми, Норвешка школа за менаџмент, 22 март 2010.
Достапно на: http://www.alphagalileo.org/ViewItem.aspx?ItemId=71042&CultureCode=en; види, исто: Kilden: „Приказна за успех“, Информативен центар за родови истражувања. Достапно на: http://eng.kilden.forksningsradet.no/c52778/nyhet/vis.html?tid=57242.
[126] Cf. Глобален извештај за родови јазови 2007 на Светскиот економски форум. Достапно на: http://www.weforum.org/en/initiatives/gcp/Gender%20Gap/index.htm. (прочитано на 3 август 2010).
[127] Види: http://www.nationmaster.com/red/graph/eco_hum_dev_ind-economy (прочитано на 7 август 2010).
[128] „AP faller kraftig på ny måling“, во *VG,* 14 август 2009.

поголема поддршка кај гласачите од машки пол и ќе кореспондира со широка поддршка за програмата на АП.

***Заедничка јавна презентација и единство на коалицијата – модерно мобилизирање по мерка на граѓаните***

АП, СВ и СП работеа рака под рака за изборните кампањи во 2005 и 2009, како што наликува на една „изборна коалиција“. Спорните прашања не беа премолчени, туку јавно беа дискутирани на објективен начин и без контроверзност, дури и на заедничките изборни собири.

Додека социјалдемократите на овој начин ја покажаа својата способност да се поправат дури и кога се на власт, СВ и СП се презентираа себеси – во претходен договор со АП – дека вршат важна корективна функција во Владата (на пример, во однос на еколошките прашања, преку одложување на производството на нафта во заштитената област Лофотен). Во исто време, од суштинска важност беше да се истакне заедничката основа во коалицијата, а било која дебата за алтернативни коалиции претставуваше табу тема.

***Линија на политики на Работничката партија: Општествено интегрирање – „Сите со нас“***

Во изборната кампања, АП смислено се претстави дека е посветена на политичката платформа која се базираше врз исконската социјалдемократска цел за интегрирање на целото општество. Главниот слоган на АП од 2005: „Сите со нас“, исто така, проникна во партиската политика во 2009. Две седмици пред изборите, високотиражниот дневен весник „Dagbladet“, на две страници објави презентација на сеопфатната визија на АП за социјалната политика, прикажувајќи ја како партија на „интеграција“ и „вклученост“, како и интервју со лидерот на Партијата.

Според него, социјалдемократите веќе имаат реализирано два големи историски проекти, а сега работат на третиот:

Првиот историски проект на АП е помошта на работничката класа да постигне учество во власта, влијанијата и просперитетот во Норвешка, што се поврзува со името Еинард Герхардсен (прв премиер по Втората светска војна).

Вториот проект се однесува на рамноправноста и вклученоста на жените во Норвешка, што се поврзува со името на Гро Харлем Брундтланд. Тука спаѓа и абортусот според потребата (во одредени околности), како и претходно наведените реформи (на пример, надомест за престој во детска градинка, платата за првата година по породувањето не се губи, високо ниво на учество со еднакви права за жените во работниот и општествениот живот).

Третиот историски проект на норвешката социјалдемократија е интегрирањето и вклученоста на „маргинализираните групи“. Задачата ќе биде да се поддржат етничките малцинства и други групи од популацијата во тој поглед, и да се охрабрат да учествуваат до најголем можен степен во работниот и општествениот живот.

На овој начин, Работничката партија се издвојува како единствена норвешка национална партија, која јасно се изјасни за интеграција и рамноправност на сите групи во општеството, и дека ќе продолжи да го прави тоа во иднина. Оваа јасна и сеопфатна политичка ориентација, овозможи Партијата и гласачите да се мобилизираат до една невообичаена мерка. Како резултат на тоа, АП како национална партија, го отвори ова прашање за севкупното општество, со цел да се постигне целосна општествена интеграција.

***Одлучувачко за изборната победа: колективни решенија за нордиската социјална држава – градење мостови до гласачите од средната класа***

Додека ја развиваше стратегијата за изборната кампања, АП направи проверка за тоа како некои изјави ќе бидат прифатени од јавноста. Еден аргумент, кој на едноставен начин ја објасни потребата од плаќање на даноците за колективните задачи на нордиската социјална држава, беше следниот аргумент, кој наиде на широка поддршка дури и кај поддржувачите на демохристијанската КрФ, либералната Ventre (В), дури и делови од Hoyre: даноци за подобри јавни услуги, наместо даночни намалувања и приватизација.

Слика 1:

Прифаќање на повеќе даноци за подобри јавни услуги

„Општеството претставува еден голем сад во кој сите заеднички плаќаме придонеси заради нашата безбедност и просперитет. Заради таа причина, позначајно е да се направи нешто за да се надоместат сите недостатоци во однос на грижата за старите, болниците и училиштата, отколку за оние кои и понатаму имаат најмногу, а плаќаат најмали даноци. Потребна ни е влада која се фокусира на колективни решенија, наместо на даночни намалувања, приватизација и создавање на уште поголем диспаритет во општеството“.




Извор: „Даноци за колективни решенија“ – интерни материјали на Работничката партија.

Овој аргумент за повеќето гласачи беше убедлив. Одговорите дадени за овој аргумент покажаа особено изразени разлики помеѓу групите на прогресивни гласачи и групите гласачи на опозициските централно-десничарски партии, како и помеѓу самите овие групи. Згора на сѐ, овој аргумент беше доста привлечен за гласачите на КрФ и либералите, како и за неопределените.

На норвешките Избори во септември 2009, „левичарската влада“, зафаќајќи ја линијата за подобрување на јавните услуги преку финансирање од даноците, ја победи „линијата за приватизација“. Мнозинството од популацијата прифатија зголемување на ДДВ и на „даноците за гревови“ (висока царина за: алкохол, цигари, приватни возила, итн.,), наместо линијата на Конзервативната партија (чиј удел во гласовите изнесуваше 15%), која се застапуваше за приватизација на јавните услуги или популистичката понуда за „нафтените фондови“ од страна на Прогресивната партија (22%).

***Кредибилитет преку давање личен пример***

Во текот на изминатите 10 години, АП се обиде да го одржи основното начело: самото лидерство мора да се придржува кон, и да ги спроведува политичките одлуки. Како пример, еден пратеник ги спомена одлуките за родовите прашања: кога АП ги усвои квотите, совесно се придржуваше до нив. За да се истакне рамноправноста во Владата, не само што министерските и други лидерски позиции се распределуваа врз партиска основа, туку, исто така, пред медиумите се прикажуваа конкретни примери на однесување како илустрација на таквата рамноправност:

На пример, државниот секретар јавно одби да има состаноци пред девет часот наутро, од причина што наутро ги носи своите деца во градинка (неговата жена ги зема). Тоа истото беше повторено од норвешките медиуми.[129] Премиерот покани една италијанска телевизиска екипа во својот дом за да даде интервју и го начекаа како си ги пегла кошулите. Кога го прашале зошто неговата жена не го прави тоа, тој одговорил дека тој секогаш сам си ги пегла кошулите. Она што во италијанските медиуми беше прикажано како пример за нордиска ексцентричност, во Норвешка беше сфатено како причина за гордеење за постигнатиот напредок.

## Идни перспективи – Што мора да се измени?

И покрај заедничката основа која постои во левичарскиот владин сојуз, помалите коалициски партнери губат гласови заради доминацијата на социјалдемократите. На долгорочен план, предизвикот со кој се соочува АП – без, притоа, да се наштети на коалицијата со СП и SV – е да се

[129] Разговор помеѓу Elke Ferner, претседавач со Работничката партија на жените социјалдемократи  и пратеникот Marit Nybakk.

придобие дел од гласовите за опозициските партии во интерес на идното мнозинство, и од друга страна, да се ослабне сѐ уште релативно позитивната реакција на дел од работничката класа и синдикатите на ксенофобичната „Прогресивна партија“.
Поддршката за политиките на АП е многу поголема, отколку што покажуваат изборните резултати. Тоа произлезе од една студија за гласачите, која беше нарачана од страна на АП, есента 2008:

- Само 33% од норвешката јавност верува дека работите се движат во погрешна насока;
- 46% од популацијата сакаат општеството да се развива во социјалдемократска насока, а не во конзервативна;
- Две третини од популацијата – 66% – кажува дека тие се „повеќе ориентирани кон заедницата, а не кон граѓаните“. Во времето на претходната Влада на Бондевик 2001-2005, мнозинството се изјасни дека општествениот развој се одвива во погрешна насока.

Во студијата се изнесува заклучок дека пораките на левичарската коалиција во Владата се прифатени многу повеќе, отколку пораките на десницата (што веќе беше тестирано): политичката порака на „колективни решенија“ е многу популарна. Според анкетите на јавното мислење, Работничката партија (повторно) ужива најголема доверба кај јавноста во однос на здравствената заштита/болниците, грижата за старите лица, даноците и придонесите. Исто така, ужива голема доверба во однос на управувањето со имиграциите/интеграциите, образованието и обуките, како и работниот и економскиот живот.

Иако резултатите на анкетите за јавно мислење, генерално, укажуваат на одредени сомневања околу перспективите на црвено-црвено-зелената коалиција за победа, прифаќањето на политиките на АП, и во теоријата и во праксата, така и самите изборни резултати на АП ја оправдаа Владата предводена од АП. На 23 јуни 2009, таблоидот „Верденс Ганг“ објави резултати од анкетата на јавното мислење, според кои министрите од Владата на Столтенберг имаат значително повисок рејтинг во однос на нивната компетентност, во споредба со претходната конзервативна Влада на Бондевик.[130]

Но, тука е и Ахиловата пета. АП има придобивки од политиките на коалицијата, но исто така, има придобивки и од помалите коалициски партии: ако АП победи, двата помали партнери ги губат

---

[130]„Stoltenberg-regjeringen fer bedre karakterer enn Bondevik-regjeringen“ („Владата на Столтенберг добива подобри оценки од Владата на Бондевик“), во *VG,* 23 јуни 2009.

гласовите кои биле дадени за АП, особено СВ. Како резултат на тоа, тие партии мораат да оставаат свој белег до одреден степен, што може да претставува закана за консензусот во коалицијата.

Отвореноста за вклучување на КфР, која Јенс Столтенберг ја спомена уште во 2004, и која веќе беше применета во пракса во однос на поединечни делови од законодавството и децентрализирано во некои региони, укажува на интересот на АП, но исто така, и на коалицијата, за развивање на соработка која излегува од рамките на коалицијата преку „колективните решенија“. Со програмата Сорија Морија I и II, коалицијата формулираше сеопфатна и детална програма.[131] Како што покажуваат анкетите на јавното мислење, постои широк договор во однос на оваа програма, кој излегува од рамките на коалицијата, пред сѐ, заради политиката за вработување и справувањето со финансиската криза. Меѓутоа, постојат одреден број предизвици кои веќе придонесоа кон обесхрабрувачки резултати на анкетите на јавното мислење, а со кои се охрабрува агресивноста на Десницата (Н) и на Прогресивната партија (ФрП).

Листи на чекање во здравствените служби: капацитетите на здравствените служби се сѐ уште незадоволителни покрај значителните подобрувања во раководењето и зголемувањето на бројот на вработени, преку ангажирање на лекари и медицински сестри од странство.

Коалицијата значително ја зголеми грижата за постарите луѓе, но останува да биде несоодветна, особено во Осло и поголемите градови. Од таа причина, коалицијата се согласи за отворање на 12.000 нови работни места во оваа област до 2015.[132]

Проширувањето на патната и железничката мрежа се одвива премногу бавно: проширувањето на транспортниот систем во Норвешка е многу скап процес од географски причини, и затоа со години се запоставува. Во програмата Сориа Мориа II се планира сеопфатно проширување на Националниот план за транспорт 2010-2019.

Нерешени прашања во однос на екологијата и климатските промени: иако снабдувањето со електрична енергија е стабилно (речиси 100% хидроенергија), во Владата имаше внатрешни конфликти околу откривањето на нафта во заштитените поморски области околу островите Лафотен, и новите рути за високонапонски далноводи.

---

[131] „Politisk plattform for flertallsregjeringen, utgått av Arbeiderpartiet, Sosialistisk Venstreparti og Senterpartiet, 2009–2013“.
[132] Политичка платформа како основа за работата на Владата 2009-2013 (Сорија Морија II): N49.

Слабостите на политиката за животната средина се разоткрија по Изборите во 2009, кои делумно беа затскриени. На пример, одложувањето на ниската јаглеродна емисија и складирање за централата на гас во Монгстад (тоа беше прифатено од страна на Јенс Столтенберг како норвешко „слетување на месечината“).

Ваквите проблеми и понатаму ќе ја окупираат Владата, ќе им обезбедуваат постојани цели на десницата, а ќе остане и Ахиловата пета за анкетите на јавното мислење, кои летото 2010 уште еднаш предвидоа мнозинство на централната десница, иако основната црвено-црвено-зелена ориентација и понатаму добива широка поддршка.

Тоа значи дека и покрај тоа што АП повторно доби одобрување за своите политики, мнозинството не може да се гарантира засекогаш само со малите коалициски партнери. АП разви и спроведе политики со црвено-црвено-зелената коалиција, но на долгорочен план не може да исклучи и одредена проширена или различна коалиција, доколку сака да ја искористи креативната моќ на социјалдемократијата и широката прифатеност на нејзините политики во јавноста.

## Заклучоци

Примерот на црвено-црвено-зелената коалиција под раководство на норвешката Работничка партија побива некои од тезите за падот на социјалдемократијата:

- „Смалената избирачка база“ или губењето на „дискурсивната хегемонија“ не се неизбежен резултат на модерното индустриско општество, туку зависат од политиките кои може да привлечат широка поддршка во општеството.
- „Реформите“ не мора да бидат социјално неправични и да ги отуѓат социјалдемократите од нивната социјална основа, туку тие треба повеќе да се фокусираат на одржувањето на клучните гласачи, а повторното придобивање на гласачите кои одлучуваат да не гласаат е многу поважно во контекст на Норвешка, отколку обидот да се придобијат гласачите за центарот.
- Ексклузивниот однос со синдикатите со текот на времето не смее да се дозволи да се распадне; наместо тоа, блиските односи со нив се услов да се продолжи со реформите со кои може да се добие широка поддршка.

- Поделбата на социјалдемократското избирачко тело не е природна последица од глобализацијата или промената на вредностите – овие работи, едноставно, треба да се надминат.
- Драматичниот пад на успехот на норвешката социјалдемократија пред околу 10 години – и соодветната промена кај гласачите – ако се разгледаат поодделно, можеби и ќе ги потврдеа сите овие теории. Меѓутоа, одлучната промена на насоките на АП за да се опфатат социјалдемократските вредности и партнерите од сојузот, заедно со јасна подготвеност да се преземе активност во која ќе биде опфатено целото општество во рамките на нордиската социјална држава, ги побива теориите кои се разгледуваат.

Доколку социјалдемократијата е во можност да обезбеди јасност во однос на политиките и политичкото и организациско раководство на левичарската коалиција, може, исто така, да поттикне мнозинство луѓе да се зафатат со сеопфатна општествена промена, наместо само да стојат на страна, додека општеството тоне во индивидуалната помиреност со работите.

Норвешкото и скандинавското општество има клучна предност од тој аспект:

Основните реформи се веќе спроведени од 1970-тите, кои го сочинуваат „нордискиот модел“, кој за разлика од останатиот дел на Европа обезбеди многу поголема рамноправност, безбедност, флексибилност, интегрираност и еднакви образовни можности за сите, како и способност за справување со општествените и економските проблеми.

Останатите европски земји до одреден степен имаат уште многу работа за да го достигнат тоа. Но, доколку тоа е така, кој друг освен социјалдемократите е способен да го спроведе таквиот процес на општествена обнова?

***Белешка за авторот:***

Кристине Калсет даде придонес како коавтор, особено за документацијата за АП, додека, пак, Волфганг Биерман е одговорен за надворешните истражувања и оргиналната верзија на студијата. Особена благодарност упатуваме до Ола Мансакер за нејзината огромна поддршка за ова истражување, која е член на кругот „Пријатели на СПД“ во Осло, член на АП и соработник за истражувања во фракцијата на АП во норвешкиот Парламент. Исто така, благодарност до пратениците во норвешкиот Парламент, Марит Нубак и

Свере Мирли, Свере Јервел, Бетина Торвик и Кјетил Хестед, новинарот Халвард Баке и Арне Странд, како и на градоначалникот на Фосен, Пер Скјервик.

## ЈУГЕН ЛАНГ

# КАДЕ Е ЛИБЕРАЛНАТА ПАРТИЈА? СЕГАШНАТА СОСТОЈБА И ПЕРСПЕКТИВИТЕ НА ЛИБЕРАЛНАТА ПАРТИЈА НА КАНАДА

| ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НА КАНАДА (ЛПК)<br>LIBERAL PARTY OF CANADA (LPC) | |
|---|---|
| Официјална веб страница: | www.liberal.ca |
| Лидер на Партијата: | Мајкл Игнатиеф (Michael Ignatieff) |
| Основана: | 1867 |
| Партиско членство: | 2010: 58.000<br>2006: 150.000 (проценка)<br>2003: 230.000 (проценка)<br>1990: 125.000 (проценка)<br>(Националниот регистар на членство постоеше три години, но податоците за членството во Партијата не се достапни) |
| Одзив на избирачкото тело на парламентарните избори: | 2008: 26% од гласовите (76 пратенички места од 308 пратенички места во Парламентот) – во опозиција<br>2006: 30% од гласовите (103 пратенички места од 308 пратенички места во Парламентот) – во опозиција<br>2004: 37% од гласовите (135 пратенички места од 308 пратенички места во Парламентот) – малцинска Влада |
| Учество во Владата: | 2006-сега: официјално во опозиција<br>2004-2006: малцинска Влада;<br>Претседател на Владата: премиер Пол Мартин (Paul Martin) (одредено време се одржуваше во Долниот дом на Парламентот, со поддршка на Новата демократска партија на Канада, вклучително и заеднички договорениот буџет во 2005).<br>2003-2004: мнозинска Влада;<br>Претседател на Владата: премиер Пол Мартин<br>2000-2003: мнозинска Влада:<br>Претседател на Владата: премиер Жан Кретиен (Jean Chretien) |

## Историски преглед

Либералната партија на Канада (ЛПЦ) си дојде на свое под раководство на Вилфред Лорие, првиот француски премиер на Канада, кој беше на власт од 1896 до 1911. Последователно, Либералната партија беше на власт во повеќето години од 20. век, кога го стекна прекарот: „Партија која нормално е на власт во Канада“, вклучително и 22 години под власта на премиерот Вилијам Лион Мекензи Кинг од 1920, до 1940, премиер кој најдолго се задржал на власт во историјата на британскиот Комонвелт.

Владите на либералите оставија белег заради три клучни достигнувања: долговечност, сила, динамично лидерство и политичка иновативност.

Од крајот на Втората светска војна, четворица лидери на либералите повеќекратно победија на изборите и беа на власт вкупно 45 години: Луис Сент Лорен кон крајот на 1940-тите и 1950-тите, Лестер Б. Пирсон во 1960-тите, Пјер Елиот Трудо од 1968, до 1984 и Жан Кретиен од 1993, до 2003.

Со владите на либералите се воспостави поствоената социјална држава, или „мрежа на социјална безбедност“, вклучително и осигурување за невработените, старосни пензии, здравствениот систем Medicare, бенефиции за семејствата/даночни бенефиции за деца, владина поддршка за вишо образование, исплати за изедначување,[133] разни национални институции и „мега проекти“, како што се транс-канадскиот автопат, поморскиот пат „Сеинт Лоренс“ и транс-канадскиот гасовод. Либералите, исто така, преговараа за влез на покраината Newfoundland во Конфередацијата во 1949.

Владите на либералите успешно ги поразија двата референдума за независноста на Квебек во 1980 и 1995 година, му „дадоа автономност“ на канадскиот Устав од Британија и ја воспоставија Повелбата на правата и слободите во 1982 година. Во 1990-тите, Владата на либералите го врати балансот на федералниот буџет по четврт век дефицит, со што ја разрешија фискалната криза на федералната држава.

[133] Изедначување е образец на фискални трансфери од федералната влада на, таканаречените, „сиромашни“ провинции за да се обезбеди дека тие влади можат на своите граѓани да им обезбедат ниво на јавни услуги кои се споредливи со побогатите провинции.

Владите на либералите, т.е. владите на Сент Лорен, Пирсон, Трудо и Кретиен, беа иновативни на меѓународната сцена, на пример, одиграа водечка улога во воспоставувањето на НАТО кон крајот на 1940-тите,[134] го обмислија концептот на одржувањето на мир на Обединетите Нации во средината на 1950-тите, за кој Лестер Пирсон беше добитник на Нобеловата награда за мир, и одиграа значајна водечка улога во Авганистан во периодот по 11 септември.

## Каде е местото на Канада во социјалдемократската традиција

Канада никогаш немала социјалдемократска национална Влада во европска смисла на зборот. Она што Канада го има е прогресивна и активна Влада, како Либерална партија на Канада. Од Втората светска војна, Либералната партија доминира со управувањето во Канада, а на власт е 45, од вкупно 65 години.

Либералната партија никогаш не се идентификувала како социјалдемократска партија. Партијата не е класно заснована, не е настроена против бизнисите, и не е доминантна кај синдикатите, иако историски гледано, има добиено значаен број гласови од синдикалците. Либералната партија се дефинира на различен начин, како „прогресивна“, „центристичка“, „либерална“ (во канадска или американска смисла на зборот), а понекогаш дури и како „централно-левичарска“. Во текот на 1990-тите, Либералната партија владееше како централна десница за фискалната политика, редефинирајќи го центарот на канадската политика во процесот, барем во однос на фискалната политика.[135] Се чини дека најдобриот опис за Либералната партија беше даден пред неколку години од страна на повеќегодишниот премиер на либералите, Пјер Трудо, кој го даде познатиот коментар дека Партијата е во „радикалниот центар“, што подразбира дека кога е на власт, ЛПЦ спроведува значајни социјални и економски реформи, но не е врзана за идеологија или дел од движење, и се наоѓа во поширокиот тренд на канадското мислење (кое тежнее да биде прагматично, неидеолошко и центристичко во ориентацијата).

Во текот на поствоениот период, владите на либералите под раководство на разни премиери (Кинг, Сент Лорен, Пирсон, Трудо) ја изградија канадската социјална држава, се вклучија во

---

[134] Лестер Пирсон, министер за надворешни работи на Канада од тоа време, кому му беше понудено да биде првиот генерален секретар на НАТО, но тој ја одби понудата.

[135] Денес, сите федерални политички партии неискрено ја почитуваат целта за врамнотежен буџет, за разлика од периодот пред 1995 кога конзервативните политички партии сериозно се залагаа за врамнотежени буџети.

новата Кејнзијанска фискална политика и пазарни интервенции од различен тип (како што е контрола на платите и цените, и разни типови на регулатива за бизнисите), веруваа во мешовитата економија, основаа разни државни претпријатија, или „кралски корпорации“, и регулаторни тела. Владите на либералите се познати по воведувањето на законодавство за социјални реформи и доследното придржување до мултилатералната надворешна политика.

Во компаративна смисла, ЛПЦ најдобро може да се каже дека е малку на лево од Демократската партија во САД, или слична на новите лабуристи во Британија. Всушност, може да се тврди дека концептот на Третиот пат произлезе од ЛПЦ во Канада, пред да се појави новата Лабуристичка партија.
Накратко, ЛПЦ го испорача во Канада она што на федерално ниво е најблиску до социјалдемократската власт.

## Анализа на актуелната состојба

### *Одобрување од гласачите*

Откако без преседан ја освои власта за трите последователни мнозински влади во 1993, 1997 и 2000 година, Либералната партија од тогаш е во релативно опаѓање. Либералите беа сведени на малцинска Влада на Изборите во 2004, беа поразени на Изборите во 2006 и го добија најмалиот број пратенички места и гласови за четврт век на Изборите во 2008 (види слика 1 и 2).

Денес, од кога е веќе четири години во опозиција, Либералната парламентарна партија е на самите маргини, со 77 од 308 пратенички места, што претставува најмал број пратенички места за ЛПЦ во периодот 1984-88. Од географски аспект, Партијата е ограничена на неколку поголеми градови и атлантскиот канадски регион и практично влезот ѝ е спречен во поголемите делови на Квебек и Западна Канада, каде во последните години има изразен економски развој и раст во бројот на популацијата.

Изборните резултати на ЛПЦ денес се поразителни како никогаш досега, дури и во однос на Конзервативната партија која владее во време на економска рецесија, иако таа рецесија е поблага во споредба со други земји и од претходните две големи рецесии во Канада. Повеќето анкети на јавното мислење денес, покажуваат дека ЛПЦ има околу 25-30% поддршка од избирачкото

тело.[136] Тоа има големо значење: ниту една партија досега нема формирано национална Влада во Канада со помалку од 36% поддршка. „Националната партија, која нормално е на власт“, што беше својствено за Либералната партија со децении, повеќе не се применува. Историчарот Мајкл Блис од Универзитетот во Торонто тврдеше дека конзервативците сега се партијата која природно владее во Канада.[137]

Либералите значително ја изгубија поддршката кај демографските групи кои, претходно, повеќе години беа клучни за нив. Исто така, постојат докази дека клучната партиска поддршка од приврзаниците на либералите се распадна со текот на годините (Gidengil et al. 2009). Тоа е тешко да се потврди, но фактот дека проценките кажуваат дека Либералната партија денес има помалку од 60.000 членови, во споредба со 230.000 од пред неколку години, укажува дека базата на поддржувачи е значително ослабната. Покрај тоа, се знае дека помеѓу 1 и 1,1 милион помалку граѓани гласаа на Изборите во 2008, во споредба со Изборите од 2006,[138] и исто така, дека либералите добија 800.000 гласови помалку во 2008, споредено со 2006. Оттаму, може да се заклучи дека опаѓањето на учеството на подобните гласачи, во голема мерка може да се припише на опаѓањето на поддршката за либералите (опаѓањето на бројот на гласови во текот на двата изборни циклуса за Конзервативната партија на Канада (CPC) и Новата Демократска партија (НДП) е помеѓу 35.000 и 60.000 вкупно).

Последниот пат кога ЛПЦ доби мнозинска Влада во 2000 година, Партијата победи со поддршката од две демографски групи кои беа клучни за изборните победи на Либералната партија со децении: католиците и забележливите малцинства. Во текот на поствоениот период, католиците кои изнесуваат повеќе од 40% од популацијата во Канада, гласаа диспропорционално за Либералната партија. Етничките малцинства и имигрантите, исто така тежнееја да гласаат за либералите, заради тоа што Партијата се поврзува со великодушната политика за имиграции и бегалци, како и фактот дека владите на либералите воспоставија политика на официјален мултикултурализам, која жестоко ја бранеа со децении.

Меѓутоа, до Изборите во 2004, поддршката од малцинствата за либералите опадна за 14% (Gidengil et al. 2009), а до Изборите во 2008, ЛПЦ изгуби 19% од мнозинството поддржувачи, во споредба со изборните резултати од пред осум години. Уште позначајно е тоа што поддршката од

---

[136] Види: неделна анкета на Ekos Research, достапна на: http://www.ekos.com

[137] Bliss, Michael (2009): „Has Harper Found his Tipping Point?“ (Дали Харпер ја најде неговата пресвртница во кризата) во *Globe and Mail.*

[138] Види: Elections Canada, достапно на: www.elections.ca/home.asp.

католиците опадна за 24% од 2000 година. Од Изборите во 2004, поддршката од синдикатите за ЛПЦ беше преполовена (Ibid).

Либералите го изгубија својот терен и кај младите луѓе. Гласачите под 35-годишна возраст сè помалку беа наклонети да гласаат за ЛПЦ на Изборите во 2008, покрај платформата која се засноваше на смела програма за животната средина, област на политики која тежнее да биде од најголем приоритет за помладите гласачи.

Историски гледано, и жените гласаа диспропорционално за либералите во однос на разните конзервативни партии кои постоеја на федерално ниво во Канада. Меѓутоа, неодамнешните анкети на јавното мислење покажуваат дека поддршката за ЛПЦ од страна на жените е иста како и за Конзервативната партија: 26% за либералите и 28% за конзервативците.[139] Ваквото губење на поддршката кај клучните и историски демографски групи се должи на многу сложени причини, меѓу кои не е малку важна перцепцијата на јавноста за компетентноста, интегритетот и програмата на партијата.

## *Перцепција на јавноста*

Од историски аспект, на ЛПЦ се гледаше како на Партија со политичка иновативност. Во текот на повоениот период, поголемиот дел од иновативноста на канадските политики за внатрешни и надворешни работи – изградбата, а подоцна и реформирањето на социјалната држава, осмислувањето и придонесот кон одржувањето на мирот од Обединетите Нации, „автономноста“ на Уставот, воспоставувањето на Повелбата на правата и слободите, и отстранувањето на фискалниот дефицит – се случи во времето кога либералите беа на власт. Во поголем дел од овој период, ЛПЦ победи на многу повеќе избори отколку што изгуби, што укажува на тоа дека јавноста ја сметаше ЛПЦ за најкомпетентна партија за управување со земјата, чија програма беше во најголема согласност со мислењата и аспирациите во Канада.
Меѓутоа, во текот на четирите години во кои ЛПЦ е во опозиција, анкетите на јавното мислење и изборните резултати укажуваат на драматична промена на ставот на јавноста кон ЛПЦ во однос на компетентноста и политиките на Партијата.

---

[139] Види: неделна анкета на Ekos Research, достапна на: http://www.ekospolitics.com/wp-content/uploads/full_report_june_17.pdf.

Повеќето анкети на јавното мислење покажуваат дека јавноста има многу поголема доверба во конзервативците во однос на управувањето со економијата и националните финансии. Тоа за либералите е едвај сфатливо и фрустрирачко во однос на финансиските остварувања, бидејќи владите на конзервативците создадоа огромен дефицит во поголем дел од времето додека се на власт во 1980-тите и почетокот на 1990-тите и од 2008 година, додека, пак, последните влади на либералите ги израмнија сметките (од 1997, до 2006). Тоа може да се должи на општата перцепција дека конзервативците се супериорни финансиски менаџери и дека тие многу поголем акцент во својата реторика ставаат врз економијата, а владите на либералите, историски гледано, многу повеќе се поврзуваа со влада на активизам и социјални политики. Но, тоа не дава објаснување зошто анкетите на јавното мислење и изборните резултати, исто така, покажуваат дека конзервативците се еднакво добри или подобри управувачи на системот на јавно здравство (инвенција на либералите и силна страна на либералите од историска перспектива) и на животната средина, независно од неуспехот на Владата на конзервативците да направи нешто значајно во тие политики во текот на четиригодишната власт.[140]

## Партиска платформа

Изборната платформа на либералите во 2004, 2006 и 2008 беше заснована врз прогресивност и активизам. Нејасната национална програма за детска грижа – како заложба да се премости еден јаз во социјалната држава на Канада – ја зацврсти изборната платформа од 2004 на премиерот Мартин. Оваа платформа претставуваше намерен обид да се претстави прогресивна програма и приодот од страна на премиерот Мартин, чиј имиџ се дефинираше со деветгодишниот мандат како министер за финансии, кога неговото најголемо достигнување беше баланс на буџетот, намалувањето на потрошувачката и значителното намалување на даноците на приход. Наспроти тоа, изборната платформа од 2006 претставуваше резимирање и обврзаност да се продолжи со листата на иницијативи кои ги спроведе Владата на Мартин за време на двегодишниот мандат,

[140] Климатските промени се особено важни во овој поглед. На почетокот на својот мандат, конзервативната Влада се посомнева во науката за климатските промени. На Самитот во Копенхаген, Канада, рутински ја доби наградата „фосил на денот“ од еколошките НВО за нејзините преговарачки позиции околу климатските промени. Медиумите известуваа дека останатите напредни индустриски демократии на Самитот сметале дека Канада прави опструкции. Пролетта 2010, генералниот секретар на ОН, Бан Ки Мун дојде во посета на Отава и ја прекори Канада за тврдоглавоста и слабите заложби околу климатските промени. По четири години власт, конзервативната Влада не направи значаен напредок на планот на политики за климатските промени и ги напушти целите од Киото во прилог на усогласената цел со САД.

каде централно место имаше детската грижа, за која во тоа време се преговараше со властите на провинциите, но сè уште не беше спроведена.

Изборната платформа од 2008, под раководство на новиот лидер на либералите, Стефан Дион, претставуваше документ со кој се одбележа пресвртница. Заснована врз особена прогресивност и активизам, во основата на оваа платформа беше оданочувањето за јаглеродни емисии, листа на иницијативи за заштита на животната средина и обемна програма за борба против сиромаштијата, меѓу сите останати работи. Платформата претставуваше една сложена и особено детална програма, која реално ниту една влада не можеше да ја спроведе само за еден свој мандат.

Дион и неговата програма беа силно отфрлени од страна на канадскиот народ на Изборите во 2008, со што бројот на пратенички места на либералите се намали за 30, а тоа резултираше во мнозинска Влада на конзервативците. Предлогот за оданочување на јаглеродните емисии беше особено оцрнет од страна на Владата на конзервативците како „данок за сè“, и беше особено непопуларен. Програмата за спречување на сиромаштијата и поголемиот дел од другите иницијативи во платформата, никогаш не можеа да се издигнат над неизбежното оптоварување, што се создаде заради оданочувањето за јаглеродните емисии, познато како „Зелената промена“.
Денес, Партијата останува без моќ по искуствата од раководството и платформата на Дион, а особено заради „Зелената промена“. Иако ЛПЦ останува отворена за нови прашања и идеи, и се бори под раководство на Мајкл Игнатиеф да ја изнајде основната политичка ориентација, се чини дека Партијата не е способна да заземе смел, јасен и различен став за било кое поголемо прашање, особено во однос на животната средина, фискалната политика, или други реформи на социјалните програми. Како што се приближуваат изборите, анкетите на јавното мислење укажуваат дека Канаѓаните немаат многу идеи во однос на тоа за што денес се застапува ЛПЦ и што планира да направи ако дојде на власт.

## Активен партиски живот и состојба на Партијата

Активното членство на Партијата е на најниското ниво досега од историска перспектива, веројатно со околу 60.000 членови, во споредба со повеќе од 200.000 членови пред околу една деценија. Во последните шест години, раководството, главно, се карактеризира како: компетентно и искусно, но со премногу приоритети (Пол Мартин); слабо, неефективно и следи непопуларна програма (Стефан Дион); и непринципиелно, и му недостига секаква насока (Мајкл Ингатиеф).

Финансиите на Партијата се проблем за ЛПЦ веќе една деценија. На почетокот на 2000, додека беше на власт, ЛПЦ го реформираше канадскиот систем за финансирање на партиите, строго го ограничи придонесот од поединци до 1000 канадски долари за една година и се забрани давање придонес од корпорации и синдикати. Беше воспоставен јавен систем на субвенционирање, кој се заснова врз поддршката за Партијата на претходните избори – со стапка од 1,75 долари по глас, со цел да се надомести за скратеното финансирање. Новиот систем за финансирање го усложнува собирањето на придонеси од поединци Канаѓани помеѓу изборите.

Иронично е тоа што ЛПЦ имаше многу поголеми тешкотии да се приспособи на системот кој самата го креираше, отколку останатите партии, во голема мерка бидејќи ЛПЦ во минатото, главно, се потпираше врз придонесот од големите корпорации и големи донации од богати поединци. Како резултат на тоа, ЛПЦ неколку години заостануваше зад конзервативците во однос на собирањето на финансиски средства. На пример, во 2009 ЛПЦ собра околу 10 милиони долари во споредба со конзервативците кои собраа 18 милиони долари. Во првиот квартал од 2010 (последен период за кој има достапни податоци), ЛПЦ собра 1,6 милиони долари во споредба со 4 милиони долари кои ги собраа конзервативците, и Новата демократска партија која собра околу 1 милион долари.[141] Денес, се проценува дека на ЛПЦ ѝ недостасуваат седум милиони долари од максималниот износ од 24 милиони долари, кои може да се потрошат за федералните избори во Канада.[142]

ЛПЦ останува да биде длабоко вкоренета во некои поголеми урбани центри на Канада (имено Торонто и некои населби, Монтреал и Атлантска Канада), но изгуби значителна поддршка во рурална Канада, западна Канада и делови од Онтарио, сите области во кои ЛПЦ доминираше во 1990-тите. Како што веќе беше образложено, ваквото намалување на парламентарните места може да се припише на губењето на поддршката кај клучните демографски групи – католиците, малцинствата, жените, кои од историска перспектива беа клучни за изборните победи на либералите.

---

[141] Види: Elections Canada, достапно на: www.elections.ca/home.asp.

[142] Интервју со претседателот за национални приходи, ЛПЦ.

## Евиденција на остварувањата како опозициска партија

Остварувањата на ЛПЦ од 1993 до 2006, особено во времето на премиерот Кретиен (1993-2003), генерално беа оценети како издржани од страна на Канаѓаните. Најдобар доказ за тоа е фактот дека либералите незапомнето дотогаш беа избрани за три последователни мнозински влади, под раководство на Кретиен (иако поделбата на гласовите за конзервативците помеѓу двете номинални конзервативни партии одигра главна улога во изборните победи на либералите во овој период).

Отстранувањето на федералниот дефицит кој траеше четврт век, се смета дека е најголемото достигнување на ЛПЦ во текот на овој период додека беше на власт. Меѓутоа, имаше и многу други – генерално популарни – прогресивни иницијативи во тоа време, имено воспоставувањето на Националната програма за бенефиции за деца (прва нова федерална социјална програма во две генерации); реформата на канадскиот пензиски фонд кој беше поставен врз финансиска одржлива основа; големо зголемување на федералните фискални трансфери за провинциите за здравствена заштита; носење закон за стапување во брак на партнери од ист пол; и декриминализација на марихуаната; големи федерални инвестиции во истражувањата, науката и технологијата; Закон за отцепување на провинциите со кој се предвиде процес во рамките на кој може да се одржи иден референдум за независноста на Квебек; водство на Канада во основањето на Меѓународниот кривичен суд и глобалниот договор за мини; и одбивањето на Канада да учествува во војната во Ирак.

Меѓутоа, остварувањата на ЛПЦ, како опозициска партија во текот на минатите четири години, генерално се смета дека беа особено неефективни. Партијата сега го има својот четврти лидер за тој временски период. Во текот на периодот на официјална опозиција, Партијата изгледаше слаба, нерешителна, пристрасна, тактички ориентирана, и дека и недостасуваат јасни приоритети и стратешки насоки. Таа имаше само маргинално влијание врз програмата на малцинската Влада на конзервативците (што е невообичаено за мнозински влади), и не беше подготвена да ѝ се спротивстави на Владата сериозно во врска со големи работи со кои не се согласуваше, од страв дека ќе предизвика нови избори за кои Партијата не беше подготвена и, веројатно, ќе ги изгуби (имајќи доживеано пораз на изборите во изминатите четири години).

Од своја страна, Владата на конзервтивците беше доста ефективна од стратешки аспект, внесувајќи големи иницијативи за политики во федералното законодавство за буџет, знаејќи дека е мала веројатноста либералите да гласаат против законите за буџет, што, пак, е прашање на

„доверба“, во смисла на тоа дека неуспехот со законите може да доведе до распуштање на Парламентот и општи избори. На пример, имплементацијата на Законот од 2009 за федерален буџет содржеше големи и контроверзни реформи на Законот за инвестирање во Канада и Законот за конкурентност, од кои ниту едниот, ниту другиот, немаат никаква поврзаност со буџетот. Со Законот за спроведување на буџетот од 2010, контроверзно се извршија измени на не помалку од 79 законски одредби кои немаа поврзаност со владините начини и средства. ЛПЦ беше толку слаба како опозиција, што се почувствува присилена да гласа за – односно да не гласа против – овие контроверзни буџети, иако за тоа изнесуваше критики во јавноста. Ваквата недоследност во реториката и постапувањето, уште повеќе придонесе кон чувство кај јавноста дека ЛПЦ не се застапува за ништо.

Има еден голем исклучок од оваа листа на неуспеси, каде ЛПЦ изврши значително влијание врз Владата: политиката на Канада по 2011 за Авганистан. Во 2008, либералите подготвија Резолуција на Парламентот, со која во 2011 се бараше повлекување на канадските воени сили од Кандахар – регион каде канадските воени сили беа стационирани од 2006. Оваа Резолуција беше поддржана од Владата на конзервативците и ефективно се воспостави политиката на Канада за Авганистан по 2011 година.

## Развојни можности

Развојните можности за ЛПЦ не изгледаат особено добро. Се чини дека Партијата не е во можност да го артикулира прогресивниот пристап од 21. век и програмата на политики со која силно ќе се разликува од конзервативците, нивните главни противници на изборите. Тоа, делумно, се должи на фактот дека раководството и пратеничките групи се растргнати помеѓу три доминантни групи на избирачи. Едната од нив сака Партијата да го потенцира наследството кое го остави зад себе  околу балансот на федералниот буџет во 1990-тите, имајќи предвид дека сегашната Влада работи со дефицит, а медиумите тоа го коментираат како главен проблем со кој се соочува Канада. Втората група избирачи сака Партијата да се приклони повеќе кон централната левица, да се заложи за потребните реформи за пензиите, животната средина и здравствената заштита, во што да се разликува од конзервативците, потоа за „традиционалните“ либерални вредности и политики. Меѓутоа, третата група избирачи, која се чини дека преовладува, сака Партијата помалку да зборува за политиките и да не зазема смели ставови или ризици за политиките во било која област, со надеж дека јавноста, едноставно, ќе се замори од

конзервативците до следните избори и ќе им ја предаде власта на либералите, како единствена алтернатива.

Фрагментирањето на прогресивните гласачи во Канада помеѓу четирите партии – ЛПЦ, Националната демократска партија (НДП), Bloc Quèbècois (BQ) и зелените – претставува посебен проблем за ЛПЦ, особено од кога гласовите за конзервативците сега се консолидирани во една партија, за разлика од 1990-тите, кога гласачите за конзервативците беа поделени помеѓу партиите на Реформаторскиот канадски сојуз и прогресивните конзервативци. Зелената партија и НДП сега имаат највисок историски резултат на анкетите на јавното мислење, заедно со BQ (која освојува 2/3 од пратеничките места во Квебек на секои избори од 1993), а овие три партии заедно ги добија гласовите од приближно третина од избирачкото тело на последните анкети на јавното мислење.

Резултатот од историски слабата ЛПЦ, оживеаната НДП и зелените, и солидната BQ, кои се борат во голема мерка за истите гласови, значи дека гласовите за конзервативците се многу поефективни, отколку гласовите за прогресивните сили во канадскиот мнозински изборен систем. Очигледното решение за оваа дилема е изборен систем на пропорционална застапеност, но тоа е проклетство за либералите, па дури и НДП повеќе не се застапува за тоа како што правеше порано.

Ваквата дилема околу фрагментираноста и неизменетата слаба состојба на либералите на последните избори и на анкетите на јавното мислење, доведе до повик за создавање коалициска Влада, составена од прогресивните сили. Всушност, кратко време по Изборите во 2008, за време на парламентарната криза, либералите и НДП направија неуспешен обид да ја срушат Владата на конзервативците и да воспостават коалициска Влада, која ќе беше прва Влада од тој тип на федерално ниво, по Првата светска војна.

Неодамна, одреден број влијателни личности, вклучително и поранешниот премиер Жан Кретиен, во јавноста дадоа предлог дека најдоброто решение за проблемот околу фрагментирањето на прогресивните сили и на непрекинато слабата положба на либералите, може да биде формирање на нова политичка партија на прогресивните сили составена од ЛПЦ и НДП. Меѓутоа, идејата за спојување на партиите беше одбиена од страна на лидерот на либералите и највлијателните личности во Партијата.

Недостигот на внатрешна кохезија и отворената дебата околу основната ориентација, пристапот и програмата на Партијата, придружено со фрагментирањето на гласачите за прогресивните сили и консолидирањето на гласачите за конзервативците, веројатно значи дека во блиска иднина на власт ќе остане Владата на конзервативците. Меѓутоа, либералите можат да ги зголемат своите шанси да се вратат на власт ако поддржат коалициска Влада со НДП. Иако некои коментатори предложија дека коалиција помеѓу ЛПЦ и НДП не е можна заради изостреното изборно ривалство, жестокото племенско однесување и огромните разлики во политиките на двете партии, сепак, неодамнешната историја укажува дека таквата соработка е возможна. Во средината на 1980-тите, во провинцијата на Онтарио беше усвоен договор за владеење на либералите и НДП, како една успешна заложба да се замени тогашната Влада на конзервативците. Неодамна, на федерално ниво, малцинската Влада на премиерот Мартин 2004-2006 се одржа во Долниот дом на Парламентот, делумно преку буџетот за кој заеднички преговараше со НДП во 2005. Сегашната конзервативна/либералдемократска Влада во Обединетото Кралство, послужи како тема за легитимна дебата во однос на враќањето кон коалициска влада.

## Отворање кон општеството и стратешки партнерства

Постојат можности ЛПЦ да ги привлече синдикатите и невладините организации, како и нивните избирачи. Раководствата на синдикатот и на невладините организации се особено непријателски настроени кон Владата на конзервативците, и може да се убедат да аргументираат за стратешко гласање на следните избори за поддршка на либералите и замена на Владата на конзервативците. Но, тоа е малку веројатно дека ќе се случи без јасни и смели понуди за прогресивни политики, кои ќе ја привлечат централната левица (на пример, реформа на јавниот пензиски систем и силна програма за заштита на животната средина). Ништо од сето ова, изгледа, нема да биде изнесено од страна на либералите.

## Заклучок

ЛПЦ се наоѓа на историски крстопат. Сите анкети на јавното мислење од минатата година укажуваат дека ќе ги изгубат следните избори за сметка на конзервативците. Тоа ќе значи дека за првпат во историјата ЛПЦ ќе има изгубено на три последователни избори. Следното губење на изборите не може да се припише целосно на личноста на лидерите, бидејќи либералите ќе ги

имаат изгубено трите последователни избори под раководство на тројца различни лидери. Нешто многу посуштинско се случува, што Партијата го игнорира како своја опасност.

Постепеното губење на поддршката кај демографските групи, кои претходно беа клучни гласачи, е сериозна и веројатно фатална болест, за која Партијата нема направено никаков обид да ја дијагностицира, а да не зборуваме да ја излечи. Губењето на својата застапеност во поголемите делови од земјата и придружното изолирање на пратениците на ЛПЦ во неколку поголеми градови во централна Канада и атлантскиот регион, е слична сериозна болка.

Подемот на Зелената партија, која според анкетите на јавното мислење сега има повеќе од 10%, и историски високото ниво на јавна поддршка за НДП од 17-20%, во голема мерка е за сметка на либералите. Неуспехот на либералите да ја истиснат BQ во Квебек (Протестантска партија која нема никакви шанси некогаш да завладее со Канада или, пак, има било какви аспирации за тоа), и да ја вратат својата позиција како доминантна партија во француска Канада – позиција која тие ја држеа од деветнаесеттиот век, до почетокот на 1990-тите – претставува голема структурна промена на политичката сцена, за што Партијата нема одговор и се нема приспособено.

ЛПЦ се потпира врз наследството од својата прогресивна политика и идентитетот кој го имаше изградено во минатото, особено во времето на Трудо и Пирсон: но тоа е далечна и избледена меморија за сè поголем број Канаѓани. На последните две лидерски конвенции и на неколку конвенции и состаноци за политики, Партијата не успеа дури ни да се обиде да кристализира еден прогресивен либерален пристап и програма за 21. век, кои потоа може да се претставаат пред јавноста како суштински различни од оние на конзервативците.
Доколку либералите имаат намера наскоро да се вратат во Владата, тие мора да одлучат кои се, за што се застапуваат и зошто сакаат повторно да владеат со Канада, наместо да ја следат стратегијата за чекање сè додека на јавноста не ѝ се смачи од Владата на конзервативците и се врати повторно кај ЛПЦ. Историската и трајна мала поддршка на јавноста за ЛПЦ, како и упорно нискиот рејтинг за компетентноста на Партијата за главни прашања, плус досега невиденото фрагментирање на прогресивните гласачи, не дава никаква гаранција за ЛПЦ во иднина. Владеењето на двете партии – либералите повеќе време беа во мнозинство, и од време, на време, им ја даваа власта на конзервативците – е минато.

Накратко, Партијата мора да се соочи со реалноста и иднината, да воспостави политички идентитет кој е верен на вредностите и постигнувањата на Партијата од минатото, а тоа да биде скроено според предизвиците и реалноста на денешницата и иднината.

Слика 1:
Неодамнешни изборни резултати (% на гласови)




Слика 2:
Неодамнешни изборни резултати - (% на пратенички места)



## Користена литература

Aster, Howard, and Thomas S. Axworthy (eds.) (2003): *„Searching for the New L iberalism: Perspectives, Policies, Prospects“ („Во потрага по нов либерализам: перспективи, политики, изгледи“),* Oakville: Mosaic Press.

Bliss, Michael (1994): *Right Honourable Men: The Descent of Canadian Politics from MacDonald to Mulroney*. (*Вистинскиот човек дстоен за почит. Падот на канадската политика од МекДоналд до Малрони)* New York: Harper Collins.

__________(2009): „Has Harper Found his Tipping Point?“ („Дали Харпер ја најде неговата пресвртница во кризата“), во *Globe and Mail* (1 октомври).

Browne, Matt, and Eugene Lang (2010): „Progressives Must Come Together to Return to Power“, („Прогресивците мора да се здружат за да се вратат на власт“) во *Ottawa Citizen,* Arguments (17 јуни): A17.

__________(2009): „In Search of a Progressive Centre“, („Во потрага по прогресивен центар“), во *Globe and Mail,* Comment Section (14 јуни): A17.

Clarkson, Stephen, and Christina McCall (1990 and 1994): *„Trudeau in Our Times“, („Трудо во нашето време“)* Vol. 1 & 2. Toronto: McClelland and Stewart.

DeMont, Philip, and J. Eugene Lang (1999): *„Turning Point: Moving Beyond Neoconservatism“ („Пресвртница: придвижување надвор од неоконзерватизмот“),* Toronto: Stoddart Publishing.

Giddens, Anthony (1998): *„The Third Way: The Renewal of Social Democracy“ („Третиот пат: Обнова на социјалдемократијата“),* Cambridge: Polity Press.

Gidengil, Elisabeth et al. (2009): „The Anatomy of a Liberal Defeat“, („Анатомија на поразот на либералите“), подготвен за годишниот состанок на Канадската асоцијација за политички науки (мај 2009), Carleton University, Ottawa/Canada.

Head, Ivan, and Pierre Trudeau (1995): *„The Canadian Way: Shaping Canada's Foreign Policy“, („На канадски начин: Оформување на надворешната политика на Канада“)1968–84:* Toronto: McClelland and Stewart.

Pammett, Jon H., and Christopher Dornan (eds.) (2004): *„The Canadian General Election of 2004“* („*Општите избори во Канада од 2004“*), Toronto: The Dundurn Group.

АНА МАТЕРСКА – СОСНОВСКА

# КРИЗАТА НА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТИЈАТА ВО ПОЛСКА: НОВ ПОЧЕТОК ЗА ЛЕВИЦАТА?

| ДЕМОКРАТСКА ЛЕВА АЛИЈАНСА (SOJUSZ LEWICY DEMOCRATYCZNEJ, SLD) | |
|---|---|
| Официјална веб страница: | www.sld.org.pl; www.kplewica.pl |
| Лидер на Партијата: | Grzegorz Napieralski |
| Основана: | 1999 (во денешна форма) |
| Членство во SI и PES: | Член на SI и PES |
| Партиско членство: | 2010: 47.000 (според Партијата)<br>1996: 60.000 |

| УНИЈА НА РАБОТНИЦИ (UNIA PRACY, UP) | |
|---|---|
| Официјална веб страница: | www.uniapracy.org.pl |
| Лидер на Партијата: | Waldemar Witkowski |
| Основана: | Основана во 1992, коалиција со СЛД и заеднички формирана Влада во 2001; заеднички листи за Европскиот парламент |
| Членство во SI и PES: | Член на SI и PES |

| ПОЛСКА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТИЈА (SOCIJALDEMOKRACJA POLSKA, SDPL) | |
|---|---|
| Официјална веб страница: | www.sdpl.pl |
| Лидер на Партијата: | Wojciech Filemonowicz |
| Основана: | 2004 |
| Членство во SI и PES: | Нема членство |

| СЛД, УП, СДПЛ: | |
|---|---|
| Одзив на гласачите на парламентарните избори: | 2001: СЛД-УП: 41,04% од гласовите, 216 пратенички места<br>2005: СЛД-УП: 11,31% од гласовите, 55 пратенички места<br>2007:Лид (СЛД, УП, СДПЛ, ПД): 13,15%, 53 пратенички места |
| Одзив на гласачите на европските избори: | 2004: СЛД-УП: 9,35%, 5 пратенички места<br>2009: СЛД-УП: 12,34%, 7 пратенички места<br>2004: СДПЛ: 5,33%, 3 пратенички места<br>2009: СДПЛ договор за иднината – централно-левичарски (ПД + СПДЛ + Zieloni 2004/Зелени 2004): 2,44%, 0 пратенички места |
| Учество во Владата: | СдРП/СЛД формираа коалициски кабинети и останаа на власт во текот на целиот мандат во 1993-1997 и во 2001-2007 како „виш партнер“ |

Демократската лева алијанса (СЛД), веќе една деценија е една од најголемите и најзначајни политички партии на политичката арена, но, се чини, дека нејзиниот период на доминација е веќе завршен. Во последните неколку години, две десничарски партии тежнееја да доминираат на полската политичка сцена: Граѓанска платформа (ПО) и Закон и правда (ПиС). Овие две конзервативни партии, кои и двете произлегуваат од Движењето за солидарност, уживаат 60-70% поддршка од избирачкото тело, а на последните Претседателски избори (2010) освоија повеќе од 80% од гласовите.

Неодамнешната историја, неизбежно имаше решавачка улога за состојбата на политичкиот систем во Полска. Како резултат на политичката трансформација на Полска, по 1989, беше формиран повеќепартиски систем во форма на парламентарна демократија. Еден од првите законски потези беше да се отстрани членот во Уставот за водечката улога на Полската обединета партија на работниците (ПЗПР). Првиот слободно избран Парламент беше составен од претставници од 27 изборни комисии, во кои беа застапени сите милјеа и сите политички сили. Од распадот на ПЗПР, нови партии беа формирани врз нејзините остатоци (1990). Процесот на партиско формирање на левицата беше многу побавен и ограничен, отколку формирањето на десничарските партии на остатоците од Движењето на солидарноста, кое до 1989 беше единствената влијателна опозициска партија во земјата. Поделбата на десница и левица во Полска, меѓу другото, е резултат на историските поделби: посткомунистичките групи автоматски се класифицираа како левичарски, додека, пак, оние кои израснаа од опозициската Солидарност, како десничарски. Партиските улоги беа распоредени од самиот почеток, така што тие не мораа да работат многу на оформувањето на нивниот идеолошки идентитет, бидејќи историските поделби го имаа поделено и електоратот. СдРП (Социјалдемократи на Република Полска, чие

основање беше објавено во јавноста на истата конвенција на која се распушти ПЗПР), беше највлијателната сила на левицата. Партијата има силни посткомунистички корени, и од самиот почеток формираше изборна алијанса (СЛД). УП (Унијата на работниците) беше основана во 1992 како опозициска партија, како резултат на спојувањето на неколку помали левичарски организации, независни од посткомунистичката сдРП. Таа ги обедини претставниците на Солидарност и членовите на, таканареченото, реформско крило на ПЗПР. Левицата не мораше долго да чека за успех, и започна да доминира на политичката сцена во Полска уште во 1993. СЛД беше најголемата парламентарна група и помогна да се формира Владата, додека, пак, УП ја формираше четвртата најголема група. Иако на почетокот не беше институционализирано, двете партии остварија соработка која продолжи до денешен ден. Поделбата во левицата се случи во 2004, кога новата партија СДПЛ се појави како фракција на СЛД. Меѓутоа, таа не се покажа за особено популарна, а продолжените поделби доведоа до понатамошно намалување на успехот на левицата.

Ставот на десничарските партии, како што се ПО и ПиС, несомнено придонесоа избирачкото тело да се сврти кон десницата. Овие партии се изјаснуваа дека нивната намера не е само соработка, туку и потреба од враќање или морално реконструирање на државата, која беше „расипана" од владеењето на левицата. Парламентарните и Претседателските избори кои се одржаа во втората половина на 2005, беа еден нерезервиран успех за десницата и доведоа до маргинализација на левицата. За првпат од нејзиното основање, СЛД влезе во Парламентот како трета страна (зад популистичката Samoobrona или Самоодбрана) и освои 11% од гласовите. Десничарскиот тренд се повтори на предвремените Избори во 2007 и на Претседателските избори во 2010.

Левицата во Полска отсекогаш имала и продолжува да има важна улога за формирањето на политичкиот систем. Регистрирани се многу левоориентирани групи, но поголемиот дел од нив остануваат во политичката позадина и не вршат никакво влијание. Институционализирана левица е Демократската лева алијанса (СЛД), која под различни имиња е присутна на полската политичка сцена, речиси, од самиот почеток во 1989. Корисно е да се истакне дека СЛД долго време доминираше на политичката сцена во Полска. Обидите да се направат алтернативи на СЛД (на пример, СДПЛ) ја ослабеа Партијата, но никогаш, всушност, не претставуваа закана по нејзиното постоење.

Партијата продолжи да ја зајакнува својата позиција цела една деценија. По Парламентарните избори во 2001, на кои победи коалицијата на СЛД и УП (СЛД -УП), изгледаше дека левицата ќе формира влада најмалку во два мандата. Но, помалку од четири години подоцна, пред следните

избори, не беше воопшто сигурно дали некоја од левичарските групи ќе го помине изборниот праг од 5%. СЛД претставува најголема и најзначајна социјалдемократска формација, така што кризата во која се најде самата Партија претставува севкупен приказ на состојбата со левицата во Полска.

Целта на оваа анализа е да се прикажат причините за кризата, како внатрешни, така и надворешни, како и сегашната состојба на Партијата, со цел да се воспостави програма за надминување на кризата.

## Историски преглед

Во Источна и Централна Европа, посткомунистичките социјалдемократски партии се создадоа на многу поразличен начин, отколку истите партии во западните земји. Тие беа прилично мали, формирани од поранешните комунистичките елити, особено на парламентарно ниво. Посткомунистичката левица во Полска – сдРП – беше формирана врз остатоците од распуштената Полска обединета партија на работниците (ПЗПР). Таа наследи поголем дел од активистите на ПЗПР, а ги наследи, што е позначајно, финансиите и локалната организациска поставеност, со што значително се олесни нејзиниот старт во новиот демократски систем. Од првите Претседателски избори во 1990, заедно со други 20 партии – сдРП формираше ефективна изборна алијанса, под името Демократска лева алијанса (СЛД), која, конечно, во 1999, беше трансформирана во централно управувана партија, во која се инкорпорираа одреден број карактеристики на владејачка партија.

Претседателот на СЛД се кандидираше за повторен избор во 2000. Aleksander Kwasniewski беше повторно избран – до сега тоа е прв претседател кој успеал во тоа – заради победата во првиот круг од гласањето, кога освои повеќе од 53% од гласовите (речиси 9,5 милиони). Тој, исто така, беше поддржан од УП, која немаше постигнато успех на Изборите од 1993. Тоа доведе до тесна соработка со СЛД и резултираше во потпишување на коалициски договор. Левицата, исто така, беше успешна на Парламентарните избори во 2001, со што на коалицијата СЛД-УП заедно со ПСЛ (Полска народна партија) ѝ се овозможи да формира Влада со стабилно парламентарно мнозинство, во која повеќето министерски позиции беа на левицата. За жал, оваа можност беше прокоцкана. Владата не спроведе важни и неопходни реформи. Постоеја конфликти во однос на раководството на Партијата, а, исто така, и корупциски скандали. Пристапувањето на Полска во Европската Унија во 2004 – неспорен успех на СЛД – не беше доволно за да се спречи распаѓањето на Партијата и губењето на довербата на јавноста. По периодот на слабо

парламентарно владеење, внатрешните конфликти и многу работи кои ја измачуваа Партијата во периодот 2001-2005, дојде до разединување на партиската структура. Меѓутоа, тешкиот изборен пораз од 2005 резултираше во обид да се врати левичарската коалиција. Пред Локалните избори во 2006, беше формирана коалициската група, наречена ЛиД (Левица и Демократи), во која се обединија социјалдемократските партии (СЛД, СДПЛ, УП) и Партијата на центарот (Демократска партија - ПД). Нивната цел беше да се подобри гарантирањето на човековите и граѓанските права и лични слободи, да се забрза индустрискиот напредок и националната модернизација. Но, суштинско за Полска, и особено важно за левичарските партии, се слоганите кои се однесуваат на борбата против сиромаштијата, социјалната исклученост и подобрувањето на положбата на жените во Полска.

Партиите учествуваа на последните Парламентарни избори во 2007, како заеднички левичарски блок, наречен ЛиД (Левица и Демократи). Меѓутоа, тој проект не ја донесе очекуваната зголемена поддршка од избирачите, а новоформираната Заедничка парламентарна група на левицата има само 43 пратеници во Парламентот. Пред Претседателските избори во 2010, партиите не можеа да се договорат за заеднички кандидат. Уште повеќе, и СЛД не можеше да се одлучи за свој кандидат. Различни левичарски фракции и кампуси споменуваа повеќе имиња. На крајот, барајќи компромис, СЛД излезе со Jerzy Szmajdzinski, заменик-претседател на Долниот дом во Парламентот и поранешен активист на ПЗПР. По трагичната смрт на Szmajdzinski во авионската несреќа, во близина на Смоленск, беше номиниран претседателот на Партијата, Grzegorz Napieralski. Одлуката се чинеше дека доаѓа природно, бидејќи заради краткиот временски период за изборите, невозможно беше да се излезе со нов кандидат или обид да се промовира некој нов. Во пресрет на предвремените претседателски избори, повеќето партии излегоа со лидерите на партиите.

Всушност, од самиот почеток, изборната битка се водеше од двете најголеми, во тоа време заемно најантагонистички кампуси: ПО и ПиС. Или попрецизно, тоа беше лична битка помеѓу Jaroslaw Kaczynski (ПиС) и Bronislaw Komorowski (ПО, тогашниот претседател). Покрај особено тешката кампања (национално жалење, поплава, радикализација на расположението на јавноста), лидерот на СЛД успеа да остави белег и стана единствена алтернатива од десничарките кандидати. Како најмлад и ослободен од историскиот багаж, неговата програма беше насочена не само кон традиционалните избирачи на десницата, туку и кон младите луѓе, тврдејќи дека сака да ги надмине старите поделби.

## Сегашна состојба на Партијата

Речиси една деценија, СЛД ги подобруваше своите изборни резултати од избори, на избори, искористувајќи го својот лидерски статус на политичка левица. Земајќи ја предвид оваа лидерска позиција, Партијата не разработи соодветна идеологија, или програма. Не можеме да ја обвиниме Партијата за недостиг на слогани, но нејзините слогани во социо-економската сфера не беа поврзани со законодавната активност. Институционализирананата левица, до одреден степен се раздели од своето традиционално избирачко тело, синдикатите. Партијата нема сеопфатна визија за развојот и целите кои сака да ги постигне.

Идеолошката слабост и преголемата моќ во рацете на партиските активисти доведоа до внатрешни конфликти, намалување на поддршката и несогласувања околу раководството. До 2005, поддршката опадна на нивото од 1990-тите. СЛД, која некогаш беше доминантна партија, заврши како парламентарна група, со мало значење. Во тоа време, се појавија иницијативи за повторно обединување на левичарските фракции и подготовка на заедничка изборна листа. Изборната коалиција ЛиД доби поддршка од повеќе од два милиони гласачи на Изборите во 2007, што значи дека е одржан статус кво од Изборите во 2005. Но, тоа беше многу широка коалиција, во која беше вклучена и Партијата од центарот, ПД. Оттаму, коалицијата го изгуби својот левичарски карактер, без да добие повеќе поддршка. Кандидатите на СЛД добија 70% од сите гласови, бидејќи тие беа најпрепознатливите кандидати на листите. Меѓутоа, процентуално изразено, во целина ЛиД не доби толку многу поддршка, како што членовите на оваа алијанса имаа добиено на претходните избори, кога самостојно настапија на изборите. Причините за тоа го вклучуваат и специфичниот плебисцитарен карактер на изборите и недостигот на подготвеност во однос на програмата и начинот на кој се водеше кампањата. Предвремените Претседателски избори во 2010 имаа сличен карактер; единствениот кандидат на левицата, претседателот Grzegorz Napieralski, освои повеќе од два милиони гласови (2.299.870 или 13,68%). Резултатот не е многу задоволителен, во споредба со претходните резултати, особено ако го земеме фактот дека двајцата главни кандидати беа од десничарските партии. Меѓутоа, мораме да потенцираме дека лидерот на СЛД ја зајакна својата позиција како претседавач и, барем, покажа дека постои алтернатива. Тоа претставува почетна точка за враќањето на позицијата на левицата на политичката сцена. Генерално кажано, кампањата не беше агресивна, но, исто така, не опфати и сериозни прашања. Немаше дебата во однос на визијата на партиите за Полска. Всушност, сите слогани можат да се сведат на еден: заедно ќе ја градиме иднината на Полска. Кандидатот на левицата, главно, им се обраќаше на помладите луѓе, предлагајќи разделба од минатото и слични социјални слогани. Позначајната дебата се однесуваше на улогата на црквата, иако таа почна да

се одвива по завршувањето на кампањата, и тоа само помеѓу десничарските партии. И покрај тоа, левицата се обидува да го искористи тоа. Исто така, можеме хипотетички да претпоставуваме дека од овој спор може да произлезе обид од страна на левицата да го одреди својот идеолошки идентитет.

СЛД има релативно еднаква поддршка ширум земјата, со маргинална доминација во малите градови и градовите со средна големина, како и помеѓу младите луѓе кои имаат средно или високо образование. Корисно е да се спомене дека најмалата поддршка за Партијата е помеѓу луѓето кои се над 60-годишна возраст, кои имаат само основно образование и кои живеат во селата (врз основа на: „Како гласаа Полјаците: Претседателски избори 2010" во Gazete Wyborcza, 21 јуни 2010). До неодамна се веруваше дека поддршката за СЛД доаѓа, главно, од повозрасните граѓани кои се носталгични за времето на ПРЛ, но тоа се измени. Слоганите кои се однесуваат на глобалната визија на Партијата, стануваат позначајни од економските. СЛД може да се гледа како национална партија, а не како претставник на една група или социјална класа.

Како за почеток, на СЛД се гледаше како на посткомунистичка партија, која носеше значајна стигма, барем кај одредени квартови, особено кај десничарските политичари. Меѓутоа, со текот на времето, таа стана главен претставник на левицата. Интересно, луѓето повеќе не се сеќаваат на посткомунистичкото потекло на Партијата и таа стана потенцијален партнер на било која партија. Најголемиот проблем за СЛД е губењето на предноста пред левичарските партии во очите на електоратот, а многу политички и морални слогани кои се поврзуваат со левицата, сега се преземени од други партии. СЛД повеќе не формира мислење, не нуди визија и не го оформува јавниот дискурс. Условите за дебата се наметнуваат од страна на десничарските партии, кои се ангажирани околу споровите за тоа дали треба да се формира Четвртата Rzeczpospolita (република). СЛД го изгуби своето традиционално левичарско гласачко тело – работниците од големите индустриски погони – и не може да ги привлече младите, заради тоа што нема радикални ставови за црквата, абортусите, хомосексуалните односи, итн. Партијата учествува во јавната дебата, но никогаш не ја иницира. За жал, Партијата повеќе се концентрира на рекламирање и изборни кампањи, отколку на било што друго. Зафатена со своите внатрешни караници и кадровски прераспределби, се чини дека има заборавено на создавањето и одржувањето на сопствениот имиџ.

Партиската сцена во Полска е доста статична, а реорганизација во сегашната рамка е невозможна. Тоа, делумно, се должи на изборниот систем (пропорционална застапеност, со изборни прагови и примена на методот Д'Хондт), но главно, се должи на финансирањето на

партиите од страна на државата. Новите партии се соочуваат со огромни тешкотии, обидувајќи се да се етаблираат на политичката сцена. Немилоста, во која сè уште се наоѓа левицата на почетокот на 21. век, исполнувањето – иронично – на, барем, некои ветувања на левицата (на пример, повисок животен стандард) и наклонувањето кон десницата (кон црквата, по смртта на папата Јован Павле II во 2005), резултираа во подем на поддршка за десничарските партии. Двете главни политички сили – Граѓанската платформа (ПО) и Закон и правда (ПиС) – се десничарски партии, кои потекнуваат од Солидарност и ја уживаат најголемата поддршка на електоратот.

СЛД и левицата, во поширока смисла, генерално им дозволија на двете најголеми десничарски партии да преземат некои од нивните основни работи: одреден број на социјални прашања кои беа преземени од страна на ПиС (не само политичката програма, туку и некои слогани) и одбраната на демократските процедури од страна на ПО. Меѓутоа, поделбата помеѓу „посткомунистичкиот“ и „постсолидарниот“ кампус ги зголеми можностите на СЛД за коалицирање во иднина. Покрај тоа, според сегашната распределба на моќта во Парламентот, левицата започна да држи баланс во некои политички заложби на владејачката коалиција. Недостигот на организирани групи, кои може да функционираат како интелектуално јадро за Партијата, претставува слаба страна на СЛД. Досега, на неа се гледаше, главно, како на Партија која ја сака власта, каде идеологијата не игра важна улога. Постојат многу различни причини зошто немаше потесна соработка, на пример, со кругот на Krytyk a Polityczna, кој може, и треба да се смета за најзначајна интелектуална поддршка на левицата. За жал, ни во самата Партија нема таква поддршка.

Според нејзината програма, СЛД се концентрира на еднаквоста на можностите и борбата против социјалната исклученост и невработеноста. Партијата се приврза за заштитата на правата на вработените, бесплатното образование и јавното здравство. Меѓутоа, досега преовладуваат слоганите, наместо содржината на политиките и конкретните законски предлози.

СЛД е прагматична партија, но не и идеолошка. Изборниот прагматизам се оправда во текот на првите години на сдРП, кога Партијата се насочи кон релативно мала група во своите изборни програми, но во 1993 лидерите на СЛД свесно го прифатија концептот на развивање на широка изборна поддршка за да се максимизираат изборните резултати. Кулминација на овој пристап беше трансформацијата на сдРП во СЛД и насочувањето на Партијата кон центарот. Покрај тоа, партиските програми, генерално, беа едногласно одобрени, без некаква интерна дебата. Малку дискусии се водеа за тоа каква е визијата на Партијата, или кои се нејзините цели и очекувања. За разлика од западните социјалдемократии, до неодамна економските прашања не беа

најзначајните прашања за политичките партии во Полска. Меѓутоа, ставовите кон црквата и традицијата се клучни и, се чини, дека се главниот фактор во очите на електоратот. Затоа, неинституционалната левица или партии кои се обидуваа да се етаблираат лево од СЛД, не го најдоа своето социо-политичко место. Полска станува сè посекуларна и либерална и токму затоа има простор за трета страна на политичката сцена, со која сега доминираат конзервативците и либералите. Поддршката за Grzegorz Napieralski на претседателските избори, во голем дел се должеше на работата која ја завршија интелектуалните кругови надвор од Парламентот. Партијата мора да ја наметне својата визија и да ги оживее идеите за кои се бори, во спротивно, сите тие активности ќе останат неразбрани од електоратот.

Партијата беше формирана врз основа на парламентарна група, но наследи добро организирана локална структура, со канцеларии и човечки ресурси. Во својот зенит, Партијата броеше повеќе од 60.000 членови, и иако денеска тврди дека има повеќе од 40.000 членови, бројот на активисти е помал. Тука спаѓаат старите членови кои беа во Партијата од старите денови на претходниот режим, како и цела генерација менаџери кои денес се во своите педесетти години. Партискиот лидер се обидува да ја зацврсти Партијата со тоа што ќе ја задржи, таканаречената, стара гарда, но Партијата ќе ја отвори и за нови, помлади членови. Покрај фактот што Партијата – која, пред сè, е социјалдемократска – поддржува рамноправност, тоа не се применува во пракса и жените претставуваат едно забележително малцинство на изборните листи и на позициите на власт. Партијата сака да остане отворена за сите групи и не се застапува за било која форма на радикализам. На ист начин, на истото тежнее да гледа и пошироката јавност.

Одамна поминаа годините на славата на СЛД. Повеќе години тоа беше главната или доминантната група на политичката сцена. Од партискиот рејтинг произлегоа личности, како што се Aleksander Knawsniewski, претседател во два мандата, во 1995-2000 и 2000-2005, како и четири премиери: Josef Oleksy, Wlodzimierz Cimoszewicz, Leszek Miller и Marek Belka. Од 1989, двапати победи на изборите и заеднички формираше шест владејачки кабинети, како прв партнер (во две прилики, на коалициските партнери им го даде премиерскиот мандат). Партијата систематски ги подобруваше изборните резултати до Парламентарните избори во 2005 и доби рекордна поддршка во 2001, што, речиси, ѝ овозможи да формира своја Влада. Во времето кога СЛД беше на власт, Полска стана членка на НАТО и Европската Унија. Меѓутоа, Партијата не постигна некој спектакуларен социолошки и идеолошки успех. Наспроти тоа, Партијата усвои одреден број закони кои беа против клучните левичарски вредности, како што се укинувањето на Фондот за алиментација и најавата на рестрикции во однос на реевалуацијата на старосните пензии, како и

гестови и декларации од верски карактер. Во моментов, Партијата треба да заземе став за прашања, како што се заканите по животната средина, биотехнологијата или генетиката.

Сепак, моменталната политичка состојба не претставува можност за развој на СЛД. Како што беше претходно кажано, изборниот систем, како и фактот дека Партијата добива пари од државниот буџет, практично ја „замрзнуваат“ политичката сцена, но неодамнешните избори покажуваат дека, сè уште, има простор и потреба од социјалдемократска партија, а не само една партија со експлицитно левичарско лице.

СЛД, како што и прилега на една социјалдемократска партија, е отворена за сите, не исклучува никого и тежнее кон сите групи на гласачи. Дури и како изборна алијанса, пред да стане вистинска партија, имаше многу организации кои беа центрирани околу неа, како што се синдикатите (ОПЗЗ, ЗНП) и организациите на работодавачи (како Lewiatan), како и разни помали партии. Меѓутоа, со текот на времето додека беше на власт, Партијата изгуби контакт со социјалните организации и не успеа да се грижи за интересот на синдикалците и членовите на задругите. СЛД сега се обидува да си ги поврати контактите и повторно да ја изгради својата застапеност. Партијата останува отворена за општеството и за стратешки партнерства.

Од гледна точка на СЛД, Европската Унија претставува приоритетно прашање во однос на надворешната политика на Полска. Таа е многу критична во однос на други насоки во надворешната политика, како што е проширувањето на партнерството со САД. На пример, СЛД е против распоредувањето на противпроектилски штит во Полска. Според нив, тоа нема ништо да направи за да се зголеми безбедноста на земјата и, всушност, може да доведе до нова трка по оружје. Членството на Полска во НАТО останува да биде доволна гаранција на безбедноста и тоа треба да го зголеми квалитетот на нејзиното учество во мисиите на НАТО. Во исто време, партискиот лидер се изјасни во прилог на повлекувањето на полските трупи од Авганистан, колку што е можно побрзо, со став дека Владата ги изневерила своите левичарски идеали со тоа што Полска ја вклучи во војна. Покрај тоа, Партијата, со резолуција донесена на конгрес, апелираше за промена на политиката кон Украина и Русија: „Полската дипломатија треба да се бори да ја заснова соработката со Русија врз начелата на партнерство, а притоа, да остане прагматична и да ги оддели идеолошките и историските замисли од економските прашања“. Треба да се забележи дека покрај слоганите за кампањата, СЛД не побара да искористи некакви опции за подобрување на работите со помош од Европската Унија. Иако е членка на PES, ниту иницира, ниту промовира заеднички иницијативи и оттаму, се чини дека нема способност да одговори на сегашните предизвици и глобални проблеми.

## Причини за кризата на социјалдемократите во Полска

Кризата на Демократската лева алијанса се манифестира на повеќе нивоа, вклучително и во програмата, кадарот и организациската поставеност. Некои од симптомите за криза, како и настани кои водеа кон опаѓање на СЛД, беа очигледни уште во времето на сдРП. Биполарната поделба на политичката сцена резултираше во посткомунистички кампус, кој својата програма ја засноваше врз критики за Владата на постсолидаристите и, притоа, речиси, немаше потреба да излезе со своја идеолошка позиција. За нив беше доволно да изградат изборни платформи засновани врз опозиционерството на владејачката партија. Овој недостиг на прагматична и идеолошка јасност, на левицата ѝ овозможи да формира коалиција составена од неколку политички групи под закрилата на Демократската лева алијанса. Трансформацијата на коалицијата во единствена партија претставуваше победа за прагматичната фракција, која се обидуваше да создаде погодно средство за изборниот натпревар. Беше изградена централизирана и дисциплинирана организација за да се осигура изборната победа. Ефикасноста на апаратот беше многу позначајна, отколку плурализмот на идеи и ставови во рамките на Партијата. Интерните тенденции и поделбата која беше во подем во самата Партија беа игнорирани, како и оние гласови кои повикуваа на обмислување на партискиот идентитет. Партијата, исто така, ги потцени и промените кои се случуваа во нејзината политичка средина. Таа продолжи да ги третира десничарските партии како слаби и поразени. И покрај неспорната победа на СЛД на Парламентарните избори во 2001, не беше забележан фактот дека електоратот почна да се наклонува кон партиите кои имаат подефинирана идеолошка платформа (на пример, Закон и правда, Лигата на полските семејства и Самоодбрана, кои во тоа време влегоа во Долниот дом на Парламентот). Од 2001, електоратот почна да става поголем акцент врз аксиологијата и вредностите, а тие, особено недостасуваа. Формулата на СЛД за политички прагматизам сама по себе се исцрпи во 2005.

Раководството беше уште една област во која СЛД јасно ги разоткри своите слабости. Leszek Miller, ефикасен и ефективен лидер на опозициската партија, не се покажа за успешен како претседател на Владата и лидер на Партијата (2001-2004). Во тоа време, медиумите открија одреден број скандали во кои беа вклучени членови на Партијата, патологија за која Miller не можеше ништо да направи. Покрај тоа, личните несогласувања резултираа со поделба на Партијата на поддржувачи на Leszek Miller и на Aleksander Knawsniewski (тогашен претседател). Симптомите за кризата која беше во подем, беа игнорирани до 2004, кога рејтингот на премиерот

и на Партијата беа толку ниски на анкетите на јавното мислење, што било кое понатамошно игнорирање на разочараноста на општеството од Владата на левицата, можеше да доведе до отстранување на алијансата од Парламентот на претстојните избори. На крајот, Партијата беше толку многу ослабена, и група на нејзини членови кои се поврзуваа со Marek Borowski ја напуштија за да формираат алтернатива на СЛД, која се нарекуваше Полска социјалдемократија (СДПЛ). Отстранувањето на „старата гарда“ и подемот на власт на политичари од помладата генерација, се претпоставуваше дека ќе ја подобри ситуацијата. Меѓутоа, овие млади политичари ги немаа потребните лидерски способности. По уривањето на авионот во близина на Смоленск, тогашниот лидер на Партијата, Grzegorz Napieralski, можеше лесно да ја преземе власта. Неговата улога беше потврдена со изборите. Тоа не значеше решавање на проблемот околу партиското раководство, но, барем, беше моментално ставен во мирување.

Друг проблем со кој СЛД мора да се бори е перцепцијата на гласачите за Партијата. Начинот на кој се справуваше со власта, доведе до создавање имиџ на корумпирана партија, чија намера беше само да гарантира бенефиции за своите членови и без било каква левичарска ориентација. Покрај тоа, обидите да го „прикрие“ политичкото потекло на Партијата преку недостиг на унифициран став кон Народната република, или потценувањето или недостигот на спротивставување на нефер тврдењата за времето на ПРЛ, беа причината зошто се сметаше дека на СЛД ѝ недостасува идеолошки компас, дека го изневери своето традиционално избирачко тело и дека, едноставно, е конформистичка партија.

Ако се навратиме на прашањето на идеолошкиот идентитет, тешко е да не се согласиме со теориите на Рој Хатерсли, или Ралф Дархендорф, дека левичарската идеологија го изгуби здивот и дека според, таканаречената, „теза за смалување“, стана ограничен просторот за социјалдемократското движење во партискиот спектар, и дека конзервативните партии сè повеќе го присвојуваат тој простор. Или попрецизно, тоа место во Полска е заземено од партиите со десничарски корени, како што се Закон и правда во (ПиС) и Граѓанската платформа (ПО). По тешките години во времето на Владата на левицата (2001-2005), се чини дека се потврди тезата дека левичарските партии повеќе не доминираат со јавниот дискурс, бидејќи нивото на нивната компетентност опаѓа и дека навистина на нив се гледа како на позитивно некомпетентни. Партијата сега страда од недостиг на идентитет, заради што било кои идни програми со кои ќе произлезе во иднина, најдобро е да бидат со краткорочни стратегии.

Како резултат на изборниот пораз од 2005, СЛД се соочи со потребата повторно да ја изгради и реформира Партијата. Тоа почна да се прави, и се чини дека тоа носи постепени, но мерливи,

подобрувања во гласачките кутии. Позначајно, имиџот на Партијата се подобри благодарејќи на поновото и помладо раководство, и внесувањето левичарска реторика во партиската реторика. Исто така, беше формирана и изборната алијанса, Левицата и Демократите (ЛиД), но таа не ги донесе очекуваните резултати. Тоа може да се должи на фактот што изборите кои се одржаа во 2007 беа предвремени и имаа плебисцитарен карактер. Повеќето од чекорите кои Партијата ги презема во периодот 2004-2009, беа прилично хаотични и со мали последици, диктирани од перцепцијата за изборна подобност, а не како резултат на некое подлабоко, сеопфатно обмислување на партиската програма или идеологија. Исто така, лидерите на Партијата не претставија доследна визија во однос на стратегијата, и не носеа независни одлуки. Промените веќе беа на површина и не се случија како резултат на некое длабоко убедување во Партијата дека реформите се неопходни. И покрај тоа, до крајот на првата деценија од 21. век, свеста за кризата во Партијата стана вообичаена, но сепак, недостига еден кохерентен пристап за подобрување на имиџот на Партијата.

## Европска перспектива

Демократската лева алијанса и Унијата на работниците се полноправни членки на Партијата на европски социјалисти (PES), а нивните претставници редовно учествуваат во програмското работење на Партијата. Во рамките на опсегот на тематските мрежи за модернизација на политичките партии, климатските промени и енергетиката, се развија и заеднички ставови за социјална Европа. Поединечни ставови може да се најдат во документацијата на Партијата, но нема потемелни дебати. Најзначајните вредности се загриженоста за единството, чувствителноста и солидарноста. Основните цели на левицата се: да се обезбеди правичност за граѓаните на социјална Европа; да се спречи финансиската криза; да се обезбеди родова еднаквост и толерантност; да се наметне ефективна политика за имиграции; борба против климатските промени и загадување на животната средина; зајакнување на улогата на Европа како партнер за мир, безбедност и развој. Ставот на СЛД е дека левицата треба да се концентрира на економската рецесија, растот на невработеноста и зголемените животни трошоци. Постои потреба од соработка, особено во рамките на Европската Унија, која претставува клучна врска во добата на глобализацијата. Благодарејќи на Заедницата, земјите-членки имаат поголема моќ да ги решаваат проблемите на светот, особено оние кои имаат влијанија врз локално ниво. Според СЛД, европските социјалдемократски партии тврдат дека социјално-ориентираната пазарна економија, ќе им даде шанса на сите да ги искористат можностите што ги нуди глобализацијата. Дејствувајќи во поддршка на заштитата на животната средина, левицата сака да ја преоформи

економијата преку развивање на еколошки технологии и отворање нови работни места во тој сектор. Заштитата на правата на имигрантите во модерна Европа, треба да се состои од спречување на злоупотребата и трговијата со луѓе и треба да се потпира врз принципите на еднакви права и одговорности за сите. Исто така, на имигрантите треба да им овозможиме да се интегрираат во општествата во кои тие доаѓаат да живеат. Според Партијата, европската социјалдемократија треба да преземе активности за подобро да се заштитат животите и здравјето на граѓаните во однос на заканите по демократијата и граѓанските права, тероризмот, криминалот и екстремизмот. Членките на Европската Унија мора да дејствуваат заедно за да се промовира мирот и просперитетот. Всушност, полските социјалдемократи заземаат став и овие работи ги инкорпорираат во партиската програма, но не дебатираат за нив.

## Предлози за иден развој

Помеѓу различните партии на левицата во Полска, СЛД има најголем потенцијал да се трансформира во автентична левичарска партија, како што тоа, сè уште, вообичаено се разбира. Во СЛД има една прагматична струја која се оддаде на тековниот редослед на нештата, но исто така, има и потреба за создавање една критична струја која ќе помогне да се формулираат одговорите на новите предизвици, да се артикулираат нови идеи и да се дефинираат интересите на разни групи. За да стане модерна левичарска партија, треба да го дефинира својот идеолошки идентитет, притоа имајќи предвид дека традиционалната поделба на левица и десница веќе стана помалку анахронизам. Исто така, еднаш за секогаш, ќе треба да се помири со своето минато, добата на Народна Република Полска. Предизвиците со кои се соочуваат партиите, како и нивното функционирање, треба да се редефинираат.

Во однос на вредностите, СЛД се обидува да се отвори себеси кон разни средини, социјални групи и малцинства. Исто така, Партијата мора да остане отворена кон општеството во целина. Треба да воспостави приоритети кои се во согласност со анксиологијата на „новата левица“ и да изготви програма со долгорочна визија за прашањата од областите на социјалните, економските и меѓународните политики. Не е доволно само да се изберат нови лидери; исто така, членовите треба да бидат соодветно квалификувани и подготвени да стапат на власт. На полската политичка арена има простор за партија која ќе се застапува за слободата на видиците за иднина и ќе се зафати со економијата.

Неодамнешните Претседателски избори, исто така, потврдуваат дека Партијата стана фактор за „балансирање на моќта“, кога станува збор за формирањето на мнозинство во Парламентот. Нејзината релевантност се зголемува и таа станува потенцијален коалициски партнер на двете десничарски партии. Она што овде е особено важно, е дека СЛД престана да биде „непожелна“ само затоа што е посткомунистичка партија и ја врати својата позиција на рамноправен партнер на политичката арена. Покрај тоа, пред да стапи во било каква коалиција, СЛД треба најпрво добро да го дефинира својот идентитет, во спротивно се изложува на ризик да биде маргинализирана и ризикува нејзините слогани да бидат усвоени од поголемите партии. Јасно е дека за една партија, која до неодамна беше доминантна сила на политичката сцена, нејзината денешна позиција како „трета“ партија не може да се смета за задоволителна.

Како институционална партија на левицата, СЛД се оддалечи од традиционалното гласачко тело, но, сѐ уште, нема стекнато ново. Ги нема одговорено основните прашања за тоа кого сака да претставува, и како, и нема идентификувано избирачко тело на кое може да смета. СЛД стана партија која бара власт, а се дистанцираше и од работниците и од одредени сегменти на интелигенцијата. Покрај тоа, неизбежно, другите партии преземаа некои од нејзините достигнувања (особено социо-економски) како левица, на што СЛД не успеа да изреагира. Основниот проблем со кој СЛД денес се соочува е од прагматичен карактер: одговор на прашањето што значи да се биде партија на левицата во 21. век. Поделбата помеѓу десницата и левицата дефинитивно е замаглена: заедничките програмски елементи кои ги споделуваат трите партии, веќе се очигледни. Прашањето што сега се поставува, е како СЛД да се издвои и истакне себеси?

## Користена литература

Grabowska M. (2004): *Podział postkomunistyczny. Społeczne podstawy polityki w Polsce po 1989 roku*. Warsaw: Scholar.

Karwat, M. (2005): „O toz˙samos´ci partii“, in *Forum Klubowe,* No. 5.

Kik. K. (ed.) (2003): Znacznie ideologii dla socjaldemokracji. Materiały z II Krajowej Konferencji Teoretycznej СЛД, Warsaw.

Kornas´, J. (ed.) (2005): *Partie polityczne: permanentne problemy. Studia z zakresu funkcjonowania systemu politycznego*. Kielce: Wyz˙sza Szkoła Ekonomii i Prawa.

Markowski, R. (2002): *System partyjny i zachowania wyborcze. Dekada polskich dos ´wiadczen´;* Warsaw.

Materska-Sosnowska, A. (2006): *Socjaldemokracja Rzeczypospolitej Polskiej – dostosowanie syndykatu władzy do zasad demokracji parlamentarnej*. Warsaw: Elipsa.

Miller, L. (2009): *Tak to było.* Warsaw: Zapol.

Tomczak, Ł. (2007): *Partie i system partyjny RP. Stan i perspektyw*. Torun´: Marszałek.

__________(2008):*Polska lewica u progu XXI wieku. Wybrane aspekty;* Wrocław.

Walzer, M. (2005): Lewica ma wartos´ci (May 21–22); достапно на: www.gazeta.pl, www.wyborcza.pl

**АУГУСТИН ЦАНЗАНИ**

# СУШТИНА И РЕПУТАЦИЈА
## Успеси и предизвици за прогресивните и леви партии и влади во Јужна Америка

Не многу одамна, еден славен теоретичар на континентот (Харнекер, 2000) објави приказ на главните епизоди од приказната за левицата во Латинска Америка. Тој го опиша триумфот на Кубанската револуција, подемот на револуционерната левица и силите на руралните герилци, Теологијата за ослободување, преземањето на власта од страна на Сандинистите и нивниот последователен изборен пораз, воената диктатура и парцијалните и надгледувани демократии, пред да се префрли на падот на социјалистичкиот блок, мировните договори во Централна Америка и кампањите на герилците во државата Чијапас. Единствен пример од Јужна Америка беше победата на Unidad  Popular (Единство на народот) во Чиле, по што следуваше нејзиниот пораз.

Денеска, било кој набљудувач кој прави анализа на регионот, како што навлегуваме во втората деценија на дваесет и првиот век, ќе се соочи со доста поразлична панорама, и без колебање ќе заклучи дека левицата и прогресивните сили имаат воспоставено посилна потпора ширум континентот од кога и да е претходно.

Јасно е дека ваквата репутација делумно се должи на тоа што повеќето тековни или неодамнешни влади во Јужна Америка, се декларираа како прогресивни. Тоа е случај со: Аргентина, Бразил, Боливија, Чиле, Еквадор, Парагвај, Уругвај и Венецуела.[143] Но, тоа, исто така, е поткрепено со фактот што повеќето од најпознатите лидери во регионот, како што се Лула, Чавез или Ево

---

[143] Освен Чиле, каде Concertacion (Група на партии за демократија) беше поразена во вториот круг на Претседателски избори во јануари, повеќето од прогресивните влади беа на власт за период од една до четири години, или, пак, имаат поволни изгледи за изборите (Бразил).

Моралес – се протагонисти на прогресивните и левичарски идеи. Друг значаен аргумент е дека овие влади – некои поотворено, а другите во својата реторика – се противат на оние неолиберални модели кои, генерално, се идентификуваат како производи на Вашингтонскиот консензус и тврдат дека нудат алтернативи. Иако разликите помеѓу нив се дискутирани (Ланзаро, 2008), друг фактор е, веројатно, дека одреден број од нив на политичката програма поставија точки кои не беа вообичаени за претходните влади, вклучително и сопственоста на природните ресурси и регулирањето на медиумите. На сличен начин, нивната репутација беше зајакната со прашања, како што е редефинирањето на моделот на државна интервенција, потенцијалот за мобилизирање на сегменти од популацијата кои традиционално немале улога и голем степен на поддршка од јавноста за овие администрации, со што добиваат силен поттик и им се овозможува да носат одлуки за јавните политики кои влијаат врз разни интереси, дури и некои кои се вметнати во некои подалечни географски контексти. Последно, но не и најмалку важно, бидејќи моделите, кои до одреден степен се поврзуваат со овој вид на сценарио (како што е социјалдемократијата во Европа), се во криза, клучната предност за овие влади е тоа што, очигледно, тие претставуваат едно од неколкуте нови случувања во прогресивната и левичарска политика на глобалната сцена.

Меѓутоа, воопшто не е лесно да се дефинираат контурите на оваа појава, имајќи го предвид незначителниот број на разни ситуации и ставови кои се класифицираат под оваа етикета. На пример, доволно е да се разгледа листата на учесници на, таканаречениот, Прогресивен самит во Вина дел Мар, во 2009. Потпретседателот на САД, Џо Бајден, беше поканет, но не и Хуго Чавез, кој приговараше заради тоа што тој и Ево Моралес и претседателот Фернандо Луго не беа поканети.

Имајќи ги овие тешкотии предвид, овој документ има за цел да се постават неколку прелиминарни хипотези за карактерот, опфатот и лимитите на оваа појава, и да се анализираат одреден број забележливи аспекти од напредокот на овие влади и предизвиците со кои тие се соочуваат.

## Хетерогена поставеност

На овој континент, особено голем проблем е да се појасни опсегот на поимите „левица“ и „прогресивни“. Дури и формалните дефиниции што ги има дадено Шпанската кралска академија, се доста општи, но и контрадикторни на одреден начин. Ако во речникот го побараме зборот „левица“, неговото значење во политички контекст гласи: „група партиски претставници во парламентарните собранија кои не се конзервативни или центристички“ и „група поединци кои се

застапуваат за реформистички или, генерално, за неконзервативни идеи“.[144] Овие две значења на зборот се изменети, или избришани, во најновото издание на речникот. Иако дефинирањето на „прогресивни“ отиде малку понапред, и сега алудира на „поединец или група со напредни идеи и ставови во кои тоа се подразбира“, сепак оваа дефиниција не е од голема корист.

Ако ги оставиме настрана точните лингвистички дефиниции, можеме да разгледаме дали е полесно за луѓето да се идентификуваат преку политичките партии, што, се чини, дека е вообичаена пракса на други континенти. Реалноста на системот на политички партии во Латинска Америка содржи нови предизвици, заради спојувањето на три различни струи кои се поврзуваат со левичарските и прогресивните сили. Кај две од нив постои голема сличност со струите кои се познати на другиот континент, на пример Европа, но третата струја е едвај споредлива. Првата струја ја сочинуваат историските партии на традиционалната левица, кои, во основа, се поврзуваат со социјалистичките и комунистичките движења. Тие, вообичаено, се основани на почетокот на 20. век и повеќето се помали партии, главно имаат симболична функција и мало, ако и воопшто имаат парламентарно мнозинство, во Владата успеале да влезат во мал број на прилики, и тоа во сојузи, и за краток временски период, како што е случај со Unidad Popular во Чиле. Втората, за која е јасно дека има врски кои излегуваат од рамките на Латинска Америка, спаѓа во социјалдемократскиот шаблон, иако нејзината улога беше многу поскромна. До крајот на 20. век, таа беше слаба и, сѐ уште во зачеток, во Латинска Америка, или заради тоа што левичарските партии се потпираа повеќе врз класичната левица или заради тенденцијата да се поддржат бунтовничките стратегии, како што е војувањето на вооружената герила, и почесто се појавуваше преку специфични групи кои учествуваа во коалиции или сојузи и тоа многу почесто во текот на последните децении. Третата традиција е онаа која има корени во „популистичкиот националистички“ кампус, кој се поврзува со одредени форми кои се нарекуваат латиноамерикански „популизам“. Ваквиот тип на политичко изразување, кое тесно се поврзува со примерите од историјата, како што се „Перонизам“, во Аргентина и „Вангуизам“, во Бразил, подразбира создавање политички субјекти кои ги спојуваат структурите кои може да мобилизираат големи делови од популацијата, да ги интегрираат преку социјалните и/или политичките права, како и да имаат личен моќен профил кој ќе се конфронтира со постојните моќни структури, со ефективни врски помеѓу политичките структури кои се поставени како платформа за мобилизација и државите каде тие се во Владата. Во некои случаи, тоа наметна рестрикции за плурализмот или покажа мала загриженост за политичката толерантност.[145] Многу форми на популизам во Латинска

---

[144] Види: Diccinario de la Real Academia Espanola: http://www.rae.es/rae.html.
[145] Во врска со Латинска Америка, на оваа тема, види: Laclau: (2005).

Америка добија силна поддршка од електоратот и во неколку прилики тие беа симнати од Владата со воените диктатури. Нивните политички структури секогаш не опстануваат, но традицијата и понатаму се артикулира преку други средства, преку кои привврзаниците се борат за каузата.

Овој карактеристичен фактор треба да објасни зошто преку примена на конвенционалните критериуми, партиите до одреден степен помагаат да се идентификува оваа појава, но, сепак, тоа е далеку од доволно. Иако во некои сценарија на левицата ѝ се доделува улогата на класична сила (Partido Socialista во Чиле, Partido Socialista и Partido Comunista во Уругвај) или на некои понови партии со слична ориентација (Partido dos Trabalhadores, Бразил), сепак нивната вклученост секогаш не ни дозволува да ги класифицираме владите од овој тип како левичарски, а за тоа постојат повеќе причини. Тие може да бидат дел од поширока предизборна коалиција, во која спаѓаат демохристијаните (Чиле) или прогресивните крила на традиционалните партии (Уругвај), или тие може да бидат на власт со парламентарен договор во рамките на спектарот на партии кој е многу различен во однос на идеологијата, сојуз кој се формира со политички договори (Бразил). Во други случаи, самиот политички инструмент може да следи класична популистичка или популарна национална традиција, каде Владата, очигледно, својот поттик го црпи од доминантната прогресивна група во рамките на партиската структура (Аргентина). Од искуствата во Латинска Америка, тука спаѓаат и некои нови политички структури, како што е Movimiento al Socialismo (Движење за социјализам, или МАС, во Боливија), некои кои се основаат практично во пресрет на преземањето на власта или потоа, како што е случај со Movimiento Quinta Republica (Движење за петтата република, Венецуела) и PIAS (Сојуз за горда и суверена татковина, Еквадор), или директно како резултат на изборен пакт, кој влегува во Владата, но не успева да функционира непречено, како, на пример, Alianza patriotica el Cambio (Патриотски сојуз за промена, Парагвај).

Разликата помеѓу двете традиции, се чини, дека е важна при комбинирањето на карактеристиките на партискиот систем и структурата на претходно постојните социјални движења, и кога тоа се одразува врз аспектите на политичкото однесување, кое го имаат усвоено лидерите на тие структури.

Некои партиски инструменти имаат доста длабоки корења во социјалните движења, или имаат сојузи со нив, а во некои случаи тоа може да го објасни и нивното формирање, како што е случај со Partido dos Trabalhadores, во Бразил, MAS во Боливија и Partido Justicialista, во Аргентина. Или, пак, во рамките на проектот за промена, тие може да се гледаат себеси како стратешки сојузници на синдикатите, како што е Frente Amplio (Широк фронт) во Уругвај. Но, исто така, постојат

констелации каде врските се многу похетерогени, како што е парагвајската АРС, или, пак, кои честопати се потпираат врз плебисцитарното јавно мислење како редовно изразување на нивната легитимност, како во Венецуела или Еквадор.

Се чини, партиите кои најдобро успеваат да изградат база, се оние кои веќе одредено време го имаат прифатено изборниот натпревар како основен дел од нивното политичко постоење, дури и имаат стекнато значително претходно искуство во Владата на локално ниво, пред да стапат на власт на национално ниво, како во Бразил и Уругвај. Во овие случаи, на среднорочен план тие не само што го имаат зајакнато партискиот систем, туку имаат станато и фактор за негова трансформација. Оние партии кои функционираат врз основа на поперсонализирано лидерство, честопати добиваат свој облик или се консолидираат во рамките на изборниот контекст, што се гледа како можност. Ваквата констелација, честопати, се поврзува со партиски систем кој е слаб, или кој пропаѓа, како што беше ситуацијата во Боливија, Еквадор и Венецуела.

Во земјите со постари партиски структури и поинституционализирани партиски системи, раководството тежнее да се развива со релативно долги, значајни политички кариери (Лула, Киршнер, Васкес, Мухика), додека, пак, во земјите каде овие политички инструменти се понови, а партиските системи се соочија со криза, раководството тесно се поврзува со личната харизма на клучните фигури (Чавез, Кореја, Моралес, Луго), кои се новодојдени во политичкиот живот или како надворешни лица, или кои наеднаш напредуваат од некоја споредна улога.

Меѓутоа, ваквата разновидност, изгледа, не е доволна против заклучокот дека сите овие сценарија може да се стават во контекст на истата политичка појава, а за тоа постојат најмалку две причини. Најпрво, речиси во секој случај, овие политички организации претставуваат најзначајна левичарска формација во идеолошкиот спектар на дадената земја (Alcantar, 2008), независно дали во однос на традицијата, искажаните гледишта, или избирачкото тело. Второ, мнозинството од нив јавно ги имаат артикулирано сличностите во нивната ориентација, која излегува од рамките на ограничената или променлива размена која можат да си ја дозволат преку регионална интеракција.

## Заеднички карактеристики

Овие сценарија, исто така, имаат и заеднички аспекти кои се повторуваат. Прогресивните влади во регионот искажуваат намера да ја поправат ситуацијата што ја наследија од претходните

влади, што на еден, или друг начин, подразбира и промена на нивното неолиберално наследство. Меѓутоа, нивните планови може да содржат од она што се смета за мала промена на моделот, па сè до желба за различно општество, во форма на нов тип на социјализам. Степенот до кој се остварува напредок во овие измени, исто така, се разликува и, речиси, сè укажува дека тоа не зависи само од намерата, туку и од партиската сцена во секоја од земјите која е одредена од институционалните, економските, социјалните и политичките структури и степенот на ограничувања или можности со кои тие се соочуваат.

Ситуациите, како онаа во која Киршнер се издигна на власт во Аргентина – по дотогаш невидената економска криза – или на Кореаз во Еквадор (по серија на претседатели-вршители на должност) или на Чавез, во Венецуела (како резултат на корупциските скандали и распаѓањето на партискиот систем), изгледаат доста поразлично од она со кое се соочи Concentracion во Чиле – економски раст заедно со огромните рестрикции кои произлегоа од авторитарното владеење на Пиноче – или на Лула, во Бразил, соочени со проблемот на отстранувањето на кандидат поставен од политичката партија на неговиот претходник на власт. Исто така, постои спротивен институционален, политички и изборен контекст, на пример, помеѓу структурираниот политички систем во кој Владата на Широкиот фронт успеа да помине со своето парламентарно мнозинство по шест изборни периоди и неочекуваната победа на Фернандо Луго, со тесно мнозинство и намалена парламентарна поддршка.

Ваквите варијабли претставуваат одлучувачки фактори за составувањето на програмата на секоја од владите. Зависно од контекстот, тие може да наложат попостепен пристап, кој опфаќа порезервирани варијанти, како што изгледа дека е случајот во Чиле, и други кои се многу подлабоки, како што е во Уругвај и, во некои аспекти, во Аргентина – или сосема други процеси, како што се заложбите за преуредување, што се рефлектира како суштински измени на уставот, што е поддржано од плебисцитот, а тоа, изгледа, е случај во Боливија, Еквадор и Венецуела.

Меѓутоа, постојат најмалку четири фактори кои, очигледно, се преплетуваат во сите овие сценарија и може да се сметаат за заеднички карактеристики.

Првата карактеристика се однесува на можноста на овие влади генерално да ги исполнат основните барања за јавната администрација, особено за управувањето со, таканаречената, „макроекономија“. На повеќето од овие сценарија им претходеше економската криза, која се карактеризираше со драстичен пад на производството и финансиска криза во одреден број земји од Латинска Америка и, изгледа, тоа предизвика напредок во учењето за управувањето со

економската политика. До сега, во повеќето случаи, тоа резултираше во значајни периоди на развој, во комбинација со акумулирање на резервите. Иако постои консензус во однос на тоа дека глобалната економска клима е особено погодна за развојот на земјите од Латинска Америка, со зголемување на цените на суровините и стоката за широка потрошувачка на глобално ниво, речиси сè укажува на тоа дека овие влади до сега го положија тестот во однос на управувањето со економијата, што им овозможи на прогресивните и левичарските сили во Латинска Америка да стават крај на грижите кои, вообичаено, ги измачуваа откако ќе ја преземеа власта. Денес, нивната способност да генерираат економски развој и, особено, да ја контролираат инфлацијата, повеќе не е спорна.

Втората карактеристика е репозиционирање на улогата на државата, а тоа подразбира стекнување улоги во различни форми, зависно од условите во секоја земја и зависно од спроведувањето на јавните политики. Во некои примери, ваквото репозиционирање е изразено со враќање на одредени природни ресурси во државна сопственост или враќање на одговорноста на државата за нивната експлоатација, што со одредени варијации може да се забележи во земји, како што се: Венецуела, Еквадор и Боливија, иако тоа се манифестира и во Бразил и Аргентина. Во други земји, тоа е во форма на враќање на улогата на државата да дава разни социјални услуги – како што се пензиските шеми во Аргентина – или враќањето на клучните регулаторни функции во одреден број на области – како што е здравствената заштита во Уругвај. Во сите земји, значително се поттикна значењето на системите за социјална заштита, со јавни политики кои се развиваат во три различни насоки: обезбедување на пристојни услови за најобесправените заедници, што, во основа, се рефлектира во силни мерки за борба против сиромаштијата, честопати со директен трансфер на приходи; заложби за надминување на нерамноправноста преку обезбедување пристап до јавните услуги – проширување на подобноста, намалување на нееднаквостите во распределбата, обезбедување на субвенции или јавно финансирање за одредени шеми и законско усвојување на нови права, кои, во основа, се измени на законодавството за работни односи и за универзалните бенефиции.

Третата карактеристика се однесува на изразеното зајакнување на улогата на политичкиот живот во општеството во целина. Ваквото зајакнување доведе до промени во начинот на кој политичката реторика се користи во јавната дебата, а застапувањето за политика, која придонесува кон вредностите, може да стане значаен елемент на социјалниот живот. Ваквото репозиционирање наложува и обнова на антагонистичките позиции во политичкиот дискурс, но овојпат применувајќи ги истите правила кои важат за демократската борба за власт. Во истиот стил, повеќето од овие

влади јасно го покажуваат нивното идентификување со доктрини кои се идеолошки инспирирани, а тоа не беше нашироко распространето ширум континентот во последните децении.

Четвртиот аспект е развивањето на процеси за подмирување на разни историски долгови, кои добиваат форма на корекција на наследените неправди, уставно втемелување на правата или ефективното вклучување на традиционално маргинализираните групи и заедници во релевантните јавни политики или политичкиот спектар. Иако овие процеси беа контрадикторни и нивното влијание и карактер може да бидат предмет на дебата, тие, несомнено, суштински придонесуваат за градењето на поголема општествена кохезија. Човековите права и статусот на домородните народи или различни раси претставуваат јасен пример за тоа.

Прогресивните латиноамерикански влади[146] се справуваа со кризата, и покрај тоа што тие, несомнено, имаа придобивки од економските трендови на зголемување на цените на стоките за широка потрошувачка и природни ресурси, очигледно е дека тие беа спсобни да постигнат повеќе. Тие се покажаа способни да ја водат макроекономијата – вклучително и контролата на инфлацијата и управувањето со задолжувањето – и што во никој случај не е тривијално во поглед на она од кое континентот страдаше пред неколку децении: да се создадат монетарни резерви со различни средства, враќање на одреден степен на отстапување од курсот за економските политики и воведување, или повторно воведување на одреден број механизми за интервенции, кои се разликуваат од неолибералните модели. Конечно, тие беа во можност да започнат да го усогласуваат својот однос со пазарот. Во секое од сценаријата, таквите мерки ги дополнија со силна рамка на социјални политики, кои се состоеја од покласични интервенции – мерки со кои ќе се надомести за нерамноправноста, обезбедување на услуги и добра кои се поврзуваат со благосостојбата, до една почетна обнова, со различен степен на сложеност, на системите за социјална заштита.

Ваквите успеси на економскиот фронт не можат да го прикријат постоењето на големи нерешени прашања, како што се стапките на инвестиции кои сè уште се несоодветни, со што значително се инхибира експанзијата на растот, а со кое само се одржуваат празните фактори за производство, да продолжат да функционираат непречено без да се прават промени. Потенцијално, тоа може да дејствува спротивно на подобрувањата во распределбата, делумно бидејќи тие се тесно поврзани

[146] Повеќето работи, кои се споменуваат овде, се тесно поврзани со исходот на анализата и дебатите кои се водат во текот на разни активности на мрежата Red de Fundaciones Progresitas del Cono Sur, која организира семинари, работилници и издава публикации од 2008 со учество на CEPES (Аргентина), Fondacion Chile XXI (Чиле), Fondacion Liber Seregni (Уругвај), Fondacion Perseu Abramo (Бразил), како и со поддршка од Фондацијата „Фридрих Еберт“.

со економскиот циклус, и делумно бидејќи нивоата на раст се клучни за да се продолжи со финансирањето на политиките за надоместување.
Проблемите околу спречувањето на нерамноправноста се поврзуваат со предизвикот за воспоставување нов модел на акумулација, имајќи предвид дека повеќето економии, сѐ уште, водат рестриктивни политики, насочени кон пристап до приносите на подинамичните сектори. Скокот од создавање на подобри услови за економска дејност кон развојно ориентирани политики, сѐ уште е далеку од можноста да се совлада латентната нестабилност која е во основата на економиите на повеќето од овие земји, за да се управува со факторите, како што е развојот на цените за основните производи и динамиката на движењето на капиталот, или структурната нерамномерност која наложува големи разлики во продуктивноста од еден, до друг сектор.

Овие земји, исто така, го наследија образецот на слабо јавно финансирање, кое уште повеќе беше ослабното од претходните влади, и структурите на оданочување, кои во повеќето случаи беа регресивни. Во тој поглед, тие се наоѓаат во ситуации кои суштински се разликуваат од оние во кои функционираат европските социјалдемократи. Беше постигнат одреден успех во опфаќањето на поголем дел од националниот приход, преку директни интервенции за искористување на националните ресурси, или преку директно оданочување кое конкретно се поврзува со тие активности. Меѓутоа, очигледно е дека порадикалното прекројување на структурата на оданочувањето создава и проблеми, како и градењето ефикасна и ефективна државна администрација во овие области. Покрај тоа, промената во оданочувањето не испадна како што изгледаше, земајќи го предвид основниот недостиг на доверба во целите на трошењето од страна на Владата. Неолиберализмот дефинираше една безначајна, неефикасна улога на државата, заради што напредокот во овие прашања се отежнува и повеќето од коалициите на кои им припаѓаат прогресивните политички сили, веќе наметнаа органичувања на таквите реформи.

Меѓутоа, важно е да се спаси оваа територија како клучна за прогресивните политики, бидејќи тоа е она што овозможува да се генерира значителен напредок во распределбата и да се поддржат политиките со поголем трансформативен потенцијал на среднорочен и долгорочен план.

Прогресивните влади на сличен начин се соочуваат со многу значајни предизвици во однос на нивната способност да ја постават рамката за образование и квалификации во општество кое се заснова врз знаење, која ќе служи како модел за развој, без, притоа, да се дозволи образовниот систем, едноставно, набрзина да продуцира работна сила за да ја задоволи ограничената побарувачка, или да се дозволи создавање сегментирани економии, и тоа да помогне да се засили нерамноправноста. Во некои земји, левицата одигра суштинска улога во одбивањето на

неолибералните реформи во образованието, но во сегашната клима, изгледа дека тоа е клучно за напредокот во некои насоки. Повикот на поголема рамноправност во образованиот систем јасно се одразува врз потребата за темелна реформа на образованието, што, се чини дека било дизајнирано да одговара само на средната класа, но има сериозни проблеми во приспособувањето кон новите барања и овозможување влез на други социјални групи. Тоа, исто така, подразбира прифаќање на потребата за значителен напредок во менувањето на образовната средина во училиштата, така што тие нема да бидат само центри за повторување на наученото, туку места во кои се создава знаење и културолошко изразување, кои ќе му овозможат на образованието да одигра клучна улога во промената на цивилизациската улога на општествата.

Подеднакво е важно да се запомни дека општествената распределба на знаењето е клучниот фактор за спречување на нерамноправноста. Да се биде дел од општество кое е засновано врз знаење, значи да се биде дел од глобалното општество, а доколку не се стане дел од него, тоа ќе биде начин на исклучување, со што се ограничува учеството во општеството, а што, пак, претставува клучен аспект на прогресивниот модел. Потребно е придвижување кон модели кои овозможуваат универзална достапеност на информатичките технологии и, притоа, да се надмине суровата дигитализација и дизајнирање на системи со кои ќе се комбинира пристапот до новите технологии при нивната употреба, а тоа е инспирирано од желбата да се зајакне не само продуктивноста, туку и правата.

Повеќето од овие предизвици, исто така, се поврзуваат со потребата од преиспитување на улогата и, најпосле, на структурата на тие национални држави со кои функционираат прогресивните влади во регионот. Иако изгледа дека е постигнат значителен напредок во однос на обновувањето на државата во одредени области од економијата, обезбедувањето на јавните услуги и гарантирањето на правата, сè уште, има очигледни недостатоци како во однос на структурата, така и во концепцијата и управувањето со државните агенции. Надвор од согледувањата дека е тешко да се прават ангажмани во прогресивната политика со држава која е наследена од неолибералите, потребна е радикална дебата за да се избегне едноставното обновување и да се создадат вистински структури за да се постигнат новите политички цели во овој момент од историјата.

Предизвиците не се однесуваат само на владите. Во овој контекст, политичките партии кои ги претставуваат, или се поврзуваат со сегашните владини структури, исто така, се соочуваат со

големи предизвици во однос на тоа како да се развива водечки кадар и како да се приспособат нивните организациски формати и работни методи за задоволување на новите услови.

Јасно е дека логиката на изборниот натпревар значително повеќе се прифаќа како давање легитимитет на Владата, и во голема мерка тоа постепено ја промени левицата и прогресивните партии во регионот. Како резултат на тоа, партиите во повеќето од овие земји имаат политички структури кои вклучуваат и силно градење на капацитетите за водење на изборните кампањи и мобилизирање на поддршката, заедно со други елементи кои може да бидат потребни за да се вклучат во избирачката трка во класична смисла. Меѓутоа, во повеќето примери, нивната привлечност останува делумно да биде поврзана со харизмата на одредени историски лидери, со кои се идентификуваат не само партиите, туку и владите. Одлучувачкото влијание на овие лидери не е ограничено на составот на Владата и односите со електоратот, туку јасно остава свој печат и на обрасците во политичкото однесување. Развивањето на организации кои располагаат со своја виталност, и кои ќе можат да го надживеат лидерскиот феномен, претставува клучно прашање.

Значењето на овие влади во дадените земји, исто така, подразбира и ризик дека тие може да се претворат во камелеони или да се отуѓат од своето потекло. Ризикот да се стане камелеон се појавува доколку има прекумерно преклопување со Владата, до толкав степен што границите помеѓу партиската структура и владината структура се игнорираат или, пак, се претопуваат. Ризикот од отуѓување се појавува кога Владата се одвојува од политичките партии или движења. Партиите, како двигатели на историските проекти, треба да воспостават однос со владите кој ќе им овозможи да ги придвижат тие процеси нанапред, без, притоа, да зборават дека искуството на Владата е условено, а последователно на тоа, и привремено.

Јужна Америка, најверојатно, е најинтересниот регион во светот од левичарска или прогресивна перспектива, а тоа заслужува поголемо внимание од другите агли на земјината топка. Голема е веројатноста дека тоа внимание ќе се заснова врз генерализирање, кое, честопати, пропушта да ги забележи тензиите помеѓу различните модели на прогресивен развој ширум континентот, независно дали полевичарски, посоцијалдемократски, или народни и национални во инспирацијата. Но, овие разлики не треба да ги замаглат значајните укажувања на заедничкиот идентитет, што дозволува различните искуства да се класифицираат како национални политики под ист наслов. Ригорозната анализа на нивните карактеристики и приказните за нивните успеси, неуспеси и предизвици, ќе придонесат кон репозиционирање на перспективата на Латинска Америка во рамките на меѓународната дебата за прогресивната и левичарска мисла.

## Користена литература

Alcántara, Manuel (2008): „La escala de izquierda. La ubicación ideológica de lospresidentes y partidos de izquierda en América Latina", in Nueva Sociedad, No. 217 (септември-октомври).

Alegre, Pablo (2009): „Los gobiernos de izquierda y las variantes del desarrollo en América Latina". Достапно на: http://lasa.international.pitt.edu/members/congress-papers/lasa2009/files/Alegrepablo.pdf (од 27 јули 2010).

Elissalde, Roberto (ed.) (2009): Gozos y sombras del gobierno progresista. Aportes albalance. Montevideo: Dedos.

Ermida Uriarte, Oscar (2007): La política laboral de los gobiernos progresistas. Достапно на: http://library.fes.de/pdf-files/bueros/uruguau/05063.pdf (од 23 јули 2010).

Figueredo, Ademir et al. (2010): 2003–2010 O Brasil em transformacao, Volume 2: AsNovas Bases da Cidadania: Políticas Sociais, Trabalho e Previdencia Social. Sao Paulo: Editora Fundacao Perseu Abramo.

Harnecker, Marta (2000): La izquierda en el umbral del Siglo XXI. Haciendo posible loimposible. Madrid: Siglo XXI de España Editores.

Laclau, Ernesto (2005): La razón populista. Buenos Aires: Fondo de Cultura Económica. Lanzaro, Jorge (2008): „La socialdemocracia criolla", in Nueva Sociedad, No. 217 (септември-октомври).

Mercadante, Aloízio et al. (2010): 2003–2010 O Brasil em transformacao, Volume 1: ANova Política Economica, a Sustentabilidade Ambiental. Sao Paulo: Editora Fundacao Perseu Abramo.

Quiroga, Yesko et al. (eds.) (2009): Consenso Progresista. Las políticas sociales de losgobiernos progresistas del Cono Sur. Fundación Friedrich Ebert, Red de Centros y Fundaciones Progresistas del Cono Sur: Fundación Chile 21, Fundación Perseu Abramo, Fundación Líber Seregni, CEPES.

Quiroga, Yesko and Jaime Ensignia (eds.) (2009): *Renovación partidaria. Los partidospolíticos progresistas en los países del Cono Sur*. Fundación „Friedrich Ebert", Red de Fundaciones Progresistas del Cono Sur: Fundación Chile 21, Fundación Perseu Abramo, Fondacion Liber Seregni, CEPES.

# АВТОРИ

**Frans Becker (Франц Бекер)**
Експерт за политички науки; заменик-директор на Wiardi Beckman Stichting;
fbecker@wbs.nl

**Wolfgang Biermann (Вофган Бирман)**
Експерт за политички науки; гласноговорник на SPD-Freundeskreis во Осло; виш соработник во меѓународното одделение на SPD;
biermann@online.no

**Laurent Bouvet (Лорен Буве)**
Професор по политички науки и политичка теорија на Универзитетот во Ница;
bouvet@unice.fr

**Matt Browne (Мет Браун)**
Експерт за политички науки; виш соработник во Центарот за американски прогрес (CAP); директор на Програмата за глобален напредок во Американски прогрес;
mbrowne@americanprogress.org

**Agustín Canzani (Августин Цанзани)**
Социолог и експерт за политички науки; директор на Fundación Líber Seregni, Монтевидео/Уругвај
acanzani@adinet.com.uy

**René Cuperus (Рене Куперус)**
Политички историчар и антрополог; директор за меѓународни односи и виш соработник за истражувања во Wiardi Beckman Stichting;
rcuperus@wbs.nl

**Carmen de Paz Nieves (Кармен де Паз Ниевес)**
Економист; раководител на Меѓународната мрежа на шпанската фондација IDEAS;
cdepaz@fundacionideas.es

**Patrick Diamond (Патрик Дајмонд)**
Виш соработник за истражувања во Policy Network; Gwilym Gibbon член на Nuffield Колеџ, Оксфорд, и политички советник во поранешната Влада на лабуристите во Обединетото Кралство;
pdiamond@policy-network.net

**Jan Niklas Engels (Јан Никлас Енгелс)**
Социолог и експерт за политички науки (јавна администрација); виш соработник за истражувања, тим на анализа на меѓународни политики во Фондацијата „Фридрих Еберт“;
jan.engels@fes.de

**Erhard Eppler (Ерхард Еплер)**
Поранешен федерален министер и претседавач на SPD, Grundwertekommission; автор на неколку книги на темата (на пример, Враќање на државата? Forum Press, 2009).

**John Halpin (Џон Халпин)**
Експерт за политички науки, виш соработник за Американски прогрес (CAP), втор директор и креатор на Програмата за студии за прогрес во CAP;
jhalpin@americanprogress.org

**Kristine Kallset (Кристин Калсет)**
Политички советник на генералниот секретар на норвешката Работничка партија;
kristine.kallset@arbeiderpartiet.no

**Eugene Lang (Југен Ланг)**
Потпретседател, Bluesky Strategy Group, сооснова на Canada 2020: Прогресивен центар на Канада;
eugene@blueskystrategygroup.com

**Gero Maass (Геро Мас)**
Експерт за политички науки, раководител на тимот за анализа на меѓународни политики во Фондацијата „Фридрих Еберт“;
gero.maass@fes.de

**Anna Materska-Sosnowska (Ана Матерска Сосновска)**
Доцент на Универзитетот во Варшава, Факултет за новинарство и политички науки на Институтот за политички науки;
a.m.sosnowska@uw.edu.pl

**Guillermo Moreno Rodriguez (Гуилермо Морено Родригуез)**
Експерт за политички и општествени науки, асистент за истражувања во Меѓународната мрежа на шпанската Фондација IDEAS;
gmoreno@fundacionideas.es

**Poul Nyrup Rasmussen (Пол Нируп Расмусен)**
Претседател на Партијата на европски социјалисти (ПЕС), премиер на Данска од 1993 до 2001;
pes.president@pes.org

**Ruy Teixeira (Рej Таиксеира)**
Експерт за политички науки, виш соработник во Century Foundation и Center for American Progress, гостин предавач на Brookings Institution;
rteixeira@americanprogress.org



**Фондација Фридрих Еберт (FES Skopje)**
Канцеларија Скопје
ул.” Ристо Равановски” 3
1000 Скопје, Македонија
П.Фах 423
**www.fes.org.mk**